УНИВЕРЗИТЕТ "КИРИЛ И МЕТОДИЈ" - СКОПЈЕ

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ

М-Р НАДЕЖДА ЦВЕТКОВСКА

# ГРАЃАНСКИТЕ ПАРТИИ ВО ВАРДАРСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОДОТ ОД 1935 ДО 1941 ГОДИНА

- Докторска дисертација -

Ментор:

ПРОФ. Д-Р. АЛЕКСАНДАР АПОСТОЛОВ

СКОПЈЕ, 1992 година

# ПРЕДГОВОР

Многу бурниот период меѓу двете светски војни, кој изобилува со општествено-политички спротивности и со класни и национални борби, сé повеќе станува предмет на научно испитување и обработување.

Прашањето за граѓанските партии во Вардарскиот дел на МАкедонија во периодот од 1935 до 1941 година, што е предмет на нашето проучување, како мошне сложено и комплексно прашање, не е обработено во македонската историска наука, т.е. за него не постојат посебни трудови (монографии и студии). На оваа тема во македонската историографија е пишувано парцијално: најчесто во општите трудови се засегнуваат поедини прашања и проблеми сврзани за оваа проблематика и овој период, или пак, при обработувањето на поедини историски подрачја се сретнуваат и извесни податоци за граѓанските партии во Вардарскиот дел на Македонија во наведениот период.

Токму затоа, тоа беше основниот појдовен мотив да се решиме да пристапиме кон обработка и расветлување на ова значајно прашање од историјата на македонскиот народ, надевајќи се дека на тој начин ќе се пополни една празнина која досега се чувствуваше во македонската историографија за периодот меѓу двете светски

војни.

Во нашава тема ќе зборуваме и ќе ги имаме предвид не само граѓанските партии и нивната активност, туку напоредно со тоа ќе ги проследиме и општествено-економските прилики и превирањата и борбите во Вардарскиот дел на Македонија во дадениот период. Што значи, главен и основен акцент во работата ќе биде проучувањето на граѓанските партии и нивниот одраз во целокупниот живот на македонскиот народ во Вардарскиот дел на Македонија, а сите останати настани што ќе се прикажат во трудот се само придружни.

Во трудот е направен обид да се изнесат и проучат битните прашања сврзани со третираниот проблем. Притоа се придржувавме кон неговиот наслов, не навлегувајќи во широчината и длабочината на оние прашања, кои поради природата на темата се допираат до неа. Секако, тие бараат посебен приод или треба да бидат предмет на посебно проучување и обработка.

Прифаќајќи се со оваа предизвикувачка задача бевме свесни за сите ограничувања, објективни и субјективни, кои се во природата на работата на современата историја, како и посебните отежнувачки околности сврзани за досегашниот развој на историската наука за Југославија, со оглед на тоа што југословенската историографија, а во тој контекст и македонската, за периодот меѓу двете светски војни не се развивала рамномерно.

За оваа наша проблематика првостепено значење има необјавената и објавена архивска документација и официјалната статистика. За таа цел извршивме истражувања во Архивот на Југославија и Архивот на Србија во Белград, како и во Архивот на

Македонија, Архивот на Македонската академија на науките и уметностите и во Архивот на Институтот за национална историја во Скопје.

Документацијата што ја користевме може да се подели во две основни групи. Во првата група може да се класифицира документацијата која се однесува на чисто партиските прашања, па може истата да се означи како партиска архива. Овде спаѓаат: програмите, статутите, резолуциите, конгресните материјали, декларациите, одлуките и заклучоците на партиските форуми, претставките, писмата, изјавите, записниците од партиските седници, говорите, соопштенијата и друго.

Вториот дел на таа документација е сочуван фрагментарно во архивските фондови, главно збирки на поединци политичари, од кои би ги истакнале на пример: Фондот на Милан Стојадиновиќ, кој содржи документација од различна провиниенција не само од Стојадиновиќевата заоставштина, како што тоа може да се сфати од самиот назив, иако во него се наоѓа најмногу документација од личната архива на Милан Стојадиновиќ. Овој фонд е богат со документи кои содржат податоци за основањето и развојот на разни политички партии, посебно на Радикалната, на која и самиот и припаѓал, како и за работата на Кралската влада во областа на стопанството, финансиите, внатрешната и надворешната политика. Граѓата на овој фонд е единствен извор од периодот на Милан Стојадиновиќ, додека беше на функцијата претседател на Министерскиот совет; фондот на Јован Јовановиќ - „Пижон", кој содржи документи за периодот од 1859 до 1939 година. Од посебно

значење е документацијата за политичкиот живот меѓу двете светски војни како и онаа за работата на Земјоделската партија. Од оваа документација е можно потполно да се согледа ставот на Здружената опозиција. Во неа претежно се наоѓаат забелешките на Јован Јовановиќ. Тој ги бележел претежно ставовите на другите, било поединци или политички групи, па овие податоци добро доаѓаат за расветлување на становиштата на овие поединци или групации, за кои не постојат други податоци; фондот на Стеван Симиќ, кој покрај биографскиот ракопис, го содржи и неговиот дневник, во кој се наведуваат податоци, кои како документи се однесуваат за животот и дејноста на Стеван Симиќ како народен пратеник од Кратовска околија и други.

Друг вид на документи се званичните акти на самиот државен апарат и на другите државни установи (на пример: Министерството за внатрешни работи, Министерството за просвета, Банската управа и други). Оперативните акти упатени до Министерството за внатрешни работи претставуваат извештаи за политичката положба на теренот.

Исто така при обработката на темата ги користевме и објавените документи во кои се среќаваат доста податоци за целокупниот општествено-економски и политички живот во Кралството на Југославија.

Во недостиг на документација од прв ред се служевме со податоци од помала вредност, со чие компонирање и споредување настојувавме да изведеме што повеќе правилни заклучоци. Најповеќе сигурни податоци можат да се најдат во : „Стенографске белешке

Народне скупштине Краљевине Југославије" за периодот од 1932 до 1939 година . Решиси не постои ниедно важно прашање кое на некој начин не било претресувано во Собранието. Притоа обично се конфронтирале различни мислења од кои можат да се извлечат ставовите на партиите. Најголемата вредност на Стенографските белешки е во тоа што ни пружаат можност низ говорите на поедини пратеници по посреден пат да ги откриеме ставовите на партиите спрема одредени прашања, бидејќи пратениците обично настапуваат во нивно име.

При изработката на темата, покрај необјавената и објавена архивска документација, за основа на нашето излагање ни послужи и постоечката историографска литература, објавена како во периодот меѓу двете светски војни, така и по него, а во врска со проблематиката што ја обработуваме. Од прегледаната историографска литература може да се заклучи дека објавената литература и периодика до крајот на Втората светска војна не задоволува. Пред сé, тоа доаѓа оттаму што авторите се прорежимски ориентирани и пишуваат со определени политички тенденции за да ја оправдаат режимската политика во Кралството на Југославија. Ретки се авторите коишто во своите публикации или написи реално ја прикажуваат вистинската состојба во која се наоѓаше македонскиот народ во Вардарскиот дел на Македонија.

По Втората светска војна трудовите кои се публикувани обработуваат само определени проблеми или се ограничени на покус временски период, така што тие не даваат целосна претстава за состојбата во Вардарскиот дел на Македонија во периодот од 1935

до 1941 година. И авторите на другите југословенски народи во своите трудови само бегло изнесуваат некои проблеми и прашања од историјата на македонскиот народ.

Од историографската литература ги користевме трудовите од општ карактер, постари и понови, потоа разни синтези и документарни прегледи, монографии, студии, расправи и мемоарската литература. Што значи, доминираат комплетни трудови, во кои се обработува поширок период, се обработуваат поедини клучни прашања или оние прашања кои во историографијата досега не биле разгледувани. Настојувавме од таа огромна литература и објавени извори да ги искористиме сите податоци и анализи кои можат да бидат од значење за нашата тема, а посебно за некои специфични појави и карактеристични прашања.

Од посебна важност се мемоарските дела на партиските прваци и јавни работници кои живеат и делуваат во тоа време, затоа што тие имаат карактер на извор. Треба да истакнеме дека за истражувачот се во прв ред од корист податоците кои овде се изнесуваат, а не политичките оценки и прикази на настаните од нивните автори. Во прв ред овде спаѓаат објавените дела: на Ivan Ribar „Politički zapisi", I-IV, Beograd, 1948, 1949, 1951, 1952; на Milan M. Stojadinović „Ni rat ni pakt", Rijeka, 1970; на Svetozar Pribičević „Diktatura kralja Aleksandra", Pariz, 1933 и други. Сите овие дела се работени врз основа на сеќавања, а не врз основа на забелешки и документи, па податоците се доста оскудни, а често непрецизни и произволни. Затоа при користењето на овие податоци треба да се биде крајно внимателен, а по можност

истите да се проверуваат на друга страна. Со исключок на некои (на пр. Иван Рибар и други) другите автори настојуваат да ги прикажат настаните со намера и тенденција да ја разубават својата улога, а да се префрли вината за негативните настани врз друга личност.

Треба да напоменеме дека за пополнување на некои празнини во нашиот труд, а за кои не пронајдовме поверодостојни извори, посебно внимание посветивме на периодиката , т.е. на весниците и списанијата, од кои би истакнале: „Политика", „Време", „Самоуправа", „Јужна Србија", „Вардар", „Наша реч" и други. Во нив се обработуваат дневно-политички, партиски, економски, културно-просветни и други прашања. Целата нивна содржина е полна со факти и документи и претставува богат материјал за сестрано проучување на историјата на народите во Кралството на Југославија, а во тој контекст и на историјата на македонскиот народ. Но, при користењето на истите се однесувавме со нужна резерва и критичност.

Врз основа на истражената необјавена и објавена архивска документација и литература, како и врз основа на сознанијата што произлегуваат од нив, се надеваме дека во овој труд ќе се осветли еден мошне значаен комплексен проблем од овој период од историјата на македонскиот народ, период исполнет со многубројни свои специфичности и карактеристики. При изработката на трудот се трудевме Вардарскиот дел на Македонија да не го третираме изолирано, туку во склопот на сите настани во Кралството на Југославија. Треба да истакнеме дека за прашањата сврзани за

граѓанските партии во Вардарскиот дел на Македонија не се ни од далеку исцрпени сите материјали што можат да фрлат светлина на оваа проблематика. Затоа таа ќе биде предмет и на нашето понатамошно истражување.

На крајот ја користам можноста да му изразам благодарност на мојот ментор проф. д-р Александар Апостолов, кој со своите сугестии и забелешки ми помогна во расветлувањето на некои битни прашања и проблеми. Исто така на проф. д-р Александар Апостолов му се заблагодарувам и поради тоа што ми ги даде да ги користам архивските материјали - фотокопии од фондот на Милан Стојадиновиќ што се однесуваат на Вардарскиот дел на Македонија.

Во оваа прилика им изразувам благодарност и на проф. Славка Фиданова и на проф. д-р Воислав Кушевски кои дадоа согласност да ги користам овие архивски материјали.

На крајот, сметам за потребно да им се заблагодарам на сите оние кои на било каков начин ми помогнаа во изработката на овој труд.

* * *

# ГЛАВА ПРВА
# (ВОВЕДНА ГЛАВА)
# ВАРДАРСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОДОТ ОД 1929 ДО 1934 ГОДИНА

## 1. ВОВЕДУВАЊЕ НА ДИКТАТУРАТА И НОВАТА АДМИНИСТРАТИВНО - ТЕРИТОРИЈАЛНА ПОДЕЛБА

Кралството на СХС, како државна заедница на југословенските народи, со општествено-политички односи поставени врз социјални и национални спротивности, постојано се наоѓаше во политичка криза. Од неа владеачкиот големосрпски режим секогаш наоѓаше излез во нови полициски мерки против народите на Кралството на СХС. Во 1929 година режимот наоѓајќи се повторно во криза, поради зголемените национални и социјални спротивности, воведува Монархофашистичка диктатура. Со Прокламацијата од 6.I.1929 година кралот Александар го укинува Видовденскиот устав, ги забранува политичките партии, го распушта Народното собрание и воведува лична диктатура. Укинувањето на Уставот и парламентарниот режим, Кралот во Прокламацијата, пред сé го оправдуваше со тоа дека парламентарно-партискиот живот во Кралството на СХС го довел во прашање и самиот опстанок на заедничката држава, а потоа дека на тој начин ги исполнува

желбите на народните маси „кои раководени од своето природно и здраво расудување веќе одамна согледувале дека повеќе не може да се оди по патот, по кој досега се одело".[1] Прокламацијата на кралот Александар значеше, несомнено, важна пресвртница во државно-правниот живот, бидејќи со овој акт се одеше кон тоа потполно да се осамостои државната власт концентрирана во рацете на апсолутистичкиот владетел. Последиците од оваа Прокламација беа: 1) Корумпирана распојасаност на профитерските елементи околу Дворот поради отсуството на можноста од секоја јавна критика на постапките на власта; и 2) во врска со тоа преовладувањето на произволност во функциите на потполно неодговорните државни власти наспроти народот како објект на тој систем.

Периодот на Шестојануарската диктатура го исполнува првата влада на армискиот генерал и командант на кралската гарда Петар Живковиќ (6.I.1929 - 3.IX. 1931)[2]. За време на Диктатурата владата ја развива законодавната работа. Ослободувајќи се од парламентарната критика и дискусија, владата на Петар Живковиќ, за тоа време по кратка постапка донесува повеќе закони со кои се одеше на унифицирање на правото, со цел конечно да се ликвидира дотогашниот југословенски правен партикуларизам.

Особено место во владината законодавна работа за овој период заземаше Законот „за името и поделбата на Кралството на управни

---

1 „Proklamacija kralja Aleksandra od 6.januara 1929 godine," Prof. dr. Ferdo Čulinović, Dokumenti o Jugoslaviji, Zagreb, 1968, 292.

2 Краљевске владе од 1903-1935, Средио: Р.М., Београд, 1935, 36.

подрачја" донесен на 3.X.1929 година, кој меѓу другото содржи:

„...Службеното име на државата на Србите, Хрватите и Словенците е Кралство на Југославија.

...Општата управа во Кралството на Југославија се врши по бановини, околии и општини.

Бановини има девет и тоа: 1) Дравска со седиште во Љубљана; 2) Савска со седиште во Загреб; 3) Врбаска со седиште во Бања Лука; 4) Приморска со седиште во Сплит; 5) Дринска со седиште во Сараево; 6) Зетска со седиште во Цетиње; 7) Дунавска со седиште во Нови Сад; 8) Моравска со седиште во Ниш; 9) Вардарска со седиште во Скопје ..."[3].

Со Уставот од 3.IX.1931 година, во рамките на оваа поделба, градовите Белград, Панчево и Земун сочинуваат посебно управно подрачје.[4]

Со оваа поделба беше разбиена национално-историската структура на државата. Негацијата на историските целини, меѓутоа, не можеше да се спроведе (Словенија и Вардарскиот дел на Македонија). Јадрото на Зетската бановина го сочинуваше Црна Гора, која беше сметана за класична српска земја. Вардарскиот дел на Македонија беше сфаќан како „Јужна Србија" и кон него беа придодадени краеви од Југот на Србија. Поради јаките малцинства во Војводина, Хрвати во Срем и северозападна Бачка, таа се

---

[3] „Zakon o nazivu i podeli Kraljevine na upravna područja (od 3 oktobra 1929)," Prof.dr. Ferdo Čulinović, cit. delo..., 296.

[4] „Устав Краљевине Југославије", в.„Политика", XXVIII, бр.8375, Београд, 3.IX.1931, 3 (Ванредно издање).

наоѓаше во составот на Дунавска бановина, со тоа што ѝ беа придодадени делови на Северна Србија. Босна беше поделена меѓу 4 бановини: Врбаска, Дринска, Зетска и Приморска. Србија, како историска целина, беше разбиена на 5 бановини: Дунавска, Моравска, Вардарска, Дринска и Зетска. Хрватите беа распоредени во 2 бановини: Савска и Приморска.

Новата поделба значеше поголем степен на централизација: Со неа беа обезбедени ефектите на државниот и национален унитаризам, т.е. „интегралното југословенство". Со усвојувањето на поделбата режимот создаваше претпоставки за национална југословенска унификација. Со разбивањето на Хрватска на две бановини беше ослабена основата за единствено национално настапување на Хрватите, бидејќи националното движење сега можеше полесно да се контролира, парализира и задушува, а со поделбата на Србија, со вклучувањето на нејзините делови во составот на некои други бановини, беше создавана основа за спроведување на политиката на интегрално југословенство како нов вид за одржување и политика на превласт на нејзината буржоазија.[5]

Бановините беа организирани како највисок облик на централизмот, претставувајќи административно-територијални единици, подредени на централната власт. На чело на бановината, како претставник на владата, стоеше бан, кого го поставуваше Кралот со Декрет на предлог на Министерскиот совет. Покрај банот,

---

[5] Branko Petranović, Istorija Jugoslavije 1918-1988, Prva knjiga. Kraljevina Jugoslavija 1914-1941, Beograd, 1989, 191.

од 1931 година, беше воведен и Бановински совет, кој се избираше на 4 години со општо, еднакво и непосредно гласање, според одредбите на Законот. Советот од своите редови избираше Бановински одбор, кој беше извршен орган. Банот ги поставуваше и разрешуваше бановинските чиновници на предлог на Бановинскиот одбор.[6]

Вардарска бановина со седиште во Скопје, како управно-административно територијална единица во Кралството на Југославија, ја опфаќаше територијата на Вардарскиот дел на Македонија, дел од Јужна Србија, односно соседните делови на предкумановска Србија и речиси цела Метохија. Од Север беше ограничена со означени граници на Моравска и Зетска бановина, од Исток, Југ и Запад со државна граница спрема Бугарија, Грција и Албанија. Во тие граници Вардарска бановина (по некои промени) имаше 36.672 $км^2$.[7] Белградската влада намерно ги поврзува македонските и српските краишта во една административна единица за да може на тој начин да го намали значењето на македонското население во државата. За прв бан во Вардарска бановина беше поставен Живојин Лазиќ, но по неговото назначување за Министер за внатрешни работи[8], должноста бан во Вардарска бановина ја вршеше

6 „Устав Краљевине Југославије", в.„Политика", XXVIII, бр.8375, Београд, 3.IX.1931, 3 (Ванредно издање).

7 Хенри Батовски, Историја на политичките граници и територијалниот облик на Социјалистичка република Македонија, Гласник на ИНИ, XVI/1, Скопје, 1972, 15.

8 Живојин Лазиќ е Министер за внатрешни работи во владата на д-р Милан Сршкиќ (од 3.VII.1932 до 5.XI.1932 и од 5.XI.1932 до

помошникот на банот Јанаќије Красојевиќ.[9]

Според пописот на населението од 31.III.1931 година Вардарска бановина беше поделена на 44 околии и 453 општини. Бројот на населените места изнесуваше 3.169.[10] Вардарскиот дел на Македонија што беше во составот на Вардарска бановина беше поделен на 29 околии и тоа: Галичка (Ростуше), Горнополошка (Гостивар), Долнополошка (Тетово), Кривопаланечка (Крива Паланка), Жеглиговска (Куманово), Кратовска (Кратово), Битолска (Битола), Горнодебарска (Дебар), Кичевска (Кичево), Прилепска (Прилеп), Охридска (Охрид), Преспанска (Ресен), Струшка (Струга), Крушевска (Крушево), Мариовска (Битола), Поречка (Јужен Брод), Кочанска (Кочани), Малешка (Берово), Овчеполска (Свети Николе), Радовишка (Радовиш), Царевоселска (Царево Село), Штипска (Штип), Велешка (Велес), Дојранска (Валандово), Гевгелиска (Гевгелија), Неготинска (Неготино), Кавадарска (Кавадарци), Струмичка (Струмица) и Скопска (Скопје) - вкупно 949.958 или 60,34% од попишаните жители на територијата на оваа бановина.

Делот од Србија што влегува во составот на Вардарска бановина опфаќаше 8 околии и тоа: Босилградска (Босилград), Јабланичка (Лебане), Лесковачка (Лесковац), Масуричка (Сурдулица), Пчињска (Врање), Пољаничка (Владичин Хан), Прешевска

27.I.1934), Види во: Краљевске владе од 1903-1935,Средно:Р.М., Београд, 1935, 40,41.

9 В. „Вардар", I, бр. 11, Скопље, 10.VII.1932, 1,2.

10 Vladimir Simeunović, Stanovništvo Jugoslavije i socijalističkih republika 1921-1961.-Ukupno stanovništvo, polna i starosna struktura.-Beograd, 1964, 18.

(Прешево) и Власотиначка (Власотинци) - вкупно 348.040 или 22,11% од попишаните жители на територијата на оваа бановина.

Делот од Метохија што влегува во составот на Вардарска бановина опфаќаше 7 околии и тоа: Гњиланска (Гњилане), Горска (Драгаш), Грачаничка (Приштина), Качаничка (Качаник), Неродимска (Урошевац), Подгорска (Сува река) и Шар-планинска (Призрен) - вкупно 276.245 или 15,55% од попишаните жители на територијата на оваа бановина.[11]

Во Вардарска бановина, според пописот од 31.III.1931 година имаше 271.873 домаќинства со 1.574.243 жители.[12]

Со воспоставувањето на новите управни подрачја (бановините), кои немаа национален карактер и со новата организација на локалните органи на власта беше спроведен до крај строг централистички систем во Кралството на Југославија во кој сите локални органи се наоѓаа во полна хиерархиска зависност од централните органи на власта.

Може да се заклучи дека во Кралството на Југославија во периодот од 1929 до 1931 година (до издавањето на Уставот од 3.XI.1931 година) организацијата на власта ги има следните карактеристики: 1) Концентрација на врховната власт (целокупната законодавна и извршна власт) во рацете на Кралот со која беше

[11] Истото, 26,27.

[12] Истото 125, 126; Меѓутоа, според податоците објавени од Милоје М. Сокиќ (во „Статистика избора народних посланика за Прву југословенску народну скупштину, Београд, 1935, 8), Вардарска бановина имаше 37.389 $км^2$, 1.575.185 жители и 274.070 домаќинства.

воспоставен апсолутистичкиот режим; 2) отсуство на народното претставништво како врховен, законодавен орган на власта; и 3) воспоставување и спроведување на строг централистички систем во кој сите локални органи се наоѓаат во полна хиерархиска зависност од централните органи на власта.

## 2. ЕКОНОМСКИ И ПОЛИТИЧКИ ПРИЛИКИ

### а) Економски прилики

Периодот на воведувањето на диктатурата на кралот Александар во 1929 година започнува со големата светска економска криза. Економската криза, која ќе трае и во Кралството на Југославија, како и во целиот свет, скоро 5 години, од 1929 до 1934 година, направи вистинска пустош во југословенската граѓанска економија. Економските последици од кризата во Кралството на Југославија беа:

1) крах на организацијата на извозната трговија на земјоделските производи;
2) паѓање на куповната моќ на земјоделските производители;
3) паѓање на индустриските цени;
4) паѓање на надниците и невработеност;
5) крах на кредитните организации на приватниот банкарски сектор, што имаше за последица јакнење на улогата на установите со државен капитал или со капитал „повластен" од страна на

државата.[13]

За економската и финансиската ситуација во Кралството на Југославија во овој период беше карактеристично нејзиното постојано влошување. Поедините мерки на врвовите на Диктатурата на економски план имаа всушност за цел да „создадат впечаток за напорите на владата и нејзините органи за ублажување на последиците од кризата"[14] и на тој начин да го сопрат незадоволството од режимот на Диктатурата. Почнувајќи од 1931 година настанува нова етапа во развојот на капитализмот во Кралството на Југославија, која се карактеризира со проширување на секторот на државниот капитализам во индустријата и во организацијата на кредитите. Ова проширување на секторот на државниот капитализам беше предизвикано од потребата за зацврстување на капиталистичко-општествено-економскиот систем кој беше разнишан со дејството на економската криза.[15]

Светската економска криза се одрази и имаше трајни и тешки последици и врз целокупното стопанство во Вардарскиот дел на Македонија, што беше во составот на Вардарска бановина. Во Вардарскиот дел на Македонија, како и во Кралството на Југославија, економската криза најпрво го зафати селското стопанство, а потоа се рашири и во другите стопански гранки.

[13] Mijo Mirković, Ekonomska struktura Jugoslavije 1918-1941, Zagreb, 1950, 49.

[14] Dr. Todor Stojkov, Opozicija u vreme Šestojanuarske diktature 1929-1935, Beograd, 1969, 45.

[15] Mijo Mirković, cit. delo..., 64,65.

Вардарскиот дел на Македонија беше претежно аграрно подрачје во кое 75% од целокупното население во 1931 година беше земјоделско. Преовладувањето на ситниот имот и бројната селска сиромаштија без земја и други средства, беа битно обележје на имотната структура. За илустрација би го истакнале следниот пример: Според податоците на извршениот државен попис од 1931 година во Повардариeто ќе видиме дека 163.424 фамилии, односно 50% од селските фамилии немаат земја. Наспроти оваа селска сиромаштија 155.419 фамилии можат да се прехранат, но и тоа со големи напори.[16]

Од економската структура на населението според главното занимање на вработените лица во 1931 година,[17] може да се види зошто економската криза во Вардарскиот дел на Македонија имаше голем одраз врз селското стопанство (посебно во производството на земјоделските и индустриските култури карактеристични за ова подрачје).

Аграрната криза во Кралството на Југославија станува поостра во 1930 година и беше придружена со осетно намалување на земјоделските производи, чии цени во периодот од 1925 до 1933

16 „Расподела поседа у Повардарју", в. Наша реч", II, бр. 16-17, Скопље, 26.IV.1940, 6.

17 Економската структура на населението во Вардарскиот дел на Македонија може да се види и според главното занимање на вработените лица во 1931 година и тоа: во земјоделието, шумарството и рибарството беа вработени 302.186 или 75,1%; во индустријата и занаетчиството - 37.719 или 9,4%; во трговијата, кредитот и прометот - 16.367 или 4,1%, во јавната служба, слободните занимања и војската - 28.320 или 7,0%; останати - 17.889 или 4,4%; вкупниот број изнесуваше 402.481 или 100%. Види во: Mijo Mirković, cit. delo..., 21.

година, општо земено, беа намалени за 57,4%.[18] Ваквото паѓање на цените најмногу ги погодуваше аграрните заостанати подрачја, какво што беше Вардарскиот дел на Македонија. Особено големи штети трпеа производителите на пченица и пченка. Паѓањето на цените влијаеше и за намалување на производството. Така на пример, додека во годините 1925-1928 од вкупните обработливи површини во Вардарскиот дел на Македонија 79,4% беа посеани со житни култури, за време на економската криза (1929-1934) тој процент паднал на 78,4%.[19] Постојаното паѓање на цените на земјоделските производи неизбежно водеше кон стагнација и назадување на земјоделското стопанство.

Економската криза имаше големо негативно влијание и врз производството и пласманот на индустриските култури што беа карактеристични за Вардарскиот дел на Македонија (афион, тутун, памук, ориз и др.). Намалувањето на цените на индустриските култури, посебно на тутунот и афионот (опиумот) имаше непосреден одраз врз производството. Како верижна реакција на падот на цената, се намалуваа и површините засадени со тутун, се намалуваа дневниците на наемните работници и опаѓаше бројот на вработените во станиците за преработка на тутун. Државните законски и други мерки во духот на Женевската опиумска конвенција[20] за ограничување

18 Историја на македонскиот народ, кн. III, Скопје, 1969, 59.

19 Истото, 60.

20 По иницијатива на САД во 1909 година е формирана Шангајската комисија, а потоа, во 1913 година , пет држави ја потпишале Хашката конвенција. На 1.I.1921 година е ратифицирана Хашката

на производството и слободната купопродажба на опиумот и намалувањето на цените на опиумот на светскиот пазар, нанесоа огромни штети на оваа индустриска култура во Вардарскиот дел на Македонија.

Со оглед на крупните последици од паѓањето на земјоделските производи во целото стопанство на Кралството на Југославија по настојување на државата во 1930 година беше основано претпријатието „ПРИЗАД" (Привилегирано акционерско друштво за откуп на земјоделски производи). ПРИЗАД се јавува и како единствен откупувач на афионот во Вардарскиот дел на Македонија, а потоа монополот го добива акционерското друштво „ЈУЗОП" (Југословенски завод за опиум). Но, и покрај тоа воспоставениот државен монопол не можеше да ги заштити производителите.

Падот на цените и намаленото производство на земјоделските производи се одразува и врз животниот стандард на земјоделското население. Положбата на селското население во Вардарскиот дел на Македонија во овој период многу ја влошуваат и несразмерно високите даночни обврски. Даноците значително ја надминуваат платежната способност на даночните обврзници и тие со сета тежина паѓаа врз грбот на селанството „оневозможувајќи го напредокот на земјоделството". Според признанието дури и на самите органи на државната управа даноците стануваат особено во годините на

конвенција. Подоцна таа го добива називот Женевска конвенција. Кралството на СХС ја потпишува Женевската конвенција на 4.IX. 1929 година . Види во: Aleksandar Apostolov, Posledice velike ekonomske krize (1929-1935) za makedonsku agrarnu privredu (opijum, duvan, pamuk), JIC, br. 3-4, Beograd, 1973, 183.

економската криза „тешки и неподносливи".[21]

Потресите што го зафатија земјоделството во Вардарскиот дел на Македонија и во Кралството на Југославија за време на светската економска криза имаа за последица големо задолжување на селаните.[22] Со оглед на екстензивното земјоделство во кое кредитниот систем и механизмот на капитализмот почнуваат да пуштаат корени, македонското селско стопанство беше помалку задолжено од другите југословенски земји и покраини и поради неможноста да добие поволни банкарски кредити. Така на пример, во 1930 година Вардарскиот дел на Македонија добива помалку од еден процент (0,88%) од сите кредити што ги доделува Привилегираната аграрна банка.[23]

Како установи со намена да го кредитираат земјоделството во Вардарска бановина (Вардарскиот дел на Македонија, Јужна Србија и Метохија) во овој период постоеја Сојузот на аграрните заедници и Обласната (Бановинската) задруга за кредит со седиште во Скопје.

---

21 А. М., Скопје, ф.: Банска управа, к. 2, нерегистриран документ.

22 Според анкетата извршена во 1932 година од Аграрната банка на територијата на Кралството на Југославија имаше 709.525 должници селани, од вкупно 1.985.000 селски домаќинства што ги имаше во државата, а вкупниот долг за целото Кралство на Југославија изнесуваше 6 милијарди 928 милиони динари. Долговите во Вардарскиот дел на Македонија изнесуваа 209 милиони динари. Со оваа сума беа всушност задолжени населениците, а во прв ред автоколонистите. Види во: Д-р Александар Апостолов, Колонизација на Македонија во стара Југославија, Куманово, 1989, 131, 132.

23 Данчо Зографски, Карактеристике економског стања, социјалне структуре и националног питања у Македонији 1918-1941, Acta historica-oeconomica Jugoslaviae, vol. 7(1), Zagreb, 1980, 182.

Меѓутоа, овие установи работеа со многу скромни средства и даваа краткорочни заеми за кои најчесто бараа солидни гаранции. Тоа тешко го погодуваше македонското селанство, кое беше лишено од можноста да дојде до поволен евтин кредит и затоа беше изложено на безобѕирно ограбување од приватните заемодавачи. На тој начин, за време на економската криза, проблемот на задолжување на селанецот се претвора во проблем на селска презадолженост. За спречување на обеземјувањето и пролетаризацијата на селаните, државата беше присилена во 1932 година да донесе Закон за заштита на земјоделците заради одложување на плаќањата и присилните продажби на селските имоти за долгови. Овој Закон траеше сé до донесувањето на Уредбата за ликвидација на земјоделските долгови во 1936 година.

Светската економска криза, освен аграрна, предизвикува и индустриска криза. Поради слабата куповна моќ на селаните и индустријата доживува криза на хиперпродукција, додека градските занаети пропаѓаат. Тоа и во Кралството на Југославија предизвикува голема невработеност на индустриските работници и занаетчии, кои сега беа слаби купувачи на земјоделските производи, што само ја продлабочуваше кризата. „Слабеењето на куповната моќ на селанецот, како најглавен потрошувач на предметите за лична потрошувачка на градскиот пазар, предизвикува, покрај другите причини, застој во трговскиот промет и опаѓање на поранешното темпо на индустриското и занаетчиско производство. Но ова неповолно влијание на растроеното земјоделие на градското стопанство имаше повратно дејство на самото

земјоделие во таа смисла што на градскиот пазар опаѓаше барањето на земјоделски производи поради намалување на побарувачката на аграрната индустрија за земјоделски суровини, поради паѓањето на наемнината на работничката класа, поради латентната невработеност во градот".[24]

Светската економска криза се одразува и врз малубројната и стопански недоволно зајакнатата индустрија во Вардарскиот дел на Македонија,[25] која за време на кризата се најде во тешка положба. Со заострувањето на кризата, сé поголем беше бројот на индустриските претпријатија, трговски фирми и занаетчиски работилници кои ја запираат работата или пропаѓаат. Така, само во 1932 година околу 50 индустриски претпријатија на територијата на Вардарска бановина ја запираат работата,[26] што е најдобар одраз на тешкиот просперитет на слабо организираната индустрија во овој дел на земјата. Но, и покрај влошената општа економска ситуација, индустријата продолжува и понатаму да се развива, но со побавно темпо. Така, во време на кризата, не само што индустриските

---

24 Nikola Vučo, Agrarna kriza Jugoslavije 1930-1934, Beograd, 1968, 279.

25 Во Вардарска бановина имаше 600 претпријатија кои работеа на моторен погон (Водена пареа, плин, електрика). Овде не се земени во предвид воденицине кои може да се сметаат за куќна индустрија. Од овие 600, чисто индустриски претпријатија има околу 200, додека другите, кои имаат моторен погон, се занаетчиски и други. Во овие претпријатија се вработени приближно околу 20.000 работници. Види во: „Индустрија Вардарске бановине", в. „Вардар", II, бр. 79, Скопље, 30.IV.1933, 1, 2.

26 Истото; Данчо Зографски, цит. статија..., 185.

претпријатија, што постоеја во Вардарскиот дел на Македонија, успеваат да се одржат, туку беа основани и нови индустриски претпријатија.[27] Меѓу поважните фактори што влијаеја индустријата во Вардарскиот дел на Македонија поефикасно да се бори против светската економска криза, што не беше случај со останатата индустрија во Кралството на Југославија, односно во светот се следните: прво, што индустријата во Вардарскиот дел на Македонија се изградуваше со сопствени средства, независно од банкарскиот капитал; второ, што таа се диференцираше од Кралството на Југославија произведувајќи специфични производи неопходни за потребите на месното население и тоа во релативно мали размери, така што произведените производи не претставуваа проблем за реализација на пазарот; трето, што сопствениците-капиталисти не се впуштаа во поголеми и ризични финансиски трансакции, туку се ограничуваа во сигурни зделки во рамките на своите финансиски можности. Во периодот од 1933-1935 година, кога почна кризата да ослабува во Вардарскиот дел на Македонија се пристапува кон отворање на 17 нови индустриски претпријатија.[28]

Општо кажано, индустријата во Вардарскиот дел на Македонија имаше повеќе занаетчиски карактер. Се градеа ситни капацитети со слаба техничка опрема. Технички заостанатата индустрија можеше да се спротивстави на силната конкуренција

27 Види повеќе кај Коста Сидовски, Развитокот на индустријата во НР Македонија во периодот меѓу двете светски војни (1918-1941), Скопје, 1960, 12.

28 Историја на македонскиот народ, кн. III, Скопје, 1969, 63.

само благодарејќи на евтината работна сила, високите превозни тарифи и заштитните царини.

Тешкотиите и последиците од кризата се префрлаа врз грбот на работниот народ, чии надници сé повеќе паѓаа, а безработицата се зголемуваше. За размерите може да се суди по тоа што во 1932 година на берзата на трудот во Скопје работа бараа 31.600 работници, а беа вработени едвај 4.670.[29]

Во услови на безработицата и далеку поголема понуда од побарувачката на работна сила, работничките надници не беа доволни за покривање на најнеопходните животни трошоци. Тоа го признаваше и еден владин функционер во 1934 година: „Ние одиме во пресрет на стабилизацијата на приликите на многу пониско ниво, со многу пониски надници. Индустријата се развива врз база на ниски, поправо колонијални надници".[30]

Примитивното и ситносопственичко земјоделство, од една, и неразвиената индустрија, од друга страна, создаваа таква положба што наместо овие две стопански гранки да се дополнуваат, тие се нашле во една противречност. Како резултат на тоа имаше мал и бавен развиток и на едната и на другата страна, т.е. на целото стопанство.

Недоволната развиеност на индустријата во Вардарскиот дел на Македонија ја надополнуваше занаетчиството кое беше важна гранка во градското стопанство. Економската криза исто така создава

---

29 Данчо Зографски, цит. статија..., 185.

30 В. „Политика", XXXI, бр. 8982, Београд, 17.V.1934,2.

доста тешкотии и во занаетчиството, кое мораше да се бори со низа тешкотии не само за време на кризата туку и по неа. Иако занаетчиството се наоѓаше во многу тешка состојба, тоа во целина претставуваше посилна гранка од индустријата, зашто даваше многу поголем национален доход и вработуваше поголем број на работна сила. Тоа беше важно дополнување на стопанскиот живот во Вардарскиот дел на Македонија, но не беше обележано како производна туку како дополнителна дејност.[31]

Најголем број занаетчии имаа свои работилници по градовите и гратчињата, додека нивниот број по селата беше многу мал. Животниот стандард на занаетчиите во Вардарскиот дел на Македонија беш прилично низок. Во неможноста да заработат занаетчиите го подмируваа само најглавното. Најголем дел од занаетчиите ја поднесуваа кризата благодарејќи на навиката да поминат со тоа што го имаат. Инаку, занаетчијата во Вардарскиот

[31] За да се добие една слика за развиеноста на занаетчиството во периодот од 1929 до 1934 година најдобро може да се види од Извештајот, поднесен на пленарната седница на Советот на занаетчиската комора во Скопје на 23.IX.1934 година од секретарот на комората Часлав Никитовиќ: Во Кралството на Југославија во 1933 година имаше 141.495 занаетчиски претпријатија, а Вардарска бановина, чија територија припаѓаше на Занаетчиската комора во Скопје, имаше 11.228 занаетчиски претпријатија (од нив само во Вардарскиот дел на Македонија имаше 8.034 занаетчиски претпријатија, но во овој број не е влезен бројот на Здружението на градежниците, кој изнесува за Вардарска бановина 149, б.м.). Со оглед на тоа што Вардарска бановина имаше 1.574.243 жители, сразмерно бројот на жителите, бројот на занаетчиските работилници беше релативно мал, бидејќи на 100 жители изнесува 0,71. Види во: „Извештај о стању занатства у Вардарској бановини и о раду Занатске коморе у Скопљу у 1933 години", в. „Вардар", III, бр. 275, Скопље, 22.IX.1934, 2; Др Часлав М. Никитовић, Занатство Јужне Србије, Скопље, 1934, 12.

дел на Македонија беше производител кој во најголем број случаи работеше сам. Како таков тој беше ограничен на најмала заработувачка која често пати не изнесуваше повеќе од 300 динари месечно.[32]

И покрај тоа што задругарството на територијата на Занаетчиската комора (Вардарска бановина) не беше развиено, како што беше на територијата на Северна Србија, сепак во поедини места постоеја извесни занаетчиски задруги кои во мнозинство покажуваа успех во работата. Во 1933 година во Вардарска бановина беа вкупно 19 занаетчиски задруги.[33] Инаку основањето на Занаетчиската комора во Скопје, чие подрачје беше утврдено за територијата на Вардарска бановина, беше установено со Уредбата за трговски, индустриски и занаетчиски комори од 3.VIII.1933 година.[34]

Занаетчиите во македонските градови во овој период сé повеќе опаѓаа бидејќи беа изложени на ударите на домашната и странска конкуренција.[35] Индустриските производи на „Бата" и „Тивар" и на други такви претпријатија го преплавија пазарот во Вардарскиот

---

32 Др. Часлав Никитовић, цит. дело, 19; Б. А., „Положај занатства у Јужној Србији", в. „Политика", XXXI, бр. 9462, Београд, 20.IX.1934, 4.

33 Др. Часлав М. Никитовић, цит. дело, 101.

34 За препседател на Занаетчиската комора во Скопје беше поставен Трифун Чукиќ, кројач од Скопје, а за потпретседатели: Петар Крстиќ, градежник и Аранѓел Станковиќ, фотограф, двајцата од Скопје.

35 А. М., Ф: Милан Стојадиновиќ, М. 2042, Док. бр. 211, 19.

дел на Македонија, ефикасно потиснувајќи ги производите на македонските занаетчии. Поради тоа, на IV-та конференција на Занаетчиската комора во Скопје (мај 1934 година) беше поставено барање да се ограничи отворањето филијали и продавници во Вардарскиот дел на Македонија на такви големи индустриски претпријатија, бидејќи „Бата" ги довела до просјачки стап кондурациите, а „Тивар" кројачите.[36] Но, ваквите нивни барања остануваат без резултат, а нивната положба и натаму се влошуваше, така што беа осудени на неизбежна пауперизација и деградација.

Во време на економската криза Кралството на Југославија, а според тоа и Вардарскиот дел на Македонија, преживуваа и тешка политичка криза, предизвикана со Шестојануарската диктатура.

### б) Политички прилики

Апсолутистичко-диктаторскиот режим воведен во 1929 година своето вистинско лице и угнетувачка политика ги покажува со сета бескрупулозност и суровост во Вардарскиот дел на Македонија. Имено, националната обесправеност и угнетување, политиката на денационализација и асимилација, теророт и разните беззаконија, кои и пред тоа владееја во Вардарскиот дел на Македонија, продолжуваат и по воведувањето на Диктатурата, со таа разлика што сега беа засилени, зашто се спроведуваа во услови на воено-фашистички режим и под плаштот на интегрално југословенство, т.е.

---

[36] Б.,А., „Положај занатства у Јужној Србији", в. „Политика", XXXI, бр. 9462, Београд, 20.IX.1934, 4.

за создавање на „единствена југословенска нација". Положбата на несрпските народи по заведувањето на Диктатурата најдобро беше искажана во заклучокот на IV-та Земска конференција: „Таа (се мисли на Диктатурата, б.м.) значи режим на безмилосно пљачкосување, најгрубо класно и национално угнетување и на најбрутални напади на животните и работните услови, на правата и сите придобивки на работните маси... Угнетувањето на несрпските народи од заведувањето на воено-фашистичката Диктатура е засилено до отворено пљачкосување и потполна обесправеност".[37]

Во Вардарскиот дел на Македонија не постоеше македонска легална граѓанска партија, а за граѓанските политички партии (првенствено србијанските) кои дејствуваа на овој терен, а кои со Диктатурата беа забранети, народот немаше што да жали бидејќи беа вештачки накалемени однадвор. Со оглед на тоа што раководствата на тие партии ја прифатија Диктатурата или барем не и даваа никаков сериозен отпор, диктаторскиот режим го засили својот терор против револуционерното движење. Во целиот период додека Вардарскиот дел на Македонија се наоѓаше во составот на Кралството на СХС, а подоцна во Кралството на Југославија, големосрпските хегемонистички кругови и нивните режими не го запоставуваа само во економски и културен поглед, туку со години на ред водеа систематска денационализаторска политика за да се спречи по секоја цена појавата на македонската национална свест,

[37] Историјски архив Комунистичке партије Југославије, том II, Београд, 1949, 220, 225.

националниот индивидуалитет на македонскиот народ. Ваквата политика на српската буржоазија и монархистичкиот Двор беше спроведувана преку органите на власта, полицијата, жандармеријата и чиновништвото. Тие ја сочинуваа и во нив беше сконцентрирана силата на режимот и на неговиот политички живот. Македонскиот народ беше исклучен од учеството во општествено-политичкиот живот. Тој немаше право да организира свои политички партии. Како Македонец немаше право да учествува ни во органите на власта, ниту пак во администрацијата. Можеше навистина да се дојде до некое පониско чиновничко место, како и до некое позначајно место во администрацијата, но Македонецот требаше отворено да се декларира, а тоа и на соодветен начин да го аргументира дека и припаѓа на српската нација и јавно да го брани постојниот поредок.

Всушност со политичката обесправеност постоеше и национална поробеност, бидејќи големосрпската буржоазија „не ја признаваше индивидуалноста на македонската нација".[38] Тоа значи дека Македонците не смееја јавно да се декларираат дека се Македонци, не смееја да зборуваат на својот мајчин, македонски јазик, ниту пак смееја да раскажуваат за историското минато на својот народ. Со еден збор сите национални манифестации и ослободителни стремежи беа најостро задушувани, а нивните инспираторски носители постојано прогонувани. Во духот на денационализацијата во администрацијата беше воведен српскиот јазик, а се промениja

[38] Јосип Броз Тито, Собрани дела, том I, Скопје, 1978, 105, 115.

имињата и презимињата на граѓаните, како и топонимите на некои населби.

По воведувањето на Диктатурата се заостриja и мерките на асимилација и денационализација на македонскиот народ. Како една од мерките за спроведување на денационализацијата и асимилацијата на македонскиот народ беше фаворизирањето на српскиот елемент при спроведувањето на „аграрната реформа" и колонизацијата.[39] Тоа најдобро го илустрира мислењето на Ѓорго Крстиќ, кој меѓу другото вели дека: „...колонизацијата е првокласно државно прашање на Југ... Таа спроведува национализирање и асимилирање на нашите краишта".[40] (се мисли на Вардарскиот дел на Македонија, б.м.).

Иако во периодот на Диктатурата (1929-1931) колонизацијата беше скоро занемарена, сепак во 1931 година таа во Вардарскиот дел на Македонија и натаму непрекинато се продолжува. Во овој период беше донесен Законот за колонизација во „јужните краеви" (11.VI.1931) и беше формирано Врховно повереинство на аграрната реформа во Скопје, со кое се сакаше, во рамките на Шестојануарскиот режим „да се создаде една посебна установа, која како наполно самостојна, исклучена од сите надворешни влијанија, политички групи и поединци би ја завршила започнатата работа на спроведувањето на аграрната реформа, раководејќи се единствено со

39 Проблемот за спроведувањето на „аграрната реформа" и колонизацијата во Македонија во периодот меѓу двете светски војни го има обработено д-р Александар Апостолов во трудот „Колонизацијата на Македонија во Стара Југославија", Скопје, 1966, (Истиот е преобјавен во 1989 година).

40 Ђорђо Крстић, Колонизација у Јужној Србији, Сарајево, 1928, 1.

поставената цел и исклучувајќи секое влијание што би одело на штета на неговата работа".[41] Како „самостојно тело" требаше да се занимава исклучиво со изведувањето на колонизацијата. На 5.XII.1931 година беше донесен Закон за уредување на аграрните односи во поранешните покраини на „Јужна Србија" и Црна Гора (со измени и дополнувања од 24.VI.1933) и со него требаше да се ликвидираат остатоците на чифчиските односи, кои уште постоеја по тој т.н. „провизорен период" (1919-1931).

По донесувањето на овие закони настапува период на многу поостра колонизација во Вардарскиот дел на Македонија.[42] Поради немање слободна земја за колонизација, а со цел да се продолжи населувањето во Вардарскиот дел на Македонија, се пристапува кон откупување на земја. Исто така земја за населување беше добивана и по пат на принудно продавање на имотите на лица кои се задолжиле и кои не биле во состојба да ги вратат долговите. За решавање на аграрните спорови беа воспоставени околиски аграрни судови и Врховен аграрен суд во Скопје, а од 1931 година откупувањето на земјата со кредити од банките за колонизирање на земја го вршеа аграрните задруги преку својот Сојуз.

Може да се каже дека во сите државни акти, како и во сите свечени изјави и политички списи во врска со колонизацијата во

---

41 Д-р Александар Апостолов, Колонизацијата на Македонија во Стара Југославија, Куманово, 1989, 126.

42 Д-р Евтим Бојаџиевски, Колонизацијата во Македонија (1912 - 1941) Годишник на Економскиот факултет во Скопје, Скопје, 1961, 208, 209.

Вардарскиот дел на Македонија беше потцртувано дека „таа ќе изврши голема културна и општествена преобразба", а посебно во врска со унапредувањето на земјоделието. Напротив, колонизацијата имаше речиси исклучиво негативно влијание врз општествено-економските, политичките и културните прилики.

Исто така за воспоставување на своето хегемонистичко владеење и за остварување на своите грандиозни националистички планови, големосрпската буржоазија како средство ја користеше и просветата. Целокупната нејзина просветна политика беше најтесно поврзана со целите на денационализацијата и асимилацијата на македонскиот народ. Меѓутоа, губејќи вера во можноста за постигнување на целите на денационализацијата и асимилацијата на македонскиот народ преку училиштата и другите институции и мерки на државната просветна политика, а откако со воведувањето на Диктатурата му падна маската на лажниот парламентаризам, големосрпскиот хегемонистички режим во 1929 година донесува Закон со кој пристапува кон потполно затворање на многу гимназии во Вардарскиот дел на Македонија и кон претворање на некои од нив во неполни гимназии.[43] Овој Закон беше наменет за Вардарскиот дел на

[43] Со Законот за основните училишта и гимназиите донесен во 1929 година беа затворени гимназиите во Струмица, Ресен, Кавадарци и Кичево. Нижите гимназии во Гевгелија, Кавадарци, Кочани, Струга, Ресен, Кичево, Дебар и Гостивар беа укинати. Во исто време дотогашните полни гимназии во Велес, Куманово, Штип, Прилеп и Охрид беа претворени во нижи гимназии. Исто така беше затворена и учителската школа во Прилеп. Со Законот се предвидуваше и затворање на граѓанските училишта во Крива Паланка, Кратово, Свети Николе, Берово и Кочани, а како причина се наведуваше недостатокот на квалификуван и стручен кадар и недоволната опременост на училиштата со училишни помагала. Во врска со ова Банот на Вардарска бановина упатува писмо до Министерот за просвета, во кое известувајќи го дека

Македонија и се применуваше само за неа и сосема јасно ја покажуваше дискриминаторската политика кон македонскиот народ. Со тоа беа нанесени огромни штети и беа создадени вонредни тешкотии во просветувањето и образованието на и онака крајно заостанатите народни маси во Вардарскиот дел на Македонија. Намалувањето на бројот на просветните институции продолжува и во наредните години. Со ваквата политика режимот настојуваше народот да остане непросветен за да може полесно да го потиснува и ограбува.

Преку просветниот систем се спроведуваше денационализацијата и асимилацијата на македонскиот народ, а носители на ваквата големосрпска политика беа учителите (наставниците), училишните надзорници, управниците на училиштата и други проверени на „национален" план. Тие и даваа тон на големосрпската пропагандна дејност меѓу учениците и воопшто меѓу населението. Училишните надзорници и управници беа луѓе „одозгора" т.е. од Србија, или пак лица кои уште во периодот на турското владеење работеа во интерес на српската национална кауза. Имаше и такви училишта во кои речиси за цело време на периодот меѓу двете светски војни не

состојбата во овие училишта е многу неповолна, бара и предлага да се преземат мерки состојбата да се поправи пред овие училишта да се затворат. Со оглед на тоа што тие се наоѓаат во пограничните околии до Бугарија, би било национален грев (подвлечено во оригиналот), а и државна штета овие училишта така лесно да се затворат, па затоа предлага да се преземат потребни мерки состојбата да се поправи. Види во: Radoje L. Knežević, Sistem školstva u Jugoslaviji, Педагошка Југославија 1918-1938, св. 9, Београд, 1939, 246-272; Историја на македонскиот народ, кн.III, Скопје, 1969, 71; Свет. К. Марковић, Средње школе у Јужној Србији од ослобођења до данас, Гласник југословенског професорског друштва, књига XIX, св. 3, Београд, 1938, 261; А.М., Ф.: Милан Стојадиновиќ, м. 2042, Док. бр. 32990 од 23.IX.1931. Истиот документ се наоѓа и во ф.: Министерство за просвета на Кралството на Југославија, к.5.

можеше да се најде ниту еден учител роден во Македонија, т.е. Македонец. Наставата се изведуваше на српски јазик а учителите имаа специјални задолженија во врска со србизирањето на македонскиот народ. Но и покрај тоа што училиштата беа сметани како главни духовни лаборатории за денационализацијата, од каде ќе се „произведуваат најдобри Срби", тие не ги дадоа очекуваните резултати.

Општо земено, може да се каже дека политиката на големосрпската буржоазија во периодот по 1929 година кон Вардарскиот дел на Македонија беше сведена не само кон економска експлоатација и ограбување, туку и на силен политички притисок, терор и застрашување.

## 3. АКТИВНОСТА НА ГРАЃАНСКИТЕ ПАРТИИ ВО ПЕРИОДОТ НА ПРИКРИЕНИОТ АПСОЛУТИЗАМ*

### а) Донесување на Октроисаниот устав и изборите за народни пратеници во 1931 година

Апсолутизмот на кралот Александар, воведен со Диктатурата во 1929 година, се покажува неподесен и во внатрешен и во надворешнополитички поглед. На внатрешен план се откриваше слабоста на апсолутистичкиот режим бидејќи со него не се постигнува ни внатрешниот мир ни стабилноста на династичко-

* Прикриен апсолутизам е облик на владеење кога власта на владетелот е ограничена со Устав.

централистичкиот систем. Многу знаци покажуваат дека апсолутизмот го слабее, а не јакне тој режим. Освен тоа, и сè поголемото огорчување против репресивните мерки на режимот му сигнализираше на Дворот дека би било препорачливо одговорноста за тоа да се префрли на други фактори или барем - да се подели со политичарите кои за тоа Дворот ќе ги избере, т.е. се наметнуваше потреба за воспоставување на уставен и парламентарен поредок.

На надворешен план се покажува дека апсолутизмот беше неблагопријатен и во буржоаско-демократските влади во сојузните земји (Франција и Англија) од една, а од друга страна, тој беше изложен и на сè поостри напади во скоро целиот демократски печат во Европа. Исто така, апсолутизмот не претставуваше сигурна основа за влегување на странскиот капитал во државата.[44] Овие два момента (внатрешниот и надворешнополитичкиот) влијаеја на 3.IX.1931 година да биде донесен новиот Устав на Кралството на Југославија (т.н. Октроисан или Септемвриски устав) кој заедно со Прокламацијата на кралот Александар веднаш стапува во сила.[45] Со Уставот не се менуваше централистичкиот карактер на државата. Националниот унитаризам и централизам остануваат и понатаму уставно потврдени. Народното единство и државната целина ја симболизираше Кралот. Кралството на Југославија беше дефинирано

---

[44] Тодор Стојков, Грађанска опозиција и скупштински избори од 8. новембра 1931 године, Историја XX века. Зборник радова, IV, Београд, 1962, 252-256, 303.

[45] „Proklamacija" и „Ustav Kraljevine Jugoslavije", prof. dr Ferdo Čulinović, Dokumenti o Jugoslaviji, Zagreb, 1968, 300-312.

како наследна и уставна монархија. Уставот предвидуваше реорганизација на државата со воведувањето на двете претставнички тела: Народната скупштина (Собрание)[46] и Сенат.[47] Кралот си го задржува правото да ја поставува владата која требаше пред него да биде одговорна за својата работа, а не пред Собранието. Исто така со Уставот беше потврдена поделбата на бановини.

Од сите одредби на Уставот произлегуваше дека власта и натаму беше концентрирана во рацете на Кралот, т.е. дека парламентаризмот требаше да биде фасада за прикривање на централизмот. Уставот всушност ја санкционираше постојаната диктатура.

По донесувањето на Уставот и врз негова основа беа донесени повеќе закони со кои беше регулирано изборното право.[48] На 23.IX.1931 година беше објавен Указот за избор на народни пратеници, со тоа што изборот да се изврши на 8 ноември истата година, а новоизбраното Народно собрание да се состане на

---

[46] Народното собрание го сочинуваа „пратеници кои ги избира народот слободно на општо, еднакво и непосредно гласање"; тоа се избира на 4 години; мандатот на народниот пратеник може да престане и порано, во случаи, кои ги предвидува изборниот закон (чл. 54), Види во: „Ustav Kraljevine Jugoslavije", Prof. dr. Ferdo Čulinović, cit. delo..., 308.

[47] Сенатот го сочинуваат од Кралот именуваните сенатори и избраните сенатори (чл. 50). Види во: Истото, 307.

[48] На 7.IX. 1931 година Кралот го објавува Законот за избирачки спискови; на 10.IX. 1931 година Законот за избор на народни пратеници за Народното собрание; на 18.IX.1931 година Законот за здруженија, собири и договори и на 30.IX.1931 година Законот за избор на сенатори. Види во: Prof. dr. Ferdo Čulinović, cit. delo..., 312.

7.XII.1931 година во Белград.

Носител на владината „земска кандидатска листа"[49] беше генералот Петар Живковиќ, тогашен претседател на владата. Листата ја одобрува белградскиот Касационен суд на 29.X.1931 година.[50] Со оглед на тоа што тоа беше единствена изборна листа собраниските избори на тој начин добиваат - како што во повеќе наврати беше пишувано во странскиот печат - во извесна смисла карактер на народен референдум.[51] Граѓанската опозиција[52] на овие избори

---

49 Изборите требаше да се спроведат според Законот за избор на народни пратеници кој беше многу реакционерен во однос на претходните. Се зборуваше дека тој има југословенски карактер, но само и воглавно по тоа, што со него беше предвидена само единствена кандидатура во целата држава и тоа со посредство на т.н. „земска кандидатска листа", а не беше дозволено да се истакнуваат окружни и околиски листи, т.е. посебно да се кандидираат пратеници и по малите изборни единици. По овој изборен закон т.н. „земска кандидатска листа" требаше да има во секоја околија на државата, барем по една околиска кандидатска листа, а за секоја листа се бараше кандидатите да добијат одобрение од носителот на „земската кандидатска листа". (чл. 18). Со оваа законска одредба очигледно се сакаше да се оневозможи поставување на кандидатски листи на поранешните политички партии. Види во: „Закон о избору народних посланика за Народну скупштину од 10 септембра 1931 г.- Са изменама и допунама од 26 септембра 1931 г., и 24 марта 1933", Статистика избора народних посланика за Прву југословенску народну скупштину одржаних 8 новембра 1931, Израдио: Милоје М. Сокић, Београд, 1935, 299.

50 Статистика избора народних посланика..., 5.

51 Dr Todor Stojkov, Opozicija u vreme Šestojanuarske diktature 1929-1935, Beograd, 1969, 115.

52 По воведувањето на Диктатурата се оформуваат два опозициони центри: белградски и загребачки. Белградскиот опозиционен центар го сочинуваа делот на првачите околу Главниот одбор на Радикалната партија, дел на Раководството на Демократската партија, на чело со Љуба Давидовиќ, Земјоделската партија, Југословенската муслиманска организација (ЈМО) и првачите на Словенечката људска странка (СЛС) по истапувањето на Антон

апстинираше, бидејќи сé уште не беше организирана да истапи против владата, како што тоа ќе го направи подоцна (1935 г.), а КПЈ беше во илегалност.

На „земската кандидатска листа" на Петар Живковиќ беа истакнати 652 кандидатски листи (за 306 народни пратеници). Во Вардарска бановина беа истакнати 85 кандидатски листи, а се избираа 37 народни пратеници.[53]

Според пописот од 1931 година Кралството на Југославија имаше вкупно 13.930.918 жители; од тоа запишани избирачи - 3.483.349; гласаа - 2.342.520; не гласаа - 1.140.829.[54]

Во Вардарска бановина изборните резултати беа следните: од 1.575.185 жители запишани избирачи беа - 387.184; од нив гласале 279.326; не гласале - 107.858; имаше 85 кандидатски листи, а се избрани 37 народни пратеници, од кои 25 беа од Вардарскиот дел на Македонија[55] (б.м.).

Начинот на кој се спроведени собраниските избори, големата апстиненција на избирачите, фалсификувањето на изборните резултати, се разбира не можеа да останат непознати на јавноста. Дека на овие избори имаше фалсификати може да се види и од

Корошец од владата на Петар Живковиќ во септември 1930 година. Загребачкиот опозиционен центар го претставуваа воглавно Хрватската селска странка (ХСС) и Самостојната демократска странка.

53 Статистика избора народних посланика ..., 3.

54 Истото, 9.

55 Види повеќе во: Статистика избора народних посланика..., 139-294; А. ИНИ, Ф.: Нецат Јашар, к.II, папка: III, Док. бр. 17.

дискусијата во подоцнежното Народно собрание. За тоа беше збор и во Верификационииот одбор на Собранието.[56] Сето ова покажува дека спроведените избори во вакви услови беа обична фарса и провидна демагогија и не водеа кон вистинска ликвидација на Диктатурата и кон сукцесивно демократизирање на земјата.

На истиот начин беа спроведени и изборите за сенатори. Имено, врз основа на Законот за избор на сенатори, на 16.XII.1931 година новоизбраните пратеници од Вардарска бановина, банските советници и претседателите на општини одржуваат состанок со цел да се изврши кандидатура за 5 сенатори. Кандидатската листа, на која беа предложени кандидатите и нивните заменици,[57] ја потврдува скопскиот првостепен суд на 18.XII.1931 година.[58] На изборот одржан во Скопје на 3.I.1932 година, со оглед на тоа што беше само една кандидатска листа, сите предложени кандидати и нивни заменици беа избрани.[59]

56 Стенографске белешке Народне скупштине Краљевине Југославије, Ванредан сазив, књига I, Београд, 1932, 14,15.

57 На кандидатската листа беа предложени овие кандидати: Васа Богојевиќ од Тетово, Петар Костиќ од Призрен, Трајко Хаџи-Бошковиќ од Скопје, Спиро Хаџи-Ристиќ од Скопје и др. Џафер Сулејмановиќ од Тетово, а за нивни заменици: Томо Поповиќ од Скопје, Војислав Протиќ од Битола, Панта Васковиќ од Велес, Ристо Кујунџијевиќ од Кавадарци и Сали бег Рустембеговиќ. Види во: „Кандидације за сенат", в. „Политика", XXVIII, бр. 8480, Београд, 17.XII.1931, 2.

58 „Кандидације за сенат", в. „Политика", XXVIII, бр. 8482, Београд, 19.XII.1931, 2.

59 „У Вардарској бановини", в. „Политика", XXIX, вр. 8498, Београд, 4.I.1932, 2.

## б) Оживување на политичкиот партиски живот

Во согласност со тактиката за напуштање на Диктатурата и за нормализација на политичкиот живот по собраниските избори се пристапува кон формирање на режимска политичка партија. На тој начин требаше да се обезбеди масовна политичка основа на новиот курс отворен со прокламирањето на Уставот од 3.IX.1931 година. Иако непосредната одлука за формирање на новата политичка партија под име Југословенска радикално селска демократија (Ј.Р.С.Д.)[60] датира уште од почетокот на јули 1931 година, работата и постоењето на оваа партија, врз основа на Законот за здруженија, собири и договори, се одобрува со акт, издаден од Министерот за внатрешни работи, Жика Лазиќ, на 15.X.1932 година.[61] Како политичка партија ЈРСД имаше своја Програма и Статут. Во главните начела во Програмата ЈРСД се залагаше дека ќе работи: на изградување на народното единство; на зачувување на државната целина; на издигнување на духовните и морални вредности на народот; на водење на социјално-економска програма во духот на

---

60 При определувањето на името на ЈРСД се поаѓаше од уверувањето дека тоа треба да потсетува на имињата на старите големи партии, бидејќи се сметаше дека новата партија треба да ги замени сите важни стари партии и дека таквото име ќе биде најдобро за да го привлече членството на старите партии. Исто така и привремениот главен одбор на ЈРСД беше составен по клуч на некогашната партиска припадност. Главен збор во него водеа (како и во владата) првците на старите партии, пред се на радикалната и демократската (Никола Узуновиќ, Милан Сршкиќ, Божидар Максимовиќ, Војислам Маринковиќ, Коста Кумануди).

61 „Министар унутрашњих дела издао је одобрење за рад ЈРСД", в. „Политика", XXIX, бр. 8776, Београд, 16.X.1932, 2.

народната солидарност и на тоа Кралството на Југославија да биде столб на редот, мирот и постоечкиот меѓународен правен поредок на југоисток на Европа.[62]

Според чл. 9 од Статутот на ЈРСД органи на партијата беа: 1) Повереници на партијата; 2) одборите и собранијата на партијата; 3) Клубот на народните пратеници и сенатори; 4) Земскиот конгрес, а според чл. 10 партијата ги имаше овие одбори: месни (реонски и месни централни во поголемите градови), околиски, бановински и Главен одбор.[63]

ЈРСД на 4.V.1932 година издава Проглас[64] со кој народот се повикуваше во нејзините редови.

ЈРСД, како режимска партија, во 1932 и 1933 година развива жива активност во Вардарскиот дел на Македонија преку предавања, конференции и собири што ги одржуваа владините народни пратеници и функционери по македонските градови. Раководна личност на подрачјето на Вардарска бановина беше познатиот спроводник на големосрпската политика во Вардарскиот дел на Македонија, бившиот

---

62 „Програм Југословенске радикално-сељачке демократије", в. „Политика", XXVIII, бр. 8479, Београд, 18.XII.1931, 2.

63 „Статут Југословенске радикално-сељачке демократије", в. „Политика", XXVIII, бр. 8481, 8482, Београд, 18 и 19.XII.1931, 4,4.

64 Проглас народу Југославије о оснивању „Југословенске радикално-сељачке демократије", в. „Политика", XXIX, бр. 8614, Београд, 5.V.1932, 2; За да се делува што поефикасно се тврдеше дека Прогласот го потпишале, покрај претседателот и членовите на Привремениот главен одбор, народните пратеници и сенатори, дури и пратеничките кандидати кои не беа избрани на собраниските избори од 8.XI.1931 година.

четнички војвода и пратеник од Прилеп, Василије Трбиќ, кој воедно и беше прво, претседател на Привремениот бановински одбор на ЈРСД (избран на 13.IV.1932 година на Вардарската бановинска конференција)[65] а потоа и на Бановинскиот одбор на ЈРСД за Вардарска бановина (избран на големиот собир на ЈРСД за Вардарска бановина во Скопје на 29.V.1932 година).[66]

Каква беше бројната состојба на организациите на ЈРСД во Вардарска бановина се гледа од податоците што ги изнесува Василије Трбиќ на Бановинското собрание на ЈРСД одржано во Скопје на 9.VII. 1933 година. Имено, во едногодишниот извештај за работата на Бановинскиот одбор на ЈРСД, меѓу другото, се констатира дека „...денес во Вардарска бановина од 45 политички околии, уште 4 не се организирани, но и тоа за некој ден ќе се изврши. Во овие организирани околии се наоѓаат 466 организирани месни одбори и 6 младински организации со 183.000 членови на ЈРСД. Но, кога ќе се земе во предвид дека недостасуваат податоци за бројната состојба за уште неколку околии, значи дека овој број во наредните денови ќе ја помине бројката од 200.000 членови на ЈРСД".[67] На ова собрание беше избран нов Бановински одбор на ЈРСД, чиј состав беше ист како претходниот, а Василије Трбиќ

---

65 „Организација ЈРСД", в. „Политика", XXIX, бр. 8596, Београд, 14.IV.1932, 3.

66 В. „Политика", XXIX, бр. 8639, Београд, 30.V.1932, 2.

67 „Бановинска скупштина ЈРСД за Вардарску бановину", в. „Вардар", II, бр. 100, Скопље, 13.VII.1933, 2.

останува претседател.[68]

На 20.VII.1933 година во Белград беше одржан Земскиот конгрес на ЈРСД на кој беше извршена промена на името на партијата во Југословенска национална странка (ЈНС); беа усвоени Програмата и Статутот на ЈНС, а за претседател на ЈНС повторно со акламација беше избран Никола Узуновиќ.[69]

Периодот од 1932 до 1933 година се карактеризира со политичка криза што произлегуваше од незадоволството на граѓанските партии и политичари што се наоѓаа во опозиција и истапуваа против режимот и неговата партија-ЈРСД (подоцна ЈНС).[70] Овој период во Вардарскиот дел на Македонија се карактеризира со настојување на владините кругови (и на владината партија) и на другите граѓански партии во опозиција (првенствено србијанските) само на создавање на свои организации и клубови, главно за

---

68 Истото.

69 „Први конгрес Југословенске националне странке", в. „Политика", XXX, бр. 9045, Београд, 21.VII.1933, 3-6; „Конгрес ЈРСД у Београду - ново име странке", в. „Вардар", II, бр. 103, Скопље, 23.VII.1933, 3.

70 Србијанските партии (Радикалната, Демократската и Земјоделската) истапуваа против режимот заложувајќи се за владеење преку Собранието. Селанско-демократската коалиција во Ноември 1932 година истапува со посебна платформа - резолуција (т.н. „Загребачка пунктација") во која бараше укинување на диктаторско-хегемонистичкиот режим на големосрпската буржоазија и преуредување на државата на начин што ќе ја осигура рамноправноста помеѓу Србите, Хрватите и Словенците. Слични барања истакнува и СЛС и некои други политички групации. Но сите овие граѓански партии и групи не наоѓаа за потреба да обрнат внимание на потребата за изнесување и остварување на оправданите барања на македонскиот народ за национална рамноправност.

осигурување гласачи на изборите.

За да се избегне политичката криза во земјата,[71] од една, а од друга страна, за да се претстави како поборник за управување на земјата со помош на избрани претставници и органи, т.е. за враќање на парламентарната демократија, владата на Никола Узуновиќ пристапува кон подготовка за одржување на општинските избори во Кралството на Југославија во втората половина на 1933 година. Согласно со новиот Закон за општините (од 14.III. 1933) изборите се спроведоа по бановини.

Општинските избори во Вардарска бановина беа закажани за 15.X.1933 година. Распишувањето на овие избори и агитацијата околу нивното спроведување доведоа во Вардарскиот дел на Македонија до оживување на политичката дејност на граѓанските партии (режимската и опозиционите) која се изведуваше преку конференции и собири. Во предизборната кампања предњачеа организациите на ЈНС.

Вкупно во сите 9 бановини имаше 3.858 општини со 7.850 кандидатски листи од кои на ЈНС доаѓаа 6.964. Запишани избирачи беа 3.214.305 од кои вкупно гласаа 2.139.881 или 66,57% и тоа:

- за листата на ЈНС - 1.940.926 или 90,70% (добиена управа во 3.616 општини или 93,73%);

---

71 Политичката криза во овој период беше предизвикана и од незадоволството и барањето на народните маси за позитивни измени во општествено-политичкиот живот во Кралството на Југославија, што се изразуваше преку демонстрации, штрајкови, судири со вооружените сили на режимот, кои се одвиваа во целата држава (па и во Вардарскиот дел на Македонија).

- за договорната листа - 25.412 или 1,19% (добиена управа во 56 општини или 1,45%);
- за неопределената листа - 5.895 или 0,28% (добиена управа во 6 општини или 0,15%);
- за опозиционата листа - 167.648 или 7,83% (добиена управа во 180 општини или 4,67%).[72]

Во Вардарска бановина за 440 општини беа истакнати 1.113 кандидатски листи, од кои 1.084 припаѓаа на ЈНС, 23 неопределени и 6 опозициони. Резултатите од изборите во Вардарска бановина јасно ја покажуваа расположбата на народот. Од вкупно 354.242 запишани избирачи, на изборите гласаа само 246.976 или 69,79%, и тоа:

- за листата на ЈНС - 240.463 или 97,36% (добиена управа во 433 општини или 98,4%);
- за листата на неопределените - 4.705 или 1,91% (добиена управа во 5 општини или 1,1%);
- за опозиционата листа - 1.808 или 0,73% (добиена управа во 2 општини или 0,5%).[73]

За да се залаже јавноста за божемното запазување на законитоста на 31.XII.1933 година беа спроведени повторни избори во некои општини (во Велешка, Дебарска, Кавадарска, Прилепска,

---

72 „Резултати општинских избора с погледом на целу земљу", в. „Вардар", II, бр. 140, Скопље, 9.XI.1933, 4.

73 Истото

Жеглиговска и Долнополошка околија).[74]

Во 1934 година во јавниот политички живот во Вардарскиот дел на Македонија најактивна беше ЈНС (што бече и единствена граѓанска партија) која себеси се претставуваше како единствен „чувар на државноста и народното единство" што беше истакнато и на нејзиниот конгрес.[75]

Политиката на обесправеност, национален притисок и експлоатација сé повеќе ја продлабочуваше кризата. За ублажување на народното незадоволство и отпор, владата на Богољуб Јевтиќ, при крајот на 1934 година, ветуваше дека ќе го либерализира режимот. Но, расчекорот помеѓу официјалните изјави и делата веднаш се виде во начинот и резултатите од спроведувањето на вонредните општински избори во Вардарска бановина. На овие избори во 69 општини, кои се одржаа на 23.XII.1934 година, врз основа на Уредбата од Министерот за внатрешни работи за намалување на бројот на општините,[76] беа истакнати вкупно 209 кандидатски листи

---

74 „Поновни општински избори у Вардарској бановини", в. „Службени лист Вардарске бановине", IV, бр. 222, Скопље, 25.XI.1933.

75 Конгресот на ЈНС беше одржан во Белград на 25.XI.1934 година во присуство на 2919 делегати од целата земја. На него беа усвоени Извештајот за едногодишната работа на ЈНС, Статутот и Програмата за работа. За претседател беше избран Светислав Хоѓера, народен пратеник од Белград. Види во: „Конгрес Југословенсе народне странке", в. „Политика", XXXI, бр. 9529, 26.XI.1934, 3,4.

76 Според Законот за општините од 1933 година, Министерот за внатрешни работи, Живојин Лазиќ, пропишува Уредба за спојување на преку 80 општини во Вардарска бановина. Види во: Василије Стефановић, „Ванредни општински избори у Вардарској бановини", в. „Вардар", III, бр. 326, Скопље, 22.XII.1934, 1.

и сите до една и припаѓаа на ЈНС. Бидејќи беше оневозможено истакнување на други листи, во новите општински управи беа избрани само кандидати на ЈНС.[77] Ова покажа дека ветувањата на владата беа само празни зборови.

* * *

77 „Резултати ванредних општинских избора у Вардарској бановини", в. „Вардар", III, бр. 329, Скопље, 25.XII.1934, 2.

# ГЛАВА ВТОРА

# ГРАЃАНСКИТЕ ПАРТИИ И НИВНАТА АКТИВНОСТ НА ИЗБОРИТЕ ВО 1935 И 1936 ГОДИНА

## 1. ПАРЛАМЕНТАРНИТЕ ИЗБОРИ ВО 1935 ГОДИНА И АКТИВНОСТА НА ГРАЃАНСКИТЕ ПАРТИИ

### а) Причини за распишување на парламентарните избори

Владата на Богољуб Јевтиќ (20.XII.1934 - 24.VI.1935) настапуваше со програма што ѝ ја наметнаа тогашните политички прилики. Тој уште првите денови се истакнуваше како „фактор на помирување" и најавуваше „стишување на политичките страсти", но, истовремено истакнуваше дека ја продолжува „кралската политика" по убиството на кралот Александар.[78] Овој политички курс во

[78] Кралот Александар е убиен во Марсеј на 9.X.1934 година за време на неговата посета на Франција. Неговата смрт силно одекнува во светот и во Кралството на Југославија. Таа беше крупен светскополитички настан и пресвртница на југословенските внатрешно-политички настани. Во внатрешнополитички поглед марсејскиот атентат значеше не само појава на Кралското намесништво (на чело со кнезот Павле) туку и сѐ посериозно заострување на политичките спротивности кои ја водеа државата сѐ повеќе кон внатрешно распаѓање. Затоа Богољуб Јевтиќ ќе биде творец на последните зборови на кралот Александар „Чувајте ми Југославију". Со овој аманет на Кралот,

Програмата на владата беше изнесен во Декларацијата на Богољуб Јевтиќ, што тој како претседател на владата, ја дава во Народното собрание на 3.I.1935 година, и во која меѓу другото беше речено: „... Да се чува Југославија, да се чува единството на југословенската нација и државната целина, таа е најголем закон за сите и секого, тоа е неотстапно барање за целото наше поколение и за иднината. Кралството на Југославија е територијална, политичка и морална придобивка на многубројните генерации; тоа е свет аманет на Кралот мачсеник, што треба да се чува и само зајакнат да му се предаде на идното поколение...

Уставот на Кралството на Југославија дава потребни можности за силен развиток на националниот и социјален живот на нашиот народ. Лојалната примена и почитувањето на Уставот овозможуваат нормален развиток на земјата...".[79]

Од оваа Декларација може да се види дека на внатрешно-политички план за некоја политика за „стишување на страстите" не можеше да станува збор, бидејќи владата на Богољуб Јевтиќ остануваше на истиот терен на кој застанал режимот на кралот Александар: на линијата на централистичко-апсолутистичкиот монархизам, кој беше проникнат со грижата околу насилното отстранување на сите противници на режимот. Богољуб Јевтиќ истакнуваше дека неговата влада останува на „лојална примена и

тој всушност ќе блефира за да ја сочува државната целина и единствената југословенска нација.

79 „Deklaracija Bogoljuba Jevtića", Prof. dr. Ferdo Čulinović, cit. delo..., 322.

почитување" на Уставот од 1931 година (што значи за ревизија на Уставот не станувало збор), а тоа всушност беше тоа што опозицијата (како српската, така и хрватската - федералистичка) особено го осудуваше и против што жестоко истапуваше и КПЈ. Се разбира на такви основи не можеше „да се најде заеднички јазик" со опозиционите елементи ни во поглед на социјалното, а ни во поглед на националното прашање.

Политиката на Богољуб Јевтиќ за „смирување на политичките спротивности" набрзо се покажува како нов бран на полицискиот терор. Како поборници на централизмот Богољуб Јевтиќ и неговата Влада ги прогонуваа противниците на режимот (пред сé федералистите) исто како што го правеа претходните влади. Притоа немаше никаква разлика. Што се однесува до комунистите, тие беа уште побездушно прогонувани. Особено оваа влада се прочу и по прогоните на студентите.[80]

Политичкиот курс на владата на Богољуб Јевтиќ не ги смируваше туку ги заоструваше политичките спротивности. Таа веруваше дека сепак ќе може да ја отстрани опозицијата и ќе ги зајакне своите позиции. Веќе испробаните репресивни средства, старата метода на застрашување ѝ даваа надеж на владата на Богољуб Јевтиќ дека ќе може да се зајакне положбата на

[80] За време на владата на Богољуб Јевтиќ беше формирана терористичка организација наречена „Патриотско младинско движење", а меѓу студентите (под заштита на власта) беше формирана Организација на националните студенти („ОРНАС") која на белградскиот универзитет не се притеснуваше ни од крвопролевање на напредните студенти.

политичкиот централизам.

Исто така владата на Богољуб Јевтиќ доживува неуспех и на надворешнополитички план. Имено, во почетокот на 1935 година доаѓа до зближување меѓу Италија и Франција. На тој начин дотогашниот сојузник на Кралството на Југославија, Франција, почнува да се врти кон Италија  и ја напушта Југославија, така што владата на Богољуб Јевтиќ не можеше да смета на нејзината поддршка. Во Бугарија на 22.I.1935 година беше срушена владата на Кимон Георгиев што не одеше во прилог на јакнење на југословенско-бугарското зближување. И во Грција на 2 март истата година извршува државен удар Венизелос, кој не беше привржаник на Балканскиот пакт од 1934 година. Така Кралството на Југославија во првите денови на владата на Богољуб Јевтиќ запаѓа во сè понеповолна надворешнополитичка положба.

Што значи, изгледите на владата на Богољуб Јевтиќ не беа добри ни во внатрешнополитички ни во надворешнополитички поглед. Затоа се чинеше дека Богољуб Јевтиќ и неговата влада сметаа дека изборите би можеле да бидат погоден излез од кризата, барем за да се отстрани притисокот што на режимот го спроведуваа владините противници. Надежта дека полициските мерки ќе бидат успешни при изборите го упатуваше и Богољуб Јевтиќ на таква претпоставка. А да се победи на изборите, потоа ќе може поуспешно да се поработи и на надворешнополитичката положба на државата.

На предлог на владата на 6.II. 1935 година, Кралското намесништво го распушта Народното собрание и одлучува новите избори да се одржат на 5 мај истата година. На овие избори ќе се

избираат 370 народни пратеници. Бројот на пратеничките мандати беше зголемен поради тоа што секоја административна околија постануваше изборна единица. Изборите ќе се спроведат според Изборниот закон од 10.IX.1931 година (делимично дополнет во 1933 година). Според овој Закон, кандидати за народни пратеници ќе можат да истакнат само оние политички сили што беа во состојба да истакнат единствена земска листа, чиј носител ќе обезбеди по 30 потписи на избирачи барем во половина изборни околии распоредени најмалку во 6 бановини.[81]

Вардарска бановина беше поделена на 4 изборни окрузи и тоа:

1) Во изборниот округ бр. 32 влегуваа 9 околии, од кои 3 околии припаѓаа на Вардарскиот дел на Македонија (Галичка, Горнополошка, Долнополошка);
2) Во изборниот округ бр. 33 влегуваа 12 околии, од кои 3 припаѓаа на Вардарскиот дел на Македонија (Кривопаланечка, Жеглиговска и Кратовска);
3) Во изборниот округ бр. 34 влегуваа 10 околии и сите припаѓаа на Вардарскиот дел на Македонија (Битолска, Горнодебарска, Кичевска, Прилепска, Охридска, Преспанска, Струшка, Крушевска, Мариовска и Поречка);
4) Во изборниот округ бр. 35 влегуваа 13 околии и сите припаѓаа на Вардарскиот дел на Македонија (Кочанска, Малешка, Овчеполска, Радовишка, Царевоселска, Штипска, Велешка, Дојранска, Гевгелиска, Неготинска, Кавадарска, Струмичка и

81 „Указом Краљевског намесништва Народна скупштина је распуштена", в. „Време", XV, бр. 4698, Београд, 7.II.1935, 1.

Скопска) и градот Скопје.[82] (Види: Прилог бр. I).

Во Вардарска бановина ќе се избираат 45 народни пратеници, од кои 30 во Вардарскиот дел на Македонија, и тоа:

- Во изборниот округ бр. 32 со 301.160 жители се избираат 9 народни пратеници, од кои 3 од околиите во Вардарскиот дел на Македонија;

- Во изборниот округ бр. 33 со 566.283 жители се избираат 12 народни пратеници, од кои 3 од околиите во Вардарскиот дел на Македонија;

- Во изборниот округ бр. 34 со 309.715 жители се избираат 10 народни пратеници, сите од околиите во Вардарскиот дел на Македонија;

- Во изборниот округ бр. 35 со 398.021 жители се избираат 14 народни пратеници, сите од околиите и градот Скопје во Вардарскиот дел на Македонија.

Со оглед на тоа што Вардарска бановина имаше 1.575.185 жители еден пратеник доаѓаше на околу 35.000 жители.[83]

Веста за распишувањето на собраниските избори внесува голема живост во дотогаш замрениот политички живот. Засилената активност ги зафаќа сите политички партии и групи.

---

82 Статистика избора народних посланика за Народну скупштину Краљевине Југославије извршених 5 маја 1935 године, Београд, 1938, 187-210.

83 „Колико ће бановина бирати посланика", в. „Време", XV, бр. 4704, Београд, 13.II. 1935, 2.

## б) Предизборната активност и изборната листа на Богољуб Јевтиќ

Владата на Богољуб Јевтиќ решава да истакне своја изборна листа, и тоа не како листа на ЈНС, на која и припаѓаа скоро сите членови на владата, туку како „владина листа". Богољуб Јевтиќ на 14.II.1935 година званично прифаќа да биде носител на владината листа. Раководството на ЈНС беше во недоумица што да прави: дали да се врзе за изборната листа на Богољуб Јевтиќ, или да истакне своја, засебна листа.[84]

Неизвесноста траеше неколку дена и на 15 февруари на седницата на Претседателството на ЈНС беше одлучено партијата да не истакнува посебна изборна листа, туку на своите партиски членови им препорачува да се кандидираат на онаа листа која им гарантира народно и државно единство, како и тоа дека приврзаниците на партијата можат да гласаат за таква листа.[85] Раководството на ЈНС со оваа одлука практично ја признаваше својата немоќ да игра некоја сериозна улога на овие избори и дека поминало времето кога таа неприкосновено владееше на политичката сцена. Бидејќи не ги имаше поранешните позиции и привилегии,

[84] На седницата на раководството на ЈНС на 11.II.1935 година едни беа за тоа партијата да се приклучи кон владината листа, додека други предлагаа да се истакне посебна листа со др. Војислав Маринковиќ на чело, в. „Време", XV, вр. 4703, Белград, 12.II.1935, 1.

[85] „Изборни проглас члановима Југословенске народне странке свим бирачима Краљевине Југославије". Види во: Краљевске владе од 1903 - 1935, Средио:Р.М., Београд, 1935, 98-100; „Главни одбор ЈНС одлучио је да странка не излази на изборе", в. „Политика", XXXII, бр. 9608, Београд, 16.II.1935, 1.

Раководството на ЈНС не се осмелуваше да излезе на избори кои овозможуваат донекаде слободно изјаснување на избирачите. Поради тоа во јавноста веднаш почнуваат да се шират вестите дека ЈНС се наоѓа пред „полна ликвидација", што не беше далеку од вистината.

Предизборната ситуација во Скопје и воопшто во Вардарскиот дел на Македонија во периодот по распишувањето на изборите беше изнесена во еден напис во в. „Политика" од 15.II.1935 година, во кој меѓу другото се констатира дека: „предизборната ситуација во Скопје и „Јужна Србија" (се мисли на Вардарскиот дел на Македонија, б.м.) многу не еволуирала од распишувањето на изборите до денес. Иако во сите политички кругови живо се расправа за комбинациите кои се прават во Белград на владината и на опозиционата странка, за можните земски листи, за кандидатите за поедините изборни единици, главната одлика на сегашната ситуација е полна со неизвесност. Најголема конфузија несомнено е во редовите на ЈНС. Нејзиниот Бановински одбор и месните одбори, кои по изјавите на самите локални прваци, постојат повеќе на хартија, не покажуваат скоро никаква политичка активност. Тоа доаѓа во прв ред поради упорното молчење на Главниот одбор на ЈНС, кој и после неодамнешните конференции во Белград, не го определил својот став спрема изборната ситуација, а особено спрема владата на Јевтиќ и неговата намера да истакне засебна земска листа, независно од партиската организација на ЈНС. Приврзаниците на оваа партија не се начисто дали владината листа во исто време е и партиска листа. Затоа со најголемо интересирање се очекува Изборниот проглас на владата.

Но, и покрај тоа е голема навала на кандидати. Се цени дека веќе сега во 45 изборни единици на Југ има преку 200 аспиранти за пратенички кандидати. Партиските прваци кои доаѓаат од провинцијата истакнуваат дека големото мнозинство на месни одбори на ЈНС во „Јужна Србија" веќе се определиле за политиката и листата на Б. Јевтиќ. Исто така постои голема нејасност во поглед на личностите за пратенички кандидати. Сигурно е дека значителен број од пратениците на распуштеното Собрание ќе ја истакнат повторно кандидатурата, врзувајќи се за владината листа. Исто така е сигурно дека во многу околии на владината листа ќе бидат нови луѓе. За Скопје сеуште не се знае кој ќе биде владиниот кандидат".[86]

Инаку објавувањето на одлуката на Главниот одбор на ЈНС да не учествува на изборите предизвикува голема раздвиженост кај нејзините партиски организации во Вардарскиот дел на Македонија. Истата наидува на осуда кај приврзаниците на оваа партија во Скопје, кои одлучуваат да се кандидираат за листата на Богољуб Јевтиќ.[87] Таков беше случајот и со организацијата на ЈНС во Гевгелија.[88]

Во текот на месец февруари одржани се повеќе конференции на

---

86 „И организације ЈНС у Јужној Србији биће уз Владу", в. „Политика", XXXII, бр. 9607, Београд, 15.II.1935, 2.

87 „И на Југу има много кандидата", в. „Политика", XXXII, бр. 9612, Београд, 20.II.1935, 2.

88 „ЈНС у Ђевђелији против одлуке главног одбора", в. „Политика", XXXII, бр. 9610, Београд, 18.II.1935, 2.

околиските и месните одбори на ЈНС во повеќе градови во Вардарскиот дел на Македонија и тоа: во Штип, во Неготино, во Битола, во Тетово, во Кавадарци и во други места. На сите овие конференции и собири беа усвоени резолуции во кои едногласно се поддржуваше листата на Богољуб Јевтиќ.[89]

---

89 На 17.II.1935 година во Штип Околискиот и Младинскиот одбор на ЈНС одржуваат заедничка Конференција на која за новонастанатата политичка ситуација зборуваше Михајло Каламатијевиќ. Донесена беше Резолуција во која се истакнува дека сѐсрдно се помага работата и политичкиот курс на Богољуб Јевтиќ и дека без резерва се залагаат тој да биде носител на земската листа, в. „Време", XV, бр. 4709, Београд, 18.II.1935, 2;

На 19.II.1935 година Околискиот одбор на ЈНС во Неготино и Неготинска околија одржува поширока Конференција на која зборувал Пане Апостоловиќ, претседател на организацијата, кој во својот говор ја изнесува работата на владата на Богољуб Јевтиќ и притоа предлага на претстојните избори Околискиот одбор, заедно со своите членови кои ги има преку 3.000, да пристапи кон листата на Богољуб Јевтиќ, што беше примен со акламација, в. „Време", XV, бр. 4711, Београд, 20.II.1935, 2;

На 19.II.1935 година во Битола на повик на секретарот на Околискиот одбор на ЈНС, Светозар Томиќ, беше одржана Конференција на претседателите на општинските управи, претседателите на општинските организации и членови на Околискиот одбор на околија Мариовска на која беше зборувано за политичката ситуација во врска со претстојните избори и притоа едногласно беше одлучено организацијата на ЈНС за оваа околија да ги помага носителите на владината листа, в. „Време", XV, бр. 4711, Београд, 20.II.1935, 2;

На 21.II.1935 година во Битола претседателите на општините за околија Битолска одржале состанок на кој било одлучено на избирачите од оваа околија да им се препорача на сите да гласаат за листата чиј носител е Богољуб Јевтиќ, в. „Време", XV, бр. 4713, Београд, 22.II.1935, 2;

На 21.II.1935 година во салата на занаетчиското здружение во Тетово беше одржана Конференција за околија Долнополошка и градот Тетово, на која присуствуваа преку 300 занаетчии. На истата беше донесена Резолуција во која се вели дека задругарите од Тетово и Полог ќе ја помагаат земската листа на Богољуб Јевтиќ, в. „Време", XV, бр. 4713, Београд, 22.II.1935, 2;

Изборниот проглас на владата на Богољуб Јевтиќ беше објавен на 27.II.1935 година.[90] Прогласот започнува со обраќањето кон „Југословените" и повикот да се продолжи делото на кралот „творец на Југославија". „Тешка е и опасна заблудата на сите оние, - стои во Прогласот - кои мислат дека нашиот државен живот може да се врати на почетната година од нашето државно и народно обединување! Заблуда е да се верува, дека може да се прескокне наназад цело едно поколение, родено и одраснато во обединетата татковина", па дека е неможно да се организира „јавниот живот по начелата од минатиот век или на племенска или на покраинска или на верска поделба".

Владата на Б. Јевтиќ не го признаваше постоењето на било кој друг народ, освен „Југословените", па според тоа ни постоењето на националното прашање (во тој склоп не го признаваше ни постоењето на македонското национално прашање, б.м.); за него постоеја само

---

На 23.II.1935 година во Тетово, под претседателство на др. Џафер Сулејмановиќ, беше одржана Конференција на Околискиот одбор на ЈНС на која беше одлучено да се гласа за листата чиј носител е Богољуб Јевтиќ, в. „Време", XV, бр. 4711, Београд, 20.II.1935, 2;

На 24.II.1935 година во Кавадарци на отворен простор беше одржан голем политички собир на кој присуствуваа околу 2.000 лица од Кавадарци и околија Кавадарска, на кој зборуваа Душан Перовиќ, бивш народен пратеник, Милан Павловиќ и други. Усвоена беше Резолуција дека на изборите ќе ја помагаат листата на Богољуб Јевтиќ, в. „Време", XV, бр. 4716, Београд, 25.II.1935, 2.

90 „Изборни проглас владе Богољуба Јевтића", в. „Политика",XXXII, бр. 9619, Београд, 27.II.1935, 1; в. „Време", XV, бр. 4718, Београд, 27.II.1935, 2;

„Југословените" и Југославија.[91] Ваквото сфаќање на националното прашање сведочи за политичката кратковидост на Богољуб Јевтиќ и на неговите луѓе; тоа не му даваше некои поголеми изгледи неговата влада да ги „преживи" изборите, без оглед на нивниот номинален резултат. Поголемиот дел од владиниот изборен проглас беше посветен на нејзината стопанска програма, а беа ветени и „бановинска самоуправа" и децентрализација на власта.

Ваквата изборна програма, интонирана во духот на чување на „светиот аманет на кралот маченик", не нудеше значајни перспективи за решавање на крупните внатрешни проблеми, што во актуелниот политички момент во тогашните социјални околности, не само што се очекуваше, туку и се бараше. Некое неодредено наговестување пред распишувањето на изборите, па и во самиот изборен проглас, за демократизација и „смирување" на политичката напнатост не можеше да го отстрани впечатокот дека Програмата на Богољуб Јевтиќ во суштина беше празна и без „одреден политички план".[92] Ветувањата дека ќе се преземат разни мерки заради оздравување на стопанството, намалување на даноците и подобрување положбата на селаните, вообичаени во вакви прилики, не можеа побитно да ги надоместат слабостите кои произлегуваа од владината неспремност да отпочне да ги отстранува акутните политички проблеми.

91 Мита Димитријевић, Ми и Хрвати. Хрватско питање (1914-1939). Споразум са Хрватима, Београд, 1939, 220.

92 Истото

Владата за својата изборна кампања ги користеше печатот, радиото, брошурите, летоците, многубројните изборни собири и другите средства на агитација. Во текот на март 1935 година неколку министри зборуваа преку радио и во своите говори ја образложуваа програмата за работа на своите ресори, давајќи притоа широки ветувања. Во текот на април, членовите на владата одржуваат низа говори на изборните собири во поголемите места во целата земја. Во содржината на овие говори доминираат 3 компоненти: 1) Решеност на владата во поглед на уредувањето на државата цврсто да се држи за уставот од 1931 година; 2) широки ветувања за економски просперитет на земјата; 3) жестоки напади на опозицијата, кои беа сé пожестоки во колку кампањата се ближеше кон крај. Сите предизборни говори на членовите на владата започнуваа со празно зборување за општо национално единство, унитаризам и верност на Уставот од 1931 година. Тие настојуваа овие принципи да ги прикажат како „вечна вистина" во кои никој не смее да навлегува и дека тие принципи се над „политичките и изборни расправања", што требаше да значи дека тие принципи ќе бидат загрозени ако владината листа не победи. Во таа смисла особено се индикативни говорите на Драгутин Којиќ, Министер на правосудството, кој во својот предизборен говор на собирот во Скопје на 31 март, зборувајќи за значењето на 5-мајските избори, меѓу другото рекол: „Не се работи, браќа, за победа на оваа или онаа партија, не се работи за победа на оваа или онаа изборна листа, не се работи за победа на овој или оној пратенички кандидат, туку се работи за последна и дефинитивна победа за

нешто што е над партиските и политички интереси", „победа на онаа линија на државната и национална политика, која со својата племенита крв ја обележал Големиот крал".[93]

Во предизборните говори министрите широко ветуваа дека ќе преземат низа мерки за да се излезе од економската криза. Притоа посебен акцент ставаа на земјоделството и на положбата на селаните, ветувајќи намалување на данокот и друго. Со оглед на тоа што селаните го сочинуваа мнозинството на избирачите, говорниците се служеа со демагошки изјави за да кај нив предизвикаат впечаток дека владата посебно се грижи за напредок на селаните, бидејќи ги смета за најважна категорија на населението.[94]

Владата во изборната кампања вложуваше голема надеж во овие ветувања. Беше важно со тоа да придобие што повеќе избирачи. Но, за да тоа не испадне гола демагогија, владата во текот на изборната кампања продолжува да донесува мерки и уредби[95] кои требаа да бидат доказ

93 „Говор министра правде г. др. Којића на збору у Скопљу", в. „Политика", XXXII, бр. 9652, Београд, 1.IV.1935, 4.

94 в. „Политика", XXXII, бр. 9652, Београд, 17.III.1935, 2.

95 Пред изборната кампања беа објавени овие уредби: На 5.II.1935 година - Уредба за одложување на земјоделските долгови до 1.IX.1935, а на 6.II.1935 година Уредба за финансирање на јавните работи и мерки за намалување на некои даноци. Покрај тоа во текот на изборната кампања владата ги донесе следните уредби и мерки: На 17.II.1935 година - намалени се тарифите на железничкиот сообраќај; на 22.III.1935 година - донесена беше одлука за изградба на повеќе патишта; на 1.IV.1935 година - прогласени беа низа тарифни олеснувања и други мерки; на 21.IV.1935 година - Управниот одбор на државните монополи ги намалува цените на сите монополски артикли.

за нејзината спремност дадените ветувања да ги исполни.

Исто така Богољуб Јевтиќ и другите членови на владата на скоро сите предизборни собири ја напаѓаа опозицијата, не бирајќи средства и зборови за да ја омаловажат - во очите на избирачите. Самиот Богољуб Јевтиќ во говорот во Белград (на 3.V.1935 година) изјавува дека владата и опозицијата се два света далеку еден од друг.[96]

По објавувањето на Изборниот проглас на владата на Богољуб Јевтиќ во Вардарскиот дел на Македонија во текот на месец март и април беа одржани повеќе конференции и собири на кои беа предлагани кандидати за листата на Богољуб Јевтиќ. Најголем дел од предложените кандидати беа пензионери, свештеници, трговци, индустријалци, рентиери, претприемачи и слично. Мнозина од нив не беа од македонско потекло или не живееја во Македонија и не ги познаваа потребите на македонскиот народ. Така на пример за пратеник од околија Скопска беше предложен Драгутин Јанковиќ, Министер за земјоделие, а за градот Скопје Драгутин Којиќ, Министер за правосудство.[97] Овие двајца одржуваат и агитациони собири во Скопје, првиот на 21 април,[98] а вториот на 31 март 1935

96 в. „Политика", XXXII, бр. 9685, Београд, 4.V.1935, 1.

97 Министар правде г. др. Драгутин Којић једногласно је кандидиран за посланика града Скопља", в. „Време", XV, бр. 4735, Београд, 16.III.1935, 4; „Министар г. др. Јанковић кандидован је за срез Скопски", в. „Политика", XXXII, бр. 9645, Београд, 25.III.1935, 5.

98 в. „Политика", XXXII, бр. 9673, Београд, 22.IV.1935, 1,2.

година.[99] Всушност беа предлагани кандидати кои беа спроводници и приврзаници на големосрпската хегемонистичка политика во Вардарскиот дел на Македонија и приврзаници на владата на Богољуб Јевтиќ. Во своите предизборни агитациони говори тие ја истакнуваа верноста кон династијата, унитаризмот и националното единство. Зборувајќи за локалните потреби и прашања, тие не ги штедеа ветувањата, дека, ако победат на изборите, ќе направат сé за крајот за кој се кандидирани.

Во владината изборна кампања беа употребувани многубројни летоци, прогласи и повици во кои беа пропагирани „квалитетите" на Богољуб Јевтиќ и на другите од неговата кандидациона листа.

Исто така владата преземаше и разни облици на нелегални активности при што не избираше средства за да обезбеди за себе мнозинство гласови. Беа вршени притисоци, заплашувања па и отворени насилија, а сето тоа се спроведуваше преку бановите и околиските чиновници, па дури и најниските чиновници. На нивно располагање беа агентите, полицијата и жандармеријата.

По извршените предизборни активности и по назначувањето на кандидатите на кандидатските листи, на 18.IV.1935 година Касациониот суд во Белград ја потврдува земската кандидатска листа на претседателот на владата Богољуб Јевтиќ. Од околиите во Вардарскиот дел на Македонија беа потврдени 59 кандидати и тоа:

---

99 „Говор Министра правде г. др. Којића на збору у Скопљу", в. „Политика", XXXII, бр. 9652, Београд, 1.IV.1935, 3,4.

## 1. Изборен округ бр. 32

- Околија Галичка: 1) Др. Томо Смиљаниќ, професор во пензија од Скопје; 2) Бранислав А. Тодоровиќ, Управник на Сојузот на сточарските задруги од Скопје. Вкупно: 2 кандидати.
- Околија Горнополошка: 1) Угрин Јоксимовиќ, трговец од Гостивар; 2) Арсеније Фотириќ, рентиер од Белград. Вкупно: 2 кандидати.
- Околија Долнополошка: 1) Младен Арсеновиќ, Судија во пензија од Призрен; 2) Стојадин Димитријевиќ, кожар од Тетово. Вкупно: 2 кандидати.

## 2. Изборен округ бр. 33

- Околија Жеглиговска: 1) Илија М. Вукотиќ, апотекар од Куманово; 2) Јован С. Довезенски, пензионер од Куманово. Вкупно: 2 кандидати.
- Околија Кратовска: 1) Теодосије Лазаревиќ, земјоделец од Страцин; 2) Стеван Симиќ, пензионер од Скопје. Вкупно: 2 кандидати.
- Околија Кривопаланечка: 1) Стаменко Стошиќ, земјоделец од Стаевци; 2) Алексије П. Јовановиќ, Старешина на манастир од Крива Паланка. Вкупно 2 кандидати.

### 3) Изборен округ бр. 34

- Околија Битолска: 1) Петар Р. Косовиќ, пензионер од Битола; 2) Војислав Н. Протиќ, адвокат од Битола; 3) Никола Марковиќ, адвокат од Битола. Вкупно: 3 кандидати.
- Околија Горнодебарска: 1) Радослав М. Димиќ, индустријалец од Белград; 2) Алекса Јовановиќ, пензионер од Скопје; 3) Демостен Маневиќ, адвокат од Охрид. Вкупно: 3 кандидати.
- Околија Кичевска: 1) Ставре К. Трпковиќ, рентиер од Белград. Вкупно: 1 кандидат.
- Околија Крушевска: 1) Д-р Василије Јовановиќ, бивш министер од Белград; 2) Цветко Пашиќ, претседател на општина од Кривогаштани; 3) Никола Ѓорѓевиќ, професор во пензија од Белград; 4) Душан Антонијевиќ. Вкупно: 4 кандидати.
- Околија Мариовска: 1) Светозар Тасиќ, пензионер од Битола; 2) Никола Марковиќ, адвокат од Битола. Вкупно: 2 кандидати.
- Околија Охридска:1) Милан Блажиќ, пензионер од Охрид;2) Илија Шуменковиќ, Министер на располагање од Белград. Вкупно: 2 кандидати.
- Околија Преспанска: Др Михајло Поповиќ, лекар од Битола; 2) Крсто Стрезовиќ, економ од Ресен; 3) Никола Мишевиќ, трговец од Белград. Вкупно: 3 кандидати.
- Околија Прилепска: 1) Василие Трбиќ, пензионер од Прилеп; 2) Лазар Хаџи Ристиќ, адвокат од Прилеп. Вкупно: 2 кандидати.

- Околија Струшка: 1) Матеја Шуменковиќ, пензионер од Струга; 2) Стојан Крстиќ, свештеник од Подгорица. Вкупно: 2 кандидати.

4) **Изборен округ бр. 35**

- Околија Велешка: 1) Тодор Живковиќ, пензионер од Скопје; 2) Александар Аксентијевиќ, пензионер од Белград. Вкупно: 2 кандидати.

- Околија Дојранска: 1) Радивоје Нановиќ, учител од Валандово, 2) Петко Радовиќ, претседател на општина од Валандово. Вкупно: 2 кандидати.

- Околија Гевгелиска: 1) Димитрије Бешировиќ, трговец од Гевгелија;2)Боривоје Ѓуричковиќ, стопанственик од Гевгелија. Вкупно: 2 кандидати.

- Околија Кавадарска: 1) Игњат Стефановиќ, државен советник во пензија од Белград. Вкупно: 1 кандидат.

- Околија Кочанска: 1) Мита Димитријевиќ, пензионер од Белград;2) Војо Ѓорѓевиќ, Управник на Главниот сојуз на земјоделските задруги од Белград; 3) Милан Амповиќ, трговец од Јужна Виница. Вкупно: 3 кандидати.

- Околија Малешка:1)Глигор Дракаловиќ, пензионер од Берово;2)Дамјан Арнаутовиќ, пензионер од Берово. Вкупно: 2 кандидати.

- Околија Неготинска: 1) Душан Перовиќ, пензионер од Кавадарци. Вкупно: 1 кандидат.

- Околија Овчеполска: 1) Таса Диниќ, Воен претставник во Софија, пензионер од Белград. Вкупно: 1 кандидат.

- Околија Радовишка: 1) Методија Ципушевиќ, трговец од Радовиш; 2) Јован Теохаревиќ, трговец од Радовиш; 3) Часлав Никитовиќ, секретар на Занаетчиската комора од Скопје. Вкупно: 3 кандидати.

- Околија Скопска: 1) Др Драгутин Јанковиќ, Министер за земјоделие од Белград. Вкупно: 1 кандидат.

- Околија Струмичка: 1) Мане Хаџијевиќ, претседател на општина Васиљевска; 2) Др. Јордан Аќимовиќ, лекар од Струмица; 3) Др. Томо Фиданчевиќ, лекар од Струмица. Вкупно: 3 кандидати.

- Околија Царевоселска: 1) Јован Ненадовиќ, пензионер од Белград; 2) Спиро Киселички, трговец од Скопје. Вкупно: 2 кандидати.

- Околија Штипска: 1) Михајло Каламатијевиќ, трговец од Штип. Вкупно: 1 кандидат.

- Град Скопје: 1) Др. Драгутин Којиќ, Министер за правосудство. Вкупно: 1 кандидат.[100]

[100] „Касациони суд потврдио је Земаљску листу г. Јевтића", в. „Политика", XXXII, бр. 9670, Београд, 19.IV.1935, 3.

## в) Предизборната активност и изборната листа на Здружената опозиција

Распишувањето на парламентарните избори го забрзува договарањето меѓу предшестојануарските политички партии кои дотогаш беа во опозиција кон режимот. Еден дел од опозицијата доста брзо се договара за истакнување заедничка изборна листа. Имено, Раководството на Демократската[101] и на Земјоделската партија[102], на чело со Љуба Давидовиќ и Јован Јовановиќ - „Пижон"

101 Демократската партија беше создадена во Сараево во 1919 година со спојувањето на националистички и унитаристичко ориентирани граѓански политички партии и групи во новосоздадената држава. Во почетокот го носеше името Југословенска демократска странка и во нејзиниот состав се наоѓаа 4 политички партии: Напредњачката, Самостојно - радикалната, Народната и Демократската државотворна. Првите три партии беа стари србијански партии. Демократско - државотворната партија беше помала политичка групација на централистите од Босна. Во Демократската партија се наоѓаше и група на политичари од т.н. пречански краеви на чело со Светозар Прибичевиќ. Но тој истапува од Демократската партија и формира Самостојна демократска партија, бидејќи доаѓа до расцеп по хрватското прашање. Од тогаш Демократската партија е чисто политичка организација на еден дел од големосрпската буржоазија. Во политички поглед таа веднаш се изјаснува за централизам и монархизам. Во национално-политички поглед таа истакнува формално свој југословенски унитаризам. Во нејзините редови претежно беа претставници на трговскиот капитал, воглавно ситната буржоазија. Демократската партија ќе ги истакне своите основни политички ставови на Конгресот во Белград на 30.X.1921 година, на кој ја дополнува својата програма. За нејзин шеф беше избран Љуба Давидовиќ. Инаку Демократската партија имаше силно влијание во Вардарскиот дел на Македонија. Види во: А. ИНИ, ф.: Неџат Јашар, к. IV, папка IX/(6).

102 Земјоделската партија беше формирана во 1919 година под

решава да понуди изборна соработка со Селско-демократската коалиција (СДК)[103]. Писмото на Љуба Давидовиќ до Владимир Мачек, со кое се нудеше оваа соработка, а В. Мачек да биде носител на заедничката изборна листа го носи во Загреб Драгољуб Јовановиќ - „Пироќанец", водач на левото крило на Земјоделската партија, на

раководството на Михаило Аврамовиќ. Целта и беше да ги собере во едно политичко движење селаните. Во почетокот силно се шири во сите краеви на Кралството на СХС, но набрзо започнуваат внатрешни судири и разидувања што се за неа особено карактеристични. Во 1927 година во партијата влегува групата на Драгољуб Јовановиќ, како левичарска. Во време на Шестојануарската диктатура партијата останува во опозиција, но, не беше активна. Во 1931 година Драгољуб Јовановиќ истапува од партијата и формира нова Народна селска партија. Инаку Раководството на Земјоделската партија го сочинуваа: Јован Јовановиќ - „Пижон", Милан Гавриловиќ, Милан Тупањанин и други. Инаку, и Земјоделската партија имаше влијание во Вардарскиот дел на Македонија. Види во: А. ИНИ, ф.: Нецат Јашар, к. IV, папка IX/10.

103 Селско-демократската коалиција (СДК) беше формирана на 10.XI.1927 година во Загреб со потпишување на договор за здружување помеѓу пратеничките клубови на Хрватската селска странка (ХСС) на Стјепан Радиќ и на Самостојната демократска странка (СДС) на Светозар Прибичевиќ. Според Резолуцијата, што по тој повод беше објавена, во оваа политичка формација се здружуваат врвовите на ХСС и СДС, додека нивните организации на теренот остануваат и понатаму засебно, иако беа политички сојузници. Според тоа, СДК значеше здружување на раководствата, но, не и на членовите на овие партии. Орган на СДК беше „Клубот на селско-демократската коалиција", а со работата раководеше работен орган од 8 членови. Понатаму, во Резолуцијата се истакнуваше дека СДК може да влезе само во составот на таква влада која ќе значи промена на дотогашниот политички систем во духот на демократијата, парламентаризмот и рамноправноста. Двата клуба на СДК се обврзуваат дека еден без друг нема да влезат во било каква влада и дека ни еден не ќе може да прави некаков посебен договор со некој друг клуб или партија. СДК во Резолуцијата од 21.I.1928 година истакнува дека својата борба нема само да ја организира во т.н. „пречански краеви", туку со своите организации ќе ги опфати Стара Србија и Македонија. Види во: Ferdo Čulinović, Jugoslavija između dva rata, I, Zagreb, 1961, 511-513.

ден-два пред распишувањето на изборите.[104] Владимир Мачек ја прифаќа оваа понуда истиот ден кога беше објавена веста за распишување на парламентарните избори, но истовремено искажува страв „дали ќе биде можно при денешниот изборен ред и денешниот режим оваа убава замисла да се спроведе во живот".[105] На 7.II. беше формирана Здружената опозиција.

Владата на Богољуб Јевтиќ беше изненадена од брзото договарање на опозицијата за истакнување на заедничка изборна листа. Проценувајќи дека Здружената опозиција може лесно да ја загрози нејзината победа, владата во почетокот помислуваше едноставно да го забрани истакнувањето на опозиционата изборна листа. Од тоа сепак се откажува бидејќи кнезот Павле беше на мислење дека на сите треба да им се овозможи да излезат на претстоечките избори. Освен тоа забраната не би била во склад со настојувањата на пропагандата на Богољуб Јевтиќ на неговата влада да ѝ ги припише „заслугите" за демократизација на политичкиот живот.[106] Здружената опозиција всушност претставуваше повеќе една техничка отколку политичка заедница, бидејќи сите опозициони партии на Здружената опозиција не успеваат, поради различните погледи на поедини државни прашања, а особено на федеративната, или на унитаристичката концепција на државното уредување, да

---

104 Dr. Todor Stojkov, Opozicija u vreme šestojanuarske diktature 1929-1935, Beograd, 1935, 295.

105 A.J., Београд, Збирка: Јована Јовановића, к. 31, док. бр. 205.

106 в. „Време", XV, бр. 4703, Београд, 12.II.1935, 2.

изработат заедничка изборна платформа. Затоа Здружената опозиција не беше во состојба ни при истакнувањето на заедничката листа, ни подоцна во текот на изборната кампања да ја објави својата Изборна програма, што беше голем недостаток, кој пропагандата на Богољуб Јевтиќ многу ќе го користи.[107]

Здружената опозиција ја поврзуваше заедничкиот интерес кој се состоеше во намерата, после долго отсуство да се вклучи во активниот политички живот и да се спротивстави на режимот на Богољуб Јевтиќ, учествувајќи на изборите, како најдобра прилика тоа да се постигне. Оваа причина беше наведена и во документот издаден на 4.III.1935 година потпишан од Владимир Мачек, Љуба Давидовиќ и Јован Јовановиќ, во кој меѓу другото се истакнува дека Здружената опозиција го застапува уверувањето дека постоечките политички, стопански и социјални тешкотии можат да се отстранат само низ слободно манифестирање на народната волја „во духот на националната слога".[108] Овој документ не беше изборна декларација наменет на избирачите, туку изјава за одлуката на Здружената опозиција да истакнат своја изборна листа. Таа беше наменета повеќе на странските кругови отколку на избирачите во земјата.

Всушност, борбата за власт ги упатуваше на здружување,

---

107 Здружената опозиција оваа своја слабост се обидуваше да ја оправда со тоа дека владата го забранила објавувањето на нејзината изборна програма, што очигледно беше слаб изговор. Види во: А.Ј., Београд, ф.: Збирка Јована Јовановића, к. 31, док. бр. 231-234.

108 Dr. Todor Stojkov, cit. delo, 301

поради што Здружената опозиција беше и остана творба на изборната тактика и комбинирање. Меѓу членовите на Здружената опозиција беше постигната согласност за тоа каде да се кандидираат лидерите и функционерите на секоја нејзина партија. Во тие договарања Вардарскиот дел на Македонија им беше препуштан на србијанските партии, т.е. се остави овде да се појават на изборите кандидати на Демократската и на Земјоделската партија. Како кандидати на Здружената опозиција по македонските изборни единици беа кандидирани главно разни „заслужни национални" работници, трговци и други кои се беа докажале на „национален" план.

За изборната кампања на Здружената опозиција може да се каже дека немаше некоја заедничка, организирана политичка агитација. Тоа што беше карактеристично и како такво паѓаше во очи беше тоа што од страна на демократското-земјоделско раководство во предизборната кампања акцентот се ставаше на тоа дека во изборната соработка со СДК се влегло затоа што Владимир Мачек се изјаснил за државно единство, додека од страна на Раководството на ХСС во агитацијата во прв план се истакнуваше дека србијанските опозициони водачи со кои се влегло во изборната соработка покажале „потполно разбирање за хрватската политика и со неа се потполно согласни".[109]

Здружената опозиција во поглед на можноста за предизборна политичка активност беше во многу неповолна положба поради начинот на кој владата на Богољуб Јевтиќ ја водеше изборната

[109] Истото.

кампања. Опозиционите пратенички кандидати и воопшто луѓето кои се активираа како приврзаници на опозиционата листа беа систематски попречувани од органите на власта и на разни начини шиканирани. Покрај тоа, владата ги користеше многу дневниот печат и радиото за напади на Раководството на Здружената опозиција не дозволувајќи било што од страна на припадниците на опозицијата да се објави како одговор. На кандидатите на Здружената опозиција при изведувањето на нивната предизборна агитација и во Вардарскиот дел на Македонија владините началници и жандармеријата применуваа отворен притисок и им правеа семожни пречки и ги растураа нивните собири. За да се дискредитираат кандидатите на Здружената опозиција во очите на избирачите Богољуб Јевтиќ и другите членови на владата не избираа средства. Фактот што Здружената опозиција немаше заедничка програма, беше како нарачан за критика и разни шпекулации што го користеа министрите во своите предизборни говори. Така на пример, Драгутин Којиќ, Министер за правосудство и пратенички кандидат за градот Скопје на владината листа, во својот говор во Скопје на 31.III.1935 година, критикувајќи ја опозицијата ќе рече: „... во политичкото шаренило што се нарекува изборен опозиционен блок, чии составни делови се преливаат од краен комунизам до краен шовинизам, од краен клерикализам до крајна антирелигиозност, од краен демократизам до краен радикализам".[110] Врв на манипулациите

110 „Говор Министра правде Г. Др. Којића на избору у Скопљу", в. „Политика", XXXII, бр. 9652, Београд, 1.IV.1935, 4.

за напад на Здружената опозиција претставува истапувањето на Драгослав Јанковиќ, Министер за земјоделие (и пратенички кандидат на владината листа за околија Скопска), кој во својот предизборен говор во Скопје на 21 април, истакнува дека изборната акција на Здружената опозиција беше диригирана од надвор, т.е. дека зад Владимир Мачек стои Светозар Прибичевиќ, што требаше да претставува „крунски доказ" за нејзината антидржавна ориентација. По изнесувањето на разните „докази" за непријателската ориентација на Здружената опозиција, тој вака го оценува местото и улогата на нејзиниот србијански дел: „Акцијата на белградската опозиција денес е диригирана од Загреб, а акцијата на загрепската опозиција диригирана е од Светозар Прибичевиќ".[111]

Овие напади на србијанскиот дел на Здружената опозиција во Вардарскиот дел на Македонија беа преземани бидејќи можеше да се очекуваат доста гласови за демократите и земјоделците. Целата игра беше смислена за да се поколебаат и одвратат потенцијалните гласови за Љуба Давидовиќ и Јован Јовановиќ. Во таа смисла говореше и Богољуб Јевтиќ во својот последен предизборен говор во Белград на 3 мај, во кој напаѓајќи го србијанскиот дел на опозицијата, а особено Љуба Давидовиќ („кој наместо да води, тој сосема се повел"), на крајот заклучува дека: „Листата на г. Мачек тоа е политика на г. Мачек, а тоа г. Давидовиќ треба отворено на

111 „Министар г. др. Јанковић тврди „да је акција београдске опозиције данас дириговaна из Загреба, а да акцијом загребачке опозиције дириґује Светозар Прибичевић", в. „Политика", XXXII, бр. 9673, Београд, 22.IV.1935, 1,2.

нашиот народ да му го признае. Кој ќе гласа за г. Давидовиќ и неговите пријатели гласа за политиката на г. Мачек и за сите последици од таа политика".[112]

На пратеничките кандидати на Здружената опозиција им беше тешко да обезбедат 30 потписи во изборната околија за кандидатура како што пропишуваше Изборниот закон. Режимот на Богољуб Јевтиќ тоа го користеше, па беше вршен голем притисок да се оневозможи опозиционата кандидатура, а на веќе предложените кандидати да се одречат од кандидатурата. Освен тоа беа вршени закани на сите оние кои ќе го дадат својот потпис за опозиционите кандидати, што секако имаше извесни резултати. Вакви истапи имаше и во Вардарскиот дел на Македонија.[113]

Кандидатите на Здружената опозиција во Вардарскиот дел на Македонија доста голема поддршка во предизборната агитација добиваат од Комунистичката партија во Македонија.[114] Така на пример

112 в. „Политика", XXXII, бр. 9685, Београд, 4.V.1935, 1,2.

113 А. ИНИ, ф.: Сеќавања, биографии, изјави, стенографски белешки, податоци и др. од напредното работничко движење, СКОЈ меѓу двете светски војни 1918-1941, к. XXVIII/22 (Сеќавање на Мире Анастасов, Период на монархофашистичката диктатура на крал Александар 1929-1934, 22-24. (ракопис).

114 Во Вардарскиот дел на Македонија партиската организација, по провалата во декември 1934 година беше осетно погодена и ослабена, па не можеше во почетокот на изборната кампања да развие поширока политичка активност. За таа цел требаше да се обнови и зацврсти. Во врска со таа цел во февруари 1935 година беше одржана партиска конференција, на која беше избран нов Покраински комитет, чие привремено седиште беше во Куманово. По својата делумна консолидација, партиската организација подготвуваше почва за излегување на изборите со самостојна листа. Но, откако се покажаа неуспешни обидите на КПЈ за истакнување самостојна работничка листа, ЦК на КПЈ им издава директива на партиските организации во земјата да ги

во Куманово и околијата, кандидатот на Здружената опозиција Радмило Стојиљковиќ, демократ, потполно ја беше изгубил контролата на агитацијата. Целата агитација фактички ја вршеше Кумановската партиска организација.[115] Слична беше ситуацијата и во другите градови во Вардарскиот дел на Македонија, каде што Комунистичката партија беше појака и поактивна (Прилеп, Скопје, Кавадарци и други места).[116]

И покрај сите мерки што беа преземани од страна на власта, за владината листа да ја обезбеди изборната победа, Здружената опозиција сепак успева да истакне свои кандидати скоро во сите изборни околии. Имено, по разгледувањето на целокупниот изборен материјал и на списоците на кандидати на земската листа на др. Владимир Мачек, Касациониот суд во Белград на 20.IV.1935 г. ја одобрува листата.

Од околиите во Вардарскиот дел на Македонија беа потврдени следните кандидати и нивните заменици (дадени се во заграда) и тоа:

---

ориентираат своите приврзаници да гласаат за кандидатите на Здружената опозиција. Затоа и партиската организација во Вардарскиот дел на Македонија се ангажираше во агитацијата за кандидатите на Здружената опозиција.

115 А. ИНИ, ф.: Сеќавања ..., к. XXVIII/22 (Мире Анастасов, цит. дело..., 34).

116 Истото

1) Изборен округ бр. 32

- Околија Галичка: Михаило Божовиќ, адвокат од Тетово. (Божидар Влајиќ, адвокат од Белград).
- Околија Горнополошка: Божидар Влајиќ, адвокат од Белград. (Михаило Божовиќ, адвокат од Тетово).
- Околија Долнополошка: Божидар Влајиќ, адвокат од Белград. (Михаило Божовиќ, адвокат од Тетово).

2) Изборен округ бр. 33

- Околија Жеглиговска: Радмило Стојиљковиќ, индустријалец од Белград. (Лазар Пешиќ, трговец од Куманово).
- Околија Кратовска: Радмило Стојиљковиќ, индустријалец од Белград. (Душан Петровиќ кмет од Куманово).
- Околија Кривопаланечка: Љубен Тамбурковиќ, индустријалец од Крива Паланка. (Радмило Стојиљковиќ, индустријалец од Белград).

3) Изборен округ бр. 34

- Околија Битолска: Петар Вељановиќ, трговец од Битола. (Димитрије Чичевиќ, пензионер од Прилеп).
- Околија Горнодебарска: Хасан Ребац, пензионер од Скопје. (Жарко Јевтиќ, пензионер од Скопје).
- Околија Кичевска: Љубомир Трандафиловиќ, адвокат од Белград. (Таса Стојановиќ, адвокат од Кичево).

- Околија Крушевска: Војислав Дамњановиќ, пензионер од Прилеп. (Димитрије Чичевиќ, пензионер од Прилеп).
- Околија Мариовска: Војислав Дамњановиќ, пензионер од Прилеп. (Петар Вељановиќ, трговец од Битола).
- Околија Охридска: Хасан Ребац, пензионер од Скопје. (Жарко Ал. Јевтиќ, околиски началник во пензија од Скопје).
- Околија Прилепска: Димитрије Чичевиќ, пензионер од Прилеп. (Методије Мицковиќ, трговец од Прилеп).
- Околија Преспанска: Велимир Анѓелковиќ, адвокатски писар од Белград. (Петар Вељановиќ, трговец од Битола).
- Околија Поречка: Љубомир Трандафиловиќ, адвокат од Белград. (Таса Стојановиќ, адвокат од Кичево).
- Околија Струшка: Жарко Јевтиќ, пензионер од Скопје. (Хасан Ребац, пензионер од Скопје).

4) Изборен округ бр. 35

- Околија Велешка: Александар Ташевиќ, лекар од Велес. (Атанас Попстефановиќ, земјоделец од Велес).
- Град Скопје: Михаило Кујунџиќ, пензионер од Скопје. (Димитрије Бојаџијевиќ, трговец од Скопје).
- Околија Дојранска: Радован Јовановиќ, претприемач од Струмица. (Бошко Марковиќ, апотекар од Кавадарци).
- Околија Гевгелиска: Димитрије Бојаџијевиќ, трговец од Скопје. (Никола Јеремиќ, претприемач од Скопје).

- Околија Кочанска: Коста Михаиловиќ, индустријалец од Кочани. (Павле Миликевиќ, адвокат од Скопје).
- Околија Кавадарска: Бошко Марковиќ, апотекар од Кавадарци. (Васил Ташарџијевиќ, земјоделец од Ваташа).
- Околија Малешка: Никола Јеремиќ, претприемач од Скопје. (Ѓорѓе Манојловиќ, кафеџија од Струмица).
- Околија Неготинска: Бошко Марковиќ, апотекар од Кавадарци. (Васил Ташарџијевиќ, земјоделец од Ваташа).
- Околија Овчеполска: Тома Кленковиќ, бивш банкарски чиновник од Свети Николе. (д-р Александар Ташевиќ, лекар од Велес).
- Околија Радовишка: Ѓорѓе Манојловиќ, кафеџија од Струмица. (Никола Јеремиќ, претприемач од Скопје).
- Околија Скопска: Михаило Кујунџиќ, пензионер од Скопје. (Димитрије Бојаџијевиќ од Скопје).
- Околија Струмичка: Ѓорѓе Манојловиќ, кафеџија од Струмица. (Атанас Илијевиќ, трговец од Струмица).
- Околија Царевоселска: Павле Миликевиќ, адвокат од Скопје. (Војо Милинковиќ, пензионер од Штип).
- Околија Штипска: Павле Миликевиќ, адвокат од Скопје. (Марко Пантовиќ, земјоделец од Дољане).[117]

---

117 „Касациони суд је потврдио земаљску кандидациону листу г. др. Влатка Мачека", в. „Политика", XXXII, бр. 9672, Београд, 21.IV.1935, 3; в. „Време", XV, бр. 4771, Београд, 21.IV.1935,2.

## г) Останати изборни листи

Покрај двете главни земски изборни листи, на владината и на Здружената опозиција, за собраниските избори од 5.V.1935 година, беа истакнати уште две листи на екстремно десничарски и реакционерни елементи: листата на Божидар Максимовиќ и листата на Димитрије Љотиќ.

Божидар Максимовиќ, бивш „дворски радикал" и озлогласен министер за внатрешни работи од времето на Шестојануарската диктатура (од тој период потекнува и неговиот надимак „Божо Кундак"), истакнува своја земска листа со цел во текот на изборната кампања политички да се рехабилитира и евентуално да формира своја политичка партија. Во својот Изборен проглас „На слободните граѓани на Југославија" Божидар Максимовиќ остро ја напаѓа владата на Богољуб Јевтиќ, но притоа се залага за чување на државното единство изнесувајќи истовремено гледиште за можноста и потребата за изнаоѓање договор со раководството на хрватската опозиција.[118]

Не можејќи сам да обезбеди потребен број на предлагачи за себе како носител на листата (30 потписи од половината од вкупниот број на изборни околии распоредени на територијата на 6 бановини) тој за помош се обраќа до Владимир Мачек. Притоа,

118 „Изборни проглас Божидара Максимовића", Краљевске владе од 1903-1935, Средио Р.М., Београд, 1935, 107, 108.

поаѓаше од претпоставката дека Владимир Мачек ќе му излезе во пресрет имајќи го предвид фактот дека листата на Божидар Максимовиќ ќе одвлече дел од гласовите кои инаку би се дале на изборната листа на Богољуб Јевтиќ. Раководејќи се токму од тоа Владимир Мачек му излегува во пресрет и наредува на хрватското подрачје да се собере потребниот број потписи. Владата на Богољуб Јевтиќ, пак, дозволува да се одобри земската изборна листа на Божидар Максимовиќ затоа што од една страна, сакаше да се покаже дека се одобруваат листи кои ги задоволуваат законските прописи, а од друга страна, се сметаше на тоа дека Божидар Максимовиќ, како компромитиран шестојануарски министер и политичар, до скоро во врвовите на ЈНС, нема на изборите да претставува опасен конкурент на владата.

Во Вардарскиот дел на Македонија на кандидатската изборна листа чиј носител беше Божидар Максимовиќ беа предложени воглавно кандидати што беа докажани на „национален" план (трговци, рентиери, адвокати, лекари и др.) кои ја застапуваа големосрпската политика. Овие кандидати немаа некоја поголема предизборна активност, со исклучок во Горнополошката и Долнополошката околија.[119] И против истапувањето на овие кандидати владата на Б. Јевтиќ ги применуваше истите методи, како и при истапувањето на кандидатите на Здружената опозиција, иако не во толкави размери.

119 А. ИНИ, ф.: Сеќавања ..., к. XXVIII/22 (Мире Анастасов, цит. дело..., 28).

На 21.IV.1935 година Касациониот суд во Белград ја заверува и потврдува, земската изборна листа на Божидар Максимовиќ, бидејќи ги исполнуваше сите законски формалности. На оваа изборна листа во Вардарскиот дел на Македонија беа предложени 31 кандидат и тоа:

1) Изборен округ бр. 32

- Околија Галичка: Ристо Огњеновиќ, професор во пензија од Белград.
- Околија Горнополошка: Марко Петровиќ, учител во пензија и бивш народен пратеник од Тетово.
- Околија Долнополошка: Марко Петровиќ, учител во пензија и бивш народен пратеник од Тетово.

2) Изборен округ бр. 33

- Околија Кривопаланечка: Живота Харизовиќ, адвокат од Куманово.
- Околија Жеглиговска: Живота Харизовиќ, адвокат од Куманово.
- Околија Кратовска: Ќира Ѓ. Анастасовиќ, трговец од Куманово.

3) Изборен округ бр. 34

- Околија Битолска: Живојин Ј. Кнез-Милојковиќ, пензионер од Битола.
- Околија Горнодебарска: Михаило Нешиќ, приватен чиновник од Тетово.
- Околија Кичевска: Др. Сотир Карамфиловиќ, лекар од Кичево.
- Околија Прилепска: Анастас Тофовиќ, рентиер од Прилеп.

- Околија Охридска: Михаило Нешиќ, приватен чиновник од Тетово.
- Околија Преспанска: Анастас Тофовиќ, рентиер од Прилеп.
- Околија Струшка: Боривоје Грнчаревиќ, печалбар од Тетово.
- Околија Крушевска: Димитрије Думбаловиќ, бакалин од Прилеп.
- Околија Мариовска: Живојин Ј. Кнез-Милојковиќ, пензионер од Битола.
- Околија Поречка: Ибраим А. Камлаговиќ, кафеџија од Кичево.

4) Изборен округ бр. 35

- Околија Кочанска: Тодор Дим. Нишанџијевиќ, трговец од Кочани.
- Околија Малешка: Драгутин Поповиќ, рентиер од Струмица, Божидар М. Лешевиќ, општински деловодител од Штип.
- Околија Овчеполска: Мартин Р. Никезиќ, општински деловодител од Свети Николе.
- Околија Радовишка: Тома Митковиќ, земјоделец од Попчево.
- Околија Царевоселска: Садедин А. Ѓермиловиќ, рентиер од Штип.
- Околија Штипска: Сава Д. Петровиќ, адвокат од Штип.
- Околија Велешка: Милош В. Симиќ, адвокат од Велес.
- Околија Дојранска: Александар П. Марарџалијевиќ, шофер од Струмица.
- Околија Гевгелиска: Ќира Ќировиќ, капетан во пензија од Белград.

- Околија Неготинска: Јордан Д. Паниќ, земјоделец и бивш претседател на општина од Градско.
- Околија Кавадарска: Јордан Д. Паниќ, земјоделец и бивш претседател на општина од Градско.
- Околија Струмичка: Драгутин Поповиќ, рентиер од Струмица.
- Околија Скопска: Вуле М. Поповиќ, економ од Синѓелиќ.
- Град Скопје: Душан М. Поповиќ, трговец од Скопје.[120]

За собраниските избори на 5.V.1935 година земска изборна листа истакнува и водачот на т.н. Југословенско народно движење „Збор".[121] Димитрије Љотиќ, кој тогаш успева да обедини неколку

120 Касациони суд потврдио је јуче земаљске листе г. Божидара Максимовића и г. Димитрија Љотића", в. „Време", XV, бр. 4772, Београд, 22.IV.1935, 6.

121 Југословенското народно движење „Збор" беше формирано на 6.I.1935 година со обединување на националистичките групи: 1) Југословенска акција (Ј.А.) - националистичко здружение формирано на 7.I.1930 година со цел да ги собира „младите просветни луѓе и младината за заедничка работа на 'јакнење на југословенската национална свест' и зацврстување на народното единство"; 2) Здружение на борците на Југославија (БОЈ) - беше формирано во 1929 година како една полувојничка организација со цел да биде потпирач на шестојануарскиот режим во Словенија. Оваа група прераснува повеќе во словенечко национално движење, губејќи го југословенскиот карактер; 3) Групата на Димитрије Љотиќ, која се појавува најдоцна под името „ЗБОР" (Здружена борбена организација рада).

Во Привремениот одбор на Југословенското народно движење „Збор" влегуваат делегати од сите групи со Димитрије Љотиќ на чело. Во објавените „Основни начела" и „Смерници" (кон крајот на декември 1934) кои претставуваа синтеза на програмите на здружените движења и групи, се истакнуваше барањето за сталешко уредување на државата, што се разликуваше од програмите на другите граѓански партии. Според „Основните начела" народот ќе учествува во законодавството и ќе врши надзор над државната управа по пат на Претставништво на

фашистички групи и така, со извесна толеранција на режимот, добива можност за време на изборната кампања да ги пропагира своите идеи. На 20.II.1935 година Акциониот одбор на Југословенското народно движење „Збор" издава соопштение во кое известува дека е донесена одлука на распишаните избори да истапи со самостојна земска листа чиј носител ќе биде Димитрије Љотиќ.[122] На оваа организација, која скоро беше формирана, несомнено не ѝ одговараа овие избори на кои таа требаше да ја испроба својата политичка сила и своето влијание во масите. Од таа страна, знаејќи однапред дека не можат да сметаат на некој изборен успех, Збораштите го толкуваа своето самостојно истапување на изборите не толку со борбата за мандати и политичко влијание колку како средство да се испита во која мерка ставовите на „Збор" за сталешкиот систем ќе наидат на одзив во масите; поради тоа тие истакнуваа дека не се борат за масите туку за ограничен број на агилни и избрани приврзаници. Во Изборниот проглас на Југословенското народно движење „Збор" од 18.III.1935 година, упатен до работниците и граѓаните, основната парола беше борбата за социјално и економско „ослободување на малиот човек". Ставајќи ја целата одговорност за социјалната и економска беда на

---

народот, кое мора да биде израз на сталешкото уредување и политичкото сфаќање. Во „Смерниците" се потврдува приватната сопственост и капиталот како носители на државното уредување. Види во: Младен Стефановић, Збор Димитрија Љотића 1934-1945, Београд 1984, 11-28.

122 „Г. Димитрије Љотић носилац листе Југословенског народног покрета „Збор", в. „Политика, XXXII, бр. 9613, Београд, 21.II.1935, 2.

политиката на тогашниот режим, на политичките партии и на парламентаризмот, како преживеани установи на „либералната демократија", во Прогласот се поставува барање за „реформа на државата, создавање на нова Југославија", која „единствено ќе го осигура опстанокот на малиот човек"; кон овие пароли доаѓаа и барањата за искоренување на корупцијата, со што се настојуваше да се искористи општото незадоволство на широките маси со тогашниот режим.[123]

Втора значајна карактеристика на изборната агитација беше поврзувањето за авторитетот и личноста на Димитрије Љотиќ: во прв план беа истакнувани неговите фамилијарни врски со династијата на Караѓорѓевиќ, неговата политичка „чесност" за време на учеството во владата во 1931 година и причините поради кои ја напушта владата; потоа неговото заземање и работа на здруженото движење и друго. Видно место во агитацијата беше посветено на пропагандата на новиот сталешки систем: беа истакнувани барања поединци да се организираат во свои сталежи, кои ќе ги претставуваат пред државата; агитаторите на „Збор" себеси се претставуваа како „нови луѓе" кои ќе извршат „смена" и ќе воведат нов сталешки поредок.[124]

Изборната агитација имаше слаб успех. Во Вардарскиот дел на

---

123 „Изборни проглас Југословенског националног покрета „Збор" од марта 1935 год.", Краљевске владе од 1903-1935, Средио: Р.М., Београд, 1935, 101-105; в. „Политика, XXXII, бр. 9638, Београд, 18.III.1935, 4.

124 Бранислав Глигоријевић, Политички покрети и групе с националсоцијалистичком идеологијом и њихова фузија у Љотићевом „Збору", Историјски гласник, бр. 4, Београд, 1965, 77-78.

Македонија, каде што Љотиќевиот „Збор" сé уште немаше организации, беше сведена на минимум. Главниот орган на „Збор" „Отаџбина" само го регистрираше одржувањето на таквите конференции во поедини места, а не се пишуваше за резултатите на тие конференции. Од една страна, одзивот на тие собири беше така мал што тие не можеа и да се одржуваат, а од друга страна, тие собири беа попречувани и растурани од напредните елементи и комунистите.[125] Неуспехот на изборната агитација Раководството на „Збор" настојуваше да го оправда со попречувањето на тие активности од страна на власта. Но на владата секако дека и одеше во прилог истакнувањето на Љотиќевата листа, бидејќи таа како „опозиција" ќе ја ослабе само вистинската опозиција. Затоа и истакнувањето на оваа листа таа го протежираше.

И покрај тоа што постоеја тешкотии за истакнување на самостојна земска листа (поради недостаток на организационен апарат и малиот број на кадри кои требаше да се кандидираат), сепак на 21.IV.1935 година Касациониот суд во Белград ја одобрува земската листа на Д. Љотиќ. Меѓу истакнатите кандидати поголем дел беа земјоделци. На изборната листа на Димитрије Љотиќ во Вардарскиот дел на Македонија беа предложени 30 кандидати и тоа:

<u>1) Изборен округ бр. 32</u>

- <u>Околија Галичка</u>: Шабан Н. Рушидовиќ, земјоделец од Долна Бањица.

---

[125] Истото, 78-79.

- Околија Горнополошка: Стојан Станковиќ, пензионер од Гостивар.
- Околија Долнополошка: Спиро Спириќ, приватен чиновник од Тетово.

2) Изборен округ бр. 33

- Околија Кривопаланечка: Михајло Поповиќ, земјоделец од Горно Лисичје.
- Околија Жеглиговска: Владимир Миљковиќ, земјоделец од Мршевци.
- Околија Кратовска: Михаило Шипетиќ, земјоделец од Горно Лисичје.

3) Изборен округ бр. 34

- Околија Битолска: Јосиф Скоберне, инженер од Битола.
- Околија Горнодебарска: Илија Јакшиќ, претприемач од Битола.
- Околија Кичевска: Фрањо Југуст, пензионер од Битола.
- Околија Прилепска: Божо Шушак, пензионер од Битола.
- Околија Охридска: Илија Јакшиќ, претприемач од Битола.
- Околија Преспанска: Јосиф Скоберне, инженер од Битола.
- Околија Струшка: Васил Димитријевиќ, претприемач од Охрид.
- Околија Крушевска: Цветко И. Петровиќ, учител во пензија од Битола.
- Околија Мариовска: Цветко И. Петровиќ, учител во пензија од Битола.

- Околија Поречка: Ацо Мариќ, пензионер од Кичево.

4) Изборен округ бр. 35

- Околија Кочанска: Милан Миловановиќ, приватен чиновник од Велес.
- Околија Малешка: Илија Трајковиќ, приватник од Дабиње.
- Околија Овчеполска: Милан Миловановиќ, приватен чиновник од Велес.
- Околија Радовишка: Маринко Илиќ, приватен чиновник од Скопје.
- Околија Царевоселска: Радосав Јовановиќ, земјоделец од Водоврат.
- Околија Штипска: Чедомир Миленковиќ, банкарски чиновник од Велес.
- Околија Велешка: Димитрије Вукчевиќ, пензионер од Велес.
- Околија Дојранска: Јован Чупиќ, земјоделец од Валандово.
- Околија Гевгелиска: Драгомир Обрадовиќ, капетан инвалид од Гевгелија.
- Околија Неготинска: Борис Бакевиќ, трговец од Кавадарци.
- Околија Кавадарска: Живојин Стевиќ, приватен чиновник од Паликура.
- Околија Струмичка: Илија Трајковиќ.
- Околија Скопска: Војислав Ж. Мишиќ, земјоделец од Александрово.

- Град Скопје: Војислав Ж. Мишиќ, земјоделец од Александрово.[126]

Треба да се напомене дека на изборите од 5 мај беа истакнати изборни листи на Светислав Хоѓера, водач на ЈНС и на Живко Топаловиќ, водач на Социјалистичката партија, кои Касационииот суд во Белград не ги потврдува, бидејќи не ги исполнуваат законските услови, па поради тоа тие не учествуваа на овие избори.[127]

### д) Изборни резултати

Според официјалниот извештај на Главниот избирачки одбор за собраниските избори од 5.V.1935 година во избирачките списоци беа запишани 3.908.313 избирачи. Од нив гласаа 2.880.964 или 73,72%, што значи на избиралиштата не излегоа 1.027.349 гласачи или 26,28%. Од вкупниот број на гласови истакнатите кандидациони листи ги добија овој број на гласови:

1) Листата на Богољуб Јевтиќ - 1.746.982 или 60,64%;
2) Листата на Здружената опозиција на чело со др. Владимир Мачек - 1.076.345 или 37,36%;
3) Листата на Димитрије Љотиќ - 24.088 или 0,84%;

126 „Земаљска листа г. Димитрија Љотића, в. „Политика", XXXII, бр. 9673, Београд, 22.IV.1935, 6; „Допуне на земаљској кандидационој листи г. Димитрија Љотића", в. „Политика", XXXII, бр. 9674, Београд, 23.IV.1935, 4.

127 Земаљске листе г. Светислава Хођере и г. др. Живка Топаловића поништене су, пошто је касација утврдила да не испуњавају законске услове", в. „Време", XV, бр. 4772, Београд, 22.IV.1935, 5.

4) Листата на Божидар Максимовиќ - 33.549 или 1,16%.[128]

[Види: Прилог бр. II]

Во Вардарска бановина од запишани 431.164 избирачи гласаа вкупно 303.915 гласачи или 70,51% и тоа:

1) За листата на Богољуб Јевтиќ - 255.552
2) За листата на др. Владимир Мачек - 44.092
3) За листата на Димитрије Љотиќ - 968
4) За листата на Божидар Максимовиќ - 3.303 [129]

[Види: Прилог бр. II]

Резултатите на собраниските избори од 5.V.1935 година во Вардарскиот дел на Македонија се следните:

<u>Изборен округ бр. 32</u>

1) <u>Околија Галичка</u>:

број на општини 5; број на гласачки места - 7;
запишани избирачи - 4511; гласале - 2254 гласачи.

Земските кандидатски листи во оваа околија добиле вкупно гласови:

1) На Богољуб Д. Јевтиќ - 2293 или 99,33%;
2) На Д-р Владимир Мачек - 1 или 0,05%;

---

[128] Stenografske beleške Narodne skupštine Kraljevine Jugoslavije, Vanredni saziv, 1935, knjiga I, 16. Izvod iz zapisnika glavnog biračkog odbora; „Резултати петомајских избора по извештају Главног бирачког одбора", в. „Политика", XXXII, бр. 9700, Београд, 23.V.1935, 4; в. „Службени лист Вардарске бановине, VI, бр. 413, Скопље, 1.VI.1935, 1,2.

[129] Истото.

3) На Димитрије Љотиќ - - - ;

4) На Божидар Максимовиќ - 14 или 0,62%.

Избран е кандидат од земската кандидатска листа на Богољуб Д. Јевтиќ: Бранислав А. Тодоровиќ, управник на Сојузот на сточарските селекциони задруги во Скопје, со 1368 гласови. Негов заменик е: Алекса Китановиќ, претседател на општина Ростушка.

2) Околија Горнополошка:

број на општини-9; број на гласачки места - 16;

запишани избирачи - 9.569; гласале - 5.412 гласачи.

Земските кандидатски листи во оваа околија добиле вкупно гласови:

1) На Богољуб Д. Јевтиќ - 4.785 или 88,42%;

2) На Д-р Владимир Мачек - 319 или 5,89%;

3) На Димитрије Љотиќ - - - ;

4) На Божидар Максимовиќ - 308 или 5,69%.

Избран е кандидат од земската кандидатска листа на Богољуб Д. Јевтиќ: Угрин Јоксимовиќ, трговец од Гостивар, со 4.015 гласови. Негов заменик е: Кадри Салијевиќ, адвокат од Гостивар.

3) Околија Долнополошка:

број на општини-14; број на гласачки места - 33;

запишани избирачи - 20.841; гласале - 12.033 гласачи.

Земските кандидатски листи во оваа околија добиле вкупно гласови:

1) На Богољуб Д. Јевтиќ - 9.429 или 78,34%;

2) На Д-р Владимир Мачек - 2.310 или 19,20%;

3) На Димитрије Љотиќ - 2 0,01%;

4) На Божидар Максимовиќ - 295 или 2,45%.

Избран е кандидат од земската кандидатска листа на Богољуб Д. Јевтиќ: Стојадин - Столе Димитријевиќ, кожар од Тетово, со 6.820 гласови. Негов заменик е: Идриз Е. Идризовиќ, земјоделец од Отушиште.

Изборен округ бр. 33

1) Околија Кривопаланечка:

број на општини-10; број на гласачки места - 19;

запишани избирачи - 10.726; гласале - 8.325 гласачи.

Земските кандидатски листи во оваа околија добиле вкупно гласови:

1) На Богољуб Д. Јевтиќ - 8.032 или 96,48%;

2) На Д-р Владимир Мачек - 292 или 3,51%;

3) На Димитрије Љотиќ - - - ;

4) На Божидар Максимовиќ - 1 или 0,01%.

Избран е кандидат од земската кандидатска листа на Богољуб Д. Јевтиќ: Стаменко Стошиќ, земјоделец од Стаевци, со 6.932 гласови. Негов заменик е: Јаќим Трајковиќ, земјоделец од Конопница.

2) Околија Жеглиговска:

број на општини-14; број на гласачки места - 31;

запишани избирачи - 17.439; гласале - 12.690 гласачи.

Земските кандидатски листи во оваа околија добиле вкупно гласови:

1) На Богољуб Д. Јевтиќ - 2.293 или 18,07%;

2) На Д-р Владимир Мачек - 10.388 или 81,86%;

3) На Димитрије Љотиќ - 7 0,05%;

4) На Божидар Максимовиќ - 2 или 0,02%.

Избран е кандидат од земската кандидатска листа на Др. Владимир Мачек: Радмило Ж. Стоиљковиќ, индустријалец од Белград, со 10.388 гласови. Негов заменик е: Лазар Т. Пешиќ, трговец од Куманово.

3) Околија Кратовска:

број на општини - 5; број на гласачки места - 8;

запишани избирачи - 5.296; гласале - 4.731 гласачи.

Земските кандидатски листи во оваа околија добиле вкупно гласови:

1) На Богољуб Д. Јевтиќ - 4.251 или 89,85%;

2) На Д-р Владимир Мачек - 480 или 10,15%;

3) На Димитрије Љотиќ - - - ;

4) На Божидар Максимовиќ - - - .

Избран е кандидат од земската кандидатска листа на Богољуб Д. Јевтиќ: Стеван Симиќ, директор на гимназија во пензија од Скопје, со 3.580 гласови. Негов заменик е: Анѓел С. Стоилковиќ, земјоделец од село Талашманце.

Изборен округ бр. 34

1) Околија Битолска:

број на општини - 9; број на гласачки места - 34;

запишани избирачи - 20.461; гласале - 11.310 гласачи.

Земските кандидатски листи во оваа околија добиле вкупно гласови:

1) На Богољуб Д. Јевтиќ - 6.705 или 59,28%;

2) На Д-р Владимир Мачек - 4.592 или 40,60%;

3) На Димитрије Љотиќ - 9 или 0,08%;

4) На Божидар Максимовиќ - 4 или 0,04%.

Избран е кандидат од земската кандидатска листа на Богољуб Д. Јевтиќ: Петар Р. Косовиќ, директор на гимназија во пензија од Трново, со 4171 гласа. Негов заменик е: Тале Марковиќ, земјоделец и бивш претседател на општина од Логовард.

2) Околија Горнодебарска:

број на општини - 5; број на гласачки места - 8;

запишани избирачи - 4.459; гласале - 2.820 гласачи.

Земските кандидатски листи во оваа околија добиле вкупно гласови:

1) На Богољуб Д. Јевтиќ - 2.820 или 100%;

2) На Д-р Владимир Мачек - - - ;

3) На Димитрије Љотиќ - - - ;

4) На Божидар Максимовиќ - - - .

Избран е кандидат од земската кандидатска листа на Богољуб Д. Јевтиќ: Радосав М. Димиќ, индустријалец од Белград, со 2820 гласови. Негов заменик е: Каба Имера Ибраим, рентиер од Дебар.

3) Околија Кичевска:

број на општини - 11; број на гласачки места - 19;

запишани избирачи - 10.012; гласале - 5.943гласачи.

Земските кандидатски листи во оваа околија добиле вкупно гласови:

1) На Богољуб Д. Јевтиќ - 3.940 или 66,30%;

2) На Д-р Владимир Мачек - 1.976 или 33,25%;

3) На Димитрије Љотиќ - 4 или 0,07%;

4) На Божидар Максимовиќ - 23 или 0,38%.

Избран е кандидат од земската кандидатска листа на Богољуб Д. Јевтиќ: Ставре К. Трпковиќ, рентиер од Белград, со 3.940 гласови. Негов заменик е: Ахмед Хаџи-Садиковиќ, трговец од Кичево.

4) Околија Прилепска:

број на општини - 9; број на гласачки места - 29;

запишани избирачи - 16.769; гласале - 9.649 гласачи.

Земските кандидатски листи во оваа околија добиле вкупно гласови:

1) На Богољуб Д. Јевтиќ - 4.856 или 50,33%;

2) На Д-р Владимир Мачек - 4.780 или 49,54%;

3) На Димитрије Љотиќ - 2 или 0,02%;

4) На Божидар Максимовиќ - 11 или 0,11%.

Избран е кандидат од земската кандидатска листа на Богољуб Д. Јевтиќ: Василие Трбиќ, пензионер од Прилеп, со 3.740 гласови. Негов заменик е: Д-р Јован К. Шајкаревиќ, лекар од Прилеп.

5) Околија Охридска:

број на општини - 7; број на гласачки места - 14;

запишани избирачи - 9.530; гласале - 7.103 гласачи.

Земските кандидатски листи во оваа околија добиле вкупно

гласови:

1) На Богољуб Д. Јевтиќ - 7.061 или 99,41%;

2) На Д-р Владимир Мачек - 41 или 0,58%;

3) На Димитрије Љотиќ - 1 или 0,01%;

4) На Божидар Максимовиќ - - - .

Избран е кандидат од земската кандидатска листа на Богољуб Д. Јевтиќ: Милан Блажиќ, окружен началник во пензија од Охрид со 5.090 гласови. Негов заменик е: Др. Ристо Баштованџиќ, лекар од Охрид.

6) Околија Преспанска:

број на општини - 6; број на гласачки места - 13;

запишани избирачи - 7.239; гласале - 4.763 гласачи.

Земските кандидатски листи во оваа околија добиле вкупно гласови:

1) На Богољуб Д. Јевтиќ - 4.681 или 98,28%;

2) На Д-р Владимир Мачек - 82 или 1,72%;

3) На Димитрије Љотиќ - - - ;

4) На Божидар Максимовиќ - - - .

Избран е кандидат од земската кандидатска листа на Богољуб Д. Јевтиќ: Д-р. Михаило Р. Поповиќ, лекар од Битола, со 3.782 гласови. Негов заменик е: Александар Чаушевиќ, кројач од Ресен.

7) Околија Струшка:

број на општини - 8; број на гласачки места - 15;

запишани избирачи - 9.104; гласале - 5.365 гласачи.

Земските кандидатски листи во оваа околија добиле вкупно гласови:

1) На Богољуб Д. Јевтиќ - 5.363 или 99,96%;

2) На Д-р Владимир Мачек - 2 или 0,04%;

3) На Димитрије Љотиќ - - - ;

4) На Божидар Максимовиќ - - - .

Избран е кандидат од земската кандидатска листа на Богољуб Д. Јевтиќ: Стојан Ст. Крстиќ, свештеник од Подгорци, со 3.024 гласови. Негов заменик е: Митар С. Несторовиќ, трговец од Радолиште.

8) Околија Крушевска:

број на општини - 6; број на гласачки места - 11;

запишани избирачи - 6.863; гласале - 4.626 гласачи.

Земските кандидатски листи во оваа околија добиле вкупно гласови:

1) На Богољуб Д. Јевтиќ - 4.479 или 96,83%;

2) На Д-р Владимир Мачек - 125 или 2,70%;

3) На Димитрије Љотиќ - 21 или 0,45%;

4) На Божидар Максимовиќ - 1 или 0,02%.

Избран е кандидат од земската кандидатска листа на Богољуб Д. Јевтиќ: Душан Антонијевиќ, бивш народен пратеник од Крушево, со 1.295 гласови. Негов заменик е: Софроније Д. Несторовиќ, земјоделец од село Бабине.

9) Околија Мариовска:

број на општини - 5; број на гласачки места - 8;

запишани избирачи - 4.594; гласале - 3.223 гласачи.

Земските кандидатски листи во оваа околија добиле вкупно гласови:

1) На Богољуб Д. Јевтиќ - 2.886 или 89,54%;

2) На Д-р Владимир Мачек - 336 или 10,43%;

3) На Димитрије Љотиќ - - - ;

4) На Божидар Максимовиќ - 1 или 0,03%.

Избран е кандидат од земската кандидатска листа на Богољуб Д. Јевтиќ: Светозар С. Тасиќ, пензионер и бански советник од Битола, со 2.122 гласови. Негов заменик е: Мирче Т. Поповиќ, земјоделец и претседател на општина од Добрушево.

10) Околија Поречка:

број на општини - 6; број на гласачки места - 8;

запишани избирачи - 5.083; гласале - 3.813 гласачи.

Земските кандидатски листи во оваа околија добиле вкупно гласови:

1) На Богољуб Д. Јевтиќ - 3.813 или 100%;

2) На Д-р Владимир Мачек - - - ;

3) На Димитрије Љотиќ - - - ;

4) На Божидар Максимовиќ - - - .

Избран е кандидат од земската кандидатска листа на Богољуб Д. Јевтиќ: Данило Ѓуровиќ, претприемач од Слатина, со 2.458 гласови. Негов заменик е: Алија Бајрамовиќ, земјоделец од Плесница.

Изборен округ бр. 35

1) Околија Кочанска:

број на општини - 6; број на гласачки места - 12;

запишани избирачи - 8.152; гласале - 5.668 гласачи.

Земските кандидатски листи во оваа околија добиле вкупно гласови:

1) На Богољуб Д. Јевтиќ - 5.188 или 91,53%;

2) На Д-р Владимир Мачек - 464 или 8,19%;

3) На Димитрије Љотиќ - 2 или 0,08%;

4) На Божидар Максимовиќ - 14 или 0,25%.

Избран е кандидат од земската кандидатска листа на Богољуб Д. Јевтиќ: Мита Димитријевиќ, бивш народен пратеник од Белград, со 2.710 гласови. Негов заменик е: Анѓел Крстиќ, земјоделец од Оризари.

2) Околија Малешка:

број на општини - 4; број на гласачки места - 7;

запишани избирачи - 3.766; гласале - 3.166 гласачи.

Земските кандидатски листи во оваа околија добиле вкупно гласови:

1) На Богољуб Д. Јевтиќ - 3.166 или 100%;

2) На Д-р Владимир Мачек - - - ;

3) На Димитрије Љотиќ - - - ;

4) На Божидар Максимовиќ - - - .

Избран е кандидат од земската кандидатска листа на Богољуб Д. Јевтиќ: Дамјан П. Арнаутовиќ, наставник во граѓанско училиште во пензија од Белград, со 1.804 гласови. Негов заменик е: Симо Ј. Андоновиќ, лекар од Пехчево.

3) Околија Овчеполска:

број на општини - 6; број на гласачки места - 9;

запишани избирачи - 5.666; гласале - 4.838 гласачи.

Земските кандидатски листи во оваа околија добиле вкупно гласови:

1) На Богољуб Д. Јевтиќ - 2.426 или 50,14%;

2) На Д-р Владимир Мачек - 2.373 или 49,05%;

3) На Димитрије Љотиќ - 1 или 0,02%;

4) На Божидар Максимовиќ - 38 или 0,79%.

Избран е кандидат од земската кандидатска листа на Богољуб Д. Јевтиќ: Танасије Ѓ. Диниќ, полковник во пензија од Белград, со 2.426 гласови. Негов заменик е: Михаило А. Костиќ, сточар од Мездре - Св. Николе.

4) Околија Радовишка:

број на општини - 4; број на гласачки места - 12;

запишани избирачи - 4.863; гласале - 4.077 гласачи.

Земските кандидатски листи во оваа околија добиле вкупно гласови:

1) На Богољуб Д. Јевтиќ - 4.076 или 99,98%;

2) На Д-р Владимир Мачек - 1 или 0,02%;

3) На Димитрије Љотиќ - - - ;

4) На Божидар Максимовиќ - - - .

Избран е кандидат од земската кандидатска листа на Богољуб Д. Јевтиќ: Др. Часлав М. Никитовиќ, главен секретар на Занаетчиската комора од Скопје, со 2.063 гласови. Негов заменик е: Стојмен Трајковиќ, земјоделец од Радовиш.

5) Околија Царевоселска:

број на општини - 3; број на гласачки места - 6;

запишани избирачи - 3.382; гласале - 2.943 гласачи.

Земските кандидатски листи во оваа околија добиле вкупно гласови:

1) На Богољуб Д. Јевтиќ - 2.941 или 99,93%;

2) На Д-р Владимир Мачек - 2 или 0,07%;

3) На Димитрије Љотиќ - - - ;

4) На Божидар Максимовиќ - - - .

Избран е кандидат од земската кандидатска листа на Богољуб Д. Јевтиќ: Јован Б. Ненадовиќ, п.полковник во пензија од Белград, со 1.835 гласови. Негов заменик е: Петар Јов. Чипевиќ, претседател на општина од Царево Село.

6) Околија Штипска:

број на општини - 4; број на гласачки места - 8;

запишани избирачи - 5.190; гласале - 4.217 гласачи.

Земските кандидатски листи во оваа околија добиле вкупно гласови:

1) На Богољуб Д. Јевтиќ - 3.270 или 77,54%;

2) На Д-р Владимир Мачек - 866 или 20,54%;

3) На Димитрије Љотиќ - 2 или 0,05%;

4) На Божидар Максимовиќ - 79 или 1,87%.

Избран е кандидат од земската кандидатска листа на Богољуб Д. Јевтиќ: Михајло Р. Каламатијевиќ, бивш народен пратеник од Штип, со 3.270 гласови. Негов заменик е: Страхиња Паневиќ, околиски санитетски референт од Штип.

7) Околија Велешка:

број на општини - 19; број на гласачки места - 30;

запишани избирачи - 11.699; гласале - 8.248 гласачи.

Земските кандидатски листи во оваа околија добиле вкупно гласови:

1) На Богољуб Д. Јевтиќ - 7.014 или 85,04%;

2) На Д-р Владимир Мачек - 1.214 или 14,72%;

3) На Димитрије Љотиќ - 1 или 0,01%;

4) На Божидар Максимовиќ - 19 или 0,23%.

Избран е кандидат од земската кандидатска листа на Богољуб Д. Јевтиќ: Тодор М. Живковиќ, бивш претседател на велешката општина, со 4.930 гласови. Негов заменик е: Анѓелко Јанковиќ, училишен надзорник во пензија од Скопје.

8) Околија Дојранска:

број на општини - 2; број на гласачки места - 5;

запишани избирачи - 2.893; гласале - 2.396 гласачи.

Земските кандидатски листи во оваа околија добиле вкупно гласови:

1) На Богољуб Д. Јевтиќ - 2.396 или 100%;

2) На Д-р Владимир Мачек - - - ;

3) На Димитрије Љотиќ - - - ;

4) На Божидар Максимовиќ - - - .

Избран е кандидат од земската кандидатска листа на Богољуб Д. Јевтиќ: Радивоје Нановиќ, учител од Валандово, со 2.396 гласови. Негов заменик е: Мустафа Шабановиќ, трговец од Удово.

9) Околија Гевгелиска:

број на општини - 5; број на гласачки места - 8;

запишани избирачи - 4.293; гласале - 3.306 гласачи.

Земските кандидатски листи во оваа околија добиле вкупно

гласови:

1) На Богољуб Д. Јевтиќ - 2.463 или 74,50%;

2) На Д-р Владимир Мачек - 799 или 24,17%;

3) На Димитрије Љотиќ - 1 или 0,03%;

4) На Божидар Максимовиќ - 43 или 1,30%.

Избран е кандидат од земската кандидатска листа на Богољуб Д. Јевтиќ: Димитрије Беширевиќ, трговец од Гевгелија, со 1.662 гласови. Негов заменик е: Стеван Тановиќ, училишен надзорник од Гевгелија.

10) Околија Неготинска:

број на општини - 5; број на гласачки места - 6;

запишани избирачи - 2.763; гласале - 2.489 гласачи.

Земските кандидатски листи во оваа околија добиле вкупно гласови:

1) На Богољуб Д. Јевтиќ - 2.479 или 99,60%;

2) На Д-р Владимир Мачек - 4 или 0,16%;

3) На Димитрије Љотиќ - - - ;

4) На Божидар Максимовиќ - 6 или 0,24%.

Избран е кандидат од земската кандидатска листа на Богољуб Д. Јевтиќ: Душан Перовиќ, пензионер, поседник и бивш народен пратеник од Кавадарци, со 2.479 гласови. Негов заменик е: Јованче Митровиќ, трговец од Неготино.

11) Околија Кавадарска:

број на општини - 8; број на гласачки места - 13;

запишани избирачи - 6.594; гласале - 5.082 гласачи.

Земските кандидатски листи во оваа околија добиле вкупно

гласови:

1) На Богољуб Д. Јевтиќ - 3.203 или 63,03%;

2) На Д-р Владимир Мачек - 1.716 или 33,77%;

3) На Димитрије Љотиќ - 3 или 0,06%;

4) На Божидар Максимовиќ - 160 или 3,14%.

Избран е кандидат од земската кандидатска листа на Богољуб Д. Јевтиќ: Игњат Б. Стефановиќ, државен советник во пензија од Белград, со 3.203 гласови. Негов заменик е: Диме П. Мазовиќ, касап од Кавадарци.

12) Околија Струмичка:

број на општини - 6; број на гласачки места - 16;

запишани избирачи - 9.883; гласале - 7.555 гласачи.

Земските кандидатски листи во оваа околија добиле вкупно гласови:

1) На Богољуб Д. Јевтиќ - 7.337 или 97,12%;

2) На Д-р Владимир Мачек - 155 или 2,05%;

3) На Димитрије Љотиќ - - - ;

4) На Божидар Максимовиќ - 63 или 0,83%.

Избран е кандидат од земската кандидатска листа на Богољуб Д. Јевтиќ: Др. Јордан Л. Аќимовиќ, околиски лекар во оставка од Струмица, со 4.634 гласови. Негов заменик е: Атанас Ј. Трајковиќ, земјоделец од Муртино.

13) Околија Скопска:

број на општини - 16; број на гласачки места - 26;

запишани избирачи - 15.760; гласале - 12.798 гласачи.

Земските кандидатски листи во оваа околија добиле вкупно

гласови:

1) На Богољуб Д. Јевтиќ - 9.667 или 75,55%;

2) На Д-р Владимир Мачек - 2.268 или 17,72%;

3) На Димитрије Љотиќ - 840 или 6,56%;

4) На Божидар Максимовиќ - 23 или 0,17%.

Избран е кандидат од земската кандидатска листа на Богољуб Д. Јевтиќ: Др. Драгутин Јанковиќ, министер за земјоделие од Белград, со 9.667 гласови. Негов заменик е: Саво Ѓуриќ, земјоделец од Душановац.

14) Град Скопје:

број на општини - 1; број на гласачки места - 28;

запишани избирачи - 19.590; гласале - 9.272 гласачи.

Земските кандидатски листи во оваа околија добиле вкупно гласови:

1) На Богољуб Д. Јевтиќ - 7.276 или 78,47%;

2) На Д-р Владимир Мачек - 1.955 или 21,09%;

3) На Димитрије Љотиќ - 21 или 0,23%;

4) На Божидар Максимовиќ - 20 или 0,21%.

Избран е кандидат од земската кандидатска листа на Богољуб Д. Јевтиќ: Д-р Драгутин Којиќ, министер за правосудство од Белград, со 9.272 гласови. Негов заменик е: Спира Хаџи Ристиќ, бивши сенатор и индустријалец од Скопје.[130]

Според добиените изборни резултати владата на Богољуб Јевтиќ

130 Статистика избора народних посланика за Народну скупштину Краљевине Југославије извршених 5 маја 1935 године, Београд, 1938, 186-187; 191, 196-210, 214-218.

добива 303 пратенички места во Народното собрание, а Здружената опозиција само 67.

На територијата на Вардарска бановина владината листа добива 44 мандата, додека листата на Здружената опозиција добива само 1 мандат. Од Вардарскиот дел на Македонија пратенички мандати беа 30, од кои 29 на владината листа а само 1 од листата на Здружената опозиција (во Жеглиговската околија - пратеникот Радмило Стојиљковиќ, демократ). Инаку, Драгутин Којиќ кој беше избран за народен пратеник во изборната единица на градот Скопје, бидејќи беше избран и во друга изборна единица, му го отстапува местото на крупниот скопски трговец Спиро Хаџи Ристиќ. Според поранешното занимање избраните пратеници од Вардарскиот дел на Македонија беа: земјоделци:-2; големопоседници и рентиери;-1; трговци:-5; индустријалци:-3; новинари и публицисти:-1; приватни чиновници:-1; адвокати и јавни бележници:-1; приватни лекари:-1; геометри и градежници:-1; свештеници:-1; учители:-2; професори во средни училишта:-2; судии:-1; офицери:-1; дипломатски чиновници:-1; лекари чиновници:-1; членови на Државниот совет и Главната контрола:-1; други управни чиновници:-4.[131] Од овие податоци може да се види дека владините пратеници од Вардарскиот дел на Македонија останаа и понатаму да бидат долгогодишни поткрепувачи на реакционерните режими и спроводници на големосрпската хегемонистичка политика.

---

[131] Истото, 256, 257.

## 2.СОЗДАВАЊЕ НА ЈУГОСЛОВЕНСКАТА РАДИКАЛНА ЗАЕДНИЦА И НЕЈЗИНАТА ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ ВО ВАРДАРСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА

И покрај номиналниот успех на парламентарните избори од 5.V.1935 година владата на Богољуб Јевтиќ не ја согледуваше фактичката политичка ситуација. Таа не сакаше да ги види огорчувањето и незадоволството што завладуваат во целата земја поради изборните злоупотреби и насилија. Таа не можеше да го види ни тоа дека токму таквата „победа" на изборите го забрзува нејзиното паѓање. Ваквиот развиток на внатрешно-политичките прилики доведува до паѓање на владата на Богољуб Јевтиќ и до формирање на нова влада на чело со Милан Стојадиновиќ, дотогашен Министер за финансии, на 24.VI.1935 година. Покрај радикалите околу Милан Стојадиновиќ, како претседател на владата, во неа влегуваат и претставници на босанско-херцеговачките муслимански елементи (Мехмед Спахо) и претставници на словенечките клерикалци (Антон Корошец), како и поранешни дисиденти од ХСС (Никола Прека, Марко Кожул и др.). Со формирањето на владата Стојадиновиќ-Корошец-Спахо беше отворена владетелската комбинација формирана од политички групи кои беа во опозиција кон Шестојануарската диктатура. Со оваа комбинација на владата требаше да се создаде впечаток дека се прави чекор во насочувањето на политичкиот живот кој ќе се потпира на старите партии „кои имаат корен во народот".[132]

[132] Dr. Todor Stojkov, cit. delo..., 320.

Новата влада пристапува кон формирање на нова партија - Југословенска радикална заедница (ЈРЗ). Всушност ЈРЗ, како општојугословенска режимска партија, ја правеше политичката основа на владата на Милан Стојадиновиќ. Додека ЈНС беше создадена врз основа на негација на старите партии, дотогаш ЈРЗ се состоеше од поранешните политички партии: Словенечката људска странка (СЛС),[133] Југословенската муслиманска организација (ЈМО)[134] и Радикалната партија,[135] кои ја

---

133 Словенечката људска странка (СЛС) е политичка организација на клерикалните буржоаски и ситнобуржоаски елементи, која со своето опортунистичко политичко дејствување настојуваше за себе (поточно за своето Раководство) со поддржување на владите, да ги сочува привилегираните позиции во Словенија. Треба да се истакне дека СЛС, неретко и тогаш кога го бранеше унитаризмот и централизмот, сепак се изјаснуваше за словенечката национална индивидуалност. Нејзин водач беше попот Антон Корошец. Види во А. ИНИ, ф.: Нецат Јашар, к. IV, папка IX/5.

134 Југословенската муслиманска организација (ЈМО) е политичка организација на муслиманските земјопоседници и ситнобуржоаски елементи во градовите и селата во Босна и Херцеговина, со основна цел, со потпирање на верските елементи, да се сочуваат економските и политички позиции на тој слој во Босна и Херцеговина, а особено во настојувањето да се сочуваат феудалните кметски и слични остатоци на општествените односи на тоа подрачје, т.е. за нивната ликвидација да се добие што подобар надоместок. И покрај својот регионален карактер ЈМО истовремено истапуваше за југословенски национален унитаризам па и за централизам. Но, повремено и таа отстапуваше од тоа бранејќи го босанско-херцеговачкиот регионализам. Нејзин водач беше Мехмед Спахо, кој избива на површина 1919 година, како Министер на шумите и рудите, и останува во нејзиното Раководство до 1936 година, сѐ до својата смрт. Види во: А. ИНИ, ф.: Нецат Јашар, к.IV, папка IX/10.

135 Народната радикална партија е формирана на 8.I.1881 година. Таа е една од ретките политички формации која со формирањето на Кралството на СХС го продолжува своето политичко дејствување. Еден од главните нејзини водачи е Никола Пашиќ. Во периодот од 1918 до 1929 година претставниците на оваа

сочуваа својата внатрешна партиска автономија, иако прифаќаат една програма и заедничко Раководство. Оваа комбинација ги опфаќаше Србија, Босна и Словенија, настојувајќи да ја задржи Хрватска во изолација и да ја натера на попуштање. ЈРЗ како владина политичка партија требаше да ја спроведува политиката на режимот, да биде организација за помагање на власта која се спротивставува на народните маси. Како што покажува и самото име, ЈРЗ требаше да биде обединување на Радикалите со споменатите здружени групи со задача да ја спроведе шестојануарската политичка програма на „национално и државно единство". Во своите редови, покрај поголемиот број на чиновници, таа собираше бројна трговска буржоазија и ситно буржоаски елементи, кои од Партијата очекуваа корист бидејќи соработува со владата, што значи, ЈРЗ беше нова владина партија, формирана и управувана одозгора, со

партија самостојно или во коалиција со други партии се на власт. Радикалната партија дава свој богат допринос на военофашистичката диктатура во лицето на Милан Стојадиновиќ и Драгиша Цветковиќ и двајцата нејзини членови. По 6.I.1929 година Главниот одбор на Радикалната партија е во опозиција, без масовна база, со нешто малку поддршка во селата. По 5-мајските избори 1935 година, Главниот одбор на Радикалната партија со Ацо Станојевиќ на чело, сакаше преку Милан Стојадиновиќ да создаде заедничка политичка партија со муслиманите на Мехмед Спахо и клерикалците на Антон Корошец, за да дојде на власт. Но по формирањето на владата на Милан Стојадиновиќ, Главниот одбор на Радикалната партија зазема опозиционен став према владата и во таа опозиција спрема владите на кнезот Павле останува до крај. Во почетокот Радикалната партија е партија на ситните селани, но подоцна, станува партија на скороевиќи, кои беа гладни за власт и пари, и во таа борба не избираа многу средства. Во поглед на националното прашање Радикалната партија го застапуваше големосрпскиот хегемонизам, но во Стара Југославија упорно и доследно го бранеше централистичкото уредување. Нејзин орган е весникот „Самоуправа" кој беше политички весник. Види во: А. ИНИ, ф.: Нецат Јашар, к. IV, папка IX/7.

програматска линија која одговараше на тогашните интереси на државата.

Според Законот за здруженија, собири и договори од 24.III.1933 година, ЈРЗ на 19.VIII.1935 година поднесува пријава до Министерството за внатрешни работи за добивање дозвола за работа.[136] Со пријавата беа доставени Програмата и Статутот на ЈРЗ. Инаку, Министерството за внатрешни работи конечна одлука за дозвола за работа на ЈРЗ донесува на 17.X.1935 година.[137]

Во политичкиот дел од Програмата на ЈРЗ се истакнува дека таа ќе ја продолжи политиката во смисла на оние принципи кои се соопштени веќе во шестојануарската Прокламација, а добиваат посебна санкција и во Уставот од 3.IX.1931 година. Тоа значи дека ЈРЗ програмски беше на гледиштето на националното и државно единство. Иако, во Програмата се истакнуваше „троимениот народ"

136 Пријавата беше потпишана од најугледните личности на бившите партии: од Радикалната партија пријавата ја потпишале: Аца Станојевиќ, Милан Стојадиновиќ, Мишо Трифуновиќ, Крсто Милетиќ, Ранко Трифуновиќ, Анте Радојевиќ, др. Јован Радоњиќ, др. Момчило Линчиќ, др. Душан Пелеш, Стево Јанковиќ, Драгиша Цветковиќ, Војо Чвркиќ и др; од страна на СЛС пријавата ја потпишале: др. Антон Корошец, др. Куловец, др. Натлачен, др. Лесковар, Михо Крек и др.; Од страна на ЈМО пријавата ја потпишале: Мехмед Спахо, др. Махмуд Бехмен, др. Халидбег Храсница и др. Види во: „Јуче је пријављена Југословенска радикална заједница", в. „Политика", XXXII, бр. 9787, Београд, 20.VIII.1935, 1.

137 А. Ј. Београд, ф.: Министарство унутрашњих послова, док. бр. 63.566 од 17.X.1935 година. Во документот се вели дека: „Господин Министер за внатрешни работи на 17.X.1935 год., врз основа на чл. 3 од Законот од 24.III.1933 г. со измени и дополни за Законот за здруженија, собири и договарања од 18.IX.1931 година, донесува конечна одлука дека политичката партија - Југословенската радикална заедница може да работи".

(со што се создаваше можност за преговори и придобивање на хрватските федералисти околу Владимир Мачек), во суштина не се отстапуваше од унитаризмот кој беше потребен како оправдување на централизмот.

Во економскиот дел од Програмата се истакнуваше дека во поглед на стопанството ЈРЗ ќе настојува да го зајакне народното производство и да ја подигне стопанската благосостојба на народот; на сите граѓани ќе им се обезбедат поволни услови за работа и опстанок. Ќе работи на унапредување на трговската политика со склучување на трговски договори. Посебно внимание ќе посвети на унапредување на земјоделството, како и на индустријата и занаетчиството. Исто така во Програмата се наведени и активностите на ЈРЗ околу унапредувањето на просветната и социјално-здравствената политика.[138]

Според Статутот органи на ЈРЗ беа: Месниот (општински) одбор,[139]

---

138 „Програм Југословенске радикалне заједнице", в. „Политика", XXXII, бр. 9787, Београд, 20.VIII.1935, 1,2.

139 Месниот (општински) одбор се формира во сите места во Кралството на Југославија каде има приврзаници на партијата. Бројот на членовите ги утврдува самиот одбор според месните прилики. Од својата средина избира претседател, потпретседател, секретар и благајник. Месните одбори можат да започнат со работа кога ќе ги потврди Бановинскиот одбор. Во поголемите градови и општини во кои партијата има многу приврзаници, според потребата може да се формираат повеќе пододбори чии претседатели и потпретседатели го сочинуваат Месниот одбор на дотичниот град, односно општина. Види во: „Статути Југословенске радикалне заједнице", в. „Политика", XXXII, бр. 9787, Београд, 20.VIII.1935, 2 (чл. 13, 14);

Околискиот одбор,[140] Бановинското собрание,[141] Бановинскиот одбор,[142] Главниот одбор[143] и Земското собрание.[144]

---

140 Околискиот одбор се состои од сите претседатели и потпретседатели на месните (општински) одбори во дотичната околија. Од својата средина избира претседател, потпретседател, секретар и благајник. Се грижи за сите работи на партијата во дотичната околија. Види во: „Статути..., (чл. 12);

141 Бановинското собрание е советодавно тело на Бановинскиот одбор и се состои од: а) сите членови на Бановинскиот одбор; б) од сите членови на Народното претставништво и самоуправното Бановинско собрание кое се избира во дотичната бановина; в) од сите претседатели на месните (општински) одбори. Бановинското собрание го свикува претседателот на Бановинскиот одбор. Види во: „Статути..., (чл. 11).

142 Бановинскиот одбор се состои од сите претседатели и потпретседатели на Околиските одбори на дотичната бановина, како и од претседателот и потпретседателот на одборот на оние градови кои избираат посебно пратеници. Од својата средина избира: претседател, потпретседател, секретар и благајник кои го сочинуваат Извршниот бановински одбор. Бановинскиот одбор се грижи за сите партиски прашања во дотичната бановина. Види во: „Статути..., (чл. 9,10).

143 Главниот одбор е врховен управен орган на партијата. Тој постојано раководи со сите работи на партијата и дава директиви и упатства за целата политичка и партиска акција. Се состанува еднаш месечно, а по потреба и почесто на повик на претседателот или неговиот заменик. Се состои од 75 членови. Од овие 25 избира Земското собрание кои го сочинуваат потесниот Главен одбор. Другите 50 се претставници на бановинските одбори и уште по 4 членови од секој Бановински одбор кои тој ги избира од својата средина, како и претседателот и 4 членови за градот Белград. Види во „Статути..., (чл. 6, 7).

144 Земското собрание е врховен орган на партијата, кој решава за сите начелни програмски прашања и неговите одлуки се задолжителни за сите членови и организации на Партијата. Се состанува секоја година во месец ноември на денот што ќе го утврди Главниот одбор. Во неговата работа имаат право на учество: сите членови на Главниот одбор, членовите на парламентот кои припаѓаат на ЈРЗ, претседателите и потпретседателите на бановинските одбори и претседателите на околиските одбори. Види во: „Статути..., (чл. 5).

По одобрувањето на работата во текот на 1936 година ЈРЗ го започнува формирањето на месни (општински), околиски и Бановинскиот одбор и во Вардарскиот дел на Македонија (Вардарска бановина). За таа цел започнуваат да се одржуваат конференции и собири на приврзаниците на ЈРЗ низ целата територија во Вардарскиот дел на Македонија. Така во периодот од 10 до 15.I.1936 година Министерот за социјална политика и народно здравје Драгиша Цветковиќ изведува инспекциски пат во Скопје, Тетово, Гостивар, Кичево, Охрид, Прилеп, Велес, Штип, Битола и Радовиш, каде што одржува повеќе конференции и собири со приврзаниците на ЈРЗ, на кои зборувал: за значењето на ЈРЗ како регулатор на политичкиот живот; за работата на Кралската влада; за политичката ситуација во земјата; како и за формирањето на организации на ЈРЗ во наведените места.[145] Посети со иста вакква цел повторно беа направени од Драгиша Цветковиќ, потоа од Министерот Добривоје Стошовиќ и од бившиот Министер Војислав Јањиќ кон крајот на април и почетокот на мај 1936 година. Во организирањето на ЈРЗ во Вардарскиот дел на Македонија беа ангажирани и бившите и тогашните народни пратеници од Вардарскиот дел на Македонија. Така на пример, на Конференцијата на пратениците од Вардарска бановина, одржана на 13.III.1936 година, беше одлучено веднаш да се пристапи кон организацијата на партијата во сите околии во кои не беше спроведена организацијата и за таа цел беа определени пратениците кои ќе ја спроведат

[145] в. „Вардар", V, бр.685-690, Скопље, 11-16.I.1936, 1,2,2,2,2.

организацијата, и тоа: во околија Овчеполска беа одредени пратениците: Бранко Тодоровиќ, Тодор Живковиќ и Стеван Симиќ; во околија Жеглиговска: Угрин Јоксимовиќ, Аќим Поповиќ и Зејнел Страцимир; во околија Прилепска: Михаило Поповиќ, Душан Антонијевиќ, Данило Ѓуровиќ и Петар Косовиќ; во околија Кривопаланечка: Аќим Поповиќ и Стеван Симиќ; во околија Струмичка: Часлав Никитовиќ, Михајло Каламатијевиќ и Димитрије Бешировиќ; во околиите Царевоселска и Малешка: Часлав Никитовиќ и Михајло Каламатијевиќ и во околија Кочанска: Михајло Каламатијевиќ и Стеван Симиќ.[146] Тие одржуваат собири и конференции со приврзаниците на ЈРЗ на кои зборувале за Програмата и значењето на ЈРЗ, за работата на владата и за активностите што ќе ги направи таа во дотичните места на економски план.

До одржувањето и изборот на Бановинскиот одбор на ЈРЗ во скоро сите општини во Вардарскиот дел на Македонија беше завршено конституирањето на месните одбори, а потоа беа конституирани следните околиски одбори на ЈРЗ и тоа:

Околиски одбор за околија Горнополошка, во состав: претседател: Угрин Јоксимовиќ, народен пратеник; потпретседатели: Кадри Салијевиќ (прв), Лазар Максимовиќ (втор), Душан Анѓелковиќ (трет) и Јеврем Серафимовиќ (четврт); секретар: др. Бранислав Остојиќ; благајник: Михаило Јовановиќ. Членови на одборот: Ќиро Мојсиќ,

146 „Организовање ЈРЗ у Вардарској бановини ускоро ће бити завршено", в. „Глас Полога", IV, бр. 159 и 160, Тетово, двоброј за 11 и 18.IV.1936, 5.

Алексо Давидовиќ, Хафиз Селим Халитовиќ, Зеќар Фазлијевиќ, Селим Имеровиќ, Симо Апостоловиќ, Абдула Јакуповиќ, Идриз Ризвановиќ и Раде Серафимовиќ.[147]

Околиски одбор за околија Дебарска, во состав: претседател: Раде Димиќ, народен пратеник; потпретседател: Мухамед Златко; секретар: Јордан Дуколиќ; благајник: Спасо Симоновиќ.[148]

Околиски одбор за околија Кратовска, во состав: претседател: Стеван Симиќ; народен пратеник; потпретседател: Василије Илиќ, претседател на општина; секретари: Коста Кокашиќ (прв), Михајло Јовковиќ (втор); благајник: Димче Маневиќ. Членови на одборот: Славко Ѓорѓевиќ, Филатије Јаќимовиќ, Таса Стојиљковиќ, Никола Деспотовиќ, Милан Додиќ и Серафим Трајковиќ.[149]

Околиски одбор за околија Кичевска, во состав: претседател: Ставре Трпковиќ, народен пратеник; потпретседатели: Владо Милетиќ (прв), Реџеп Рушетовиќ (втор), Живко Ѓорѓевиќ (трет) и Шабан Салијевиќ (четврт); секретари: Васо Пејановиќ и Никола Новаковиќ. Членови на одборот: Цветан Милошевиќ, Ахмед Садиковиќ, др. Душан Милојевиќ, Милосим Аврамовиќ, Асан Ахмедовиќ, Светозар Лазиќ, Мислим Алијевиќ, Ахмед Кемановиќ, Рамадан Кадријевиќ, Богдан Костиќ, Јован Ѓорѓевиќ, Елас Фератовиќ, Антоније Најдаревиќ,

---

147 „Партијско кретање“, в. „Самоуправа“, LVI, бр. 88, Београд, 5.VI.1936, 4.

148 Истото.

149 Истото; А. Ману, Скопје, ф.: Стеван Симиќ, к. IV, папка II, арх. ед. XIX (I), 15,16 (Белешки за пратеничката дејност, 76 листа, ракопис).

Ѓорѓе Спасиќ, Ѓорѓе Бардовиќ, Коста Матевиќ, Трајко Србиновиќ, Благоје Димовиќ, Асан Рамитовиќ, Салија Садиковиќ, Лазар Петровиќ, Милетије Коруновиќ, Ѓемаил Мустафовиќ, Блажо Никодиновиќ, Ташко Вељановиќ, Вељко Спасеновиќ, Славко Трпковиќ, Јордан Стојановиќ, Асан Регатовиќ, Ибрахим Ибрановиќ, Стојан Антиќ, Ѓорѓе Стојановиќ и Мустафа Арбуловиќ.[150]

<u>Околиски одбор за околија Долнополошка</u>, во состав: претседател: Стојадин Димитријевиќ, народен пратеник; потпретседатели: Идриз Идризовиќ (прв), Михаило Серафимовиќ (втор), Ислам Изаировиќ (трет); секретар: Андро Милетиќ; благајник: Мехмед Алијевиќ.[151]

<u>Околиски одбор за околија Галичка</u>, во состав: претседател: Бранислав Тодоровиќ, народен пратеник; потпретседател: Алексо Китановиќ, трговец; секретар: Гаврило Исаковиќ; благајник: Теофил Поповиќ. Членови на одборот: Тодор Чоловиќ, Теофил Поповиќ, Аљуш Мустафовиќ, Кадри Садуховиќ, Алексије Поповиќ и Саранди Никодимовиќ.[152]

<u>Околиски одбор за околија Кочанска</u>, во состав: претседател: Душан Трифковиќ, шеф на канцеларијата на Извршниот комитет на ЈРЗ; потпретседатели: Нишанџијевиќ, апотекар од Скопје и Живојин Милосављевиќ, протојереј; секретар: Живорад Поповиќ, чиновник;

---

150 „Партијско кретање (Извештај за месец март)", в. „Самоуправа", LVI, бр. 80, Београд, 26.V.1936, 2.

151 Истото.

152 Истото.

благајник: Анастас Корнети, трговец од Кочани.[153]

Околиски одбор за околија Битолска, во состав: претседател: Петар Р. Косовац, народен пратеник; потпретседатели: Александар Хаџи Илиќ, Илија Дарковиќ и Василије Богдановиќ; секретари: Василије Николиќ и Тале Марковиќ; благајник: Данило Дарковиќ, трговец од Битола. Членови на одборот: се избрани сите претседатели и потпретседатели на месните организации во Битола и на околиската организација за Битолска околија.[154]

Околиски одбор за околија Преспанска, во состав: претседател: др. Михаило Поповиќ, народен пратеник; потпретседател: Илија Димитријевиќ, бивш кмет на општина; секретар: Александар Чаушевиќ, кројач; благајник: Профе Нечовиќ, Членови на одборот: Др. Владимир Туџаревиќ, Садик Љубојно, Борис Шушевиќ, Муарем Шајин, Крун Поповиќ, Илија Димитријевиќ, Владимир Бундевиќ, Ристо Даскаловиќ и Петар Белевиќ.[155]

Околиски одбор за околија Крушевска, во состав: претседател: Душан Антонијевиќ, народен пратеник; потпретседател: Никола Зисиќ, претседател на општина; секретар: Илија Андревиќ; благајник: Тома Јовевиќ, трговец. За членови на одборот беа

---

153 в. „Самоуправа", LVI, бр. 62, Београд, 5.V.1936, 2.

154 „Организација ЈРЗ у Битољу и срезу Битољском", в. „Вардар", V, бр. 836, Скопље, 13.IV.1936, 5; „Партијско кретање", в. „Самоуправа", LVI, бр. 68, Београд, 12.V.1936, 4.

155 в. „Самоуправа", LVI, бр. 89, Београд, 6.VI.1936, 2.

избрани најприврзаните личности од Крушево.[156]

Околиски одбор за околија Прилепска, во состав: претседател: Лазар Хаџи Ристиќ, адвокат; потпретседатели: Никола Марковиќ (прв), пензионер и Тодор Мицковиќ (втор), претседател на општина; секретар: Драгомит Тешовиќ, училишен надзорник; благајник: Димко Шишковиќ, трговец. Инаку треба да се истакне дека на Конференцијата на која е избран овој Одбор на 2.V.1936 година, месните одбори на ЈРЗ за околија Прилепска поднесуваат списоци со запишани 6.370 членови.[157]

Околиски одбор за околија Струмичка, во состав: претседател: Михаило Стојановиќ; потпретседатели: Илија Копчаревиќ и Милан Соколовиќ; секретар: Илија Ќилимановиќ; благајник: Ќиро Тапчевиќ.[158]

Околиски одбор за околија Овчеполска, во состав: претседател: Михаило Костиќ, претседател на Светиниколската општина; потпретседатели: Боро Наумовиќ од Свети Николе, Тодор Арсиќ од Г. Балван и Рамадан Ибраимовиќ од Џумајлија; секретари: Петар Андоновиќ, Трајко Петровиќ од Свети Николе и Дено Пановиќ од Ранчино; благајник: Милан Николиќ од Св. Николе. Во Околискиот одбор влегуваат 8 најугледни приврзаници на ЈРЗ од оваа

156 „Срески одбор у Крушеву". в. „Вардар", V, бр. 704, Скопље, 30.I.1936, 4.

157 „Конференција ЈРЗ у Прилепу", в. „Вардар", V, бр. 799, Скопље, 5.V.1936, 2.

158 в. „Вардар", V, бр. 796, Скопље, 4.V.1936, 1,2.

околија.[159]

Околиски одбор за околија Мариовска, во состав: претседател: Светозар Тасиќ, народен пратеник; потпретседатели: Мирче Поповиќ и Мустафа Еминовиќ; секретари: Крајче Поповиќ и Мирко Поледица. Членови на одборот: Митар Јовановиќ, Наум Лазаревиќ, Селим Џабир, Боша Стефановиќ, Ристо Марковиќ, Петко Јагоридиќ, Анѓел Котевиќ, Јован Андоновиќ, Митар Ненадовиќ и Стеван Митровиќ.[160]

Околиски одбор за околија Велешка, во состав: претседател: Тодор Живковиќ, народен пратеник; потпретседатели: Анѓелко Јанковиќ (прв), Никола Најдовиќ (втор), Рамадан Беќировиќ (трет) и Костадин Грковиќ (четврт); секретари: Душан Дедовиќ (прв), Стојан Поповиќ (втор) и Јордан Нишевиќ (трет); благајник: Илија Јовевиќ. Членови на одборот: Асан Мамутовиќ, Шукри Асановиќ, Панта Тодоровиќ и Стојан Анѓелковиќ.[161]

Околиски одбор за околија Жеглиговска, во состав: претсе- дател: Милош Иванчевиќ, деловодител на општина Режановачка; потпретседатели: Вујица Николиќ (прв), земјоделец од Матејче (инаку прв претседател), Никола Гребенаровиќ (втор), кафеџија од Куманово; Вебија Аметовиќ (трет), претседател на општина

159 „Завршена је организација ЈРЗ у Овчепољском срезу", в. „Вардар", V, бр. 773, Скопље, 8.IV.1936, 3.

160 „Конституисање среског одбора ЈРЗ за срез Мориховски", в. „Вардар", V, бр. 797, Скопље, 3.V.1936, 2.

161 „Партијско кретање", в. „Самоуправа", LVI, бр. 94, Београд, 12.VI.1936, 3.

Думановачка; Стојан Инковиќ (четврт), претседател на општина Старонагоричка; секретар: Јосиф Пешиќ, кафеџија од Куманово; благајник: Драгомир Вукадиновиќ, трговец од Куманово.[162]

Околиски одбор за околија Штипска, во состав: претседател: Михајло Каламатијевиќ, народен пратеник; потпретседатели: Михајло Сеизовиќ, претседател на општина и Стојан Балабановиќ, претседател на општина; секретар: Михајло Стојиљковиќ, деловодител на општина Штипска; благајник: Али Шефик Ефендија.[163]

Околиски одбор за околија Гевгелиска, во состав: претседа- тел: Димитрије Бешировиќ, народен пратеник; потпретседател: Стеван Тановиќ, земјоделец; секретар: Видан Стаменковиќ. Членови на одборот: Петар Илијевиќ, Атанасије Трајковиќ, Василије Петришевиќ.[164]

Околиски одбор за околија Дојранска, во состав: претседател: Ристо Ѓуровиќ, потпретседател: Мирко Симоновиќ; секретар: Милан Марковиќ; благајник: Драгутин Станковиќ. Членови на одборот: Петар Ѓукиќ, Али Реџеп.[165]

162 „Партијско кретање", в. „Самоуправа", LVI, бр. 83, Београд, 29.V.1936, 4.

163 „Партијско кретање", в. „Самоуправа", LVI, бр. 30, Београд, 23.III.1936, 4.

164 „Партијско кретање", в. „Самоуправа", LVI, бр. 94, Београд, 12.VI.1936, 3.

165 Истото.

Околиски одбор за околија Поречка, во состав: претседател: Данило Ѓуровиќ, народен пратеник; потпретседател: Новак Србиновиќ; секретар: Ванче Терзиќ; благајник: Александар Теофиловиќ. Членови на одборот: Максим Матровиќ, Рифат Јајовиќ, А. Тавшевиќ, Симеун Симеуновиќ, Расим Поповиќ, Серафим Божиновиќ и Димитрије Маџиќ.[166]

Околиски одбор за околија Неготинска, во состав: претседа- тел: Јован Станковиќ, бански советник; потпретседател: Јанаќко Глигоријевиќ, трговец; секретар: Димитрије Ристиќ, трговец. За членови на одборот се избрани најугледните граѓани од Неготино и голем број на селани од сите места на оваа околија.[167]

Претседател на Околискиот одбор за околија Скопска беше Јордан Поповиќ, свештеник и претседател на црковниот суд.[168]

За организационата поставеност на ЈРЗ во Вардарскиот дел на Македонија (Вардарска бановина) беше дискутирано на Конференцијата на која присуствуваа сите пратеници од Вардарска бановина одржана во Скопје на 26.IV.1936 година, а на која присуствуваа Драгиша Цветковиќ, Добривоје Стошовиќ и Војислав Јањиќ. На истата беше констатирано дека „ЈРЗ во Вардарска бановина е одлично организирана. Потполна организација е извршена

166 Истото.

167 „Партијско кретање", в. „Самоуправа", LVI, бр. 5, Београд, 25.II.1936, 2.

168 в. „Самоуправа", LVI, бр. 173, Београд, 14.IX.1936, 2.

во 31 околија, а делимично во 14 околии, но и тука тоа ќе се направи што поскоро".[169] На оваа Конференција исто така беше формиран единствен Месен (Општински) одбор за градот Скопје на чело со Панта Јовановиќ како претседател и Спиро Хаџи Ристиќ и Драгутин Матовиќ како потпретседатели. Со ова беше ликвидиран спорот меѓу скопските приврзаници на ЈРЗ.[170] „Со ова беше создадена една силна и моќна организација, која ќе ги собере околу себе не само припадниците на ЈРЗ во Скопје, туку ќе дава импулс и на целокупниот политички живот на „Југот", бидејќи и по луѓето и по својата јачина ги претставува собрани сите приврзаници и припадници на онаа политика која во овие краеви ја претставува и има да ја носи ЈРЗ", беше констатирано на Конференцијата.[171]

Со оглед на тоа што во Вардарскиот дел на Македонија формирањето на околиските одбори сé уште не беше завршено (на пр. во околиите: Кривопаланечка, Охридска, Царевоселска, Струшка, Малешка, Радовишка и Кавадарска), во овие места работата и понатаму се изведуваше преку месните одбори.

По воспоставувањето на организациите на ЈРЗ во Вардарскиот

---

169 в. „Вардар", V, бр. 792, Скопље, 27.IV.1936, 12.

170 Во Скопје постоеја два месни одбора: еден на чело со Драгутин Матовиќ, индустријалец од Скопје и Спиро Хаџи Ристиќ, народен пратеник, и вториот на чело со Панта Јовановиќ, директор на Трговската академија и бивш народен пратеник. Види во: „Постигнут је дефинитивни споразум међу скопским присталицама ЈРЗ", в. „Вардар", V, бр. 793, Скопље, 28.IV.1936, 1,2.

171 „У Скопљу је створена јака и моћна организација ЈРЗ", в. „Самоуправа", LVI, бр. 57, Београд, 28.IV.1936, 3.

дел на Македонија (месни и околиски одбори) на 10.V.1936 година во Скопје на Конференцијата на која присуствуваа народните пратеници и делегати од сите околии на Вардарска бановина, како и министерот Драгиша Цветковиќ, беше избран со акламација Бановински одбор на ЈРЗ, како и делегати за Главниот одбор на ЈРЗ. Бановинскиот одбор на ЈРЗ го сочинуваа: претседател: Угрин Јоксимовиќ, народен пратеник на Горнополошката околија и претседател на пратеничкиот клуб на ЈРЗ; потпретседатели: Спиро Хаџи Ристиќ, Панта Јовановиќ, Петар Косовиќ, Живко Поповиќ, Стеван Симиќ и Зејнел Ибрахим Страцимир; секретари: Стојадин Димитријевиќ, Душан Антонијевиќ, др. Часлав Никитовиќ, Светозар Тасиќ и Бранко Тодоровиќ; благајници: Аќим Поповиќ и Михаило Поповиќ.

За делегати на Главниот одбор на ЈРЗ се избрани: Претседателот на Бановинскиот одбор - Угрин Јоксимовиќ и уште 4 делегати: Душан Перовиќ, народен пратеник од Кавадарци; Милан Блажиќ, народен пратеник; Михаило Лукаревиќ, народен пратеник и Алија Шефик.[172]

По формирањето на Бановинскиот одбор беше истакнато дека неговата дејност нема да се ограничува само на политичко поле, туку дека тој активно ќе работи и на решавање на сите економски проблеми.

---

172 „Избор Бановинског одбора Југословенске радикалне заједнице", в. „Глас Полога", IV, бр. 104, Тетово, 16.V.1936, 1, 2; в. „Вардар", V, бр. 805, Скопље, 11.V.1936, 1. в. „Самоуправа", LVI, бр. 67, Београд, 11.V.1936, 2.

По формирањето на ЈРЗ и со започнувањето на нејзината работа на организационата поставеност, ЈРЗ пристапува кон организирање и на младината и во Вардарскиот дел на Македонија, со формирање на акциони одбори на младината (месни, околиски, бановински и земски).[173] Во Вардарскиот дел на Македонија во текот на 1936 година беа формирани најпрво месни акциони одбори на младината и тоа во: Велес,[174] Скопје,[175] Кичево,[176]

---

173 „Упутства Земаљског акционог одбора за организовање омладине ЈРЗ", в. „Самоуправа", LVI, бр. 158, Београд, 26.VIII.1936, 2.

174 На 1.II.1936 година во Велес беше избран Месен одбор на младината на ЈРЗ во состав: претседател: Трајко Тодоровиќ, трговец; потпретседатели: Стојан К. Поповиќ, трговец и Ристо Најдовиќ, кројач; секретар: Гено Витановиќ, рентиер; благајник: Ѓорѓе Селевиќ, општински чиновник; Членови: Димко Зафировиќ, Лазар Недевиќ, Коста Пауновиќ, Тодор Алчевиќ, Илија Чадијевиќ, Ѓорѓе Каратрајковиќ, Лазар Градчанац. в. „Вардар", V, бр. 708, Скопље, 3.IV.1936, 2.

175 На 13.VI.1936 година на Конференцијата во Скопје во присуство на Панта Јовановиќ и на 152 делегати (функционери на маалските одбори) беше формиран месен одбор на младината на ЈРЗ за град Скопје. Инаку во Скопје беа формирани маалски одбори во сите 23 реони на колку Скопје беше поделено. Во месниот одбор со акламација беа избрани: претседател: Филота Дича, трговец; потпретседатели: Страхиња Пецевиќ, правник; Афус Камил, оџа; Боривоје Поп Трајковиќ, лекар; Ѓорѓе Хаџи Маневиќ, судија; Боривоје Поповиќ, инженер; Милош Илиќ, монополски чиновник; Јеремије Марјановиќ, помошник шеф на станица; Гани Селим, сточар; Сократ Апостоловиќ, поштенски чиновник; секретари: Василије Ристиќ, Александар Филиповиќ, Драгутин Савиќ, Хаскал Катаривас; благајници: Илија Петрушевиќ, Ќирило Леовиќ, Трајко Стојиљковиќ и Душан Бошковиќ. За почесен претседател беше избран Златан Илиќ, хотелијер. в. „Вардар", V, бр. 842, Скопље, 17.VI.1936, 2.в. „Самоуправа", LVI, бр. 98, Београд, 17.VI.1936, 4.

176 На 26.VII.1936 година на основачкото собрание во Кичево беше формиран Месен одбор на младината на ЈРЗ во состав: претседател: Шабан Салијевиќ, трговец; потпретседател: Стојан Настиќ, златар; секретар: Круме Крстиќ; благајник: Коста

Кавадарци,[177] Прилеп,[178] Гевгелија,[179] Кочани,[180]

---

Наумовиќ, трговец. Другите 20 члена на одборот беа избрани од редовите на највидните граѓани. в. „Вардар", V, бр. 886, Скопље, 31.VII.1936, 2.

177 На 26.VII.1936 година во Кавадарци на одржаната младинска конференција беше избран Месен одбор во состав: претседател: Петар Тодоровиќ, адвокатски писар; потпретседатели: Страшимир Даневиќ, трговец и Василије Дубровиќ, кондураџија; ; секретар: Тодор Ставровиќ, член на општинската управа; ; благајник: Ќирило Нејковиќ, кројачки работник. За членови на одборот беа избрани: Борис Попицевиќ, лекар; Тодор Јорганџијевиќ, кондураџија; Петар Митковиќ, столар; Милан Ицевиќ, шнајдер и Атанас Чејковиќ, кафеџија. Види во: в. „Вардар", V, бр. 884, Скопље, 29.VII.1936, 1. в. „Самоуправа", LVI, бр. 136, Београд, 30.VII.1936, 4.

178 Месниот одбор на младината во Прилеп го сочинуваа: претседател: Александар К. Здравковиќ, судиски приправник; потпретседатели: Стеван П. Христиќ, трговец и Ранѓел Димитријевиќ; секретари: Благоја Стојановиќ, учител и Трајан Миленковиќ, бивш професор; благајник: Ѓорѓе Стефановиќ, чиновник. Членови: Сотир Смиљковиќ, учител; Дамјан Аќковиќ, трговец; Андон Шапчевиќ, учител; др. Ѓорѓе Дудевиќ; лекар; Димитрије Алинчанац, трговец; Ташко Пецевиќ, учител; Милан Савиќ, учител; Станко Мијушковиќ, учител; Милан Вулевиќ, учител; Круночлав Магдевиќ, градинар; Јордан Варошлија, бивш учител; Трајко Вељковиќ, кројач; Методије Аќемовиќ, кројач; Ќирило Шишковиќ, кројач и Борислав Ќурчијевиќ, учител. Види во: в. „Самоуправа", LVI, бр. 154, Београд, 21.VIII.1936, 4.

179 На 26.VIII.1936 година на Конференцијата на младината во Гевгелија беше формиран Месен одбор во состав: претседател: Петар Динковиќ, книжар; потпретседатели: Ташо Андоновиќ, апсолвент на фармација; Иван Филевиќ, царински приправник и Петар Елимевиќ, шпедитерски помошник; ; секретар: Серафим Диновиќ, економ во болница; ; благајник: Миомир Павловиќ, полициски писар. в. „Вардар", V, бр. 916, Скопље, 30.VIII.1936, 1.

180 На 27.VIII.1936 во Кочани на конференцијата на младината беше формиран Месен одбор во состав: претседател: Благоја Џидровиќ, потпретседател на Месниот одбор на ЈРЗ во Кочани и претседател на општина; ; потпретседатели: Таса Велиновиќ, трговец; Мемед Ашметовиќ, чиновник на околиски суд; ; секретар: Божидар Ѓорѓевиќ, управник на граѓанско училиште; ; благајник: Методија Беличевиќ, трговец. Членови на управата:

Виница,[181] Кратово,[182] Штип,[183] Свети Николе,[184] Тетово,[185]

---

Илија Миновиќ, кројач; Михаило Пауновиќ, монополски чиновник; Коста Коциќ, столар; Атанас Ѓ. Лазаревиќ, земјоделец; Илија Ивановиќ, даночен чиновник; Ќиро Захаријевиќ, кројач; Антон Ќировиќ, Тодор Симовиќ, пекар; Стеван Спасиќ, трговец; Божидар Пуриќ, чиновник на уред. в. „Вардар", V, бр. 918, Скопље, 1.IX.1936, 2.

181 На 11.IX.1936 година во „Јужна Виница" на одржаната Конференција беше избран месен одбор на младината во состав: претседател: др. Стојан С. Илиќ, општински лекар; потпретседател: Асан Мемедовиќ од Градец и Лазар Арсиќ, трговец од Виница; секретар: Живојин Вучковиќ, општински чиновник. Членови на управата: Ѓерасим Богдановиќ, земјоделец од Виница; Лазар Јовановиќ, земјоделец од Виница; Сали Асан, земјоделец од Градец; Енди Елмаз, земјоделец од Липец; Милан Амповиќ, земјоделец од Виница; Борис Андрејевиќ, земјоделец од Виница; Мита Алашевиќ, земјоделец од Виница; Јордан Б. Христиќ; земјоделец од Виница. Види во: в. „Вардар", V, бр. 936, Скопље, 19.IX.1936, 2.

182 На 13.IX.1936 година во Кратово беше формиран Месен одбор на младината на чело со Трајко Грнчаревиќ, трговец. Види во: в. „Вардар", V, бр. 944, Скопље, 27.IX.1936, 2.

183 На 27.IX.1936 година на конференцијата во Штип беше избран Месен одбор на младината во состав: претседател: Н. Икономовиќ, трговец; потпретседатели: Ристо Генадијевиќ, Бесале Асаел и Вујат Шефкија. Види во: в. „Вардар", V, бр. 947, Скопље, 30.IX.1936, 2.

184 На 23.IX.1936 година во Свети Николе беше избрана управа на младината на ЈРЗ во состав: претседател: Јован Симоновиќ; потпретседател: Таса Павловиќ; секретар: Траје Петровиќ; благајник: Ѓорѓе Зафировиќ. Членови на одборот: Илија Стошиќ, Трајче Гичевиќ, Таса Јанковиќ, Шукри Назировиќ, Доце Боновиќ, Зарије Марковиќ, Аспарух Михајловиќ, Тодор Гаќевиќ, Тома Темељковиќ, Тодор Коцевиќ, Милош Деневиќ и Љуба Јордановиќ. Види во: в. „Вардар", V, бр. 942, Скопље, 25.IX.1936, 2.

185 На 12.X.1936 година на потесната Конференција на младината во Тетово беше избран привремен Месен одбор во состав: Ѓока Михаиловиќ, Тодор Стојановиќ, Крсте Џордевиќ, Захарије Закиќ, Богосав Божиновиќ, Цветан Цветановиќ, Невзат Селимовиќ, Исмет Ш. Мемедовиќ, Нурија Туз и Даут Ибраимовиќ. Потоа беше одлучено на 25.X.1936 година да се изврши конституирање на постојан акционен одбор со претседател Крсте Џордевиќ. Инаку

Струмица[186] и Куманово.[187]

Во редовите на младинските секции на ЈРЗ членуваа најприврзани младинци од сите профили. Овие организации беа многу активни и бројни. Членовите на младинските организации во Вардарскиот дел на Македонија беа десна рака на старите партиски активисти и многу беа активни на теренот во поглед на запишување на нови членови во редовите на ЈРЗ.

Напоредно со организирањето на младината во Вардарскиот дел на Македонија се пристапува и кон формирање на Управа на работничката секција на ЈРЗ во Скопје. Имено, на Конференцијата одржана на 13.IX.1936 година, а на која присуствуваа работници од

---

за што поефикасна и поуспешна работа на младинската организација Тетово беше поделено на 6 реони со 60 агилни членови со задача да ги шират идејата и начелата на ЈРЗ. Види во: в. „Самоуправа", LVI, бр. 204, 224, Београд, 20.X. и 13.XI.1936, 4,4.

186 На 9.XI.1936 година на големиот собир на младината во Струмица беше формиран Месен одбор на младината на ЈРЗ во кој влегле: Кирил Николиќ, Бранислав Поп Митиќ, П. Филчевиќ, Борис Шекерџијевиќ, Славко Стерковиќ, Ристо Кујунџијевиќ, Ристо Костурлијевиќ, Методије Ѓурмиќ, Панча Грчевиќ, Јован Јефтимовиќ, Ненад Мијатовиќ, Панча Доневиќ, Ристо Ивковиќ, Ќиро Кујунџијевиќ, Димитрије Поп Тодоровиќ, Димитрије Лазаревиќ, Никола Трајковиќ. Јефтим М. Устапетровиќ, Коста Косовиќ, Јанко Хаџи Јелениќ, Ќирило Глигоријевиќ, Јелисије Цицимовиќ и Сократ Манчевиќ. Види во: в. „Самоуправа", LVI, бр. 226, Београд, 16.XI.1936, 4.

187 На 26.XI.1936 година во Куманово беше формиран Месен одбор на младината на ЈРЗ во состав: претседател: Светислав Поповиќ, завршен матурант; потпретседател: Димитрије Индиќ, општински чиновник; секретар: Страхиња Деловиќ, дипломиран ветеринар; благајник: Давид Хаџи Поповиќ, книжар. Управен одбор: Крсто Крстиќ, Стојан Милојевиќ, Доне Петковиќ, Славко Ѓорѓевиќ, Ќиро Џимревиќ, Анастас Соларевиќ, Радосав Никиќ, Милош Величковиќ, Стратимир Николиќ и Петар Стојичевиќ. Види во: в. „Вардар", V, бр. 997, Скопље, 28.XI.1936, 3.

разни структури и политички групи, беше формиран Акционен одбор на работничката секција на ЈРЗ.[188] По неговото формирање управата презема мошне жива акција околу организирање на работнички секции и во другите места во Вардарскиот дел на Македонија (Вардарска бановина), така што на претстојните општински избори ќе земе видно учество во работата околу подготовките за овие избори.

На 2.VI.1936 година во Белград беше одржан Првиот конгрес на ЈРЗ. Присуствуваа 327 делегати кои засатпуваа преку 518 околии. Од Вардарска бановина присуствуваа 48 делегати со предадени 85 полномоштија кои Верификациониот одбор ги потврдува. Конгресот го отворил Милан Стојадиновиќ кој во својот говор воглавно ја изнесува Програмата на ЈРЗ и истата едногласно беше прифатена. На вториот ден од Конгресот беше избран Главен одбор[189] после

188 Акциониот одбор на работничката секција на ЈРЗ го сочинуваа: претседател: Никола Јовановиќ, приватен службеник; потпретседатели: Александар Пантиќ, чевларски работник; Јован Дурзиќ, столарски работник; секретари: Марко Петровиќ, металски работник; заменик секретар: Петар Косановиќ; благајник: Лука Васиќ, металургиски работник; Надзорен одбор: претседател: Стеван Косовиќ, столар; секретар: Салих Мулариќ, член: Димитрије Миладиновиќ, приватен службеник; Членови на управа: 18 лица (Благоје Цветковиќ, Богољуб Јевремовиќ, Јован Вучиниќ, Јохан Јамлич, Петар Ожеговиќ, Милорад Боровиќ, Бора Радовановиќ, Драгомир Шевиќ, Добрила Цветковиќ, Стеван Јанковиќ, Милосав Ѓорѓевиќ, Гргур Бојиќ, Велимир Кљуз, Славко Тодоровиќ, Михаило Анѓелковиќ, Алија Алчек и Никола Наумовиќ. Види во: в. „Вардар", V, бр. 931,936, Скопље, 14 и 19.IX.1936, 1,2,2.

189 Главниот одбор на ЈРЗ го сочинуваа: др. Милан Стојадиновиќ, Антон Корошец, др. Мехмед Спахо, др. Шефкија Бехмен, др. Душан Давидовиќ, др. Војислав Јањиќ, Ѓура Јанковиќ, Угрин Јоксимовиќ, др. Франц Кларк, др. Михо Крек, др. Франц Куловац, др. Душан Летица, др. Миле Мишкулин, Светозар

што беше извршено конституирање и тоа: за претседател беше избран Милан Стојадиновиќ; за потпретседатели: Антон Корошец и Мехмед Спахо; за секретари: Душан Трифковиќ, Љубомир Пантиќ и Франц Смодеј, а за благајник: др. Душан Летица.[190]

По одржувањето на Конгресот уште повеќе се засилува активноста на ЈРЗ и на нејзините приврзаници во Вардарскиот дел на Македонија. Работата на месните и околиските одбори се одвиваше во полн ек, а Бановинскиот одбор како врховна партиска организација со полн ек ги водеше партиските работи. Дека организационата поставеност на ЈРЗ во Вардарска бановина добро беше организирана може да се види во Извештајот поднесен на Главниот одбор на ЈРЗ одржана во Белград на 7.VII.1936 година. Во него се констатира „дека од 24.XII.1935 до јули 1936 година во Вардарска бановина од вкупно 44 околии со 375 општини организацијата на ЈРЗ беше извршена во 38 околии. Не беа организирани 6 околии и тоа: Лесковачка, Масуричка, Кривопаланечка, Малешка, Кавадарска и Радовишка што значи во Вардарскиот дел на Македонија не беа организирани уште 4 околии.[191] Инаку до крајот на 1936 година активноста на

Станковиќ, др. Никола Новаковиќ, Љуба Пантиќ, Франц Смодеј, Добривоје Стошовиќ, Душан Трифковиќ, Стеван Ќириќ, Узеир Хаџи Хусеиновиќ, Драгиша Цветковиќ и Војко Чвркиќ. Види во; в. „Самоуправа", LVI, бр. 85, Београд, 2.VI.1936, 3; в. „Глас Полога", IV, бр. 167, Тетово, 6.VI.1936, 1.

190 Истото.

191 „Рад Главног одбора Југословенске радикалне заједнице", в. „Самоуправа", LVI, бр. 116, Београд, 8.VII.1936, 1,2.

организациите на ЈРЗ во Вардарскиот дел на Македонија ќе се сведе околу подготовките за предизборната активност за општинските избори.

## 3. СТАВОТ НА ГРАЃАНСКИТЕ ОПОЗИЦИОНИ ПАРТИИ СПРЕМА ПЕТОМАЈСКИТЕ ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ

Резултатите на петомајските парламентарни избори, со оглед на условите под кои беа спроведени, беа несомнено индикатор на политичкото расположение на избирачкото тело. Со исходот на изборите, во кој народното расположение не можеше потполно слободно да се изрази, уште во поостра форма беше поставен проблемот на демократизацијата на политичкиот живот. Раководствата на здружените опозициони групи не добиваат голема доверба кај избирачкото тело на единствена политичко-социјална програма, бидејќи со таква програма не ни излегуваат пред народот, затоа што ја немаа. Судејќи по тоа, може да се изведе заклучок, дека масата избирачи гласајќи за Здружената опозиција (а тоа се однесува и на Вардарскиот дел на Македонија) пред сé гласаше против владината комбинација на чело со Богољуб Јевтиќ, т.е. против една програма која битно не се разликуваше од политиката на претходните влади.

Резултатите на петомајските парламентарни избори покажаа дека граѓанските опозициони раководства имаа сéуште прилично влијание во народот. Тоа беше воглавно поради нивното опозиционо држење спрема владеачкиот режим од 6.I.1929 година наваму и

повремените истапувања со барања за воспоставување на слободен парламентарен живот и решавање на акутните политички и социјални проблеми. Гласајќи за листата на Здружената опозиција народот истовремено го поздравуваше првиот заеднички чекор, кој од 6.I.1929 година успеваат да го направат српските и хрватските опозициони групи, сметајќи го тоа како увод во понатамошните напори за решавање на горливите политички и социјални прашања.

По објавувањето на изборните резултати и распределбата на пратеничките мандати пред раководствата на Здружената опозиција, како едно од најактуелните прашања, се пставуваше прашањето дали со потврдените пратеници да се влезе во Народното собрание. Кај Раководството на СДК немаше колебање и тоа веднаш се одлучува да го бојкотира Собранието.

Што се однесува до прваците на демократите и земјоделците (Србијанските граѓански партии што дејствуваа во Вардарскиот дел на Македонија) во тој поглед имаше колебање. Ова колебање се објаснуваше воглавно со околноста дека ќе биде тешко да им се објасни на избирачите во Србија (а во тој склоп и на избирачите во Вардарскиот дел на Македонија) целисходноста на апстиненцијата како метода во политичката борба, особено после толку тешкотии во избирачката кампања.[192]

Меѓутоа, србијанскиот дел на Здружената опозиција го прифаќа бојкотот на новото Народно собрание, бидејќи ако предлогот не се

---

192 Dr Todor Stojkov, Opozicija u vreme šestojanuarske diktature 1929-1935, Beograd, 1969, 314.

усвоеше, таа ќе дојдеше во ситуација во Собранието да се појави со прилично мал број свои претставници, бидејќи поголемиот број на пратеници отпаѓаше на припадниците на СДК.[193]

Од друга страна, влегувајќи со своите неколкумина пратеници во Собранието, раководството на демократите и земјоделците би се изложиле на ризик со тоа што прекутно би ја признале исправноста на изборните резултати, а со распределбата на нивните пратенички мандати би ја прикажале својата сила и влијание во народот.

По согласноста за бојкот на Собранието, бидејќи претставниците на здружените опозициони групи не можеа да се согласат околу изработката на текстот на заедничката Резолуција, беше донесена одлука да се објават два документа: еден заеднички чија содржина ќе ја потпишат претставниците на сите групи и еден зад кој ќе стојат само претставниците на СДК.[194]

Во документот издаден на 30.V.1935 година, а потпишан од Љ. Давидовиќ, Ј. Јовановиќ, В. Мачек, и В. Вилдер (во името на С. Прибичевиќ), беа застапени ставовите на кои инсистираше србијанскиот дел на опозицијата. Во него, во прв план, беше истакната критика на режимот на Диктатурата и барањето за реставрација на слободниот парламентарен партиски живот, што

---

[193] Од 67 пратеници колку што добива Здружената опозиција на територијата на Дравска, Савска и Приморска бановина отпаѓаа 40, вклучувајќи го тука и В. Мачек. Покрај тоа, извесен број опозициони пратеници од територијата на Врбаска, Дринска и Дунавска бановина припаѓаа исто така на СДК. Види во: в. „Политика", XXXII, бр. 9722, Београд, 24.V.1935, 2.

[194] Dr Todor Stojkov, cit. delo..., 315.

треба да го овозможи решавањето на хрватското прашање. Покрај тоа, во врска со прашањето за предизборната кампања и фалсификувањето на изборните резултати, се сакаше што повеќе да се компромитира владата на Богољуб Јевтиќ. Своето образложение го завршуваат со констатацијата дека „Здружената опозиција ќе го продолжи започнатото заедничко дело до конечната победа, бидејќи е уверена дека сите прашања на нашата држава: политички, стопански и социјални можат да се решат само во слобода и само во договор со Србите, Хрватите и Словенците".[195]

Вториот документ го донесуваат пратениците и пратеничките кандидати од листата на Владимир Мачек, припадници на СДК, на седницата од 2.VI.1935 година во Загреб. Во него како основа се провлекува ставот на раководството на ХСС во врска со положбата на Хрватска во заедничката држава. Задоволувањето „на оправданите барања на хрватскиот народ" беше истакнато во многу остра форма: тоа е доведено во директна врска со понатамошниот опстанок на заедничката држава. Но, во документот сепак беше нагласено дека тоа прашање треба да се решава во рамките на Југославија. Во врска со тоа беше дадено посебно значење на политичката соработка на СДК со србијанските опозициони групи и дека спомената соработка треба да се продолжи и понатаму.[196]

Ваквиот став на раководствата на здружените опозициони групи

---

195 в. „Политика", XXXII, бр. 9734, Београд, 5.VI.1935, 1.

196 Prof. dr. Ferdo Čulinović, Dokumenti o Jugoslaviji, Zagreb, 1968, 328, 329.

спрема Собранието уште повеќе ги заострува односите меѓу владата и опозицијата. Овие внатрешно-политички прилики доведуваат до паѓање на владата на Богољуб Јевтиќ. Меѓутоа, опозицијата не можеше да очекува нешто повеќе и од новоформираната влада на Милан Стојадиновиќ.

Анализирајќи ги документите и изјавите на раководствата на Здружената опозиција може да се види дека никаде не се споменуваше постоењето на македонското национално прашање и неговото решавање. Како и ЈРЗ, така и опозиционите партии што дејствуваа во Вардарскиот дел на Македонија (Демократската и Земјоделската) не го признаваа постоењето на македонскиот народ како самостоен. Во изјавите и написите тие акцентот го ставаа на социјално-економските проблеми и на таа основа настојуваа со критика на владата и политиката на нејзината партија (ЈРЗ) да придобиваат приврзаници и симпатизери.

Инаку, по парламентарните избори во Вардарскиот дел на Македонијане не се забележува некоја поголема активност на опозиционите граѓански партии, поради тоа што тие беа повеќе окупирани и ангажирани околу внатрешните меѓусебни односи и преструктуирања. Сепак, и покрај тоа, Земјоделската и Демократската партија својата активност ја насочуваат околу придобивање на свои приврзаници. Така на 29.XII.1935 година во Скопје беше одржан собир на кој зборуваше Љуба Давидовиќ и неговите партиски пријатели како од Скопје така и оние кои дошле со него од Белград. На овој собир присуствуваат и повеќе пријатели на Љуба Давидовиќ кои дошле од другите места на

Вардарскиот дел на Македонија.[197]

Петомајските избори од 1935 година претставуваа крај на една фаза во собирањето и фузијата на групите во движењето „Збор".[198] Имено, по изборите, напоредно со пропагирањето на својата идеологија, Димитрије Љотиќ со своите најблиски соработници ќе се ангажира околу изработката на Правилата (Статутот) и околу пријавувањето, барајќи дозвола за официјално формирање на „Збор". Пред крајот на 1935 година Димитрије Љотиќ започнува со организирање на движењето. Сметајќи однапред на слаб одзив во масите тој најавува формирање на јадра од елитни приврзаници, само за да ги исполни формалностите околу формирањето на својата партија. Неговата акција ќе се движи во врбување пред сѐ на еден дел на дезориентираната младина, со цел од нив да формира ударни групи за борба против комунизмот.[199]

За да ја засили својата активност и за да добие повеќе приврзаници во Вардарскиот дел на Македонија, на 8.VIII.1935 година во Скопје Димитрије Љотиќ одржува Конференција на која присуствуваат околу 60 луѓе и на која беше изнесена идеологијата на движењето „Збор". Зборувајќи за незадоволството кое денес е општо во народот, Димитрије Љотиќ, ѝпрограмата на своето движење

---

197 „Збор г. Љ. Давидовића у Скопљу", в. „Време", XVI, бр. 5018, Београд, 30.XII.1935, 2.

198 Бранислав Глигоријевић, Политички покрети и групе с национал-социјалистичком идеологијом и њихова фузија у Љотићевом „Збору", Историјски гласник, бр. 4, 1965, Београд, 80.

199 Истото.

ја сведува на 3 основни проблеми: 1) прашањето на внатрешното уредување на земјата; 2) економско-социјалните неволји; 3) треба да се бара морално оздравување на земјата. Задржувајќи се притоа на партиско-политичкото групирање, кое се врши сега во земјата. Димитрије Љотиќ смета дека „ЈРЗ не може да биде со долг век, ниту пак е способна за голема државна политика која ја бара денешната ситуација".[200]

Треба да се истакне дека и Димитрије Љотиќ и неговото движење не ја признаваат македонската индивидуалност, што јасно се гледа од неговите настапи на собирите и конференциите.

Инаку, како политичка партија, народното движење „Збор" беше одобрена од Министерството за внатрешни работи, а по претходна согласност на Министерскиот совет на Кралството на Југославија, на 8.XI.1935 година.[201]

Целокупната понатамошна акција на оваа политичка партија ќе биде насочена кон нејзино организирање и придобивање на приврзаници и во Вардарскиот дел на Македонија.

200 „Конференција г. Љотића у Скопљу", в. „Политика", XXXII, бр. 9776, Београд, 9.VIII.1935, 2.

201 Одобрено је организовање политичке странке „Збор", в. „Време", XV, бр. 4967, Београд, 9Ø.XI.1935, 4; Младен Стефановић, Збор Димитрија Љотића, 1934-1945, Београд, 1984, 35,36.

# 4.ОПШТИНСКИТЕ ИЗБОРИ ВО ВАРДАРСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА

## а) Предизборната активност на Југословенската радикална заедница

Општинските избори во Вардарскиот дел на Македонија, односно во Вардарска бановина, беа закажани за 6.XII.1936 година. Истите требаше да се епроведат според одредбите на законот.[202]

Распишувањето на изборите беше причина за зголемена партиска

[202] Во одредбите на Законот, според кој предвидените општински избори требаше да се спроведат, беа предвидени извесни технички работи и предуслови кои мораа да се извршат, за да може правилно да се изврши изборната постапка. Одредувањето бројот на кандидатите на кандидатската листа беше предвидено според бројот на жителите на секоја општина. Оние општини кои имаа до 3.000 жители избираат вкупно 18 одборници; општините кои имаат од 3.000 - 5.000 жители избираат 24 одборници; општините од 5.000-8.000 жители избираат 30 одборници; а општините преку 8.000 жители избираат 36 одборници. Во текстот на секоја кандидатска листа се внесуваат основните лични податоци за оној одборнички кандидат кој е прв носител на листата. Веднаш по него, под бр. 2 доаѓаат по ред еден по друг другите изборни кандидати. Кандидатската листа требаше да ја потпишат предлагачите според следниот пропис кој го предвидуваше Законот и тоа: Во општините до 4.000 жители листата мораа да ја потпишат најмалку 40 предлагачи, а преку 4.000 жители најмалку 60 предлагачи. На кандидатската листа можеше да биде предлагано и избрано секое лице ако навршило 25 години од животот, со исклучок на одредени категории на лица кои работат и извршуваат задолженија во општината и др. Секоја кандидатска листа ќе треба да ја потврди надлежниот суд. Гласањето ќе се врши јавно. Изборните резултати и поделбата на одборничките места ги проверува и утврдува Избирачкиот одбор. Види во: „О гласачима, кандидатским листама и изборним радњама", в. „Самоуправа", LVI, бр. 175, Београд, 17.IX.1936, 4.

раздвиженост и политичка активност на граѓанските партии која се изразуваше преку нивната предизборна активност, а со цел за придобивање на избирачкото тело.

Сфаќајќи го значењето на општинските избори, Југословенската радикална заедница својата предизборна активност ја започнува на тој начин што нејзиниот Главен одбор издава упатства за работа и за предизборните должности на Месните,[203] Околиските[204] и на

[203] За општинските избори, во секоја општина, од страна на месните одбори мораа да бидат извршени следните должности: 1) Мораа да се пополнат и средат избирачките списоци на полноправните гласачи за дотичната општина; 2) Мораа да се подготват сите гласачки места; 3) Мораа благовремено да се пронајдат погодни лица за кандидатската листа и истите да ги верзираат за нивните должности, права и одговорности; 4) мораше да се изработи локална комунална програма со која кандидатите ќе излезат пред народот за да ја добијат неговата доверба.; 5) Мора да се организира лична агитација меѓу народот; 6) мора да се организираат конференции, собири и предавања; 7) мора да се организира постојана известителна служба и 8) да се организира агитација преку печатот во духот на програмата на ЈРЗ. Види во: „Прве практичне радње у вези са претстојећим општинским изборима", в. „Самоуправа", LVI, бр. 126, Београд, 20.VII.1936, 1.

[204] Околиските одбори за општинските избори ги имаат следните должности: 1) Секој од нив мора на својата територија да изврши преглед и ревизија на сите свои Месни организации и да утврди дали тие се компактни, способни и активни за работа и да преземе соодветни мерки во врска со тоа; 2) претставниците на Околискиот одбор мораат да одржат во дотичните месни одбори потребен број на седници, како и најмалку барем една општа Конференција на сите членови на Партијата во една општина, на која ќе се дадат потребни известувања за значењето и важноста на општинските избори, нагласувајќи какви должности имаат сите членови и што се очекува од нив; 3) Секој Околиски одбор мора да обрне особено внимание околу изборот на лицата за кандидатската листа, да ја контролира работата во таа насока и да ги потврдува кандидатските листи; 4) Најголема должност на секој Околиски одбор треба да биде однапред да направи сé за да во сите изборни општини на неговото подрачје листите на ЈРЗ добијат повеќе гласови. Види во: „Рад и одговорност Среских и Бановинских одбора наше

бановинските одбори,[205] како и за личната агитација.[206]

Со оглед на тоа што општинските избори во Вардарскиот дел на Македонија имаа не само големо значење во политички туку и во „национален" поглед ЈРЗ презема посебни мерки и активности во тој поглед. ЈРЗ ја започнува својата предизборна активност во Вардарскиот дел на Македонија уште пред распишувањето на

Странке код претстојећих општинских избора", в. „Самоуправа", LVI, бр. 154, Београд, 21.VIII.1936, 1.

205 Бановинските одбори на општинските избори во својата надлежност ја имаат задачата да ги поттикнуваат и контролираат во работата Околиските одбори. Секој Бановински одбор, според бројот на своите членови и бројот на околии во дотичната бановина, е должен да изврши распоред на лицата (подвлечено во оригиналот) и поделба на околиите над кои ќе се врши постојана контрола. Види во: „Рад и одговорност ...", в. „Самоуправа", LVI, бр. 154, Београд, 21.VIII.1936, 1,2.

206 За успешно спроведување на личната агитација во политички правец и меѓу политички неориентирани, залутани или рамнодушни маси потребно е секој Месен (Општински) одбор на Партијата да го има во предвид следното: 1) Да ги познава добро или да ги запознае сите оние редовни полноправни гласачи меѓу кои треба да ја организира и развива својата лична агитација (да се води сметка за занимањето, за социјалната и материјалната положба, за интелекруалните особини и за практичното искуство во политичкиот живот). Во тој поглед треба да се направи јасен план на работа и да се настојува истиот да се спроведе; 2) треба да се има во предвид тоа, дали се има доволен број на партиски сили, членови на организацијата кои можат да се искористат за лична агитација во предизборната акција. Тука мора да се води сметка, пред сé, таквото лице да биде сигурен и доверлив член и пријател на партијата. Агитаторот мора да биде добро писмен, начитан, добар говорник, вешт и лесно да се снаоѓа и со аргументи брзо да ги освојува луѓето. Притоа, треба да се води сметка за сродноста на агитаторот и средината во која тој треба да дејствува; 3) треба да се води сметка, секој во таа лична агитација да се вооружа добро со духовен материјал и со практични упатства (добро да се запознаат со Програмата и Статутот на Партијата). Види во: „Лична агитација при претстојећим општинским изборима", в. „Самоуправа", LVI, бр. 145, Београд, 21.VIII.1936, 1.

општинските избори. Имено, значењето на општинските избори во Вардарскиот дел на Македонија ќе го истакне и Драгиша Цветковиќ, Министер за социјална политика и народно здравје, на Бановинската конференција на ЈРЗ одржана во Скопје на 23.VIII.1936 година. Зборувајќи за остварувањето на политичката, економската и социјалната програма на ЈРЗ во Вардарскиот дел на Македонија тој ќе констатира дека: „...ЈРЗ на Југ (Вардарскиот дел на Македонија, б.м.) не треба да биде само тесна партиска организација, туку национална организација, со специјална национална мисија". Укажувајќи на важноста на општинските избори ќе изјави: „Јас мислам дека од најзначајните установи, низ кои може да се спроведе политичката работа, се овие мали и значајни политички заедници - општините. Ве молам на општинските избори да им посветите големо внимание. Во месец октомври во Вардарска бановина ќе бидат распишани општинските избори. Погрижете се на чело на општините да бидат одбрани добри и чесни луѓе, кои нашата политика преку овие установи ќе ја реализираат... Ако успееме на чело на општинските управи да донесеме наши луѓе, тогаш сме ја осигурале иднината на нашата Партија. Повторувам дека општинските избори се од локален карактер, но тие имаат голема политичка важност. Од успехот што ќе го постигнеме на општинските избори, може за долга низа години да се загарантира успехот на нашата Партија во овие краеви".[207] По распишувањето на општинските

---

207 „Бановинска конференција Југословенске радикалне заједнице у Скопљу", в. „Самоуправа", LVI, бр. 156, Београд, 24.VIII.1936, 1.; в. „Глас Полога", IV, бр. 179, Тетово,

избори во Вардарскиот дел на Македонија, на 9.X.1936 година во Скопје беше одржана Конференција на Бановинскиот одбор на ЈРЗ со која претседаваше Угрин Јоксимовиќ. Во присуство на Спиро Хаџи Ристиќ, Симо Андоновиќ, Стеван Симиќ, др. Часлав Никитовиќ, Стојадин Димитријевиќ, Зејнел Ибрахим, Живко Поповиќ, Свето Тасиќ, Драгутин Матовиќ, Михајло Каламатијевиќ, Душан Милошевиќ, Аќим Поповиќ и М. Главиниќ беше донесена одлука за изборната агитација за општинските избори. Притоа, беше констатирано дека на општинските избори во Вардарскиот дел на Македонија, односно Вардарска бановина, ЈРЗ ќе наиде на одличен прием и одзив кај народот.[208]

Во врска со одлуката на Бановинскиот одбор, а и во врска со Упатствата издадени од главниот одбор на ЈРЗ, на 25.X.1936 година во Скопје беше одржана Бановинска конференција под претседателство на Угрин Јоксимовиќ, претседател на Бановинскиот одбор на ЈРЗ за Вардарскиот дел на Македонија. односно Вардарска бановина. На неа учествуваа сите народни пратеници од Вардарска бановина, приврзаниците на ЈРЗ, потоа сенаторот Серафим Крстиќ, како и сите претседатели и потпретседатели на околиските одбори на ЈРЗ. По разгледувањето на сите политички прашања, на присутните им беа дадени правни објаснувања и упатства во поглед на целокупната работа во врска со општинските избори. На крајот

---

29.VIII.1936, 1, 2.

208 „Конференција претседништва Бановинског одбора у Скопљу", в. „Вардар", V, бр. 957, Скопље, 10.X.1936, 4.

беше усвоена Резолуција во која меѓу другото се вели:

1) Сите Околиски одбори да закажат околиски конференции во сите околиски места и за тоа да го известат Бановинскиот одбор, за да на тие конференции и собири земат учество прваците на ЈРЗ од Белград и од Вардарска бановина;
2) Сите Околиски одбори да се погрижат за што поголем број луѓе да го посетат големиот собир на ЈРЗ кој наскоро ќе се одржи во Скопје и на кој ќе зборува Милан Стојадиновиќ, претседател на Кралската влада и претседател на Главниот одбор на ЈРЗ;
3) Бановинскиот одбор да им испрати упатства на сите околиски одбори како треба да се постапува со утврдената кандидатска листа за општинските избори.[209]

За спроведување на одлуките на Бановинскиот одбор, во текот на октомври и ноември 1936 година, беа одржани повеќе конференции на Околиските одбори на ЈРЗ во Вардарскиот дел на Македонија, на кои се дискутираше за ангажирањето на народните пратеници и привржаниците на ЈРЗ околу организирањето на општинските избори. Притоа народните пратеници беа задолжени на теренот да одржат повеќе манифестациони собири на кои ќе го известуваат народот со работата и успехот на владата на Милан Стојадиновиќ, со значењето и потребата за истакнување на што подобри кандидати,

---

209 „Бановинска конференција Југословенске радикалне заједнице у Скопљу", в. „Самоуправа", LVI, бр. 209, Београд, 26.X.1936, 4; в. „Глас Полога", IV, бр. 179, Тетово, 31.X.1936, 3; в. „Вардар", V, бр. 973, Скопље, 26.X.1936, 3.

особено на оние кои ја уживаат народната доверба.[210]

Во врска со предизборната активност за општинските избори, претседателот на владата и претседател на Главниот одбор на ЈРЗ, Милан Стојадиновиќ со своите соработници во владата, министрите Драгиша Цветковиќ и др. Михо Крек, во периодот од 15-18 ноември 1936 година, изведува агитационен пат во Вардарскиот дел на Македонија и тоа во: Скопје, Тетово, Гостивар, Ростуше, Дебар, Охрид, Ресен, Битола, Велес и Штип. Во сите овие градови и попатни места тој на масовните собири во одржаните говори ги изнесува своите погледи за политичката и економската состојба во земјата, истакнувајќи притоа дека тој и неговата влада „... Југот (Вардарскиот дел на Македонија, б.м.) ќе го доведат до полн просперитет и дека владата и ЈРЗ ќе направат сè Вардарска бановина да стане една од најнапредните и најбогати краишта во земјата". Притоа, особено внимание во говорите посветува на јавните работи (изградбата на патишта и железнички пруги); на прашањето за афионот и тутунот, како и на унапредувањето не само на земјоделието туку и на занаетчиството, трговијата, банкарството и индустријата. Изнесувајќи ги своите погледи за економската и стопанската состојба воопшто, тој го истакнува своето мислење дека Вардарскиот дел на Македонија и неговото стопанство имаат исклучителна важност за целата земја. Затоа во своите говори тој го повикува народот на претстојните општински

210 „Пред општинске изборе у Дунавској и Вардарској бановини", в. „Самоуправа", LVI, бр. 240, Београд, 1.XII.1936, 4.

избори да ја даде својата доверба и гласови за кандидатите на ЈРЗ.[211]

Осврнувајќи се на работата и на активноста на опозиционите граѓански партии, Милан Стојадиновиќ истакнува: „Од сите опозициони групи ние озбилно сметаме само на др. Мачек и Хрватите кои тој ги претставува. Во поглед на договорот со нив ние нема да се натпреваруваме со оние наши опозиционери кои мислат дека со помош на Мачек можат еднаш да дојдат на власт. Бидејќи потполно и трагично ја губат довербата кај народот, никој повеќе не може да ги воскресне... Во овој момент ние сакаме од политичките прашања во потполност да се посветиме на општинските избори."[212]

Министерот Драгиша Цветковиќ, по заминувањето на Милан Стојадиновиќ, во Вардарскиот дел на Македонија, го продолжува агитациониот пат и тоа: во Куманово (18 ноември), во Крива Паланка, Прилеп, Кавадарци и Струмица (25 ноември), и во Гевгелија и Кочани (26 ноември). На масовните собири во овие градови, во своите говори, тој зборуваше за економската и политичката програма на владата и на ЈРЗ и нејзиното спроведување во овие места, агитирајќи во народот да гласаат за кандидатите на

211 в. „Вардар", V, бр. 985, Скопље, 16.XI.1936, 2,3,4; в. „Глас Полога", IV, бр. 191, Тетово, 24.XI.1936, 2,3; в. „Самоуправа", LVI, бр. 223, Београд, 20.XI.1936, 1,2,3; в. „Време", XVI, бр. 5334, 5335, 5336, Београд, 18, 19 и 20.XI.1936, 5,4,5.

212 „Величанствен збор ЈРЗ у Скопљу", в. „Вардар", V, бр. 985, Скопље, 16.XI.1936, 2,3,4.

ЈРЗ.[213]

Треба да се истакне дека на овие манифестациони собири, покрај Милан Стојадиновиќ и Драгиша Цветковиќ, агитациони говори одржуваа и народните пратеници од дотичните околии, а кои беа во нивна придружба, а исто така и на самостојните истапи на организираните манифестациони собири и конференции (Угрин Јоксимовиќ, Стојан Димитријевиќ, Тодор Живковиќ, Михајло Каламатијевиќ, Стојан Крстиќ, Часлав Никитовиќ, Милош Иванчевиќ, Михаило Поповиќ, Мухарем Бајрактаревиќ, Драгутин Јовановиќ и други).[214]

Во текот на октомври и ноември 1936 година се одржуваат конференции на месните и на околиските одбори на кои беа предлагани и кандидати за кандидатските листи на ЈРЗ за претстојните општински избори. [Види: Прилог бр. III/1-29]. претежно беа предлагани кандидати кои одговараа на критериумите на ЈРЗ, т.е. лица кои ја имаа докажано својата лојалност кон ЈРЗ, лица кои беа докажани на „национален" план и кои беа гаранција дека во својата понатамошна работа успешно ќе ја спроведуваат политиката на ЈРЗ и на владата на М. Стојадиновиќ.

213 в. „Време", XVI, бр. 5334, Београд, 19.XI.1936, 5. в. „Самоуправа", LVI, бр. 236, 237, Београд, 26 и 27.XI.1936, 3, 3, 4.

214 в. „Вардар", V, бр. 977, 978, 825, 993, 994, 1002, 1004, Скопље, 30 и 31.X., 8, 24 и 25 XI, и 3 и 5 XII.1936, 2;4;2;2;1;3; в. „Самоуправа", LVI, бр. 164, 223, Београд, 3.IX. и 11 и 18.XI.1936, 4;4;4.

### б) Предизборната активност на граѓанските опозициони партии

Општинските избори, како важен политички настан, предизвикуваат голема раздвиженост кај граѓанските вонпарламентарни опозициони партии и групи, кои во врска со тоа започнуваат подготовки во врска со своите предизборни активности.

Иако општинските избори, со оглед на посебниот локален карактер, не го условуваа и не го наложуваа заедничкото истапување на сите групи на Здружената опозиција, нивните раководства сакаа веќе постоечката техничка соработка, помеѓу белградските опозициони групи и СДК да се сочува, развивајќи ја и понатаму во срдечна и пријателска атмосфера.[215]

Србијанскиот дел на Здружената опозиција (чиј терен на дејствување и активност беше Вардарскиот дел на Македонија) и покрај локалниот карактер на општинските избори, во поглед на поставувањето на кандидатски листи и одредување на кандидати, одлучува да истапува согласно и договорно. Тоа беше разгледувано на посебните состаноци.

Во смисла на овие одлуки Љубомир Давидовиќ, шеф на бившата Демократска партија, со писма им дава на сите свои приврзаници први директиви во овој правец. Шефот на бившата Земјоделска партија, Јован Јовановиќ, после одржаната Конференција со членовите на раководствата на својата партија, исто така ги

215 „Општински избори повећање активност свих политичких група, в. „Време", XVI, бр. 5202, Београд, 18.VII.1936, 4.

известува бившите земјоделски организации за потребата од договорно и заедничко истапување со другите опозициони вонпарламентарни групи.

На состанокот од 17.VII.1936 година беше постигнат договор меѓу претставниците на демократите, земјоделците и групата на бившите радикали за заеднички настап на општинските избори.[216] Во врска со овој договор на Конференцијата со новинарите, одржана на состанокот, Лазар Марковиќ, еден од најактивните политичари од групата на бившите радикали ќе изјави: „Нашата група донесе одлука со привrзаниците на Јован Јовановиќ, шеф на бившата Земјоделска партија, и со привrзаниците на Љубомир Давидивиќ, шеф на бившата Демократска партија, да оди заеднички и договорно на претстојните општински избори. Притоа, не може да постои никакво сомнение дека нашите 3 групи ќе работат во сé согласно со Селско-демократската коалиција. Со оглед на тоа што општинските избори, според сегашниот Закон се вршат по бановини, тоа значи, дека овој договор на србијанските групи на Здружената опозиција ќе дојде првенствено до примена на теренот во нашите краеви (што значи и во Вардарскиот дел на Македонија, б.м.).

За донесувањето на оваа политичка одлука ние бевме

216 На состанокот беше постигнат договор меѓу претставниците на демократите и земјоделците, Божидар Влајиќ и др. Милан Гавриловиќ, со претставниците на групата на бившите радикали, околу Мишо Трифуновиќ, Крсто Милетиќ и Милош Бобиќ, за заедничко и договорно истапување на општинските избори. Види во: „Србијанске групе удружене опозиције иступају заједнички на општинске изборе у споразуму са СДК", в. „Време", XVI, бр. 5210, Београд, 18.VII.1936, 4.

раководени пред сé од желбата здравите сили на народот да не се цепат и со создавање на поволна ситуација на чело на општинските управи, без оглед на поранешната партиска припадност, да дојдат што поисправни, поспособни и чесни луѓе чија вистинска вредност ќе биде најдобра гаранција за задоволување на најбитните општински интереси.

Впрочем и нашата група ќе упати до нашите приврзаници посебно писмо, а сите србијански групи на Здружената опозиција, ќе се обратат до своите приврзаници со посебен проглас кој ќе го потпишат сите шефови од сите групи".[217]

Предизборната активност на Здружената опозиција во Вардарскиот дел на Македонија ја започнува Божидар Влајиќ, член на Работничкиот одбор на Здружената опозиција, кој во периодот од 23 јули до 6 август 1936 година изведува агитационен пат, посетувајќи ги Скопје, Гостивар, Дебар, Струга, Охрид, Кичево, а во Тетово престојува неколку дена. Во сите овие места тој одржува потесни конференции и состаноци со своите партиски пријатели по повод претстојните општински избори. Така на пример, во Тетово одржува состанок со најприврзаните тетовски младинци, а исто така и во Скопје одржува неколку состаноци.[218]

Треба да се истакне дека во Вардарскиот дел на Македонија, од србијанските групи на Здружената опозиција, доста големо

---

217 Истото.

218 „Агитационо путовање г. Б. Влајића по Јужној Србији", в. „Време", XVI, бр. 5230, Београд, 7.VIII.1936, 4.

влијание имаа демократите. Голем собир на бившата Демократска партија беше одржан во Куманово на 11.Х.1936 година. Иако од порано беше објавено дека на истиот ќе зборува и Љубомир Давидовиќ, но поради спреченост (болест), како негов делегат беше испратен Божидар Влајиќ, еден од неговите најблиски соработници. По одржаниот говор на Божидар Влајиќ, на собирот зборуваше и Радмило Стојиљковиќ, народен пратеник на листата на Владимир Мачек. Притоа, тој ги повикуваше своите избирачи во политичката борба да истапуваат исто како и на петомајските избори во 1935 година.[219]

За групите од Здружената опозиција беше значајно тоа што во својата предизборна активност во Вардарскиот дел на Македонија се задржуваат воглавно на социјално-економските проблеми, критикувајќи ја владата и ЈРЗ на тој план. Исто како и ЈРЗ така и србијанските партии на Здружената опозиција, од национално политичко гледиште сметаа дека „Јужна Србија" е апсолутно иста како и Северна Србија, но Јужна Србија е поделена и верски и класно и културно, а северна Србија не. Затоа во Јужна Србија, не треба да се мисли на некоја друга **национална** политика, туку на **локална** политика".[220]

Од ова јасно се гледа дека не се признаваше македонската национална индивидуалност.

219 „Велики збор бивше Демократске странке у Куманову", в. „Време", XVI, бр. 5296, Београд, 12.X.1936, 4.

220 „Полемика поводом Јужне Србије", в. „Самоуправа", LVI, бр. 118, Београд, 16.VII.1936, 1.

Како и на петомајските парламентарни избори така и на овие општински избори Здружената опозиција ја имаше поддршката на комунистичкото и македонското националноослободително движење. Имено, општинските избори беа причина за поголемо зближување на Комунистичката партија и на МАНАПО со некои полево ориентирани партии од Здружената опозиција во рамките на народнофронтовската програма и тактика. Тоа особено беше карактеристично за оние градови и места каде угледот и влијанието на комунистите беа големи и каде што тие успеваат во соодветна форма да ја користат платформата на МАНАПО за пошироко собирање на партиските, демократските и антифашистички сили.[221] Тоа беше особено карактеристично за Велес и Прилеп, што подоцна ќе го покажат и изборните резултати.[222]

Владата на Милан Стојадиновиќ на разни начини настојуваше да ја оневозможи и омаловажи Здружената опозиција во нејзината предизборна активност. Давајќи карактеристика за Здружената опозицијатаа ќе констатира дека: „Здружената опозиција составена од 3 хетерогени групации со спротивни програми, кои само големата невоља ги здружила. Досегашната изборна кампања покажува дека оваа групација истапува единствено и исклучиво со празни зборови и ветувања на народот. Немајќи заедничка програма тие ќе се

221 Историја на македонскиот народ, кн. III, Скопје, 1969, 102.

222 Истото; А. ИНИ, ф.: Сеќавања..., (Мире Анастасов, цит. дело..., 45.

обидат и со демагогија да постигнат некој успех".[223]

Имено, владата со помош на полицијата и жандарите го оневозможуваше одржувањето на собирите на Здружената опозиција, ги растеруваше нивните приврзаници и сеејќи терор, настојуваше да ги присили избирачите да гласаат за кандидатите на нејзината партија - за ЈРЗ. На разни начини беше спречувано истакнувањето на опозиционите кандидатски листи. Поради антидемократските постапки на владата само во ограничен број на општини во Вардарскиот дел на Македонија беа допуштени опозициони кандидатски листи и тоа под фирмата на србијанските партии. Но, и покрај тоа, Здружената опозиција во Вардарскиот дел на Македонија за општинските избори успева да постави кандидатски листи, иако не во сите општини. [Види: Прилог бр. III/1-29].

За престоечките општински избори својата активност ја започнува и ЈНС. И покрај внатрешните партиски несогласувања и разидувања,[224] Извршниот одбор на ЈНС, на седницата одржана на 31.VII. и 1.VIII.1936 година, на која покрај разгледувањето на повеќе политички прашања беше дискутирано и за претстојните општински избори и во врска со тоа беше донесен заклучок ЈНС да

---

223 в. „Глас Полога", IV, бр. 176, Тетово, 8.VIII.1936, 1.

224 Несогласувањата настануваат по ќонгресот на ЈНС кога за нејзин шеф беше избран Петар Живковиќ, а за почесен претседател Никола Узуновиќ. Меѓутоа, кога во редовите на ЈНС повторно е примен Богољуб Јевтиќ, Никола Узуновиќ поднесува оставка на функцијата почесен претседател, а тоа доведува до разидувања и расцеп во редовите на ЈНС. Види во: „Оставка г. Узуновића изазвала је пометњу и расцеп у вођству ЈНС", в. „Време", XVI, бр. 5302, Београд, 18.X.1936, 7.

земе најактивно учество на општинските избори и да подготви упатства за своите организации во тој поглед.[225]

За да се постигне поголем успех на изборите ЈНС прави напори за создавање на „Национален фронт". Покрај ЈНС и Богољуб Јевтиќ овој „Национален фронт" би го сочинувале и групите на Димитрије Љотиќ и Светислав Хоѓера.[226] Но, последниве двајца ја одбиваат оваа соработка и заедничко истапување на општинските избори.

Инаку, во Вардарскиот дел на Македонија ЈНС настојува да ја оживи својата политичка активност преку своите приврзаници. Преку Јован Алтипармаковиќ и Јован Алексиќ се настојуваше да се воскресне ЈНС на теренот.[227] Меѓутоа, остатоците на некогашните организации на ЈНС беа разбиени, така да не можеше да се очекува некој поголем успех на општинските избори. Владата на Милан Стојадиновиќ и спрема оваа граѓанска опозициона партија преземаше мерки за да ја дискредитира и омаловажи меѓу народот во Вардарскиот дел на Македонија, истакнувајќи дека: „Оваа партија нема да смее секаде да ги истакнува своите листи, бидејќи и секаде нема свои приврзаници за да може да ги состави".[228]

Но, и покрај сите внатрешни разидувања и несогласувања, од една, и разните пречки што и беа правени од страна на органите на

---

225 „Одлуке Извршног одбора ЈНС", в. „Време", XVI, бр. 5225, Београд, 2.VIII.1936, 5.

226 Општински избори повећаће активност свих политичких група", в. „Време", XVI, бр. 5202, Београд, 10.VII.1936, 4.

227 в. „Глас Полога", IV, бр. 176, Тетово, 8.VIII.1936, 1.

228 в. „Вардар", V, бр. 913, Скопље, 27.VIII.1936, 1.

власта, од друга страна, ЈНС сепак успева во некои општини во Вардарскиот дел на Македонија да истакне свои кандидати на кандидатските листи [Види: Прилог бр. III/1-29].

Предизборната активност за општинските избори на вонпарламентарните опозициони групи на Светислав Хоѓера и на Димитрије Љотиќ во Вардарскиот дел на Македонија исто така започнува да се одвива.

Иако претрпуваат тежок пораз на парламентарните избори во 1935 година Збораштите одлучуваат да излезат и на општинските избори, верувајќи дека овој пат ќе имаат повеќе успех. Одлучуваат на овие избори да бидат знатно поактивни. За разлика од другите граѓански политичари „Збор" не намераваше да кандидира исклучиво членови на своето движење туку и сите оние кои не се согласуваат ни со една од другите политички групи. По одобрувањето и регистрирањето на политичката партија „Збор" на Димитрије Љотиќ, тој и неговите приврзаници ќе се ангажираат околу здобивањето на свои приврзаници. Во врска со општинските избори, Димитрије Љотиќ во Вардарскиот дел на Македонија изведува агитационен пат од 20 до 25 јули 1936 година. Притоа ги посетува Куманово, Битола, Охрид, Тетово и Скопје. Во сите овие места тој одржува неколку разни предавања на тема „Нашиот пат", т.е. ги изнесува Смерниците и Програмата на своето движење.[229] Меѓутоа, партијата на Д. Љотиќ,може да се каже, дека не беше некој сериозен конкурент

---

[229] „Агитациони пут г. Лотића по Јужној Србији", в. „Време", XVI, бр. 5213, 5215, 5218, Београд, 21, 23 и 24 јули 1936, 4, 4, 4.

на овие општински избори. Неговите агитации, како и оние на неговите приврзаници, не наидуваат на добар прием кај народот во Вардарскиот дел на Македонија, што може да се види и од поставувањето на кандидатските листи. [Види: Прилог бр. III/1-29].

### в) Резултати на општинските избори

РЕзултатите на општинските избори во Кралството на Југославија, спроведени во периодот од 27.IX. до 6.XII.1936 година, беа следните: Изборите беа извршени во 3.762 општини во кои имаше 3.391.526 избирачи од кои гласаа 2.239.756 или 66,0%.

Во 9 бановини беа постигнати следните резултати:

- За Југословенската радикална заедница гласаа: 1.374.262 или 61,4%; добива во: 2.626 општини или 69,8%.
- За Југословенската радикална заедница (компр.) гласаа: 10.069 или 0,4%; добива во: 15 општини или 0,4%.
- За Здружената опозиција гласаа: 248.137 или 11,1%; добива во: 19 општини или 0,6%.
- За бившите земјоделци гласаа: 15.056 или 0,7%; добива во: 19 општини или 0,6%.
- За бившата ХСС гласаа: 348.092 или 15,5%; добива во: 507 општини или 13,5%

- За бившата ХСС (неофицијална) гласаа: 13.932 или 0,6%; добива во: 13 општини или 0,3%.

- За Југословенската радикална странка гласаа: 36.108 или 1,6%; добива во: 29 општини или 0,8%.

- За Борбашите гласаа: 44.984 или 2,0%; добива во: 68 општини или 1,8%.

- За неопределените гласаа: 66.406 или 3,0%; добива во: 74 општини или 2,0%.

- За бившата СДК гласаа: 22.492 или 1,0%; добива во: 23 општини или 0,6%.

- За Граѓанската гласаа: 29.147 или 1,3%; добива во: 24 општини или 0,6%.

- За селското движење на В.Ѓорѓевиќ гласаа: 6.071 или 0,3%; добива во: 11 општини или 0,3%.

- За Љотиќ - „Збор" гласаа: 6.021 или 0,3%; добива во: 10 општини или 0,3%.

- За Неутралната господарска гласаа: 1.458 или 0,1%; добива во: 1 општини или 0,0%.

- За бившата СДС гласаа: 2.874 или 0,1%; добива во: 2 општини или 0,1%.

- За вонпартиската гласаа: 1.521 или 0,1%; добива во: 2 општини или 0,1%.

- За комбинираната листа на опозицијата гласаа: 758 или 0,0%; добива во: 1 општини или 0,0%.
- За групата на А. Станојевиќ гласаа: 3.038 или 0,1%; добива во: 4 општини или 0,1%.
- За бившите демократи (Давидовиќ) гласаа: 4.210 или 0,2%; добива во: 10 општини или 0,3%.
- За комбинираната здружена опозиција - бивша земјоделска гласаа 371 или 0,0%; добива во: 2 општини или 0,1%.
- За германската гласаа: 1.297 или 0,1%; добива во: 3 општини или 0,1%.
- За бившата хрватска пучка партија гласаа: 175 или 0,0%; не добива во ни една општина.
- За другите гласаа: 3.277 или 0,1%; не добива во ни една општина.

Оваа состојба беше на ден 7.XII.1936 година. Во горенаведените резултати не се пресметани 6 општини во Зетска бановина, 3 во Дринска, 4 во Савска, 14 во Дунавска и 4 општини во Вардарска бановина, каде што изборите ќе се одржат подоцна во согласност со чл. 49 и чл. 50 од Законот за општините.[230]

На општинските избори што се извршија во Вардарска бановина на 6.XII.1936 година беа постигнати следните резултати:

230 „Дефинитивни резултати општинских избора", в. „Самоуправа", LVI, бр. 247, Београд, 10.XII.1936, 2.

Од 377.430 запишани гласачи во 365 општини гласале 262.263 или 69,5%. Од овој број добија гласови:

- Југословенската радикална заедница: 234.210 или 89,3%.
- Здружената опозиција: 17.276 или 6,5%.
- Неопределените: 4.139 или 1,6%.
- Граѓанската: 2.088 или 0,8%.
- Југословенската национална странка: 2.156 или 0,8%.
- Групата на Аца Станојевиќ: 1.233 или 0,5%.
- Компромисната: 703 или 0,3%.
- Бившите земјоделци: 440 или 0,2%.
- Љотиќевиот „Збор": 18 или -.

Во Вардарска бановина изборите беа одржани во 365 општини, а во 4 општини беа одложени. Општини добиваат:

- Југословенската радикална заедница: 344 општини или 94,3%.
- Неопределените: 7 општини или 1,9%.
- Граѓанската: 2 општини или 0,5%.
- Југословенската национална странка: 2 општини или 0,5%.
- Компромисната: 1 општини или 0,3%.[231]

---

231 „Дефинитивни резултати општинских избора у Вардарској бановини", в. „Вардар", V, бр. 1009, Скопље, 10.XII.1936, 1; в. „Самоуправа", LVI, бр. 246, Београд, 8.XII.1936, 3; в. „Време", XVI, бр. 5553, Београд, 8.XII.1936, 9.

На општинските избори во Вардарскиот дел на Македонија беа избрани следните кандидати:

1) Околија Малешка

- Општина Беровска: Ролевиќ Атанас (ЈРЗ) - 316 гласа; Пехчевиќ А. Петар (Здружена опозиција) - 150 гласа;
- Општина Владимирска: Механџиќ Ристо (ЈРЗ) - 332 гласа; Чамиловиќ Јован (Здружена опозиција) - 10 гласа;
- Општина Митрашинска: Златковиќ Атанас (ЈРЗ) - 171 гласа;
- Општина Пехчевска: Енглезовиќ Јован (ЈРЗ) - 331 глас; [Види: Прилог бр. III/1].

2) Околија Мариовска

- Општина Бачка: Константиновиќ Ѓорѓе (ЈРЗ) - 387 гласа; Ташковиќ Илија (ЈРЗ) - 386 гласа; Костиќ Коста (Здружена опозиција) - 21 глас;
- Општина Добрушевска: Поповиќ Мирче (ЈРЗ) - 308 гласа; Трајковиќ Боше (ЈРЗ) - 374 гласа;
- Општина Кременичка: Беќировиќ Шабан (ЈРЗ) - 320 гласа;
- Општина Новачка: Живковиќ Јанко (ЈРЗ) - 256 гласа; Стефановиќ Вељан (ЈРЗ) - 312 гласа; Здравковиќ Стојан (Здружена опозиција) - 59 гласа;
- Општина Старовинска: Васиљевиќ Миле (ЈРЗ) - 189 гласа; [Види: Прилог бр. III/2].

3) <u>Околија Битолска</u>

- <u>Општина Буковска</u>: Богдановиќ И. Василије (ЈРЗ) - 423 гласа;
- <u>Општина Велушинска</u>: Недељковиќ Ј. Периклије (ЈРЗ) - 608 гласа; Димовиќ Димо (Здружена опозиција) - 255 гласа;
- <u>Општина Диховска</u>: Димитријевиќ Тома (ЈРЗ) - 635 гласа;
- <u>Општина Ивањевска</u>: Чочоровиќ Н. Атанас (ЈРЗ) - 564 гласа; Наумчевиќ Стеван (ЈНС) - 1 глас;
- <u>Општина Кожанска</u>: Крковиќ И. Јован (ЈРЗ) - 448 гласа;
- <u>Општина Логоварска</u>: Марковиќ Л. Тале (ЈРЗ) - 165 гласа;
- <u>Општина Могилска</u>: Божиновиќ Андон (ЈРЗ) - 427 гласа; Јошевиќ Трајан (Здружена опозиција) - 71 глас;
- <u>Општина Секиранска</u>: Кузмановиќ С. Диме (ЈРЗ) - 304 гласа;
- <u>Општина Струговска</u>: Николиќ И. Веле (ЈРЗ) - 392 гласа; Грујовиќ С. Цветан (ЈНС) - 25 гласа; [Види: Прилог бр. III/3]

4) <u>Околија Дојранска</u>

- <u>Општина Валандовска</u>: Станковиќ Драгутин (ЈРЗ) - 639 гласа; Радовиќ Петко (ЈРЗ) - 744 гласа;
- <u>Општина Дојранска</u>: Грошевиќ Димитрије (ЈРЗ) - 313 гласа; Димевиќ Мита (ЈРЗ) - 398 гласа; [Види: Прилог бр. III/4]

5) Околија Велешка

- Општина Башиноселска: Анѓелковиќ Стојан (ЈРЗ) - 203 гласа;
- Општина Богомилска: Деловиќ-Нациќ Петар (ЈРЗ) - 255 гласа; Костадиновиќ Таса (ЈРЗ) - 254 гласа;
- Општина Велешка: Јанковиќ Анѓелко (ЈРЗ) - 1.262 гласа; Маричиќ Љубомир (Здружена опозиција) - 1.062 гласа;
- Општина Којничка: Јововиќ Анастас (ЈРЗ) - 136 гласа;
- Општина Горноврановска: Јанузовиќ Шаќир (ЈРЗ) - 199 гласа;
- Општина Иванковачка: Исмаиловиќ Амет (ЈРЗ) - 168 гласа;
- Општина Изворска: Јаниќијевиќ Димитрије (ЈРЗ) - 235 гласа;
- Општина Јабучишка: Џаферовиќ Мумир (ЈРЗ) - 156 гласа;
- Општина Језгропољска: Асановиќ Риза (ЈРЗ) - 278 гласа;
- Општина Лисичка: Анчевиќ Јован (ЈРЗ) - 94 гласа;
- Општина Мелничка: Мустафовиќ Рамадан (ЈРЗ) - 192 гласа;
- Општина Оризарска: Шашовиќ Зулфија (ЈРЗ) - 115 гласа;
- Општина Подлешка: Јанковиќ Тодор (ЈРЗ) - 127 гласа;
- Општина Раштанска: Васиљевиќ Анастас (ЈРЗ) - 189 гласа;
- Општина Рудничка: Ѓуровиќ Костадин (ЈРЗ) - 121 глас;
- Општина Теовска: Јаниќ Петруш (ЈРЗ) - 227 гласа;
- Општина Чашка: Маневиќ Костадин (ЈРЗ) - 111 гласа;

- Општина Чичевска: Солдатовиќ Драгиша (ЈРЗ) - 199 гласа; [Види: Прилог бр. III/5]

6) Околија Горнополошка

- Општина Бањичка: Апостоловиќ Симо (ЈРЗ) - 397 гласа; Халитовиќ Зендел (ЈРЗ) - 394 гласа;
- Општина Врапчишка: Исљамовиќ Азис (ЈРЗ) - 272 гласа; Јакуповиќ Абдула (ЈРЗ) - 128 гласа; Исљаковиќ Беќир (Здружена опозиција) - 61 глас;
- Општина Вруточка: Анѓелковиќ Душан (ЈРЗ) - 369 гласа; Амзовиќ Јусуф (ЈРЗ) - 238 гласа;
- Општина Гостиварска: Мојсиќ Ќиро (ЈРЗ) - 677 гласа; Сотировиќ Деспот (Граѓанска) - 368 гласа;
- Општина Железноречка: Велијевиќ Вели (ЈРЗ) - 344 гласа;
- Општина Зубовачка: Максимовиќ Лазар (ЈРЗ) - 365 гласа; Паниќ Живко (Здружена опозиција) - 8 гласа;
- Општина Мавровска: Трифуновиќ Каранфил (ЈРЗ) - 122 гласа;
- Општина Пожаранска: Бејадиновиќ Арслан (ЈРЗ) - 227 гласа;
- Општина Чајланска: Исеиновиќ Деар (ЈРЗ) - 419 гласа; Аметовиќ Мемед (ЈРЗ) - 388 гласа; [Види: Прилог бр. III/6].

7) Околија Горнодебарска

- Општина Горножупска: Фератовиќ Аќиф (ЈРЗ) - 222 гласа;

- <u>Општина Дебарска</u>: Златко Бајрам Мухамедовиќ (ЈРЗ) - 824 гласа; Куновиќ Јаков (ЈРЗ) - 392 гласа;
- <u>Општина Долножупска</u>: Симоновиќ Спасо (ЈРЗ) - 493 гласа;
- <u>Општина Косоврашка</u>: Стевановиќ Данило (ЈРЗ) - 267 гласа;
- <u>Општина Манастирачка</u>: Лековиќ Јован (ЈРЗ) - 151 глас;

8) <u>Околија Гевгелиска</u>

- <u>Општина Богданачка</u>: Поп Ѓорѓевиќ Ристо (ЈРЗ) - 432 гласа; Каркаљашевиќ Ѓорѓе (Здружена опозиција) - 426 гласа;
- <u>Општина Гевгелиска</u>: Таралајковиќ Коста (ЈРЗ) - 716 гласа; Митовиќ Тошо (Здружена опозиција) - 669 гласа; Андоновиќ Ѓорѓе (ЈНС) - 23 гласа;
- <u>Општина Коњска</u>: Ковачевиќ Јован (ЈРЗ) - 158 гласа; Петровиќ Атанас (Здружена опозиција) - 1 глас;
- <u>Општина Мирковачка</u>: Танчевиќ Јован (ЈРЗ) - 311 гласа;
  [Види: Прилог бр. III/8]

9) <u>Околија Поречка</u>

- <u>Општина Дебрешка</u>: Петровиќ Илија (ЈРЗ) - 567 гласа; Терзијевиќ Венче (ЈРЗ) - 459 гласа;
- <u>Општина Јужнобродска</u>: Димовиќ Михајло (ЈРЗ) - 420 гласа;
- <u>Општина Локвичка</u>: Митановиќ Цветан (ЈРЗ) - 243 гласа;
- <u>Општина Манастирачка</u>: Ѓорѓевиќ Ѓорѓе (ЈРЗ) - 243 гласа;
- <u>Општина Растешка</u>: Трајановиќ Софроније (ЈРЗ) - 206 гласа;

- Општина Самоковска: Јовиќ С. Бранко (ЈРЗ) - 280 гласа; [Види: Прилог бр. III/9].

10) Околија Кавадарска

- Општина Бегнишка: Даскаловиќ Илија (ЈРЗ) - 156 гласа; Тодоровиќ Тодор (Здружена опозиција) - 116 гласа;
- Општина Бојанчишка: Поп-Ѓорѓевиќ Митар (ЈРЗ) - 256 гласа;
- Општина Градска: Поповиќ Драгутин (ЈРЗ) - 275 гласа;
- Општина Дреновска: Поповиќ Илија (ЈРЗ) - 455 гласа;
- Општина Кавадарска: Тодоровиќ Петар (ЈРЗ) - 765 гласа; Марковиќ Бошко (Здружена опозиција) - 451 глас;
- Општина Крњевска: Лазаревиќ Тодор (ЈРЗ) - 251 глас; Стојевиќ Андон (ЈРЗ) - 240 гласа; Деловиќ Диме (ЈНС) - 58 гласа;
- Општина Маренска: Камчевиќ Боривоје (ЈРЗ) - 113 гласа;
- Општина Рожденска: Сакалијевиќ Јанче (ЈРЗ) - 142 гласа; [Види: Прилог бр. III/10].

11) Околија Кичевска

- Општина Бржданска: Костиќ Богдан (ЈРЗ) - 301 глас;
- Општина Доленачка: Аврамовиќ Милосим (ЈРЗ) - 399 гласа;
- Општина Карабуничка: Спасеновиќ Вељко (ЈРЗ) - 226 гласа;
- Општина Кичевска: Милошевиќ Цветан (ЈРЗ) - 879 гласа;
- Општина Кленовачка: Никодиновиќ Блаже (ЈРЗ) - 363 гласа;
- Општина Малоцерска: Спасиќ Ѓорѓе (ЈРЗ) - 284 гласа;

- Општина Мидиначка: Решитовиќ Реџеп (ЈРЗ) - 540 гласа;
- Општина Орланачка: Ѓорѓевиќ Живко (ЈРЗ) - 461 глас;
- Општина Премљанска: Лазиќ Светомир (ЈРЗ) - 332 гласа; Николиќ Крсто (ЈРЗ) - 205 гласа;
- Општина Раштанска: Коруновиќ Милетије (ЈРЗ) - 324 гласа;
- Општина Тајмишка: Грујиќ Грујо (ЈРЗ) - 39 гласа; Антиќ Стојко (ЈРЗ) - 21 глас; [Види: Прилог бр. III/11].

12) Околија Кочанска

- Општина Блатачка: Малчевиќ Јордан (ЈРЗ) - 541 глас;
- Општина Виничка: Амповиќ Милан (ЈРЗ) - 683 гласа; Кртовиќ Богољуб (ЈРЗ) - 414 гласа;
- Општина Зрновска: Вучковиќ Радован (ЈРЗ) - 423 гласа;
- Општина Кочанска: Двојаковиќ Јован (ЈРЗ) - 668 гласа; Џидровиќ Благоја (ЈРЗ) - 1115 гласа; Андоновиќ Милан (Здружена опозиција) - 12 гласа;
- Општина Оризарска: Крстиќ Анѓел (ЈРЗ) - 387 гласа; Трајковиќ Дивание (Здружена опозиција) - 35 гласа;
- Општина Соколарска: Гацовиќ Тодор (ЈРЗ) - 576 гласа; Стојмиловиќ Борис (Здружена опозиција) - 187 гласа; [Види: Прилог бр. III/12].

13) Околија Кривопаланечка

- Општина Ѓерманска: Величковиќ Петар (ЈРЗ) - 276 гласа; Ѓуриќ Младен (ЈРЗ) - 184 гласа;
- Општина Жидиловска: Илиќ Станојко (ЈРЗ) - 389 гласа; Спасиќ Стевче (ЈРЗ) - 271 глас;
- Општина Кривопаланачка: Јаќимовиќ Петруш (ЈРЗ) - 953 гласа; Величковиќ Димитрије (ЈРЗ) - 351 глас; Анѓелковиќ Иван (Здружена опозиција) - 34 гласа;
- Општина Раткова: Можднвњачка: Стојановиќ Симон (ЈРЗ) - 272 гласа; Ристиќ Божин (неопределен) - 207 гласа; Начевиќ Никола (ЈРЗ) - 165 гласа;
- Општина Петраљичка: Трајковиќ Ставре (ЈРЗ) - 307 гласа; Димитријевиќ Денко (ЈРЗ) - 176 гласа; Вељковиќ Стојко (ЈРЗ) - 66; Додевиќ Трајко (неопределен) - 7 гласа;
- Општина Радовичка: Младеновиќ Maкce (ЈРЗ) - 344 гласа; Крстиќ Димче (ЈРЗ) - 119 гласа;
- Општина Ранковачка: Ристиќ Тодор (ЈРЗ) - 400 гласа; Михајловиќ Ѓорѓе (Здружена опозиција) - 184 гласа; Бошковиќ Серафим (Здружена опозиција) - 97 гласа;
- Општина Стајевачка: Стојиќ Милан (ЈРЗ) - 291 глас; Јовановиќ Милан (ЈРЗ) - 150 гласа;

- Општина Трговишка: Митиќ Здравко (ЈРЗ) - 467 гласа; Давидовиќ Стојан (ЈРЗ) - 297 гласа; Митиќ Станојко (ЈРЗ) - 53 гласа; [Види: Прилог бр. III/13].

14) Околија Кратовска

- Општина Злетовска: Ѓорѓевиќ Андон (ЈРЗ) - 673 гласа; Пановиќ Славко (ЈРЗ) - 708 гласа;
- Општина Кратовска: Ќириќ Јован (ЈРЗ) - 856 гласа;
- Општина Опиљска: Митиќ Милош (ЈРЗ) - 264 гласа;
- Општина Рударска: Стефановиќ Серафим (ЈРЗ) - 133 гласа;
- Општина Страцинска: Давитковиќ Стојко (ЈРЗ) - 141 глас; Лазаревиќ Теодосије (ЈНС) - 126 гласа; [Види: Прилог бр. III/14].

15) Околија Жеглиговска

- Општина Арбанашка: Младеновиќ Спасе (ЈРЗ) - 214 гласа; Петковиќ Коце (ЈРЗ) - 145 гласа; Серафимовиќ Јаќим (Здружена опозиција) - 134 гласа;
- Општина Градишка: Јовановиќ Стеван (ЈРЗ) - 293 гласа; Митровиќ Илија (Здружена опозиција) - 253 гласа;
- Општина Душановачка: Адемовиќ Алил (ЈРЗ) - 252 гласа; Османовиќ Амит (ЈРЗ) - 77 гласа; Ибраимовиќ Исен (ЈРЗ) - 275 гласа; Ристиќ Михајло (Здружена опозиција) - 50 гласа;
- Општина Жегљанска: Јовановиќ Томе (Здружена опозиција) - 219 гласа; Ристиќ Димитрије (ЈРЗ) - 166 гласа; Поповиќ Зафир (ЈРЗ)

- 69 гласа; Кузмановиќ Ѓорѓе (Здружена опозиција) - 42 гласа;

- Општина Јаќинска: Петрушевиќ Филип (Здружена опозиција) - 267 гласа; Станојловиќ Трајко (ЈРЗ) - 86 гласа; Додиќ Трајко (неопределен)-211 гласа;

- Општина Кочицка: Димовиќ Симо (ЈРЗ) - 311 гласа; Величковиќ Доце (Здружена опозиција) - 259 гласа;

- Општина Матејачка: Јашаровиќ Насим, (ЈРЗ) - 200 гласа; Сулимановиќ Сулиман (ЈРЗ) - 570 гласа; Николиќ Вујица (ЈРЗ) - 171 глас.

- Општина Младонагоричанска: Јовановиќ Стојан (ЈРЗ) - 337 гласа; Додиќ Трајко (Здружена опозиција) - 146 гласа;

- Општина Ораховачка: Костадиновиќ Спиро (ЈРЗ) - 351 глас; Крстиќ Јордан (Здружена опозиција) - 192 гласа;

- Општина Режановачка: Идризовиќ Есад (ЈРЗ) - 275 гласа; Влајковиќ Душан (ЈРЗ) - 226 гласа; Сулимановиќ Љутви (Здружена опозиција) - 86 гласа;

- Општина Романовачка: Анѓелковиќ Милан (ЈРЗ) - 317 гласа; Десковиќ Стојан (ЈРЗ) - 261 глас; Крстиќ Милутин (ЈРЗ) - 168 гласа; Ерад Милан (Здружена опозиција) - 84 гласа;

- Општина Старонагоричанска: Спасиќ Зафир (Здружена опозиција) - 280 гласа; Додиќ Станоје (Здружена опозиција) - 66 гласа; Димовиќ Стојан (ЈРЗ) - 216 гласа;

- Општина Табановачка: Алијевиќ Аќиф (ЈРЗ) - 436 гласа; Трајановиќ Наско (ЈРЗ) - 373 гласа; Цветковиќ Стојан (ЈРЗ) -

220 гласа; [Види: Прилог бр. III/15].

16) Околија Неготинска

- Општина Бистричка: Асановиќ Илија (ЈРЗ) - 135 гласа;
- Општина Демиркапијска: Бабиќ Борко (ЈРЗ) - 262 гласа;
- Општина Криволачка: Весковиќ Јордан (ЈРЗ) - 152 гласа;
- Општина Неготинска: Станковиќ Јован (ЈРЗ) - 661 глас;
- Општина Тремничка: Алибеговиќ Абдураман (ЈРЗ) - 258 гласа; [Види: Прилог бр. III/16].

17) Околија Охридска

- Општина Белчишка: Милошевиќ Војин (Здружена опозиција) - 569 гласа; Ристиќ Миладин (ЈРЗ) - 361 глас;
- Општина Галичичка: Марковиќ Спасо (ЈРЗ) - 398 гласа; Љатковиќ Ташко (ЈРЗ) - 347 гласа; Пешликовиќ Наум (Љотиќев „Збор") 18 гласа;
- Општина Горнокосељска: Цветковиќ Јаков (ЈРЗ) - 548 гласа;
- Општина Мешеишка: Јовановиќ Софроније (Здружена опозиција) - 183 гласа; Јолаковиќ Ристо (ЈРЗ) - 230 гласа; Стојевиќ Наум (Здружена опозиција) - 167 гласа;
- Општина Охридска: Паунчевиќ Ристо (граѓанска) 699 гласа; Чорбевиќ Анастас (ЈРЗ) - 1398 гласа;
- Општина Слатинска: Вељановиќ Неде (ЈРЗ) - 161 глас; Стојановиќ Ристо (Здружена опозиција) - 127 гласа;

- Општина Сливовска: Најдевиќ Трајко (Здружена опозиција) - 266 гласа; Петровиќ Јордан (ЈРЗ) - 443 гласа;
  [Види: Прилог бр. III/17].

18) Околија Прилепска

- Општина Врбјанска: Цацановиќ Милан (ЈРЗ) - 358 гласа; Милосављевиќ Данило (ЈРЗ) - 261 глас; Пројковиќ Милан (ЈРЗ) - 141 глас;
- Општина Витолишка: Ѓуровиќ Аспарух (ЈРЗ) - 133 гласа; Јовановиќ Стојан (ЈРЗ) - 121 глас; Стојковиќ Трајко (ЈРЗ) - 94 гласа;
- Општина Дуњска: Петровиќ Спасе (ЈРЗ) - 360 гласа;
- Општина Долњанска: Котевиќ Милан (ЈРЗ) - 251 глас; Ристиќ Илија (ЈРЗ) - 179 гласа; Трајковиќ Рампо (ЈРЗ) - 155 гласа;
- Општина Костиначка: Станојевиќ Милан (ЈРЗ) - 523 гласа; Трајчевиќ Ѓорѓе (ЈРЗ) - 352 гласа; Тодоровиќ Вељко (ЈРЗ) - 94 гласа;
- Општина Небреговска: Столевиќ Алекса (ЈРЗ) - 350 гласа;
- Општина Прилепачка: Николиќ Јордан (ЈРЗ) - 242 гласа; Трајковиќ Тале (ЈРЗ) - 80 гласа; Вељковиќ Илија (ЈРЗ) - 58 гласа;
- Општина Прилепска: Попевиќ Борис (ЈРЗ) - 1280 гласа; Петровиќ Цветко (ЈРЗ) - 334 гласа; Тофовиќ Глигор (Здружена опозиција) - 974 гласа; Стевановиќ Драгомир (Главни одбор на бившата Радикална партија) - 141 глас;

- Општина Плетварска: Оџовиќ Петар (ЈРЗ) - 265 гласа; Кочовиќ Тале (ЈРЗ) - 111 гласа; Трајковиќ Данило (ЈРЗ) - 95 гласа;
- Општина Тополчанска: Мицковиќ Тодор (ЈРЗ) - 570 гласа; Демировиќ Џафер (ЈРЗ) - 279 гласа; Спасиќ Ристо (Здружена опозиција) - 90 гласа; [Види: Прилог бр. III/18].

19) Околија Радовишка

- Општина Ињевска: Мицевиќ Илија (ЈРЗ) - 362 гласа;
- Општина Кончанска: Ристиќ Зафир (ЈРЗ) - 320 гласа;
- Општина Подарешка: Димитријевиќ Ристо (ЈРЗ) - 671 глас; Асановиќ Исмаил (ЈРЗ) - 515 гласа;
- Општина Радовишка: Трајковиќ Стојмен (ЈРЗ) - 1093 гласа; [Види: Прилог бр. III/19].

20) Околија Преспанска

- Општина Гопешка: Даскаловиќ Ристо (ЈРЗ) - 142 гласа;
- Општина Јанковачка: Поповиќ Јован (ЈРЗ) - 246 гласа;
- Општина Љубојинска: Наумовиќ Јефтим (ЈРЗ) - 433 гласа;
- Општина Подмочанска: Талевиќ Тале (ЈРЗ) - 303 гласа;
- Општина Ресанска: Доневиќ Ѓорѓе (ЈРЗ) - 721 глас;
- Општина Царевдворска: Таневиќ Стеван (ЈРЗ) - 315 гласа; [Види: Прилог бр. III/20].

21) Околија Крушевска

- Општина Белоцрквенска: Николиќ Спиро (ЈРЗ) - 367 гласа; Радујко Стеван (ЈРЗ) - 315 гласа; Котевиќ Јордан (неопределен) - 13 гласа;
- Општина Жванска: Несторовиќ Софроније (ЈРЗ) - 665 гласа;
- Општина Кривогаштанска: Пашиќ Цветко (ЈРЗ) - 405 гласа;
- Општина Крушевска: Зисиќ Никола (ЈРЗ) - 722 гласа;
- Општина Растовичка: Јовановиќ Крсте (ЈРЗ) - 155 гласа;
- Општина Црноречка: Грозданoвиќ Стојан (ЈРЗ) - 361 глас; [Види: Прилог бр. III/21].

22) Околија Галичка

- Општина Галичничка: Михајловиќ Тихомир (ЈРЗ) - 336 гласа;
- Општина Горноречка: Итковиќ Алексије (ЈРЗ) - 225 гласа;
- Општина Жировничка: Беќировиќ Аљуш (ЈРЗ) - 603 гласа;
- Општина Лазарополска: Дучиќ Васо (ЈРЗ) - 290 гласа;
- Општина Ростушка: Китановиќ Алекса (ЈРЗ) - 1001 глас; [Види: Прилог бр. III/22].

23) Околија Овчеполска

- Општина Горно-балванска: Арсиќ Тодор (ЈРЗ) - 382 гласа;
- Општина Овчеполска: Лазовиќ Дане (ЈРЗ) - 345 гласа;
- Општина Павлешенска: Соколовиќ Иларион (ЈРЗ) - 162 гласа;

- Општина Ранчичка: Маневиќ Борис (ЈРЗ) - 291 глас; Гијевиќ Славко (ЈРЗ) - 284 гласа;
- Општина Светиниколска: Митиќ Ристо (ЈРЗ) - 484 гласа;
- Општина Џумајлиска: Ибраимовиќ Рамадан (ЈРЗ) - 570 гласа; [Види: Прилог бр. III/23].

24) Околија Скопска

- Општина Горњевска: Атанасковиќ Коста (ЈРЗ) - 342 гласа;
- Општина Градовачка: одложени избори
- Општина Горно-количанска: Небијевиќ Ферат Фете (ЈРЗ) - 442 гласа;
- Општина Драчевска: Ѓорѓевиќ Томо (ЈРЗ) - 883 гласа; Цветковиќ Ангел (Здружена опозиција) - 32 гласа;
- Општина Катлановска: Алексиќ Тодор (ЈРЗ) - 259 гласа; Ѓорѓевиќ Тодор (Здружена опозиција) - 160 гласа;
- Општина Држиловска: Зеќир Љутвија (ЈРЗ) - 248 гласа; Таировиќ Адем (ЈРЗ) - 412 гласа;
- Општина Кучковска: одложени избори
- Општина Кучевишка: Усовиќ Тодор (ЈРЗ) - 272 гласа; Видиниќ Петко (Здружена опозиција) - 147 гласа;
- Општина Љубаначка: Андасаровиќ Тодор (ЈРЗ) - 474 гласа;
- Општина Петровачка: одложени избори
- Општина Ракотиначка: Илиќ Коста (ЈРЗ) - 373 гласа;

- Општина Сушичка: Николиќ Насе (ЈРЗ) - 427 гласа;
- Општина Синѓеличка: Поповиќ Милош (ЈРЗ) - 617 гласа;
- Општина Светоникитска: Кајевиќ Крсто (ЈРЗ) - 727 гласа; Живковиќ Недељко (Здружена опозиција) - 192 гласа;
- Општина Чајланска: Рамадановиќ Вели (ЈРЗ) - 671 глас;
- Општина Шишевачка: Петровиќ Ѓорѓе (ЈРЗ) - 342 гласа; Алиловиќ Осман (Здружена опозиција) - 7 гласа;

  [Види: Прилог бр. III/24].

25) Околија Струмичка

- Општина Босиљевска: Милушевиќ Томо (ЈРЗ) - 295 гласа; Паштровиќ Јован (Здружена опозиција) - 307 гласа;
- Општина Василевска: Соколовиќ Миљко (ЈРЗ) - 695 гласа;
- Општина Муртинска: Митевиќ Боце (Здружена опозиција) - 452 гласа; Азматовиќ Никола (ЈРЗ) - 272 гласа;
- Општина Новоселска: Ристовиќ Крсто (ЈРЗ) - 597 гласа;
- Општина Попчевска: Костовиќ Ѓорѓе (ЈРЗ) - 192 гласа;
- Општина Струмичка: Поп-Димитријевиќ Тодор (Здружена опозиција) - 780 гласа; Карчевиќ Василије (ЈРЗ) - 609 гласа;

  [Види: Прилог бр. III/25].

26) Околија Струшка

- Општина Вевчанска: Парталовиќ Коста (ЈРЗ) - 369 гласа;

- Општина Велеска: Ѓуровиќ Рамиз (ЈРЗ) - 404 гласа; Јаковљевиќ Алекса (ЈРЗ) - 301 глас;
- Општина Делагошка: Алијевиќ Абдул (ЈРЗ) - 302 гласа; Нурединовиќ Хасан (ЈРЗ) - 201 глас;
- Општина Дримколска: Марковиќ Анѓелко (ЈРЗ) - 272 гласа;
- Општина Караорманска: Трпчевиќ Никола (ЈРЗ) - 199 гласа; Новаковиќ Јефто (ЈРЗ) - 134 гласа;
- Општина Лабунишка: Крстиќ Зарија (ЈРЗ) - 341 глас; Петровиќ Светозар (ЈРЗ) - 244 гласа;
- Општина Ливадска: Прентовиќ Наум (ЈРЗ) - 322 гласа; Ѓорѓевиќ Наум (ЈРЗ) - 151 глас;
- Општина Радолишка: Танасковиќ Наум (ЈРЗ) - 444 гласа; Исламовиќ Шазим (ЈРЗ) - 364 гласа;
- Општина Струшка: Папунџијевиќ Славе (ЈРЗ) - 463 гласа; [Види: Прилог бр. III/26].

27) Околија Долнополошка

- Општина Брвеничка: Сеферовиќ Сабит (ЈРЗ) - 295 гласа;
- Општина Волковинска: Сиљановиќ Ѓоко (ЈРЗ) - 178 гласа; Наумовиќ Нуфре (ЈРЗ) - 119 гласа;
- Општина Вратничка: Костадиновиќ Трпко (ЈРЗ) - 341 глас; Имеровиќ Авдил (ЈРЗ) - 230 гласа;
- Општина Групчинска: Сејфуловиќ Осман (ЈРЗ) - 341 глас;

- Општина Долнополошка: Есатовиќ Ејуп (ЈРЗ) - 601 глас; Демировиќ Џабир (ЈРЗ) - 352 гласа;
- Општина Желинска: Изаировиќ Исљам (ЈРЗ) - 346 гласа; Ристиќ Обрад (ЈРЗ) - 107 гласа;
- Општина Лешачка: Идризовиќ Алим (ЈРЗ) - 283 гласа;
- Општина Милетинска: Мартиновиќ Јован (ЈРЗ) - 334 гласа;
- Општина Седларевска: Бељуловиќ Садик (ЈРЗ) - 201 глас;
- Општина Селачка: Исеновиќ Исак (ЈРЗ) - 428 гласа; Садиковиќ Рамиз (ЈРЗ) - 343 гласа;
- Општина Сенокошка: Сејфуловиќ Шаит (ЈРЗ) - 554 гласа;
- Општина Теаречка: Идризовиќ Идриз (ЈРЗ) - 530 гласа;
- Општина Шемшевачка: Стаменковиќ Илија (ЈРЗ) - 376 гласа;

  [Види: Прилог бр. III/27].

28) Околија Царевоселска

- Општина Каменичка: Јовановиќ Јордан (ЈРЗ) - 358 гласа;
- Општина Трабатовишка: Кушевиќ Ѓорѓе (ЈРЗ) - 270 гласа;
- Општина Царевоселска: Чипевиќ Петар (ЈРЗ) - 799 гласа; Радојковиќ Љубиша (ЈРЗ) - 575 гласа;

  [Види: Прилог бр. III/28].

29) Околија Штипска

- Општина Драговска: Паневиќ Тодор (ЈРЗ) - 366 гласа;
- Општина Лесковичка: Јаневиќ Трифун (ЈРЗ) - 402 гласа;

- Општина Радањска: Балабановиќ Стојан (ЈРЗ) - 786 гласа;
- Општина Штипска: Сеизовиќ Михаило (ЈРЗ) - 1580 гласа.[232]

[Види: Прилог бр. III/29].

Врз основа на горе наведените податоци, како и од податоците наведени во Прилогот бр. III/1-29, може да се констатира дека во Вардарскиот дел на Македонија, во 29 околии, од вкупно 213 општини, изборите беа одржани во 210 општини, додека во 3 општини (сите во околија Скопска: Градовачка, Кучковска и Петровачка) не беа одржани.

Во Вардарскиот дел на Македонија на кандидатските листи беа предложени вкупно 660 кандидати, а од нив беа избрани 336 кандидати, и тоа:

1) На листите на ЈРЗ беа предложени 578 кандидати, а од нив беа избрани 275;
2) На листите на Здружената опозиција беа предложени 67 кандидати, а од нив беа избрани 48;
3) На листите на ЈНС беа предложени 5 кандидати, а од нив сите 5 беа избрани;
4) На листите на Граѓанска беа предложени 3 кандидати, а од нив беа избрани 2;

232 „Огроман успех Југословенске радикалне заједнице на општинским изборима у Вардарској бановини", в. „Вардар", V, бр. 1007, Скопље, 8.XII.1936, 1, 2, 3; в. „Самоуправа", LVI, бр. 245, Београд, 7.XII.1936, 1, 2, 3; в. „Време", XVI, бр. 5553, Београд, 8.XII.1936, 9, 12.

5) На листите на Неопределените беа предложени 5 кандидати, а од нив беа избрани 4;

6) На листата на Димитрије Љотиќ беше предложен 1 кандидат и истиот беше избран;

7) На листата на Главниот одбор на бившата Радикална партија беше предложен 1 кандидат и истиот беше избран.

* * *

# ГЛАВА ТРЕТА
# СТАВОТ НА ГРАЃАНСКИТЕ ПАРТИИ КОН ПОЛИТИКАТА НА ВЛАДАТА НА МИЛАН СТОЈАДИНОВИЌ И НИВНАТА АКТИВНОСТ

## 1. КАРАКТЕРИСТИКИ НА ВНАТРЕШНАТА И НАДВОРЕШНАТА ПОЛИТИКА НА ВЛАДАТА НА МИЛАН СТОЈАДИНОВИЌ

Првата влада на Милан Стојадиновиќ (од 25.VI.1935 до 21.XII.1938) требаше да претставува некоја концентрација на старите политичари и со тоа да ѝ покаже на јавноста, како таа оди кон смирување и решавање на политичката и на економската криза.

Владата, во својата програма за внатрешната политика (која воедно беше и програма на нејзината партија - ЈРЗ), како основни ги истакнуваше следните политички становишта: неповредливост на приватната сопственост; буржоаски општествен систем; интегрален југословенски унитаризам; монархизам; централизам; формален буржоаско-демократски конституционализам, кој по својата форма изгледаше како изборно претставнички систем, но заправо го прикриваше апсолутизмот под видот на претставничките елементи.[233]

---

233 Милан Стојадиновић, Један краљ - један народ - једна држава, Београд 1939. (Тоа е всушност Изборна програма на Милан Стојадиновиќ и ЈРЗ и ги содржи и предизборните говори на М. Стојадиновиќ).

Всушност, владата ја бранеше монархијата и централизмот, а одбиваше секоја помисла на државна реформа.

Во поглед на економската политика на владата на Милан Стојадиновиќ битно беше тоа што тој сметаше, според неговите концепции, дека секоја земја треба да води политика на национален стопански развој со силен царински протекционизам, како би се заштитил развојот на домашната индустрија. Во склоп на ваквата економска политика требаше да се развива силна национална капиталистичка индустрија поддржувана со финансиска и царинска политика, со кредити и други мерки.

Во општествен поглед таа требаше да донесе надминување на аграрната структура и создавање на индустриска структура како во развиените капиталистички земји. Со оглед на тоа што таквата економска политика применета во Германија имаше одредени резултати, и Милан Стојадиновиќ сакаше таа политика да ја примени во Кралството на Југославија. Таа требаше да обезбеди:

1. Активен платен и надворешно трговски биланс и стабилност на домашната валута;
2. Сигурен пласман на потенцијалните аграрни вишкови во индустриските земји;
3. Заштита на развојот на домашната индустрија со царински мерки, кои ги бараше домашната буржоазија;
4. Јакнење на капиталистичкиот сектор на производство, како и на куповната моќ на селаните и занаетчиите, како потрошувачи на индустриските производи;

5. Блага дефлациона политика која ја бараа банкарските кругови заради јакнење на финансискиот капитал;
6. Спроведување на сите неопходни мерки на економската политика да би се обезбедила конкурентска способност против другите европски и прекуморски произведувачи на аграрните производи;
7. Суровините што се извозуваат треба да се преработат во земјата и како готови производи да се извозуваат;
8. Да се создадат индустрии кои нема да зависат од суровините со кои Кралството на Југославија беше во оскудица;
9. Во надворешната трговија регулатор, според мислењето на Милан Стојадиновиќ, требаше да стане индустријата; и
10. Странскиот капитал да се натера да работи во интерес на домашната индустрија и стопанство и да се сопре странската експлоатација на домашните суровини и на работната сила.[234]

Но, и покрај тоа што беше прокламиран индустриски развиток, создавањето на индустриски претпријатија, освен неколку исклучоци, беше препуштено на приватната иницијатива, иако во времето на мандатот на Милан Стојадиновиќ стопанската државна интервенција јакнеше. Исто така во времето на Милан Стојадиновиќ беа создадени повеќе нови акционерски друштва и крупниот капитал имаше сé појака улога во стопанството.[235]

Во поглед на индустриската политика владата на Милан

234 Види во: Три године владе др. Милана Стојадиновића, Београд, 1938.

235 Истото.

Стојадиновиќ истакнуваше и еден став, кој инаку во тоа време беше нов во однос на политиката на индустрискиот развиток во Западна и Централна Европа, која се спроведуваше без особена грижа за земјоделството. Имено, тој сметаше дека индустриската политика мора да се води во согласност со интересите на земјоделството, бидејќи Кралството на Југославија, во меѓународниот промет, беше земја на суровини и полуфабрикати, земја од која другите земји ќе бараат во замена за аграрните производи да ги продаваат своите индустриски производи. Поради тоа „не беше можна индустријализација по секоја цена и на целата линија".[236] Индустријализацијата во Кралството на Југославија се спроведуваше поспоро отколку во соседните земји (Романија или Унгарија), односно „во Кралството на Југославија се формираше само индустрија за потребите на народната одбрана".[237] За оправдување на ваквата политика се наведуваше дека „... и ваквото бавно подигање на индустријата ја зголемува можноста за вработување на малиот (!?!) прираст на нашите жители, поголема потрошувачка на нашите аграрни производи и делимична преориентација на нашето земјоделство".[238] Поради тоа, најповеќе беше форсирана преработката на некои земјоделски суровини за текстилната и прехрамбената индустрија. Во целиот период на мандатот на Милан Стојадиновиќ беа реконструирани или подигнати вкупно нешто

236 Двогодишњица владе др. Милана Стојадиновића, Београд, 1937, 34.

237 Истото, 35.

238 Истото.

помалку од 200 индустриски претпријатија,[239] а развојот на индустријата не беше толку изразен во преработувачката, колку во прехрамбената и во индустријата на полуфабрикати.

Втората важна точка на економската политика на Милан Стојадиновиќ беше аграрната политика. Со низа мерки владата настојуваше да ја олесни положбата на селаните: на 25.IX.1936 година таа, со Уредбата за ликвидација на земјоделските долгови отпишува 50% од главницата на земјоделските долгови; на земјоделците им беше овозможено добивање на нови заеми; цените на земјоделските производи беа зголемени; земјоделството се растеретува од даночните долгови; се унапредува извозот на аграрните производи, а се олеснува увозот на производите неопходни како индустриски суровини.

Извозот на аграрните производи требаше да обезбеди увоз на машини и опрема за развој на индустријата, а подобрувањето положбата на селанството и занаетчиите, како и на работниците, добри купувачи на индустриските производи. Ваквата политика го врзуваше Кралството на Југославија исклучиво за развиените европски земји, увозници на земјоделски производи, посебно за Германија, од кои се набавуваа потрошувачките и производните индустриски добра.

Балканските соседи на Кралството на Југославија, како и земјите на „Малата Антанта", со слична стопанска структура, беа гледани како конкуренти на пазарот на земјоделски производи во

[239] Истото, 36-38.

Западна Европа и тие немаа свое место во меѓународните економски односи со Кралството на Југославија, па поради тоа и политичкиот интерес на Милан Стојадиновиќ за овие земји опаѓаше, освен за одржување на добрососедство и мир на Балканот.

Слична беше состојбата и во поглед на односите со Франција, која имаше малку можности за економска соработка со Кралството на Југославија. Имено, Милан Стојадиновиќ ценеше дека Франција престанала да биде она што беше во годините по првата светска војна.[240] Додека нејзиното влијание во Европа опаѓаше, дотогаш сѐ повеќе јакнеше влијанието на Германија. Со слабеењето на економските односи, опаѓаа и се оладуваа и политичките односи на Кралството на Југославија со Франција, а јакнеа односите со Германија. Всушност, во политиката на Милан Стојадиновиќ економските моменти постојано доминираа над политичките.

Општо кажано, во овој период, и покрај државната интервенција во стопанството и уравнотежениот трговски биланс, стопанството во Кралството на Југославија тешко заздравуваше од силните економски потреси од почетокот на 30-тите години.

Веднаш по преземањето на власта, и покрај наведените ветувања за продолжување на поранешната надворешна политичка линија, Милан Стојадиновиќ сѐ поотворено се свртуваше кон фашистичките сили. Иако во почетокот тој изрично не го разоткрива својот нов курс, изјавувајќи дека „ќе ги почитува старите

240 Milan M. Stojadinović, Ni rat, ni pakt. Jugoslavija izmedu dva rata, Rijeka, 1970, 423,424.

договори за пријателство", сепак уште првите денови на неговата влада, се увидува, дека тој приоѓа кон фашистичките земји. Причините за ваквата ориентација на Милан Стојадиновиќ кон фашистичките земји (Германија и Италија) беа не само од идеолошки (поради неговите лични преокупации) и економски карактер, туку и од политички карактер, т.е. да ја оневозможи интер-национализацијата на т.н. „хрватско прашање". Имено, со приближувањето кон Германија и Италија, тој ги блокира германските и италијанските интервенции во „хрватското прашање", оневозможувајќи ги прваците на ХСС да најдат заштитници меѓу фашистичките сили.[241]

Од своја страна пак Германија и Италија настојуваа со помош на Милан Стојадиновиќ да се уфрлат во конкурентскиот простор на Франција и Велика Британија. Оттука систематски се намалуваше влијанието на „Малата антанта". Со својата надворешна политика Милан Стојадиновиќ (очигледно не без знаење и одобрување на кнезот наместник Павле) сметаше дека ќе може да лавира меѓу спротивставените блокови на антагонистичките сили.

Својата ориентација и приближување кон Италија Милан Стојадиновиќ ја потврдува најпрво со потпишувањето на Конкордатот, а потоа и со Политичкиот договор.

Конкордатот, кој е потпишан на 25.VII.1935 година, претставуваше договор меѓу папата и владата на Милан Стојадиновиќ

241 Никола Жутић, Идеологија југословенства и њено распадање (1929- 1939). - С посебним освртом на владу М. Стојадиновића - Историјски гласник, 1-2, Београд, 1988, 83.

за односите и правата на римокатоличката црква на територијата на Кралството на Југославија. Целта на Милан Стојадиновиќ беше преку Конкордатот да се приближи кон Ватикан и Италија од една, а од друга страна да ги подобри односите со римокатоличкиот епископат во земјата и со католичките верници во Хрватска. Конкордатот требаше да го ратификува Народното собрание и Сенатот. И покрај тоа што Конкордатот беше усвоен на Седницата на Народното собрание одржана на 23.VII.1937 година (од вкупно 294 народни пратеници - 166 гласаа за, а 128 против), истиот не беше даден на усвојување во Сенатот поради „верскиот мир во земјата" како што изјавил Милан Стојадиновиќ.[242]

Кога владата во почетокот на 1938 година повторно се обидува да го ратификува Конкордатот, во јавноста избувнува незадоволство, па Милан Стојадиновиќ беше принуден на 21.I.1938 година (со акт „строго доверливо" бр. 2790) да го извести Архиерејскиот собор, како „навистина овој и ваков законски предлог дефинитивно е симнат од дневниот ред". Овој пораз на владата не го предизвикаа толку црковните кругови, колку општиот револт на масите спрема владината политика, при што Конкордатот беше само еден од поводите за избувнување на тоа огорчување.[243]

---

242 Види во: Ferdo Čulinović, Jugoslavija između dva rata, II, Zagreb, 1961, 112, 113; Stenografske beleške Narodne skupštine kraljevine Jugoslavije, knj. 4, god. 6, Beograd, 1937, LXII Redovni sastanak, održan 23 jula 1937 god. 246; „Конкордат се неће изнети пред Сенат", в. „Самоуправа", LVII, бр. 230, Београд, 11.X.1937, 1.

243 Ferdo Čulinović, cit. delo..., 113.

На 25.III.1937 година беше потпишан Политичкиот договор меѓу владата на Милан Стојадиновиќ и Италија. Овој договор се засновал на почитување на границите, одрекнување од војната како политичко средство во меѓусебните односи и на неутралност во случај на напад на една или друга земја. Со овој договор Милан Стојадиновиќ го блокира решавањето на т.н. „хрватско прашање", оневозможувајќи ја Италија активно да ја поддржува ХСС. Посебно значење на овој договор тој придава и поради одредбите на забрана на усташките активности на италијанска територија, која беше уперена против државната целина на Кралството на Југославија.[244]

На надворешен план Милан Стојадиновиќ работеше и на подобрување на односите со Бугарија. Југословенско-бугарското зближување беше потврдено со склучување на Пактот за вечно пријателство со Бугарија на 24.I.1937 година.[245]

Со својата надворешна политика Милан Стојадиновиќ придонесува за слабеењето и крајот на „Малата Антанта", го ликвидира некогашниот надворешнополитички курс на Балканскиот

---

244 Види во: Branko Petranović, Momčilo Zečević, Jugoslavija 1918-1984. Zbirka dokumenata, Beograd, 1985, 306, 307.

245 Со овој пакт Милан Стојадиновиќ ја оневозможува Бугарија јавно да ги изнесува своите претензии спрема деловите на Кралството на Југославија, пред сé, околиите кои по Првата светска војна се нашле во составот на Кралството на Југославија и Вардарскиот дел на Македонија, на кој бугарската буржоазија (заразена со шовинизам и со балканска превласт во духот на Санстефанска голема Бугарија) гледаше како на своја земја и на Македонците како на Бугари. Меѓутоа, независно од заклучувањето на Пактот пропагандата во тој дух тајно продолжува. Види во: Branko Petranović, Momčilo Zečević, cit. delo..., 303.

договор, се согласува со „Аншлусот" на Австрија кон Германија, се солидаризира со натамошните агресорски чекори на Германија против Чехословачка и ги трасира патиштата на априлскиот слом на Кралството на Југославија.

Општо кажано, владата на Милан Стојадиновиќ, со својата надворешна политика, одигрува крупна улога во стопанското и политичкото потчинување на Кралството на Југославија на Хитлеровската оска.

## 2. ЕКОНОМСКИТЕ ПРИЛИКИ ВО ВАРДАРСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА

Со доаѓањето на власт на Милан Стојадиновиќ настапуваат промени во стопанскиот живот во Кралството на Југославија воопшто и посебно и во Вардарскиот дел на Македонија. Имено, внатрешната и надворешната политика што ја водеше владата на Милан Стојадиновиќ имаше одраз не само на политичките туку и на стопанските прилики и во Вардарскиот дел на Македонија.

По големата економска криза, во периодот од 1935 до 1940 година, во Вардарскиот дел на Македонија доаѓа до извесен подем во развојот на индустријата. Во овој период беа изградени 34 нови индустриски објекти, од кои повеќето припаѓаа на текстилната, прехрамбената и на градежната индустрија. Од нив 17 или 38,6% беа лоцирани во Скопје (5 текстилни, 5 градежни, 2 метални, 2

прехрамбени и 1 електричен објект).[246]

Ширењето на индустријата во Вардарскиот дел на Македонија се одликуваше со голема нерамномерност, како во поглед на темпото на развиток и опфаќањето на гранките, така и во поглед на територијалното разместување. Во почетокот на 1937 година во Вардарска бановина имаше 153 или 156 индустриски претпријатија, а во 1938 година тој број се зголемува на 172.[247] Само во Вардарскиот дел на Македонија до крајот на 1940 година постоеја 111 индустриски објекти од кои 18 електрични централи, 11 рудници за јаглен, обоени метали и неметали, 6 фабрики од хемиската индустрија, 12 од градежната - тулани и ќерамидници, 2 од кожарската, 12 од текстилната, 28 од прехрамбената, 4 од графичката и 13 од тутунската, главно за груба преработка на тутунот и друго.[248]

Што се однесува до локацијата, најголем дел од индустриските претпријатија беа лоцирани во Скопје и неговата околина и тоа 45 на број или 40,5%; на Битола отпаѓаа 8,1% од вкупниот број; на Велес 7,2%; на Куманово 6,3%; на Кочани 5,4% и т.н. Повеќето од македонските градови немаа никакви индустриски претпријатија и се потпираа на занаетчиството и патријархалната куќна индустрија

246 Проф. Коста Сидовски, д-р Борислав Благоев, Економската положба на Скопје спроти војната 1941 и во првите месеци на окупацијата, Зб.: Скопје во НОВ 1941, Скопје, 1973, 65.

247 „Напредак индустрије у Вардарској бановини", в. „Самоуправа", LVII, бр. 88, 656, Београд, 17.IV.1937, 21.IV.1938, 4; 3.

248 Проф. Коста Сидовски, д-р Борислав Благоев, цит. статија...,65.

(домашната преработка).[249]

Во индустријата и рударството во Вардарскиот дел на Македонија беше инвестиран 65,3% југословенски капитал и 34% домашен (македонски) капитал. Странски капитал (германски, италијански, чешки, француски, шведски) беше вложен во индустријата на обоени метали, во електростопанството и во прехрамбената индустрија. Во поглед на структурата, индустријата во Вардарскиот дел на Македонија ја сочинуваа во прв ред претпријатија на лесната индустрија: прехрамбената индустрија - 25,3%, текстилната - 10,8% и т.н.[250]

Вкупниот број на вработената работна сила во индустријата и рударството во Вардарскиот дел на Македонија изнесуваше 10.583 работници и службеници од кои 66,4% беа вработени во тутунската , 6,6% во прехрамбената, 4% во текстилната и во индустријата за градежен материјал 3,8%.[251]

Овие податоци илустрираат дека индустријата во Вардарскиот дел на Македонија имаше мали капацитети, низок органски состав на капиталот и примитивна организација и технологија. Наследната заостанатост, недоволната акумулација на капиталот, отсуството на кредити и дискриминаторската политика со цел да се одржи стопанската заостанатост беа причина Вардарскиот дел на

[249] Истото, 64, 65.

[250] Истото.

[251] Коста Сидовски, Развиток на индустријата во НР Македонија во периодот меѓу двете светски војни 1918-1941, Скопје, 1960, 255, 256.

Македонија да го заземе претпоследното место во индустријата на југословенските земји.

Поради индустриската заостанатост занаетчиството во Вардарскиот дел на Македонија во овој период беше значаен фактор во производството и воопшто важна гранка во градското стопанство. Во 1936 година на подрачјето на Вардарскиот дел на Македонија во занаетчиските здруженија беа регистрирани 7.544 самостојни занаетчии без градежните претприемачи.[252] Во 1940 година во Вардарскиот дел на Македонија имаше околу 5.880 занаетчиски работилници од кои 1.498 или 25,5% од вкупниот број својата дејност ја вршеа во Скопје.[253]

Иако наведените бројки би требало да се сметаат како ориентациони, сепак тие укажуваат на состојбата на занаетчиството како стопанска гранка. Не само во време на економската криза туку и по неа занаетчиството во Вардарскиот дел на Македонија мораше да се бори со низа тешкотии. Особено во периодот од 1939-1941 година занаетчиството се наоѓа во тешка положба поради немање на потребни суровини, од една, а од друга страна, поради тоа што беше изложено на ударите на домашната и странска конкуренција. Имено, со пробивот на индустријата, увозот на индустриски производи, а особено со внесување на готови индустриски производи, како од северните економски поразвиени покраини, така

252 Растко С. Пуриќ, „Работнички Југ", Скопље, 1937, 93.

253 Проф. Коста Сидовски, д-р Борислав Благоев, Економската положба на Скопје..., 67, 68.

и од европските земји (посебно од Германија и Италија), занаетчиството во Вардарскиот дел на Македонија се нашло во мошне тешка економска ситуација што ја доведува во опасност егзистенцијата на голем број занаетчии . Настанува нивна безработица и осиромашување. Големата понуда на работна сила негативно се одразува врз работничките плати и надници кои паѓаат под животниот минимум, така што оние занаетчии кои успеваат да стапат во индустријата или во другите стопански дејности не можеа да обезбедат ни скромна егзистенција.[254]

Општо кажано, во периодот по 1935 година положбата на работничката класа и на другите работни слоеви општо во Кралството на Југославија беше необично тешка, а посебно и во Вардарскиот дел на Македонија. Незадоволството од тешката положба во 1935 и во 1936 година беше изразено преку масовни штрајкови кои ги зафатија скоро сите делови на Кралството на Југославија.[255] Масовни штрајкови го зафаќаат и Вардарскиот дел на Македонија.[256] По својата карактеристика тоа беа офанзивни штрајкови: преку нив се бараше зголемување на надниците,

---

254 Истото, 68.

255 Во текот на 1936 година во Кралството на Југославија беа водени 392 штрајка од кои 315 беа од економски карактер, а 272 се завршуваат со успех. Види во: А.Ј., ф.: Милан Стојадиновић, 1/230, фасцикла 22.

256 Поопширно за ова види во статијата на Славка Фиданова, Улогата на КПЈ во поврзувањето борбата на работничката класа со национално-ослободителното движење на македонскиот народ од 1935-1941, Годишен зборник, филозофски факултет на Универзитетот - Скопје, кн. 23 томе, Скопје, 1971, 124, 125.

подобрување на работните услови и скратување на работното време.

Со оглед на тоа што владата на Милан Стојадиновиќ не можеше со низа репресивни мерки да го сопре бранот на тарифното и штрајкачко движење, а со цел да ги заштити интересите на работодавачите, т.е. на буржоаската класа, на 13.II.1937 година ја донесува реакционерната Уредба за минималните работнички надници, која во суштина беше Уредба за максимални работнички надници, бидејќи со мнозинство свои прописи го ограничуваше, а со поедини потполно го оневозможуваше водењето на работничките акции за подобрување на животниот стандард.[257] Со неа изрично се забрануваа работничките штрајкови во големите државни претпријатија: бановински и градски. Всушност оваа Уредба постанува средство за борба против работниците и нивните организации.

Меѓутоа, во 1937/38 година состојбата пред Втората светска војна се одразува на животниот стандард на работниците. Зголемувањето на цените беше секојдневна појава што ги засегаше работниците. Наспроти на владината пропаганда за стопански просперитет во земјата, со ниските номинални заработувачки, опаѓаше животниот стандард на работниците, бидејќи животните трошоци беа зголемени за 50-60%.[258]

257 Ahmed Hadžirović, Donošenje „Uredbe o utvrdivanju minimalnih nadnica, zaključivanju kolektivnih ugovora, pomirenju i arbitraži", 13 februara 1937 godine, Prilozi, Institut za istoriju radničkog pokreta, Sarajevo, I/1, Sarajevo, 1965, 103.

258 Јосип Броз Тито, Собрани дела, том IV, Скопје, 1978, 71.

Како фактор кој индиректно придонесува за одржување на ниските дневници на вработените беше невработеноста. Во 1936 година на Берзата на трудот во Скопје беа пријавени до 34.248 невработени работници, а на Берзата на трудот во Битола тој број изнесува преку 5.000 невработени работници.[259] Во 1937-41 година тој број ќе биде во постојан пораст.

Интересно е мислењето на Министерот Драгиша Цветковиќ кој сметаше дека невработеноста во Кралството на Југославија ја предизвикува доаѓањето на селаните во град и тоа со цел за барање на дополна за она што селското стопанство не е способно да го обезбеди на сопственикот на малата парцела. „Тој вишок доаѓа во град, работи периодично, конкурира на работната сила на професионалниот работник, работи за многу ниска надница, дава помал ефект, па внесува со тоа пореметување во работните односи... За овој проблем лекот не треба да се бара во скратувањето на работното време, туку во зголемената рационалност во нашето земјоделство, во јавните работи, во создавањето на нови комплекси обработлива земја... бидејќи во нашата земја не постои презаситеност во однос на работната сила и можноста за работа, па ова прашање може да се реши со планско создавање на работа на опишаниот начин".[260]

---

259 „Радници Јужне Србије живели су прошлих година под веома тешким условима", в. „Самоуправа", LVII, бр. 38, Београд, 18.II.1937, 4.

260 Цитирано според статијата на Đerđ Gal, Borba jugoslovenskog proletarijata za skraćenje radnog dana, JIČ, br. 4, Beograd, 1936, 109.

Овој предлог на Драгиша Цветковиќ беше пример на демагогија бидејќи идејата за планско создавање на работа на невработените работници не може да се оствари, затоа што во време на неговото министерување, не постоеја ни најмали услови за такво планско дејствување, поради немање доволно финансиски средства.

И покрај тоа што владата на Милан Стојадиновиќ преземаше низа мерки (уредби и закони) со кои се намалуваа правата на работниците, сепак во периодот од 1937 до 1940 година бројот на тарифните акции и штрајкови беше во пораст, како во Кралството на Југославија, така и во Вардарскиот дел на Македонија, а со нив беа зафатени сите производни гранки.[261]

Внатрешната и надворешната политика на владата на Милан Стојадиновиќ имаше свој одраз и во земјоделството. Имено, во периодот по 1935 година во Вардарскиот дел на Македонија сé уште трае третиот период на колонизацијата, иако со послаби размери. Имено, до крајот на 1940 година на територијата на Вардарскиот дел на Македонија беа создадени 280 колонии со 4.167 колонизирани семејства. За целите на аграрната реформа во Вардарскиот дел на Македонија до крајот на 1940 година беа земени 153.165 хектари земја. Од оваа земја на колонистите и на јавните установи (училишта, касарни, жандармериски станици, земјоделски стопанства, угледни економии, цркви, манастири и др.) им беа разделени 37.622 хектари. Останатото беше оставено за пасишта или

---

261 Преглед историје Савеза комуниста Југославије, Београд, 1963, 273-275, 284-287.

доделено во замена за одземените имоти на месното население. За колонистите државата изградува 675 куќи, а самите населеници беа населени во куќи напуштени од турците и од други елементи.[262] Но, колонизацијата не беше наполно завршена според плановите на аграрните власти. Таа беше сведена на најмала мера непосредно пред нападот на Кралството на Југославија, а со нападот на 6.IV.1941 година беше сосема замрена.

И покрај тоа што владата на Милан Стојадиновиќ презеде низа мерки за развој на земјоделството, во Вардарскиот дел на Македонија тоа и понатаму беше екстензивно, примитивно, на ниско рамниште, со голема употреба на човечка сила и со аграрна пренаселеност.

Освен „Уредбата за ликвидирање на земјоделските долгови",[263] друга мерка што беше преземена од владата, а која имаше за цел застапување, заштита и унапредување на земјоделските интереси, беше Уредбата за формирање на Земјоделски комори. Врз основа на оваа Уредба беше формирана и Земјоделска комора во Вардарска бановина.[264] Всушност и со оваа Уредба владата

262 Д-р Александар Апостолов, Колонизацијата на Македонија во Стара Југославија, Куманово, 1989, 137, 138, 226.

263 Поопширно за реализацијата на оваа Уредба види кај д-р Александар Апостолов, цит. дело..., 135-137.

264 Изборите за Земјоделска комора во Вардарска бановина беа одржани во август 1937 година во 44 околии, при што беа избрани 44 советници. На заседанието на Коморскиот совет на 27.IX.1937 година во Скопје беше избрано привремено претседателство во состав: претседател: Крсто Ковачевиќ, советник од околија Прешевска и 2 потпретседатели: инженер Љубомир Марковиќ, директор на Дирекциите на шуми во Скопје и

настојуваше преку државниот апарат да има целосен увид и контрола во земјоделството.

И покрај тоа што во овој период беа правени напори од страна на владата да се засили одгледувањето на индустриски култури, што беа карактеристични за Вардарскиот дел на Македонија (афион, тутун, памук, ориз, маслодајни растенија и др.) од една, а од друга страна да се зголеми земјоделското производство со извоз на земјоделски производи (пред сé во Германија - преку надворешно-трговска размена), сепак не беа постигнати поголеми резултати. Причината беше во огромната конкуренција што постоеше на европскиот пазар. Затоа и во периодот по 1935 година земјоделството во Вардарскиот дел на Македонија не ги даде оние резултати кои ги ветуваше владата на Милан Стојадиновиќ.

Општо земено, стопанството во Вардарскиот дел на Македонија се развиваше бавно или толку незнатно што се изедначуваше скоро со стагнација (застој). Тоа беше резултат на политиката на владеачката големосрпска буржоазија Вардарскиот дел на Македонија да претставува пазар за извоз на индустриски и други суровини, за користење на ефтина работна сила и ефтини аграрни производи.

---

Милорад Перовиќ, советник од околија Јабланичка. Беше избран и привремен извршен одбор од 5 членови. Второто заседание на Коморскиот совет беше одржано на 15 и 16.XII.1937 година кога беше усвоен Статутот на Земјоделската комора во Скопје. Види во: „Живот и рад Пољопривредне коморе у Скопљу", в. „Глас пољопривреде", I, бр. 1, Скопље, мај 1939, 3-15.

## 3. СТАВОТ НА ЈУГОСЛОВЕНСКАТА РАДИКАЛНА ЗАЕДНИЦА КОН ВНАТРЕШНАТА И НАДВОРЕШНАТА ПОЛИТИКА НА ВЛАДАТА НА МИЛАН СТОЈАДИНОВИЌ

Југословенската радикална заедница и во Вардарскиот дел на Македонија работеше меѓу другото и на популаризирањето и на спроведувањето на внатрешната и на надворешната политика на владата на Милан Стојадиновиќ, бидејќи како Партија на владата таа политика беше содржана во нејзината Програма. За таа цел, во текот на 1937/38 година, во Вардарскиот дел на Македонија беа одржани повеќе околиски, месни и манифестациони конференции, собири и состаноци на кои истакнати личности од политичкиот и јавниот живот ја изнесуваа внатрешната и надворешната политика на владата на Милан Стојадиновиќ. Во своите говори тие главно ја изложуваа работата на Кралската влада и на Милан Стојадиновиќ на сите полиња. Зборувајќи за политичката ситуација во земјата, тие главно посебен акцент даваа на „успешната" работа на Кралската влада и на водачот на ЈРЗ - Милан Стојадиновиќ на социјалното, економското и културно-просветното подигање на народот во Вардарскиот дел на Македонија. Речиси од сите овие конференции и собири беа упатувани поздравни телеграми до Милан Стојадиновиќ во кои му се изразуваше благодарност за „успешната и интензивна дејност и напори да ја изведе земјата од економската криза"

давајќи му ја притоа својата поддршка.[265]

На повеќето од овие конференции и собири, во поглед на надворешната политика на владата на Милан Стојадиновиќ, посебен акцент беше даден на прашањето за Конкордатот. Притоа, беше констатирано дека „со склучувањето на Конкордатот не е доведено во подредена положба православието во нашата држава, бидејќи со него Кралската влада сака да го реши прашањето со римокатоличката црква чиј број на верници во Кралството на Југославија изнесува 5 милиони".[266]

Во врска со Конкордатот значајна е изјавата на Бранислав Тодоровиќ, народен пратеник дадена на Конференцијата на ЈРЗ за околија Галичка, одржана на 28.VIII.1937 година, дека „ни тој ниту било кој друг православен не би гласал за Конкордатот, кога тој законски проект би содржел и најнезнатна точка со која би биле оштетени интересите на Српската православна црква".[267]

Давајќи и поддршка на владата на Милан Стојадиновиќ и Угрин Јоксимовиќ, на Конференцијата на ЈРЗ во Скопје, ќе констатира во својот говор дека „со Конкордатот не се ни најмалку тангирани

265 Види повеќе во написите во: в. „Самоуправа", LVII, бр. 101, 187, 190, 193, 199, 210, 222, 259, 260, 274, 282, 285, Београд, 7.V., 14, 19, 23, 24.VIII., 3, 17.IX., 1.X., 13, 16, 20.XI., 2, 11, 15.XII.1937, 4; в. „Самоуправа", LVIII, бр. 581, 654, 671, 681, 686, 804, 805, 809, 888, Београд, 24.I., 19.IV., 13, 22.V., 1.VI., 17, 18, 22.X., 1.XII.1938, 4.

266 „Конференција Среског и Месног одбора ЈРЗ у Гостивару", в. „Глас Полога", V, бр. 229, Тетово, 14.VIII.1937, 1, 2.

267 „Конференција ЈРЗ у Срезу Галичком", в. „Самоуправа", LVII, бр. 199, Београд, 3.XI.1937, 4.

и уште помалку оштетени православните интереси како на црквата така и оние на православните и на другите вероисповести во земјата".[268]

Општо кажано, на сите конференции и собири ѝ беше дадена поддршка на владата на Милан Стојадиновиќ во врска со Конкордатот истакнувајќи дека со него се засилува надворешната политика на владата.

Исто така, на сите овие конференции и собири, не се пропушташе можноста да се нападнат опозиционите граѓански партии и нивната активност во врска со внатрешната и надворешната политика на владата на Милан Стојадиновиќ. Особено опозицијата беше критикувана и напаѓана за нејзиниот критичен став кон Конкордатот. Притоа се истакнуваше дека опозицијата со борбата против Конкордатот, злоупотребувајќи ја црквата и ширејќи лажни вести дека православието е во опасност, всушност сака да ја сруши владата на Милан Стојадиновиќ.[269]

## 4. СОЗДАВАЊЕ НА ЈУГОСЛОВЕНСКИ РАБОТНИЧКИ СОЈУЗ

Уште во 1936 година, по своето формирање, ЈРЗ се ангажираше околу давањето поддршка на владата на Милан Стојадиновиќ при формирањето на Југословенскиот работнички сојуз (ЈУГОРАС).

268 „Конференција у Скопљу", в. „Самоуправа", LVII, бр. 190, Београд, 23.VIII.1937, 4.

269 Истото; „Конференција ЈРЗ у Овчепољском Срезу", в. „Самоуправа", LVII, бр. 285, Београд, 18.XII.1937, 4.

ЈУГОРАС беше синдикална организација формирана од владата во 1936 година, со претседател Драгиша Цветковиќ, Министер во владата на Милан Стојадиновиќ, со цел да се бори против револуционерните синдикати (УРСС или Урсовите синдикати) и да ѝ служи на владата за задушување на тарифното и штрајкачко движење, т.е. за разбивање на единството на работничката класа.[270] ЈУГОРАС, како инструмент на владата, во Вардарскиот дел на Македонија имаше штетни последици, зашто владата преку него настојуваше да ги преземе сите работнички установи - работнички комори, осигурителни каси и друго и да ги предаде на овој синдикат. Особено вакви активности владата на Милан Стојадиновиќ и ЈУГОРАС развиваат веднаш по формирањето на скопската Работничка комора.[271]

ЈУГОРАС во Вардарскиот дел на Македонија, по преземањето на Работничката комора во Скопје, пристапува кон организирање на режимски синдикални организации. Во тоа голема поддршка наоѓаше

[270] Branko Petranović, Istorija Jugoslavije 1918-1988, Beograd, 1989, 287-288.

[271] Работничката комора во Скопје е формирана на 1.XI.1936 година, а со работа започнува кон крајот на истата година. Таа ја добила во надлежност: цела Моравска и Вардарска бановина и оној дел од Зетска бановина што порано припаѓал на белградската Работничка комора. Како привремена и нова социјална установа имаше за цел заштита на работодавачите и власта. Иако беше истакнато дека таа нема да има политички задачи, сепак, во политичка смисла, оваа установа за Јужна Србија (Вардарскиот дел на Македонија, б.м.) беше од посебна важност, зашто таа требаше да им овозможи на работниците политички да се ориентираат онака како што бараат интересите на работодавачите и државата. Види во: „Оснивање радничке коморе у Скопљу", в. „Самоуправа", LVII, бр. 269, Београд, 29.VII.1937, 3.

во ЈРЗ, која беше главен организатор во спроведувањето на таа активност, бидејќи ЈУГОРАС беше еден вид филијала на ЈРЗ. Членовите на ЈУГОРАС истовремено беа и членови на ЈРЗ, додека пак Раководството во синдикалните подружници го сочинуваа државни службеници.

Во 1938 година, додека на една страна се постигнува единство во класните Урсови синдикати, речиси во исто време, на Првиот конгрес на ЈУГОРАС одржан во Белград на 25.IV.1938 година, претседателот на владата Милан Стојадиновиќ, откако ги осудува класните синдикати за „асоцијални и анационални", побарал сите работнички установи да бидат преземени од ЈУГОРАС.

На истиот Конгрес, во усвоената Резолуција, се бараше да се „пристапи кон сузбивање на деструктивната и противдржавна работа на сите анационални работнички синдикати", како услов за создавање на „единствен национален работнички синдикален сојуз".[272]

Непотребни се други податоци за карактерот и целите на владата преку создавање на ЈУГОРАС да работи на разбивањето на работничкото и синдикално движење. Но, и покрај тоа што ја имаа поддршката на владата и државата режимските синдикати не успеаја и во Вардарскиот дел на Македонија да се почувствуваат посилно во редовите на работничката класа.

---

272 „Конгрес ЈУГОРАСА једнодушно констатује да је влада г. др. Стојадиновића исправно схватила значај социјалног стања", в. „Самоуправа", LVIII, бр. 659, Београд, 28.IV.1938, 1.

## 5. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИЗБОРИ ЗА СЕНАТ

Истовремено со активноста во врска со поддршката на внатрешната и надворешната политика на владата на Милан Стојадиновиќ, ЈРЗ ќе развие доста голема активност во Кралството на Југославија , а и во Вардарскиот дел на Македонија, во врска со дополнителните избори за Сенатот.[273] Имено, на 3.I.1938 година им истекнал мандатот на 23 сенатори кои беа избрани по бановините, а на 9 јануари истата година им истекнал и мандатот на 28 сенатори кои беа именувани со Кралски указ. Затоа, со Указ на Кралското намесништво на 9.I.1938 година, врз основа на чл. 50 од Уставот, беа именувани нови сенатори,[274] а на 6.II.1938

273 Според одредбите на Уставот Сенатот е составен од два вида членови: едната половина се избира по бановините и тоа на секои 300.000 жители се избира по 1 сенатор, а изборот го вршат: 1) народните пратеници од сите околии на дотичната бановина; 2) сите бански советници на дотичната бановина и 3) сите претседатели (началници) на општините на таа бановина. Втората половина на членовите на Сенатот („толкав ист број на сенатори, колку се избрани") ги именува Кралот. Мандатот на избраните сенатори трае 6 години. Секои 3 години Сенатот се обновува со избори за нови членови за една половина од избраните сенатори. Исто така и мандатот на именуваните сенатори од Кралот трае 6 години. Види во: „Oktroisani ustav" (чл. 50, 51, 52), Branko Petranović, Momčilo Zečević, Jugoslavija 1918-1984. Zbirka dokumenata, Beograd, 1985, 272; „Zakon o izboru senatora od 30 septembra 1931" godine" (чл. 4, 5, 8), Ferdo Čulinović, Jugoslavija između dva rata, II, Zagreb, 1961, 33.

274 Со Указ на Кралското намесништво на 9.I.1938 година, врз основа на чл. 50 од Уставот, за сенатори беа именувани: др. Лујо Војновиќ, др. Богдан Гавриловиќ, др. Георг Грасл, Стеван Јанковиќ, др. Хамдија Карамехмедовиќ, др. Желимир Мажураниќ, Антун Михаиловиќ, Стеван Михалџиќ, др. Анте Павелиќ, Јанко Спасојевиќ и Спиро Хаџи Ристиќ. На 9.III.1938 година со Указ

година беа спроведени избори за нови сенатори по бановините. Дополнителните сенатски избори требаше да се спроведат во сите бановини,[275] освен во Зетска бановина каде што немаше истекнато мандат на ниеден сенатор. Опозицијата немаше истакнато свои листи во изборните единици во Моравска, Вардарска, Дравска, Врбаска бановина и на подрачјето на градот Белград, бидејќи немаше доволен број на потписници за поднесување на кандидатски листи. Опозициони листи беа истакнати во Дунавска, Приморска и Савска бановина.[276]

Со оглед на тоа што од Вардарска бановина требаше да се изберат 3 сенатори, на предлог на Бановинскиот одбор на ЈРЗ, за кандидати беа потврдени Угрин Јоксимовиќ, народен пратеник од Гостивар, (Горнополошка околија); Михајло Лукаревиќ, народен пратеник од Пчињска околија и Мухамед Златко, претседател на општина од Дебар; а за заменици: Милош Драговиќ, претседател на

на Кралското намесништво за сенатори беа именувани: др. Милан Врбаниќ, др. Фран Куловец, Милутин Стефановиќ и Хусејин Мишиќ, а на 21 март истата година беше именуван и др. Душан Васиљевиќ. Види во: „Наша унутрашња политика", в. „Самоуправа", LVIII, бр. 276, Београд, 20.VII.1938, 2.

275 На дополнителните сенатски избори во Дравска бановина: се избира 1 сенатор; во Савска бановина: се избираат 7 сенатори; во Врбаска бановина: се избира 1 сенатор; во Приморска бановина: се избираат 2 сенатори; во Дринска бановина: се избираат 2 сенатори; во Дунавска бановина: се избираат 5 сенатори; во Моравска бановина: се избира 1 сенатор; во Вардарска бановина: се избираат 3 сенатори; за управното подрачје за градот Белград: се избира 1 сенатор; Види во: „Избори за сенаторе", в. „Самоуправа", LVIII, бр. 594, Београд, 8.II.1938, 1.

276 „Наша унутрашња политика", в. „Самоуправа", LVIII, бр. 726, Београд, 20.VII.1938, 2.

општина од Лебане; Лазар Јоксимовиќ, трговец од Приштина и Али Шефик бej, рентиер од Штип.[277] Според резултатите од дополнителните сенатски избори, извршени на 6.II.1938 година, ЈРЗ однесува апсолутна победа, добивајќи 17 мандати од вкупниот број 23. Во Кралството на Југославија за дополнителните сенатски избори од вкупно 4.163 гласачи за ЈРЗ гласале 3.501 (или 84,6%), додека за целокупната опозиција гласале 662 (или 15,4%).[278]

Во Вардарска бановина од вкупно 483 избирачи гласале 465, и тоа: за листата на ЈРЗ - 464, а против само 1 глас. Процентот на учеството на избирачите беше 96%. Во Вардарска бановина ЈРЗ однесува апсолутна победа, бидејќи во изборните единици немаше други изборни листи, од причина што опозицијата не успева воопшто да постави свои листи. За сенатори беа избрани: Угрин Јоксимовиќ, Михајло Лукаревиќ и Мухамед Златко.[279]

На 23.III.1938 година беше одржан состанок на новоформираниот клуб на ЈРЗ во Сенатот, на кој присуствувал и Претседателот на Министерскиот совет и Министер за надворешни работи, водач на ЈРЗ - Милан Стојадиновиќ. До овој ден во овој клуб беа запишани 42 сенатори, што значи апсолутно мнозинство од вкупниот број на сенатори. Со акламација беше избран претседател

---

277 „Утврђене су листе за кандидата за избор сенатора. Кандидати за избор сенатора Вардарске бановине", в. „Глас Полога", V, бр. 251, Тетово, 15.I.1938, 1.

278 „Наша унутрашња политика", в. „Самоуправа", LVIII, бр. 726, Београд, 20.VII.1938, 2; „Једна велика победа", в. „Глас Полога", VI, бр. 255, Тетово, 12.II.1938, 3.

279 „Величанствена победа ЈРЗ", в. „Самоуправа", LVIII, бр. 594, Београд, 8.II.1938, 1.

на клубот: др Ѓуро Котур; за потпретседатели: др. Милан Мишкулин и Душан Трифковиќ; за секретари: др. Фран Смодеј, Чедо Захариќ и Каменко Божиќ, а за благајник: Михајло Лукаревиќ.[280]

## 6. АКТИВНОСТА НА ЈУГОСЛОВЕНСКАТА РАДИКАЛНА ЗАЕДНИЦА НА ОМАСОВУВАЊЕ НА ЧЛЕНСТВОТО И НА НЕЈЗИНАТА ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ

Во текот на 1936 година ЈРЗ ја извршува својата политичка организација во Кралството на Југославија, го одржува Првиот Конгрес и првпат стапува во изборна акција на општинските избори на кои однесува и победа. Во периодот 1937/38 година ЈРЗ ја продолжува својата активност во поглед на омасовување на членството во нејзините редови, од една, а од друга страна, продолжува да работи на својата организациона поставеност на целата територија на Кралството на Југославија. Како резултат на таа активност, на седницата на потесниот Главен одбор на ЈРЗ одржана на 27.IV.1937 година, во Извештајот на секретарот на Главниот одбор, беше констатирано дека од 343 околии во Кралството на Југославија во 269 околии постојат организации на ЈРЗ. На 13.I.1938 година од поднесениот Извештај може да се види дека ЈРЗ беше потполно организирана во 284 околии со 2.966 општини. На 27.V.1938 година бројот на околиите изнесува 297 со

280 „Наша унутрашња политика", в. „Самоуправа", LVIII, бр. 726, Београд, 20.VII.1938, 2.

3.047 општини во кои беше извршена потполна организација на ЈРЗ, а остануваше да се организираат уште само во 52 околии.[281]

Во текот на 1937/38 година во Вардарскиот дел на Македонија ЈРЗ ќе се ангажира и ќе ја насочи својата активност особено околу омасовувањето на членството во своите партиски организации, односно ќе работи на привлекување и запишување на нови членови во своите месни и околиски одбори. За таа цел доста голема активност ќе развијат народните пратеници од Вардарскиот дел на Македонија, кои како функционери на ЈРЗ, особено ќе се ангажираат во пропагирањето и спроведувањето на Програмата на ЈРЗ, која во суштина беше Програма на владата на Милан Стојадиновиќ. Треба да се истакне дека тие не беа активни само во организациите на ЈРЗ во своите изборни околии, туку својата активност ја извршуваа на целата територија на Вардарскиот дел на Македонија, посетувајќи ги организациите на ЈРЗ и во другите изборни околии. За таа цел беа организирани состаноци, конференции и собири не само со приврзаниците на ЈРЗ (членови на месните и околиски одбори) туку и со поширок круг на луѓе со цел да ги привлечат во редовите на ЈРЗ.[282]

---

281 „Све већи напредак Југословенске радикалне заједнице у народу", в. „Самоуправа", LVIII, бр. 727, Београд, 21.VII.1938, 2.

282 Меѓу народните пратеници, функционери на ЈРЗ, посебно би ги истакнале активностите на некои од нив, и тоа на:

Угрин Јоксимовиќ, кој како претседател на Бановинскиот одбор на ЈРЗ и сенатор, во текот на 1937/38 година извршил посети во повеќе околии во Вардарскиот дел на Македонија, каде што одржал повеќе конференции со членовите на месните и околиските одбори на ЈРЗ;

Исто така, во текот на 1938 година, посета на организациите на ЈРЗ во некои околии на Вардарскиот дел на Македонија ќе изведат Милан Стојадиновиќ и министрите Војко Чвркиќ и Душан Летица.[283] Притоа, тие ја пропагираа и ја популаризираа

---

Душан Перовиќ, како народен пратеник од Неготинска околија, со цел да ги прошири своите изборни активности надвор од својата изборна околија, извршил посета на сите општини во Тиквешкиот крај. Во својот Извештај тој ќе констатира дека „Тиквешкиот крај политички добро е организиран, дека народните маси добро се известени за сé, дека организацијата е извршена во целиот крај, дека уписот во ЈРЗ е извршен". На крајот тој констатира дека постигнатиот резултат е голем, што дава доказ колку народот ја „присвоил" Програмата на ЈРЗ;

Стеван Симиќ, народен пратеник од околија Кратовска, покрај активноста во својата изборна околија (посети на организациите на ЈРЗ), за време на пратеничкиот мандат патувал почесто во сите оближни места и со свои говори учествувал во: Штип, Скопје, Свети Николе, Велес, Скопска околија, Куманово, Прешево, Приштина, Косовска Митровица, Пеќ, Нови Сад, Крива Паланка и Кочани. На Конференцијата на ЈРЗ во Кочани документирано ја прикажал политиката што ја спроведува владата и ЈРЗ и нивните напори да ја извлечат земјата од економската криза;

Забележителна активност ќе развијат и Часлав Никитовиќ, Тодор Живковиќ, Стојадин Димитријевиќ и други. Види во: в. „Самоуправа", LVIII, бр. 210, 589, 667, 686, Београд, 17.IX.1937, 1.II., 8.V. и 1.VI.1938, 4, 3, 1, 3; А. МАНУ, ф.: Стеван Симиќ, к.I, папка I, А.Е. I/1-211. „Успомене Стевана Симића", 163; к. IV, папка II, А.Е. XIX (II). „Белешки од пратеничката дејност на Стеван Симиќ од 1.I. до 30.XII.1937".

283 Во текот на месец јули 1938 година Милан Стојадиновиќ ќе изврши посета на организациите на ЈРЗ во Вардарскиот дел на Македонија, а на 4.VII.1938 година ќе присуствува на Бановинската конференција на ЈРЗ на која присуствувале: народните пратеници, банските советници, и претседателите и потпретседателите на околиските организации на ЈРЗ. На истата ќе се дискутира за актуелните прашања за Јужна Србија (Вардарскиот дел на Македонија, б.м.), за работата на ЈРЗ и за нејзината организациона поставеност. Види во: в. „Самоуправа", LVIII, бр. 712, Београд, 6.VII.1938, 1, 2;

Во текот на месец јули 1938 година Министерот за финансии Душан Летица, во придружба на Часлав Никитовиќ, го посетил Радовиш и притоа зборувал за изведување на јавни работи, за

Програмата на ЈРЗ, агитирајќи меѓу населението да стапува што помасовно во редовите на ЈРЗ и да работи на реализација на нејзината Програма.

Истовремено со активноста во врска со омасовувањето на членството, ЈРЗ работеше и на својата организациона поставеност. Што се однесува за Вардарскиот дел на Македонија, ЈРЗ во текот на 1937/38 година ја продолжува својата активност на организационен план, која се состоеше во реорганизација на веќе постоечките и во избор на нови управи на околиските и месни одбори на ЈРЗ во поедини места. За таа цел во Вардарскиот дел на Македонија во текот на 1937/38 година беа одржани повеќе изборни конференции, како на пример: во Скопје,[284] во Струмица,[285]

---

политиката на ЈРЗ и за омасовувањето на ЈРЗ во Радовишка околија. Види во: в. „Самоуправа", LVIII, бр. 727, Београд, 21.VII.1938, 4;

На 17 и 18.X.1938 година Војко Чвркиќ, Министер на пошта и телеграф, ги посетил Демир Капија, Неготино и Кавадарци. Притоа зборувал за политиката на владата, за работата на ЈРЗ и за изведување на јавни работи. Види во: в. „Самоуправа", LVIII, бр. 804, Београд, 18.X.1938, 3.

284 На 21.I.1937 година Месниот одбор на ЈРЗ во Скопје, на чело со претседателот на општина Панта Јовановиќ, извршува потполна реорганизација во сите свои реони. Скопскиот Месен одбор, во Скопје и во селата кои припаѓаат на скопската општина, по оваа реорганизација има вкупно 20 пододбори на ЈРЗ. Види во: „Месни одбор ЈРЗ у Скопљу извршио је поновну реорганизацију у својим реонима", в. „Самоуправа", LVIII, бр. 18, Београд, 26.I.1937, 4.

285 На 26.III.1937 година беше одржано годишно Собрание на членовите на Месниот одбор на ЈРЗ во Струмица и притоа беше извршено конституирање на новиот Месен одбор во состав: Претседател: Михајло Стојановиќ, апотекар; потпретседатели: Илија Ќилимановиќ, адвокат и Панде Кујунџијевиќ; секретар: Арсо Николиќ, учител во пензија; благајник: Мита Граматиковиќ, трговец. Во управата како членови беа избрани 20 лица. Види во: „Нова управа Месног одбора ЈРЗ у Струмици",

во Кочани,[286] во Куманово,[287] во Неготино,[288]

---

в. „Самоуправа", LVII, бр. 73, Београд, 31.III.1937, 4.

На 10.IV.1937 година беше избрана и нова управа во околискиот одбор на ЈРЗ за околија Струмичка во состав: претседател: Михајло Стојановиќ, апотекар; потпретседател: Илија Кацаревиќ; секретар: Илија Чилимановиќ; благајник: Радован Делевиќ, адвокат. За членови на управа беа избрани: Коста Вртевиќ, претседател на општина Новоселска; Никола Лумовиќ, Илија Кацаревиќ, Н. Азмановиќ, Миљко Соколовиќ, Т. Ристовиќ, Ѓорѓе П. Костевиќ, Јован Чорлевиќ и Мита Р. Ѓорѓевиќ. Види во: „Нова управа Среског одбора ЈРЗ за Срез Струмички", в. „Самоуправа", LVII, бр. 96, Београд, 27.IV.1937, 4.

286 На 27.III.1937 година во Кочани на одржаната Конференција на Месниот одбор на ЈРЗ за општина Кочанска беше избран нов Месен одбор во состав: претседател: Душан Трифковиќ; потпретседатели: Тодор Варадиновиќ, трговец; Зулфиќар Хаџи Амди, рентиер и Тома Ванѓеловиќ, поседник; секретар: Живорад Поповиќ, чиновник; благајник: Тодор Нишанџијевиќ, бански советник, а во управата беа избрани 16 лица. Види во: „Г. Душан Трифковић изабран за претседника у Кочанима", в. „Самоуправа", LVII, бр. 76, Београд, 3.IV.1937, 4.

287 На 5.IV.1937 година во Куманово на поширока Конференција на приврзаниците на ЈРЗ беше избрана нова управа на Месниот одбор на ЈРЗ за Куманово во состав: претседател: Никола Стојановиќ, претседател на градската управа; потпретседател: Илија Вуковиќ, апотекар и бивш народен пратеник. Види во: „Нова управа Месног одбора у Куманову", в. „Самоуправа", LVII, бр. 78, Београд, 6.IV.1937, 4.

288 На 20.IV.1937 година на околиската Конференција на ЈРЗ во Неготино, во присуство на Душан Перовиќ, народен пратеник од околија Неготинска и на 25 претставници од сите 25 општини од оваа околија, беше избран нов Околиски одбор на ЈРЗ во состав: претседател: Владимир Казимировиќ, а за потпретседател: Миленко Здравковиќ. Види во: в. „Самоуправа", LVII, бр. 91, Београд, 21.IV.1937, 4; При крајот на април 1938 година во Неготино беше одржана Конференција на Месниот одбор на ЈРЗ и притоа беше избрана нова управа во состав: претседател: Лазар Т. Коциќ; потпретседатели: Ристо Ристиќ, Стево Станимировиќ и Александар Апостоловиќ; секретар: Рајко Митровиќ; благајник: Пане Ј. Станиновиќ; а за членови на Одборот беа избрани 10 лица. Види во: „Конференција у Неготину на Вардару", в. „Самоуправа", LVIII, бр. 659, Београд, 28.IV.1938, 3.

во Велес,[289] во Кавадарци,[290] во Струга,[291] во Гевгелија[292] и во Битола.[293]

---

289 Кон крајот на месец април 1937 година во околија Велешка беше извршена реорганизација на Месните одбори на ЈРЗ. На 14.IV.1938 година беше избрана нова управа на ЈРЗ во околија Велешка во состав: претседател: Тодор Живковиќ, народен пратеник; потпретседатели: Вељко Веневиќ, судија во оставка; Милоје Бориќ, директор на Гимназија; Александар Левковиќ, индустријалец и Илија Јовевиќ; секретари: Владо Јањиќ, околиски лекар; Д. Рељин, судски чиновник и Душан Кара-Митровиќ, општински чиновник; благајник: Кочо Зафировиќ, трговец. Избран беше и потребен број на членови на Одборот. Види во: „Реорганизација наше странке у Срезу велешком", в. „Самоуправа", LVII, бр. 122, Београд, 2.VI.1937, 4; „Снага наше странке у Срезу Велешком", в. „Самоуправа", LVIII, бр. 656, Београд, 21.IV.1938, 2.

290 На 8.V.1938 година во Кавадарци беше одржана седница на Околискиот одбор за Околија Кавадарска. Притоа беше избран нов Околиски одбор во состав: претседател: Душан М. Перовиќ, народен пратеник за околија Неготинска; потпретседатели: Благоја Мешковиќ, трговец од Кавадарци и Вељко Манчиќ, бански советник; секретар: Јордан Паниќ; благајник: Тодор Лазовиќ, а административен секретар: Никола Ј. Вучелиќ, школски надзорник од Кавадарци. Види во: „Конституисање Среског одбора за Кавадарски Срез", в. „Самоуправа", LVIII, бр. 673, Београд, 15.V.1938, 3.

291 На 3.VI.1938 година во Струга беше одржано околиско Собрание на ЈРЗ на кое за претседател на Околискиот одбор беше избран Серафим Крстиќ, а за потпретседатели: Митре Несторовиќ и Неѓи Рушит. Види во: „Избор Среског одбора у Струги", в. „Самоуправа", LVIII, бр. 688, Београд, 4.VI.1938, 2.

292 На 19.VI.1938 година во Гевгелија на поширока Конференција на членовите на ЈРЗ беше извршен избор на Месен одбор со претседател: Ристо Ортаковиќ, царински посредник. Види во: „ЈРЗ у Ђевђелији", в. „Политика", XXXV, бр. 10796, Београд, 20.VI.1938, 4.

293 Кон крајот на месец јули 1938 година во околија Битолска беше извршена целосна реорганизација на ЈРЗ. Избран беше нов Околиски одбор во состав: претседател: Петар Косовиќ, народен пратеник; потпретседатели: Александар Хаџи Илиќ и Василије Богдановиќ; секретари: Василије Николиќ и

Исто така ЈРЗ во овој период работеше и на реорганизацијата и на изборот на нови управи во младинските организации кои беа изведени во некои места, како на пример: во Охридска околија,[294] во Кочани,[295] во Струшка околија[296]

Димитрије Фикиќ; благајник: Данило Дарковиќ. Избран беше и нов Месен одбор во Битола во состав: претседател: Петар Косовиќ; потпретседатели: Теофило Киријаку и Владо Ризевиќ; секретар: Димитрије Фикиќ; благајник: Михаило Поповиќ. Избрани беа и нови управи во 15 месни пододбори во Битола, а исто така и нови управи на ЈРЗ во општините во Битолска околија. Види во: „Реорганизација наше странке у Битољском Срезу", в. „Самоуправа", LVIII, бр. 713, Београд, 7.VII.1938, 3.

294 Во текот на месец септември 1937 година беше извршена реорганизација на месните организации на младината во Охридска околија, а потоа беше конституиран Околиски одбор на младината на ЈРЗ во состав: претседател: Ристо Баштовановиќ, лекар од Охрид; потпретседатели: Стамен Шокаревиќ, учител од Велгошта; Петар Недевиќ, земјоделец од Горни Косел; секретар: Новица Јевтиќ; благајник: Лазар Ристиќ. За членови на Одборот: Коста Ситниковиќ, земјоделец од с. Горенци; Глигор Вретеновиќ, земјоделец од Велгошта и Стојан Ничевиќ, учител од с. Требеништа. Види во: „Организација омладине ЈРЗ у Охридском Срезу", в. „Самоуправа", LVII, бр. 205, Београд, 11.IX.1937, 4.

295 На 27.III.1937 година во Кочани беше избран Околиски младински одбор на ЈРЗ во состав: претседател: мр. Ристо Нишанџијевиќ, апотекар; потпретседатели: Благоја Џидровиќ, Мехмед Ашиметовиќ и Димитрије Јовановиќ; секретар: Божидар Ѓорѓевиќ; благајник: Методија Беличевиќ. За членови беа избрани истакнати младинци. Види во: в. „Самоуправа", LVII, бр. 76, Београд, 3.IV.1937, 4.

296 На 31.VIII.1937 година на Конференцијата во Струга беше извршена реорганизација на младинската организација на ЈРЗ во Струшка околија. По конституирањето на месните одбори беше избран Околиски одбор на младината на ЈРЗ во состав: претседател: Сотир Чаторошко; потпретседатели: Прокопије Поповиќ, Аргир Петровиќ; секретар: Голубин Ковачевиќ; благајник: Ксенофон Бебековиќ. Членови на управа: Димитрије Настиќ, Ѓорѓе Поповиќ и Костадин Јовановиќ. Види во: „Конференција омладине ЈРЗ за Срез Струшки", в. „Самоуправа", LVII, бр. 204, Београд, 10.IX.1937, 2.

и во Скопје.[297]

За тоа каква беше организационата состојба на ЈРЗ во Вардарскиот дел на Македонија Извештај беше даден на состанокот на Бановинскиот одбор на ЈРЗ за Вардарска бановина одржан на 5.VI.1938 година во Скопје. Претседателот на одборот Угрин Јоксимовиќ констатира дека „ЈРЗ во Вардарска бановина (Вардарскиот дел на Македонија, б.м.) е речиси целосно конституирана, членството во неа е над сите очекувања и активноста на сите нејзини членови е на високо ниво и дека ЈРЗ и понатаму ќе се труди да ги остварува и извршува задачите што и ги дава Главниот одбор на ЈРЗ".[298]

Општо кажано, ЈРЗ во Вардарскиот дел на Македонија, преку своите партиски, младински и работнички синдикални организации (т.е. преку ЈУГОРАС), активно работеше на поддржувањето и на спроведувањето на политиката на владата на Милан Стојадиновиќ.

---

297 Во месец октомври 1937 година во Скопје по одржаните маалски конференции на своите пододбори беше формиран нов Месен одбор на младината на ЈРЗ за Скопје во состав: претседател: Филота Дича; потпретседатели: Боро Поповиќ; Атанас Атанасијевиќ, судски приправник; Афис Ќамил, трговец; Владо Анастасијевиќ и Гани Селим; секретари: Никола Лозаниќ, судија и Душан Богојевиќ, апотекар; благајници: Дарије Сасон и Спиро Сретковиќ. Види во: „Рад Месног одбора наше странке за град Скопље и конституисање омладинске организације", в. „Самоуправа", LVII, бр. 227, Београд, 7.X.1937, 4.

298 „Састанак Бановинског одбора ЈРЗ за Вардарску бановину", в. „Политика", XXXV, бр. 10784, Београд, 6.VI.1938, 4.

## 7. АКТИВНОСТА НА ГРАЃАНСКИТЕ ОПОЗИЦИОНИ ПАРТИИ ЗА ЗАЕДНИЧКА ПОЛИТИЧКА АКЦИЈА ПРОТИВ ВЛАДАТА НА МИЛАН СТОЈАДИНОВИЌ

### а) Причини за заедничка политичка акција на граѓанските опозициони партии

Набрзо по петомајските парламентарни избори во 1935 година се олабавуваат политичките врски на граѓанските опозициони партии кои беа воспоставени во условите на предизборната и изборната борба. Таквите односи во редовите на буржоаската опозиција ѝ одговараа на владата на Милан Стојадиновиќ која во почетокот ги користеше несредените политички прилики при крајот на владата на Богољуб Јевтиќ, па се претставуваше како фактор, кој ќе најде излез од тогашната политичка криза, за чие решавање Богољуб Јевтиќ не се покажал способен. Но, подоцна дејствувањето на владата на Милан Стојадиновиќ, неговиот сè поизразен полициски режим, кој заправо беше само влошување на политичката состојба од времето на Богољуб Јевтиќ, неодговорните самоволија и профашистичкиот режим на Милан Стојадиновиќ, ја опоменуваа граѓанската опозиција дека треба да се среди, организира и заеднички да истапи против тој режим. За таквото здружување на опозиционите елементи придонесуваа надворешнополитичките и внатрешнополитичките причини.

Надворешнополитичките причини за активирање на опозиционите партии во Кралството на Југославија против режимот на Милан

Стојадиновиќ се наоѓаа, особено, во сé поотвореното профашистичко истапување на Милан Стојадиновиќ, во неговото постојано и доследно разбивање на договорените врски со „Малата Антанта" и во настојувањето Кралството на Југославија да го врзе за силите на Оската - Германија и Италија, т.е. неговото настојување и тенденции Кралството на Југославија да го премести од еден империјалистички табор (Франција и Велика Британија) во друг (Германија и Италија).

Внатрешнополитичките причини за заедничката акција на опозицијата против владата на Милан Стојадиновиќ беа главно во сé поостриот притисок на тој режим против сите политички противници. Полицискиот апарат постапуваше сé посурово со противниците на режимот. Опозицијата во тој поглед беше во сé потешка положба, бидејќи Милан Стојадиновиќ започнува со фашистички методи да ги прогонува своите политички противници. Затоа опозицијата се нашла во ситуација да се организира за заедничко истапување.

### б) Активноста на србијанските граѓански опозициони партии за заедничка политичка акција

Поради надворешнополитички, внатрешнополитички и други причини опозиционите политичари започнуваат да бараат и воспоставуваат меѓусебни контакти. Во врска со тоа, во почетокот на 1937 година започнуваат активностите на србијанските граѓански опозициони партии: Демократската на чело со Љуба Давидовиќ, Земјоделската на чело со Јован Јовановиќ - „Пижон" и групата

околу Аца Станојевиќ. Во нивните меѓусебни контакти тие главно разменуваа мисли за главните начела на една заедничка идна Програма и за таа цел беше формиран Одбор, кој конкретно во четири - пет точки ќе ја формулира таа заедничка програма. Во тој Одбор беа одредени: Миша Трифуновиќ, др. Милан Гавриловиќ и Божидар Влајиќ.[299]

Во врска со оваа активност значајна е изјавата на еден демократ кој истакнал дека „...ние (се мисли на демократите, б.м.) сме излегле од фазата на манифестации и се наоѓаме во фаза, во која народот очекува остварувања, па затоа и бараме групирање на силите од оние партии кои ќе бидат согласни со неколку основни прашања. Тука не може да има никакви исклучувања и надмудрувања. Мора да се знае каде се оди".[300]

На 13.VI.1937 година во Белград беше одржан состанок на Главниот одбор на бившата Демократска партија на кој од вкупно 56 повикани членови беа присутни 52. Отсутните членови однапред дале согласност за одлуките на овој состанок. Од Вардарскиот дел на Македонија беа присутни: Михајло Кујунџиќ, бивш потпретседател на Народното собрание од Скопје; Димитрије Чичевиќ, бивш народен пратеник од Прилеп; Ѓорѓе Маноловиќ, трговец и бивш народен пратеник од Струмица; Димитрије Бојаџијевиќ, трговец и бивш народен пратеник од Скопје; др. Александар Ташевиќ, лекар од Велес. На овој состанок не присуствуваше Бенедикт Поповиќ, учител

299 „Око кратког заједничког Програма", в. „Политика", XXXIV, бр. 10394, Београд, 30.IV.1937, 4.

300 Истото

и бивш народен пратеник од Кичево. По воведното излагање на Љуба Давидовиќ и по дискусијата, во која акцент беше даден на внатрешната и на надворешната ситуација на Кралството на Југославија и на односите со другите групи од Здружената опозиција, на крајот едногласно беше усвоена Резолуција на Главниот одбор на Демократската партија. Во неа демократите во своето начелно изјаснување поаѓаат од гледиштето дека унитаристичкото уредување не одговара на сегашната ситуација и се заложуваат за посложен облик на државно уредување. Признавајќи, во Резолуцијата, дека постојат три посебни историско културни индивидуалности, српски, хрватски и словенски, демократите признале дека тој факт ја наметнува потребата од државна реорганизација. Тие се определуваат за типот на „сложена држава" не впуштајќи се во подетално толкување како ја замислуваат таа држава. Можеби најкарактеристично е тоа што тие во Резолуцијата бараат заеднички парламент, а притоа не зборуваат за неговата надлежност. Во Резолуцијата беше нагласено дека договорите со другите опозициони групи до сега не дале резултати кои се очекувале во поглед на создавање заедница на групите од Здружената опозиција. Со тоа на јавноста ѝ беше дадено објаснување за односите на групите од Здружената опозиција од кои се гледа дека помеѓу трите групи сеуште не е постигнат договор за изработка на заедничка Кратка програма.[301]

На крајот беше заклучено текстот на Резолуцијата да биде

301 „Састанак Главног одбора бивше Демократске странке", в. „Политика", XXXIV, бр. 10436, Београд, 14.VI.1937, 4, 5.

доставен до другите шефови на групите на Здружената опозиција како и на сите фактори од бившата Селско-демократска коалиција.

Во врска со оваа резолуција претставниците од групите на Аца Станојевиќ и Јован Јовановиќ се воздржуваат од мислењата за изнесените ставови во Резолуцијата; Од страна пак на хрватската опозиција во врска со изнесените ставови во Резолуцијата се забележуваше дека „... не постои само хрватско културна, туку постои и политичка индивидуалност, бидејќи Хрватите не се само културна, туку и политичка единица".[302]

## в) Создавање на Блокот на спогодбата меѓу Здружената опозиција и Селско-Демократската коалиција

Преговорите меѓу белградските опозициони групи, започнати во почетокот на 1937 година, продолжуваат и понатаму, а веќе во есента 1937 година започнуваат и поинтензивни контакти со хрватската опозиција за создавање на опозиционен блок. Со нивно настојување наскоро доаѓа до утврдување на главните точки за заеднички опозиционен настап. Имено, на 8.X.1937 година беше потпишан Договор (Спогодба) меѓу граѓанските опозициони партии - Селско-демократската коалиција (ХСС и Самостојната демократска странка),[303] Народната радикална партија, Демократската партија

302 „После састанка Главног одбора б. Демократске Странке", в. „Политика", XXXIV, бр. 10437, Београд, 15.VI.1937, 4.

303 Поопширно за формирањето на Селско-демократската коалиција види во фуснота број 103.

и Земјоделската партија (т.е. белградската Здружена опозиција). Формулираниот Договор (потпишан од: Владимир Мачек, Адам Прибичевиќ, Аца Станојевиќ, Љуба Давидовиќ и Јован Јовановиќ) беше објавен во вид на Проглас, во кој основните точки на тој Договор беа: признавање на принципите на демократија и народен суверенитет како извор на јавната власт; укинување на сите противнародни закони; распишување и спроведување на слободни избори за Уставотворно собрание, кое ќе донесе нов Устав со согласност на претставниците на мнозинството Хрвати, мнозинството Срби и мнозинството Словенци, како и тоа „еднаш за секогаш да се прекине со сите демократски системи и режими".[304]

Одгласот на овој Договор во целокупната Југословенска јавност беше голем. Тој наиде на големо внимание и меѓу јавноста и во Вардарскиот дел на Македонија.

ЈРЗ развива особено голема активност против опозицијата по повод склучениот Договор меѓу белградската Здружена опозиција и хрватската Селско-демократска коалиција и по објавувањето на текстот на Договорот. Во врска со склучувањето на овој Договор беа одржани повеќе конференции и на истите беа донесени повеќе резолуции, како на пример: Градскиот совет на општината на градот Скопје на седницата од 11.X.1937 година, по повод објавениот текст на Договорот меѓу Здружената опозиција и Селско-демократската коалиција, по сестраната дискусија и оценката на овој Договор во донесената Резолуција го усвојува следниот

304 Prof. dr. Ferdo Čulinović, Dokumenti o Jugoslaviji, Zagreb, 1968, 334, 335 („Proglas").

заклучок:

„1. Склучениот договор од основа ги руши придобивките за кои се бореле и оние кои денес своето дело го рушат со една желба да дојдат на власт.

2. Царско Скопје и цела Јужна Србија го осудуваат и протестираат против овој катастрофален пакт чии последици од темел би ја разнишале онаа национална и конструктивна работа која повеќе од две децении е создавана и чиј дух се манифестира на сите полиња на националната и културно-просветна работа". На крајот од Резолуцијата се моли Кралската влада да истрае во својата акција против остварувањето на овој штетен пакт.[305]

Исто така и во Резолуцијата на Градскиот совет на општината Тетово, усвоена на седницата од 15.X.1937 година, се осудува Договорот бидејќи истиот го сметаат „за најголема политичка грешка". Во тоа уверување истакнуваат дека „градот Тетово и Јужна Србија отворено и без икаква резерва ќе се борат против рушителите на нашата заедничка држава и против ваквите штетни пактови..."[306]

И во резолуциите донесени на конференциите на ЈРЗ за околија Горнополошка,[307]

---

305 „Протест из Скопља", в. „Самоуправа", LVII, бр. 232, Београд, 13.X.1937, 3.

306 „Протести из целе земље због споразума који је закључила Удружена опозиција", в. „Глас Полога", V, бр. 238, Тетово, 16.X.1937, 2.

307 „Протест Гостивара и Среза Горно-Полошког због споразума Удружене опозиције", в. „Глас Полога", V, бр. 246, Тетово, 11.XII.1937, 2.

Овчеполска[308] и други исто така беше осуден овој Договор кој според нив беше уперен против народното и државно единство и државната целина воопшто.

Сите овие резолуции и заклучоци јасно ја покажуваат активноста на ЈРЗ во поддршката што таа ѝ ја даваше на целокупната политика на владата на Милан Стојадиновиќ.

За разлика од ЈРЗ и нејзините приврзаници кои Договорот го негираа и осудуваа, тој беше прифатен од македонското комунистичко и националноослободително движење, кои во него гледаа како средство за да се спречи внатрешната и надворешната политика на владата на Милан Стојадиновиќ, и истиот ќе послужи како основа во преговорите со србијанските граѓански опозициони партии за заеднички настап во предизборните и изборните активности за парламентарните избори во 1938 година.

## 8. СТАВОТ НА ГРАЃАНСКИТЕ ОПОЗИЦИОНИ ПАРТИИ КОН ВНАТРЕШНАТА И НАДВОРЕШНАТА ПОЛИТИКА НА ВЛАДАТА НА МИЛАН СТОЈАДИНОВИЌ

Внатрешната и надворешната политика на владата на Милан Стојадиновиќ беа главна причина за заедничка акција на граѓанските опозициони партии против неа.

Со доаѓањето на власт Милан Стојадиновиќ не криеше дека нема намера да ја продолжи традиционалната надворешна политика која ја спроведуваа дотогашните влади потпирајќи се на Франција и Велика

308 „Конференција ЈРЗ за Овчепољски Срез", в. „Самоуправа", LVII, бр. 286, Београд, 15.XII.1937, 4.

Британија. Милан Стојадиновиќ, со своето сé поотворено профашистичко истапување, со своето постојано и доследно разбивање на договорените врски со земјите на „Малата Антанта" и со настојувањето Кралството на Југославија да го поврзе со земјите на Оската - Германија и Италија, јасно ја разоткриваше тенденцијата Кралството на Југославија да се префрли од еден империјалистички табор во друг.

Ваквиот надворешнополитички став на владата на Милан Стојадиновиќ имаше свој одраз во редовите на оној дел на тогашната југословенска опозиција, која беше за ориентација на Кралството на Југославија кон Франција и Велика Британија, особено спрема Франција, а беше во спротивност со Стојадиновиќевиот профашистички надворешнополитички курс. Уште во текот на 1936 година Здружената опозиција жестоко ја напаѓаше надворешната политика на режимот, а на странските претставници им се соопштуваше дека „режимот е прогермански ориентиран и дека не треба да се борат против него".[309]

Еден од значајните чекори на Раководството на Здружената опозиција беше нивниот Меморандум од 15.XII.1936 година, упатен до кнезот Павле, против Милан Стојадиновиќ. Во Меморандумот, потпишан од Аца Станојевиќ (во име на Главниот одбор на Радикалите), од Љуба Давидовиќ (во име на Раководството на Демократската партија) и од Јован Јовановиќ (во име на

[309] Вук Винавер, КПЈ и проблем одбране Југославије и Балкана од фашистичке експанзије и агресије, Историјски часопис, Историјски институт у Београду, књ. XXIII, Београд, 1976, 217, 218.

Раководството на Земјоделската партија), се тврдеше дека „поради лошата политика на Милан Стојадиновиќ авторитетот на државата силно опаднал и дека сé повеќе опаѓа. Несигурноста се чувствува сé повеќе и повеќе".[310]

Договорот со Италија беше причина во почетокот на месец април 1937 година споменатите тројца лидери на Здружената опозиција да излезат пред јавноста со своја Декларација (печатена на 2.IV.1937 година и растурана во вид на леток) за надворешната политика на Милан Стојадиновиќ. Во неа, меѓу другото, се вели дека владата на Стојадиновиќ „ја напушта испробаната надворешна политика на нашата држава". За Договорот со владата на Италија се тврди дека е уперен против Франција, а надворешната политика, општо земено, се води без контрола на јавноста, па постои, се вели во Декларацијата, опасност „нашите сојузници и пријатели да го изгубат од вид фактот дека политиката на владата на г. Стојадиновиќ одговара на расположението на само еден многу мал број луѓе кои се на власт".[311]

1938 година станува решителна година: доаѓа крајот на германската „мирољубива политика". Режимот на Милан Стојадиновиќ на кампањата против пактирањето со Рим и Берлин одговараше дека балканските земји не сакаат „Коминтернин мир".[312]

Во почетокот на месец март 1938 година Милан Стојадиновиќ

---

310 А.Ј. Београд, ф.: Јован Јовановић, Док. бр. 1984/23.IV.1937.

311 Истото, Док. бр. 4083/16.VIII.1937.

312 в. „Самоуправа", LVIII, бр. 608, Београд, 22.II.1938, 2.

имаше голема надворешнополитичка дебата во Народното собрание. Владата и нејзините пратеници соопштуваат дека се борат за мир, меѓународна соработка, пријателство со сите земји, дека стојат надвор од големите блокови и дека одбиваат да влезат во пактови, обврски и војна.[313]

Буржоаската опозиција на овие изјави одговараше дека „Југославија постанала сателит на Оската, што не чини, дека Германците како старите Турци ги освојуваат малите земји сите една по една, што нас не довело на Косово. Напуштени се сите стари сојузници и ситуацијата е како пред пола век, кога Кралот бил за една, а народот за друга надворешнополитичка ориентација. Германија и Италија се агресори, а владата застанува кон нив".[314]

Исто така треба да се истакне судирот меѓу владата на Милан Стојадиновиќ од една страна, и опозицијата во Србија, и тоа и парламентарна и вонпарламентарна, од друга страна, околу ратификацијата на Конкордатот, кој судир ја затресува прилично положбата на Милан Стојадиновиќ. Опозиционите раководства, секое од своите позиции и за свои цели, се обиделе по повод Конкордатот да го искористат незадоволството на работните маси кои се раздвижуваат. Изгледало дека за опозицијата власта е на дофат на рацете. Конкордатската борба сепак не го срушува Милан Стојадиновиќ, пред сé, поради тоа што ја уживаше довербата на главниот носител на кралската власт - кнезот Павле.

---

313 Stenografske beleške Narodne skupštine Kraljevine Jugoslavije 1937/38, knjiga III, Beograd, 1938, 766, 771, 814.

314 Истото, 776, 778, 784, 828, 1021.

Вистинската непопуларност на надворешната политика на југословенските владеачки врвови меѓу широките народни маси и во редовите на опозицијата, сепак не даде некои резултати во промената на овој надворешнополитички курс.

Иако меѓу вонпарламентарната и парламентарната опозиција постоеја сериозни разлики во гледањето на внатрешнополитичките проблеми и на патиштата за нивното решавање, заеднички им беше негативниот однос спрема владата на Милан Стојадиновиќ. Својот негативен став го изразуваа кон внатрешната ситуација и социјално-економската политика што ја спроведуваше владата. Во политички поглед незадоволството се изразуваше поради сé поостриот притисок на режимот против сите негови политички противници, а во економски поглед поради сé појаката економска зависност и експлоатација на Кралството на Југославија од страна на Третиот рајх.

Инаку граѓанските опозициони партии својот став кон надворешната и внатрешната политика на владата на Милан Стојадиновиќ го изразуваа, главно, користејќи се со политички собири, повремени публикации, легално, и уште повеќе нелегално со печатење и растурање летоци и со усмена пропаганда.

Покрај споменативе начини, некои граѓански партии ќе ги користат и седниците на Народното собрание и на Сенатот, за да го изразат своето незадоволство кон владата на Милан Стојадиновиќ. Таков беше случајот со ЈНС, која во Народното собрание и во Сенатот, имаше најголема група свои приврзаници.

## 9. АКТИВНОСТА НА ГРАЃАНСКИТЕ ОПОЗИЦИОНИ ПАРТИИ ВО ВАРДАРСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА

Истовремено со активноста на граѓанските опозициони партии за заедничка политичка акција против владата на Милан Стојадиновиќ, во Вардарскиот дел на Македонија, во текот на 1937/38 година, се засилува и активноста на србијанските граѓански партии (Демократската, Земјоделската и ЈНС) во поглед на нивното омасовување и на зацврстување на нивните позиции меѓу народот.

Со оглед на тоа што по однос на македонското национално прашање тие имаа исти погледи како и ЈРЗ (не го признаваа постоењето на македонскиот народ и постоењето на македонското национално прашање) во својата активност во Вардарскиот дел на Македонија тие се потпираа на своите социјално-економски програми и на својот критичен однос кон внатрешната и надворешната политика на владата на Милан Стојадиновиќ. За таа цел беа одржани повеќе конферренции, состаноци и собири со приврзаниците на овие партии од овој терен, како на пример: во Скопје,[315]

[315] На 10.IV.1938 година во Скопје е одржана Конференција на Извршниот одбор на ЈНС за Вардарска бановина. На неа присуствувал и претседавал Богољуб Јевтиќ. Присуствувале, покрај Игњат Стефановиќ, бивш Министер на шумите и Василие Трбиќ, бивш народен пратеник, уште и членовите на Извршниот одбор на оваа Партија од внатрешноста. На неа е претресена политичката ситуација во земјата и се разгледани извештаите на членовите од внатрешноста за состојбата и за работата на теренот во цела Вардарска бановина. Види во: „Конференција Извршног одбора ЈНС за Вардарску бановину", в. „Политика",

во Кичево,[316] во околија Жеглиговска и во Куманово,[317] во Велес Прилеп и Битола,[318] во Штип, Радовиш, Струмица, Валандово, Гевгелија, Неготино, Кавадарци[319] и на други места.

На сите овие конференции и собири, при разгледувањето на политичката ситуација, не се пропушташе можноста да се критикува надворешната профашистичка политика на владата на Милан Стојадиновиќ: се критикуваше Конкордатот, а во внатрешната политика посебно се критикуваше социјално-економската и просветна политика што владата ја спроведуваше во Вардарскиот дел на

---

XXXV, бр. 10732, Београд, 11.IV.1938, 4.

316 На 10.IV.1938 година во Кичево е одржана Конференција на ЈНС со која претседавал Ставре Трпковиќ, народен пратеник од Кичевска околија, кој се осврнал на политичката ситуација во земјата и на работата на ЈНС. Види во: „Јучерашњи зборови и конференције", в. „Политика", XXXV, бр. 10732, Београд, 11.IV.1938, 4.

317 На 18.IV.1938 година Радмило Стојилковиќ, опозиционен народен пратеник за Жеглиговска околија (демократ), одржал конференции во повеќе места од оваа околија со своите партиски приврзаници. На 17.VI.1938 година тој исто така *одржал повеќе состаноци во Куманово и во околија Жеглиговска.* На сите овие состаноци присуствувале приврзаниците на Здружената опозиција. Види во: „Опозиционе конференције у Жеглиговском Срезу", в. „Политика", XXXV, бр. 10740, 10794, Београд, 19.IV. и 18.VI.1938, 5, 4.

318 На 17.IV.1938 година Василие Трбиќ, бивш народен пратеник, посетил повеќе места во Вардарскиот дел на Македонија и одржал конференции во Велес, Прилеп и Битола. Види во: „Конференције и зборови ЈНС", в. „Политика", XXXV, бр. 10739, Београд, 18.IV.1938, 4.

319 Во текот на месец април 1938 година Игњат Стефановиќ, за две недели, ги посетил сите главни места на левиот брег на реката Вардар и одржал конференции со приврзаниците на ЈНС, каде што зборувал за политичката ситуација и за работата на ЈНС. Види во: „Конференције Игњата Стефановића", в. „Политика", XXXV, бр. 10747, Београд, 29.IV.1938, 5.

Македонија, истакнувајќи дека во тој поглед владата не направила ништо од она што го ветуваше. Во таа смисла би ја истакнале дискусијата на Стаменко Стошиќ на XXIV редовен состанок на Народното собрание одржан на 23.II.1937 година. Осврнувајќи се на Извештајот на Министерот за финансии за „умната, смислена и реална политика на владата на Милан Стојадиновиќ која дала полно успеси како на финансиските, така и на економско-социјалните проблеми на земјата", Стаменко Стошиќ во својот говор изложил како изгледа таа „умна, смислена и реална" политика на Кралската влада не само во неговата изборна околија (Кривопаланечка) туку и во цела Јужна Србија (Вардарскиот дел на Македонија, б.м.). Најпрво се осврнува за состојбата на патиштата во Вардарскиот дел на Македонија (а не само за неговата изборна околија) констатирајќи дека не е добра и дека тоа е огромна пречка за секој стопански напредок, а посебно за унапредувањето на трговијата. „Земјоделските производи во Вардарска бановина гнијат и пропаѓаат, поради лошите патишта, зашто се оневозможува извозот на селските производи. Единствена врска поедините краеви на бановината со нашата држава ја имаат преку даночните извршители и финансиски контролори... Верувавме во ветувањата на Кралската влада за одобрување на кредити за изградба на патишта, а тоа било за да се осигура изборна победа на овој или оној член на Кралската влада за народен пратеник. Но, сега видовме дека тоа било само празни ветувања и ништо повеќе. Всушност владата со својата лоша градежна политика ги запоставува битните интереси на Јужна Србија. Истата таа влада со оваа страшна политика ги убива

сите надежи на луѓето дека нешто подобро ќе дочекаат".

Исто така, тој понатаму се осврнува и на просветната политика што се спроведуваше од страна на владата во Вардарскиот дел на Македонија, истакнувајќи притоа дека „во Јужна Србија преку 50% од подигнатите училишта се затворени затоа што државата не наоѓа средства да ги плати учителите". Во својата дискусија тој се осврнува и на други проблеми.[320]

Со слични истапувања во поглед на социјално-економската и просветна политика на Кралската влада во Вардарскиот дел на Македонија истапуваа и други народни пратеници и воопшто членови на србијанските граѓански опозициони партии на конференциите и собирите организирани на оваа територија. Посебна активност србијанските граѓански опозициони партии ќе развијат во врска со парламентарните избори во 1938 година.

* * *

320 Stenografske beleške Narodne skupštine Kraljevine Jugoslavije, god. 16. knj. 2, Beograd, 1937, 217, 218; А. ИНИ., ф.: Неџат Јашар, к.II, папка II, Док. бр. 118.

# ГЛАВА ЧЕТВРТА

# ОДНОСОТ НА ГРАЃАНСКИТЕ ПАРТИИ КОН КОМУНИСТИЧКОТО И МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНООСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ ВО ПЕРИОДОТ ОД 1935 ДО 1938 ГОДИНА

## 1. РАЗВОЈОТ НА КОМУНИСТИЧКОТО ДВИЖЕЊЕ. СОЗДАВАЊЕ И ИДЕЈНО-ПОЛИТИЧКО ОФОРМУВАЊЕ НА МАНАПО

Потиснувачката и експлоататорска политика на буржоаските властодршци и суровите полициски методи не беа во состојба да го запрат брзиот растеж на антифашистичкото и национално-демократско движење на масите во Вардарскиот дел на Македонија, чие најпрогресивно крило беа комунистите, кои со своето влијание и насочување придонесуваа за тесно поврзување на националноослободителното движење со револуционерната активност и класната борба на работништвото и бедното селанство, т.е. за создавање на револуционерен сојуз помеѓу работниците, селанството и угнетените народи во кој Комунистичката партија ќе ја обезбеди својата

раководна улога.[321]

Ова прашање беше уште подецидно поставено на одржаниот Пленум на КПЈ во Сплит во месец јуни 1935 година кога беше донесена одлука за создавање протифашистички Народен Фронт за борба против војнофашистичката диктатура во земјата.[322]

Поради зголемувањето на опасноста од фашизмот за националната судбина на малите народи, југословенскиот и балканскиот пролетаријат се уверуваа дека во создадената констелација правото на национално самоопределување не треба да се користи за отцепување и раскинување на постојните државни формации, туку тоа право и рамноправноста на народите да се остварува низ нивна заедничка борба против фашизмот, за вистинска демократија, за национална самостојност и рамноправност.

Насочувањето и залагањето на КПЈ за решавање на националното прашање во Кралството на Југославија, со федеративно уредување на државата и со остварување на потполна национална рамноправност и на основните економски, културни и социјални потреби на широките народни слоеви,[323] влијаеше македонскиот народ да го прифати

321 Материјали од IV-та Земска конференција на КПЈ: „За задачите за работа среде селаните и национално угнетените маси", Историјски архив Комунистичке партије Југославије, том II, Београд 1950, 247, 248, 250.

322 „Пленум на ЦК КПЈ, јуни 1935"; „Резолуција од Пленумот на ЦК КПЈ", Историјски архив Комунистичке партије Југославије, том II, Београд 1950, 351, 352; 353-361.

323 За ова види повеќе во статијата на проф. Славка Фиданова, Улогата на КПЈ во поврзувањето борбата на работничката класа со националноослободителното движење на македонскиот народ од 1935-1941, Годишен зборник, Филозофски факултет на

курсот за зачувувањето на државното единство на југословенските народи, да гледа перспектива за решавање на македонското прашање во рамките на таа државна заедница врз принципите на слободно определување и вистинска рамноправност на сите народи и малцинства.

Тоа се одрази во создавањето на МАНАПО (Македонски народен покрет) со платформа за решавање на македонското национално прашање во заедничка борба со прогресивните општествени сили во Кралството на Југославија против фашизмот, за мир и демократија. МАНАПО по својата суштина, како широко антифашистичко демократско движење, ги имаше сите белези на Народен фронт, но по својата форма, т.е. по својата регионалност, националната територија, тоа имаше карактер на националноослободително и револуционерно движење.

Иницијативата за формирањето на МАНАПО ја дадоа напредните македонски студенти кои студираа на Загрепскиот и на Белградскиот универзитет, како и на Филозофскиот факултет во Скопје, кој работеше како клон на Белградскиот универзитет. Македонските студенти, меѓу кои имаше и комунисти, постигнаа посебен значаен успех на линија на општите прогресивни стремежи на работничката класа во Кралството на Југославија, во борбата на македонскиот народ за национална афирмација и рамноправност со другите југословенски народи и за потесно поврзување на работничката класа со целиот македонскиот народ во општата борба против

---

Универзитетот - Скопје, 23 томе, Скопје, 1971, 110-112.

владеачкиот хегемонистички режим. Доста значајна улога на овој план одигрува и културно-просветното друштво „Вардар" што македонските студенти го основаат прво на Загрепскиот,[324] а

324 Во текот на април-мај 1935 година, во согласност на КПЈ и СКОЈ на Загрепскиот универзитет, Ској-евскиот актив на македонските студенти на истиот Универзитет, во кој најпрво биле: Никола Мицев, Кирил Миљовски, Тодор Велков и Лазар Соколов, а потоа и Никола Ѓумуров и Борис Џонов, кои биле и членови на КПЈ, започнал со првите активности за формирање на културно- просветно друштво на македонските студенти. Овие лица ја продолжиле ваквата активност меѓу македонските студенти на Загрепскиот универзитет и во текот на октомври истата година. Имено, на 13.X.1935 година, по нивна иницијатива беше одржан поширок состанок на повеќе македонски студенти на кој е донесена одлука за одржување на Основачко собрание за формирање на културно-просветно друштво на македонските студенти во Загреб. Основачкото собрание е одржано на 29.X.1935 година во Загреб кога се усвоени и правилата на културно-просветното друштво „Вардар". За претседател на Основачкиот одбор на друштвото „Вардар" беше избран Томе Иванов, студент по право од Струмица, а за секретар Љубен Цветков, студент по ветеринарство од Прилеп. На 6.XI.1935 година Основачкиот одбор ги поднесува Правилата на одобрение до Банската управа на Савска бановина, а оваа на 10 ноември истата година ги доставува на мислење до Универзитетската управа на Загрепското свеучилиште. Таа со својот посебен акт потпишан од Ректорот на 12.XII.1935 година дава согласност дека нема ништо против основањето на споменатово друштво вон Универзитетот. Врз основа на ваквата согласност, Банската кралска управа на Савска бановина ги потврдува Правилата на културно-просветното друштво „Вардар" во Загреб на 2.I.1936 година. Кон средината на јануари истата година беше одржано собрание на членовите на друштвото „Вардар" и беше избрана нова управа со претседател Кирил Миљовски, студент по медицина од Ресен и секретар Лазар Соколов, студент на економската висока школа во Загреб од Куманово. Види во: Лазар Соколов, Културно-просветно здружение „Вардар" и неговата политичка дејност, Историја, XII/2, Скопје, 1976, 120-126; Лазар Соколов, Прилог за македонското студентско движење во Загреб, Историја, XII/1-2, Скопје, 1976, 1-27; Димче Левков, Активноста на „Вардар" - друштво на македонските студенти I, Четириесет години, кн. IV, 1935-1941, II дел, Зборник на спомени на активистите од југословенското револуционерно работничко движење, Скопје, 1961, 77-78; Владимир Картов, како и кога било основано културно-просветното друштво „Вардар" на македонските

потоа на Белградскот универзитет.[325]

Дејноста на друштвото „Вардар", како на Загрепскиот, така и на Белградскиот универзитет, се одвиваше главно во две насоки. Од една страна, преку него се организираа разни манифестации со национално културно-просветен и политички карактер (приредување концерти, предавања и сл.), со што ги запознаваа студентите на двата универзитета и пошироко, хрватската и српската, односно општојугословенската јавност со битието на македонската национална култура, потоа со македонската историја и со целите на

студенти на Загрепскиот и Белградскиот универзитет, Гласник на ИНИ, XXXI/1, Скопје, 1987, 201-217.

325 По формирањето на културно-просветното друштво „Вардар" во Загреб, напредните македонски студенти на Белградскиот универзитет, по иницијатива на Страшо Пинџур, студент по право од с. Ваташа, Кавадаречко, а во непосредна соработка со Кузман Јосифовски, Јосиф Јосифовски, Асен Тодоров и други македонски студенти, во текот на месец април 1936 година ги изработиле Правилата на друштвото „Вардар" во Белград, односно ги препишале Правилата на истоименото друштво од македонските студенти на Загрепскиот универзитет и ги сообразиле со условите на Белградскиот универзитет. На 13.V.1936 година Страшо Пинџур ги поднесува Правилата за одобрување од страна на Ректорот на Белградскиот универзитет. Ректорот Драгомир Јовановиќ, по претходно добиеното позитивно мислење од страна на посебно формирана стручна комисија во состав: проф. д-р Милан Бартош, проф. д-р Т. Митровиќ и проф. д-р Ѓорѓе Марковиќ, на 27.V.1936 година ги одобрува Правилата и веднаш му предложил на Универзитетскиот совет да ги потврди, што истиот го сторил на својата седница од 5.VI.1936 година. Основачкото собрание на друштвото беше одржано на 1.XI.1936 година, на кое за претседател беше избран Димче Левков, за потпретседател Асен Тодоров, а за секретар Страшо Пинџур. Види во: А.С., Београд, ф.: Београдски универзитет, фасцикла ж-19, к. 268, р. 47/936, док. бр. 6595/13.V.1936, док. бр. 7120/27 мај 1936; А. ИНИ, ф.: Сеќавања-мемоари, хроники, фотокопии и „ТУЃИ" „Т" материјали, фк. II. 671, Инв. бр. 671/90 (Правила на културно- просветно друштво „Вардар" Белград 1936, 20 листа (препис); Владимир Картов, цит. статија, 201-217.

македонската националноослободителна борба. Од друга страна, пак, особено преку летните месеци, тие дејствуваа преку разни форми и содржини и во Вардарскиот дел на Македонија (испраќање на апели до македонскиот народ, одржување на концерти и сл.) со кои се настојуваше да се зацврсти македонската национална свест, потоа потребата за продолжување на организираната национално-ослободителна борба на македонскиот народ против реакционерниот буржоаски владеачки режим и воопшто против ширењето на фашизмот, а за слобода на печатот, здружувањето и воопшто за демократизација на Кралството на Југославија.[326]

Идејните основи и принципи на МАНАПО беа формулирани и изнесени во еден програмски документ - Политичка декларација, издадена во пролетта 1936 година од страна на македонските студенти на Загрепскиот и Белградскиот универзитет, што подоцна послужи како база за изработка на идејно-политичката Платформа на МАНАПО.[327]

Подоцна, на 28.VIII.1936 година на еден поширок состанок во Охрид, во присуство на поголем број на студенти, интелектуалци и политички експонирани Македонци, т.е. антифашисти и комунисти, од Скопје, Куманово, Велес, Прилеп, Кавадарци, Ресен, Охрид, Битола и Тетово, таа беше дооформена и дефинитивно усвоена. Во неа, меѓу

---

326 Види поопширно во статијата на Aleksandar Apostolov, Manifestacije makedonske nacionalne individualnosti u Kraljevini Jugoslaviji, JIČ, br. 3-4, Beograd, 1970, 77-79.

327 Кирил Миљовски, Македонското прашање во програмата на КПЈ (1919-1937), Скопје, 1962, 142.

другото се нагласува следното:

прво, македонскиот народ има право на слободен национален живот во рамките на една југословенска федерација;

второ, ова барање станува остварливо само со борбата за ликвидација на Монархофашистичката диктатура и хегемонија и со воспоставувањето најширока демократија;

трето, поради тоа македонскиот народ ќе се бори заедно со другите народи и напредни сили во Југославија за ослободувањето на политичките затвореници, за слободата на зборот и договорот и за печатот, за укинување на сите антидемократски закони;

четврто, македонскиот народ бара да се воспостават демократските односи и да се склучи договор за пријателство со СССР;

петто, се бара неодложно распишување на слободни парламентарни избори со тајно гласање.[328]

Платформата, во Вардарскиот дел на Македонија беше прифатена од најголем број партиски активисти - комунисти и стана составен дел на нивната партиско-политичка програма. Таа требаше да послужи како база за преговори со демократските и антифашистички сили, со македонските националисти и со граѓанските партии од Здружената опозиција заради создавање на Народен фронт, односно за обединување на силите за заедничка акција против монархо-фашистичкиот режим, за демократија, национална рамноправност и друго.

---

[328] Истото, 148-150.

МАНАПО дејствуваше во време кога партиската организација во Вардарскиот дел на Македонија беше прилично десеткувана и разнишана по големите провали во 1936 и 1937 година и кога не постоеше Покраинско партиско раководство на КПЈ. Но, и покрај тоа, некои од партиските организации успеваа да го продолжат редовно својот организационен живот. Месниот комитет во Велес дури подолго време вршеше и обединувачка улога на партиските организации од другите градови на Вардарскиот дел на Македонија. Врските што се воспоставуваа со ЦК на КПЈ беа повремени, и тоа многу ретки, и служеа за доставување на илегален материјал.[329]

Потврда за ситуацијата во партиската организација во Вардарскиот дел на Македонија претставува Извештајот на Јосип Броз Тито испратен до Георги Димитров на 8.VIII.1938 година, во кој меѓу другото се вели: „Сега во сите покраини на Југославија постојат партиски организации што се поврзани со Раководството. Само во Македонија оваа работа не е средена, иако постојат месни организации, кои, меѓутоа, не се поврзани ниту посебно, ниту со покраинското раководство. Условите таму се добри, но нема раководен кадар од самата Македонија. Неопходно е ова прашање што побргу да се реши".[330]

И покрај тоа што партиската организација во Вардарскиот дел

329 Види поопширно во статијата на проф. Славка Фиданова, КПЈ во Македонија од 1929 година до априлската војна., Зб.: Основањето и развојот на Комунистичката партија на Македонија, Скопје, 1980, 107-113, 116.

330 Јосип Броз Тито, Собрани дела, том IV, Скопје, 1978, 76.

на Македонија во времето кога Јосип Броз Тито доаѓа на чело на КПЈ веќе беше без покраинско партиско раводство и без редовни партиски врски со ЦК на КПЈ што се градеше под негово раководство во времето на сложените внатрешни и меѓународни политички односи постојано беше присутна и во редовите на Партијата во Вардарскиот дел на Македонија. Тоа се должеше на повремено воспоставуваните врски, но главно на напредните македонски студенти и на македонските работници вработени во големите индустриски центри каде што се здобиваа со револуционерни искуства. Тие беа најдобри толкувачи на линијата на КПЈ и, пренесувајќи ја на теренот, се залагаа за нејзиното спроведување во живот. Под негово раководство во наредните години ќе се развие револуционерното и народнофронтовското движење, кое сé повеќе се испреплетуваше со националноослободителното движење на македонскиот народ.

## 2. ОДНОСОТ МЕЃУ КОМУНИСТИЧКОТО И МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНО-ОСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ И ГРАЃАНСКИТЕ ПАРТИИ НА ЗДРУЖЕНАТА ОПОЗИЦИЈА

Во Вардарскиот дел на Македонија сé до кај 1935 година не постоеше систематска и организирана политичка дејност. Сите обиди да се започне со некаква политичка активност брзо пропаѓаа. По парламентарните избори во 1935 година со започнувањето на периодот на граѓанскиот парламентаризам и во Вардарскиот дел на Македонија настапува период на раздвижување на политичкиот живот.

За тоа имаше повеќе причини, но следниве беа од битен карактер: релативното подобрување на економската состојба во Вардарскиот дел на Македонија, навлегувањето на новата генерација во политичкиот живот, која не можеше да биде обвинувана од режимот како туѓонационална и, најпосле, престанувањето на терористичката активност на михајловистичките чети. Во исто време, треба да се истакне, дека тоа беше период што се одликуваше со извесна либерализација на политичкиот живот воопшто во Кралството на Југославија, па и во Вардарскиот дел на Македонија. Нема сомнение, кон овие важни моменти од внатрешен карактер не малку влијание имаа и меѓународните односи. Колку повеќе и побрзо светот се движеше во пресрет на новата светска војна, толку побрзо течеше процесот на политизација на масите.

Со оглед на тоа што по 1935 година во Вардарскиот дел на Македонија не постоеше македонска граѓанска партија, во политичкиот живот во овој период, покрај Југословенската радикална заедница и србијанските опозициони партии, беа присутни уште две групи граѓански политичари. Во едната група припаѓаа луѓето на бившата ММТРО (Младешка македонска тајна револуционерна организација) во која со својата активност се истакнуваа Димитар Ѓузелов, Димитар Чкатров, Тома Кленков и други. Другата група ја сочинуваа демократски настроените личности од поедините градови на Вардарскиот дел на Македонија - претставници на ситносопственичките слоеви (занаетчии, тутунопроизводители и др.). Меѓу овие, покрај Кочо Ванов од Велес, Ѓорѓи Гарев и Никола Стојков од Куманово, посебно се споменува името на Методија

Андонов Ченто.[331]

Иако различно обоени, овие две политички групации имаа и нешто заедничко, зашто и двете беа опозиционо расположени спрема тогашниот големосрпски режим, поради кој Вардарскиот дел на Македонија се наоѓаше во тешка положба.[332] За одбележување е тоа што во нивните контакти, пред сé, со раководствата на партиите од Здружената опозиција тие беа многу порадикални во своите барања за автономија на Вардарскиот дел на Македонија, односно за федеративно уредување на Кралството на Југославија.

Принципите и барањата на МАНАПО, изнесени во Платформата, под влијание и со залагање на комунистите, почнаа успешно да се популаризираат и брзо да се шират меѓу масите во Вардарскиот дел на Македонија. Комунистичката партија во Вардарскиот дел на Македонија, која беше иницијатор за создавањето и развивањето на МАНАПО, со цел да ја прошири базата на движењето, се обидуваше да дојде во контакт со овие политички групации заради заедничко дејствување на Платформата на МАНАПО. Со политичката група, во која беа застапени луѓето на бившата ММТРО, не се успева да се постигне согласност, но тоа не ја исклучуваше можноста за повремено и со нив да се постигне договор, заради заедничко изведување на некоја акција, како што тоа станува во врска со

331 А. ИНИ, фонд: Сеќавања, биографии, изјави, стенографски белешки, податоци и др. од напредното работничко движење, СКОЈ од меѓу двете светски војни 1918-1941, к. XXXVIII/22, Рег. бр. 105 (Мире Анастасов, Период на монархофашистичката диктатура на крал Александар (1929-1934, 28-30 (препис).

332 Истото.

изборите во 1938 година.[333]

Другата политичка група, во која имаше не мал број демократски елементи кои беа вистински демократски расположени и готови на доследна нелегална борба против Диктатурата (тие најмногу настрадаа од економската криза и од ненародните економски мерки на Диктатурата), беше подготвена со Комунистичката партија да пактира во една поголема политичка организација. Тие признаваа дека „Македонскиот народ ги има сите елементи на посебна нација и дека единствениот начин тој да дојде до своите права и слободи е заедничка борба со останатите потлачени народи и други прогресивни сили, на прво место со работничката класа во Југославија".[334]

Затоа тие ја прифаќаат Платформата на МАНАПО, преку која КП на Македонија работеше на широко народнофронтовско движење. Оваа соработка ќе се одвива скоро во целиот период по 1935 година, а особено ќе дојде до израз за време на општинските (1936) и парламентарните избори (1938 година).

Напоредно со преговорите со македонските граѓански политички

---

333 За оваа група националисти од Вардарскиот дел на Македонија, на чело со Димитар Ѓузелов и Димитар Чкатров, карактеристично е тоа што тие немаа јасна програма или доколку имале таква, отворено не ја изнесувале. По дискусиите и убедувањата, тие ја прифатиле платформата на МАНАПО, но тоа било само формално, зашто секогаш биле готови од неа да отстапат. Види во: Проф. Славка Фиданова, Улогата на КПЈ во поврзувањето ..., 115; Кирил Миљовски, цит. дело..., 147, 148.

334 А. ИНИ, фонд: Сеќавања, биографии..., v. XXXVIII/22, Ред. бр. 105 (Мире Анастасов, Период на монархофашистичката диктатура на крал Александар 1929-1934, 105, (препис).

групи, во процесот на создавањето на народнофронтовското движење, започнуваат да се воспоставуваат контакти и со претставници на граѓанските политички партии од Здружената опозиција за реализација на Платформата на МАНАПО. Со оглед на тоа што во Вардарскиот дел на Македонија не постоеше македонска граѓанска политичка партија, контактите се воспоставуваа преку македонските студенти на Белградскиот и на Загрепскиот универзитет. Имено, во периодот од 1936-1938 година беа водени преговори со српските граѓански политичари од Здружената опозиција, како и со политичарите од ХСС,[335] за создавање на заедничко демократско и

---

335 Напредните студенти од Белградскиот и Загрепскиот универзитет, меѓу кои имаше и комунисти, му доставуваат една Декларација на Владимир Мачек, потпишана од 200 студенти, во која, меѓу другото, се бараше од него да се заземе за самостојноста на Македонија на ист начин како и за Хрватска, Меѓу потписниците беа лица и од цела Вардарска бановина (Вардарскиот дел на Македонија б.м.) и тоа: од Битола ги имаше околу 30, од Охрид околу 12, од Струга околу 10, од Скопје околу 30, од Велес околу 10, од Прилеп неодредено и од други места. Според еден полициски извештај може да се види дека иницијаторите за формирање на МАНАПО имале контакти со Владимир Мачек, бидејќи во 1935 година во Вардарскиот дел на Македонија бил растуран Проглас на македонски јазик под наслов „Македонците во Југославија". По извршеното апсење на некои студенти, учесници во растурањето на тој материјал, Владимир Мачек на 10.II.1936 година дава изјава на дописникот на париската новинска агенција „АВАС" во врска со македонското национално прашање, во која било речено дека „Македонците не се чувствуваат ни Срби, ни Бугари". Подоцна оваа изјава била умножена и во вид на леток растурена во Вардарскиот дел на Македонија. Во врска со неговото растурање, во април 1936 година во Велес беше затворена една група студенти и работници. Види во: А.М., ф.: Милан Стојадиновиќ, м. 2042 (Писмо од Министерот за просвета упатено до банот на Вардарска бановина и до Ректорот на Белградскиот универзитет, П. Пов. бр. 664 од 4.VIII.1936, Белград); А. ИНИ, ф.: Неџат Јашар, к. II, папка II/1-177, Инв. бр. 535, Док. бр. 159 („Изјава Г. Др. Мачека").

антифашистичко политичко движење, т.е. за создавање на Народен Фронт.

Преговорите со српските граѓански политичари од Здружената опозиција не завршуваат со успех, поради тоа што тие категорички одбиваа да го третираат македонскиот народ како одделна нација, т.е. да му признаваат право на национална слобода, рамноправност и развиток во рамките на една федеративна државна заедница на југословенските народи. И преговорите со претставниците на ХСС завршуваат со неуспех, поради нивното договарање и спогодба со големосрпската буржоазија. Исто така, неуспехот на преговорите се должеше на свесното неприфаќање од страна на тие претставници на каква и да било соработка и дејност и пошироко движење со името Народен Фронт. За нив Народниот Фронт претставуваше фасада зад која се криеше КПЈ, а нивниот антикомунизам не им дозволуваше да стапуваат во соработка со вистинските напредни сили кои тогаш беа единствени доследни борци против фашизмот, за демократија и за радикални политички промени во внатрешната и надворешната политика на Кралството на Југославија .

Меѓутоа, заинтересирани за гласачите во Вардарскиот дел на Македонија (во врска со општинските и парламентарните избори) тие сепак се согласуваа на акциона спогодба со претставниците на МАНАПО. Еден таков договор во времето на општинските избори во 1936 година беше постигнат со групата на Драгољуб Јовановиќ (од Земјоделската партија) кој потоа дава изјава за посебноста на

македонскиот народ[336] и се согласува со издавањето и растурањето на прогласи што ќе бидат отпечатени на македонски јазик.[337] Во еден таков леток донекаде се искажува и македонската посебност, бидејќи се употребува името Македонец, а се отфрла Јужносрбијанец. Содржината на тој леток гласи: „Идат општинските избори!...Смело, искрено и вистинито: гласајте само за кандидатите на Здружената опозиција. Во интересот свој и нашата голема и убава Југославија.

Македонци, не гласајте повеќе за своите џелати, не гласајте за гробарите на вашите слободи".[338]

Во јуни 1936 година во организација на МАНАПО и Комунистичката партија во Вардарскиот дел на Македонија, лидерите на Земјоделската партија на чело со Драгољуб Јовановиќ, направија обиколка и во поголем број градови одржаа пошироки и потесни

336 Драгољуб Јовановиќ спрема Вардарскиот дел на Македонија се однесувал трговски. Тој беше во состојба својот став спрема македонското национално прашање да го менува три пати во еден час. На македонските студенти - комунисти и антифашисти им зборувал: „Па јасно, македноската нација постои и за нејзината слобода треба да се бориме и ќе се бориме". На македонските националисти - големобугарските агенти, Димитар Чкатров, Димитар Ѓузелов и др. им велел дека „Историјата на Македонија е историја на бугарскиот народ". Дотогаш на демократите, на земјоделците и на радикалите им повторувал: „Македонија од секогаш била српска и ќе остане лулка на српството". Види во: Сеќавање на Љубен Цветков, с. 114, 115. (ова сеќавање се наоѓа кај проф. Славка Фиданова и истото ми го даде на користење).

337 Поопширно за ова види во Статијата на проф. Славка Фиданова, Улогата на КПЈ..., 114.

338 Цитирано според статијата на Aleksandar Apostolov, Manifestacije makedonske nacionalne individualnosti..., 85.

конференции што имаа чисто народнофронтовски карактер.[339]

Акциони спогодби со граѓанските политичари од Здружената опозиција беа правени и во врска со парламентарните избори во 1938 година. Така, во 1937 година Демократската партија, преку своите студенти - демократи, воспоставува врска со македонските студенти на Белградскиот универзитет и ги повикува на разговор кај Љуба Давидовиќ. За таа цел, македонските студенти избираат свои претставници и тоа: Тошо Арсов од Штип, Јосиф Јосифовски од Гевгелија и Љубен Цветков од Прилеп, и ги овластуваат да разговараат со Љуба Давидовиќ. Знаејќи го ставот на Љуба Давидовиќ по македонското национално прашање,[340] претставниците на македонските студенти на овој состанок сакале само да извлечат конкретни заклучоци за ставот на Демократската партија и на Љуба Давидовиќ спрема прашањето за единство на борбата на прогресивните сили против фашизмот и тогашната профашистичка влада на Милан Стојадиновиќ. Меѓутоа, неговото инсистирање за вклучување на македонските студенти во редовите на Демократска партија, јасно зборува дека тој бил против создавање на акционо единство на антифашистичките сили. Борбата за поделба на власта и националното угнетување и понатаму остануваат водилка на

339 Славка Фиданова, Улогата на КПЈ во поврзувањето..., 115.

340 Демократската партија на Љуба Давидовиќ го задржала својот став и однос спрема македонското национално прашање од порано. За Љуба Давидовиќ Македонија и понатаму останала „лулка на српството", а „македонското прашање е решено во 1912 година". Види во: Сеќавање на Љубен Цветков, с. 109, 110.

политиката на Демократската партија на Љубо Давидовиќ.[341]

Во почетокот на 1938 година во просториите на Земјоделската партија беше одржан состанок помеѓу претставниците на македонските студенти: Тошо Арсов од Штип, Страшо Пинџур од Неготино, Љубен Цветков од Прилеп (од Белградскиот универзитет), Киро Миљовски од Битола и Тошо Велков од Кавадарци (од Загрепскиот универзитет) со Јован (Јоцо) Јовановиќ и Милан Гавриловиќ. Притоа, претставниците на македонските студенти го изнесуваат својот став по македонското национално прашање и за заеднички настап против фашистичката опасност. Но, до конкретен договор не доаѓа, поради тоа што, претставниците на Земјоделската партија под заедничко истапување подразбираа учество на македонските студенти во организирање на политичките собири во Вардарскиот дел на Македонија, а не и нивно учество на самите собири.

На повторниот состанок, во месец април 1938 година, беше постигнат договор студентите и другите младинци од Вардарскиот дел на Македонија да помогнат во организирањето на политичките собири на Земјоделската партија на овој терен, со тоа што на тие собири ќе зборуваат и претставници на македонската младина. Како резултат на овој договор беа одржани собири во Велес (зборувал Евгеније Карталов), во Прилеп (зборувал Кузман Јосифовски), во Битола (зборувал Јосиф Јосифовски) и во Охрид (зборувал Петре Пирузе). Овие собири прераснале во демонстрации против

341 Истото, 110, 111.

реакцијата, а говорите на младите Македонци на македонски јазик биле бурно поздравувани.

Извршниот одбор на Земјоделската партија, по овие собири, во Извештајот за политичката состојба во Вардарскиот дел на Македонија ќе констатира дека овде, на овој терен, „новото движење има тенденција да го доведе српството во опасност". Затоа во Извештајот се предлага да се преземат брзи „паметни" и „ефикасни" мерки заради канализација на тоа „ново" движење, по линија на „интересите на српството".[342]

Секако дека ваквата соработка и акции со претставниците на граѓанските партии од Здружената опозиција ги дадоа очекуваните резултати, а всушност тоа го покажаа и изборните резултати на парламентарните избори во 1938 година.

Но, непријателскиот однос кон МАНАПО останува неизменет до крај, а произлегуваше од нивното енергично одбивање да ги признаат македонците како посебна нација. По македонското прашање, водачите на сите граѓански партии, без разлика дали се наоѓаа на власт или беа во опозиција, за цело време стоеја на старите позиции на непризнавањето на Македонците како посебен народ.

[342] Истото, 112-114.

## 3. ОДНОСОТ И СТАВОТ НА ВЛАДАТА НА МИЛАН СТОЈАДИНОВИЌ И НА ЈУГОСЛОВЕНСКАТА РАДИКАЛНА ЗАЕДНИЦА КОН КОМУНИСТИЧКОТО И МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНООСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ

Укинувањето на Диктатурата и воведувањето на парламентарниот живот по 1935 година не донесоа никакви битни измени во Вардарскиот дел на Македонија. Општо е познато дека владата на Милан Стојадиновиќ и владеачката режимска партија - Југословенската радикална заедница, (како и другите опозициони кругови) на Кралството на Југославија во Вардарскиот дел на Македонија продолжија и понатаму да ја спроведуваат денационализаторската и асимилаторска политика спрема македонскиот народ. Како резултат на таквата политика тие имаа задача да ја гонат и забрануваат секоја појава што имаше македонски национален колорит. Со помош на полицискиот апарат и со суровите полициски методи и средства тие настојуваа да го запрат брзиот растеж на антифашистичкото и национално - демократско движење на масите во Вардарскиот дел на Македонија, кое, под влијание на комунистите, се насочуваше кон поврзување на националноослободителното движење со револуционерната активност и класната борба на работниците и бедното селанство, т.е. на тој начин се настојуваше да се сопре брзиот растеж на народнофронтовското движење.

За таа цел под удар на режимот се најдоа носителите на комунистичкото и македонското националноослободително движење

(МАНАПО). За да ја оневозможи нивната дејност на удар се најдоа македонските студенти на Загрепскиот и на Белградскиот универзитет. Со оглед на тоа што нивната политичка акција, која се изведуваше преку културно-просветните друштва „Вардар", имаше силно влијание за мобилизација на националните сили во Вардарскиот дел на Македонија, режимот по секоја цена настојуваше да ја сопре натамошната активност на ова друштво. Сличен беше односот на режимските власти и спрема студентите на Филозофскиот Факултет во Скопје.

За акциите што беа преземани од режимот зборува полициската преписка меѓу Загреб-Белград-Скопје, што се одвиваше под непосредно раководство на Министерството за внатрешни работи на Кралството на Југославија, Одделение за заштита на државата, која особено се засилува во текот на 1936 и почетокот на 1937 година. Имено, тоа беше период кога македонските студенти во Загреб и Белград, преку многубројните акции, а посебно преку друштвата „Вардар" развиваат организирана дејност, како на линија на негување на македонската национална култура и воопшто на зацврстување на македонската национална индивидуалност и македонската национална свест, така и за демократизацијата на Кралството на Југославија , т.е. за нејзино Федеративно уредување во кое и Вардарскиот дел на Македонија би бил една Федерална единица. Ваквата нивна дејност режимските власти ја третираа како „анационална" и дефетистичка. Исто така на членовите на друштвото „Вардар" во Загреб им беа припишувани и одредени инсинуации, како на пример, дека се поврзани со истоименото друштво во Софија,

Бугарија, потоа дека соработуваат со ванчомихајловистичката ВМРО и дека сакаат Македонија да ја присоединат кон Бугарија и слично.[343] Со тоа всушност се сакаше да се создаде омраза кај граѓанството, особено кај српските елементи.

Режимот, кој беше загрижен поради подемот на македонското националноослободително движење и воопшто поради сé поголемата манифестација на македонската национална свест, за да го запре неговото нараснување најнапред им ги укинува стипендиите на студентите што членуваа во друштвата „Вардар", а во 1937 година со одлука на Универзитетскиот совет беа укинати и двете друштва „Вардар",[344] додека поднесените Правила за започнување со работа на друштвото „Вардар" на Скопскиот факултет не беа ни одобрени.[345]

343 Александар Апостолов, Од активноста на напредните студенти на Белградскиот универзитет во 1936 година (Неколку необјавени документи), Историја, VIII/1-2, Скопје, 1972, 54-56. (Авторот дава во препис и едно писмо на Управата на Белград до Министерството за внатрешни работи од 12.III.1937).

344 Културно-просветното друштво „Вардар" на македонските студенти во Белград беше забрането на 27.IV.1937 година, а истоименото друштво на македонските студенти во Загреб во почетокот на месец јуни истата година. Види во: Документите (прилозите) што за првпат се објавени во препис во статијата на Александар Апостолов, Од активноста на напредните студенти..., 53, 54, 56; Истите документи ги има објавено и Владимир Картов, Како и кога било забрането културнопросветното друштво „Вардар" на македонските студенти на Загрепскиот и Белградскиот универзитет (Прилог на неколку изворни архивски документи), Гласник на ИНИ, XXXI/2, Скопје, 1987, 245-249.

345 На 29.I.1937 година студентите на Филозофскиот факултет во Скопје, по прилагодувањето на Правилата од друштвото „Вардар" во Белград на скопските услови и по собраните потписи од 53 студенти, формираат Основачки одбор, со претседател Ристо Динев и секретар Борис Манолов. Од име на споменатиот одбор била поднесена молба до Советот на Филозофскиот факултет во

За укинувањето на друштвата „Вардар" многу допринесоа и барањата, упатени до Министерството за внатрешни работи, од националистичко ориентираните студенти, собрани околу Младинското „Јужносрбијанско" здружение „Југ" во Белград и студентите националисти, членови на редакцијата и соработници на реакционерниот весник „Студентске новине" што излегуваше во Белград.[346]

Режимот во Вардарскиот дел на Македонија исто така направи обид преку издавање на месечното списание за културни, економски и социјални прашања „Луч" да ја обедини македонската интелигенција од сите нијанси, со различни политички гледања, со цел да се одземе движењето на незадоволните маси од рацете на Комунистичката партија и да се стави под влијание на македонската чаршија, која беше готова да се договори со режимот за минимум барања за домашни луѓе во претставничките органи на тогашната држава. Сличен потег беше направен и од страна на „Национално загрижената интелигенција", испратена од страна на големосрпскиот режим во Вардарскиот дел на Македонија да работи на асимилација и денационализација на македонскиот народ, која во 1937 година, исто така ја формира т.н. организација „Културна лига" со цел да

Скопје со цел да му се одобрат неговите Правила и да му се дозволи неговото основање, но истите не беа одобрени. Види во: А. М., ф.: Филозофски факултет, Скопје, необработени материјали.

346 Др. Милица Дамјановић, Напредни покрет студената Београдског универзитета, кн. II, Београд, 1974, 260.

му парира на македонското движење.[347]

Сосема подруг беше односот на власта кон комунистичкото движење и неговите припадници воопшто во Кралството на Југославија, па и во Вардарскиот дел на Македонија. Со оглед на тоа што ова движење бараше коренита промена на капиталистичкото општество, комунистите најповеќе беа прогонувани и затворани во затворите и концентрационите логори што за нив и специјално беа формирани. Во периодот од 1935 до 1937 година во Вардарскиот дел на Македонија во партиската организација беа извршени неколку провали, а особено беше големата провала во летото на 1937 година кога беа уапсени преку стотина комунисти и скоевци во Велес, Куманово, Кавадарци, Прилеп, Штип, Скопје, Гевгелија и други градови и места кога покраинското партиско и скоевско раководство престанаа да постојат.[348]

Општо кажано, режимот преземаше мошне ригорозни мерки за да го задуши комунистичкото и македонското националноослободително движење. Тоа беше карактеристично за изборите во 1935, 1936 а посебно во 1938 година. Засилената агитациона активност на Комунистичката партија не останува незабележана. Полицијата го раздвижува целиот свој апарат за да ја оневозможи предизборната активност на Комунистичката партија. Први на удар беа партиските

---

347 Поопширно види во статијата на Aleksandar Apostolov, Manifestacije makedonske nacionalne individualnosti u Kraljevini Jugoslaviji, JIČ, br. 3-4, Beograd, 1970, 83-85; Проф. Славка Фиданова, Улогата на КПЈ..., 117, 121, 122, 123.

348 Историја на македонскиот народ, кн. III, Скопје, 1969, 106.

активисти. Таа ги следеше, прогонуваше и застрашуваше. Така на пример, градот Велес, поради тоа што зад кандидатите на опозицијата стоеше Комунистичката партија и работничката класа беше ставен на црната листа од власта.[349] Слична беше состојбата и во другите поголеми градови во Вардарскиот дел на Македонија.

Но, и покрај тоа што на македонското националноослободително и комунистичко движење во периодот до 1937 година му беа нанесени сериозни удари, тоа успеа да се консолидира и особено ќе ја развие својата активност во 1938 година, посебно во врска со парламентарните избори, поврзувајќи се со опозиционите граѓански партии за заеднички настап на истите.

За подемот на македонското националноослободително движење во овој период потврдуваат извештаите што ги добиваше Милан Стојадиновиќ, на кого истите му користеа за евиденција на состојбата во Вардарскиот дел на Македонија, па врз основа на нив, ја усогласуваше и својата партиска тактика, за да ги оневозможи своите и противниците на Југословенската радикална заедница. Имено, тој преку подрачните органи на ЈРЗ во Вардарскиот дел на Македонија испраќаше доверливи луѓе на теренот и од нив бараше да му ја изнесуваат вистинската состојба и расположение на македонскиот народ. Тие со помалку или со повеќе совесност го правеа тоа и во нивните извештаи се констатира сериозноста на движењето.

Јасно за тоа зборува „Извештајот на нашиот пријател од Југ"

---

[349] Никола Кирков, Работничкото движење во Велес, Скопје, 1979, 89.

и како што може да се види од него, тој Извештај е работен во Министерството за внатрешни работи по посетата на Вардарскиот дел на Македонија на еден негов повереник, и во него меѓу другото се констатира дека: „Како во Скопје, така и во другите поголеми градови на Јужна Србија (Вардарскиот дел на Македонија, б.м.) се шири меѓу младата интелигенција идејата за создавање на автономна Македонија во рамките на Југославија. Се заговара некој локален патриотизам, се зборува за чување на македонскиот јазик, одгледување на македонската култура, за организирање на растурените Македонци по Југославија и друго".[350]

Интересно е да се истакне и тоа дека ЈРЗ, за да може успешно да ѝ парира на опозицијата во земјата, во своите редови ги примаше и оние македонски елементи кои порано беа „национално неисправни и сомнителни".

За разлика од напредната студентска и средношколска малдина, потоа на поедини службеници по потекло од Вардарскиот дел на Македонија кои беа со македонското националноослободително движење, дотогаш дел од македонската буржоазија заземаше подруг став, иако формално изгледаше дека и тие се за македонската национална посебност. Тоа се однесува пред сѐ на оние поединци кои званичното зближување на Кралството на Југославија со Бугарија (по склучувањето на југословенско-бугарскиот пакт во

[350] А.Ј. ф.: Милан Стојадиновиќ, фасцикла 24., Извештај на повереникот на Министерството за внатрешни работи од 6.VIII.1938 година.

1937 година) го користеа за свои лични интереси. Тие стануваат членови на ЈРЗ, заземајќи важни функции во месните организации на оваа политичка групација, а истовремено некои од нив станувaа претседатели на општини или народни пратеници на изборите во 1935 и во 1938 година. Како членови на ЈРЗ тие имаа привилегии често да ги сменуваат оние чиновници кои не сакаа да работат по нивна желба во спроведувањето на нивната локална политика. Иако беа на служба на режимот во Кралството на Југославија, некои од нив потајно или јавно вршеа пропаганда во корист на Бугарија. За ова сведочи Извештајот на Министерот на војската и морнарицата Љубомир Мариќ, во кој се наведуваат таквите лица и нивната работа во Прилеп и во други места во Вардарскиот дел на Македонија.[351]

Манифестациите на македонската национална индивидуалност предизвикуваат реакција кај „старите и испробани српски националисти", кои се плашеа за своите положаи во Вардарскиот дел на Македонија.[352] Во врска со тоа, во извештаите, што беа испраќани до Милан Стојадиновиќ за политичката положба во Вардарскиот дел на Македонија, беа давани и предлози за тоа какви мерки треба да преземе власта за да ги сочува „државните позиции" во Вардарскиот дел на Македонија. Така, Марко Новаковиќ, бан на

351 А.Ј., ф.: Милан Стојадиновић, фасцикла 24, Министерство на војската и морнарицата на Кралството на Југославија, Генералштабно одделение, Стр. Пов. Ѓ. Об. Бр. 413 од 6.VIII.1938, во Белград, до претседателот на Министерскиот совет Милан Стојадиновиќ.

352 Види поопширно во статијата на Aleksandar Apostolov, Manifestacije makedonske..., 87.

Вардарска бановина, во својот Извештај упатен до Милан Стојадиновиќ, од 12.IX.1938 година, ги предлага следните мерки:

„1) Сите државни и самоуправни чиновници мештани, кои се во врска со комунистичкото и македонското национално движење, да се преместат во северните краеви на нашата држава, т.е. да се отстранат...

2)...Учителите мештани кои национално се несигурни да се преместат во северните краеви.

3) Спрема лицата кои се наклонети кон ова движење, а кои не се државни чиновници, да се преземат построги законски мерки, за да се оневозможат во нивната работа.

Затоа би требало да се работи што побрзо да се донесе закон за истапување".[353]

Треба да се истакне дека овие предложени мерки од страна на режимот на Милан Стојадиновиќ, навистина беа спроведувани, и тоа особено пред и по одржувањето на општинските или парламентарни избори. Притоа, треба да се истакне дека не беше и мал бројот на оние кои беа отпуштани и од работа.

Сето ова изнесено јасно го илустрира односот на владата на Милан Стојадиновиќ и неговиот апарат кон македонското национално-

[353] А.Ј. ф.: Милан Стојадиновић, фасцикла 24, Стр. Пов. Каб. Бр. 2, Скопље, 12.IX.1938. Извештај бана Вардарске бановине Марка Новаковића.; Александар Апостолов, Манифестације македонске..., 88.

ослободително и комунистичко движење. Но, манифестирањето на македонската национална индивидуалност не можеше ништо да го сопре. Тој процес уште поголем замав ќе земе во периодот по 1939 година.

* * *

# ГЛАВА ПЕТТА

# ПАРЛАМЕНТАРНИТЕ ИЗБОРИ ВО 1938 ГОДИНА

## 1. РАСПИШУВАЊЕ НА ПАРЛАМЕНТАРНИТЕ ИЗБОРИ

Новите парламентарни избори беа распишани неколку месеци пред истекот на 4-годишниот мандат на пратениците избрани на 5.V.1935 година. Тоа го диктираа надворешнополитичките и внатрешни причини. Имено, при крајот на 1938 година Милан Стојадиновиќ сметаше дека положбата на неговата влада е доволно цврста и дека може уште повеќе да ја зацврсти со победа на изборите кои ќе ги спроведува со помош на полицискиот апарат кој нему му беше потчинет. Всушност, петомајските избори од 1935 година му покажаа што сѐ може да се постигне ако управно-полицискиот апарат е добро организиран и единствено воден во борбата за изборна победа. Милан Стојадиновиќ добро знаеше дека Богољуб Јевтиќ, иако немаше мнозинство гласачи за себе, сепак на владата и донесува очигледна победа. Исто така, од искуство знаеше дека ни најбучните протести на опозицијата, поради изборните насилија, навистина многу не значеа. Главно беше на изборите да се победи. А Милан Стојадиновиќ својот изборно-политички апарат подобро го организираше отколку неговиот

претходник, Богољуб Јевтиќ. Токму затоа, со Указ на Кралскиот намесник, кнезот Павле, на 10.X.1938 година беше донесена одлука Народното собрание, избрано на 5.V.1935 година, да се распушти, а новите парламентарни избори во Кралството на Југославија да се извршат на 11.XII.1938 година, според прописите на Законот за избори на народни пратеници за Народното собрание.[354]

На изборите од 11.XII.1938 година ќе бидат избрани 371 пратеник. Од овој број Вардарската бановина избира 45 народни пратеници, што значи секоја административна околија и седиштето на бановината избираат по еден пратеник. Од овие 45 пратеници, 30 ќе бидат избрани само во околиите кои припаѓаат на Вардарскиот дел на Македонија. Исто така по еден народен пратеник избираа и оние градови кои не се седишта на бановините, а имаат преку 100.000 жители. Според Законот за избор на народни пратеници во Народното собрание, целата државна територија беше поделена на 35 изборни окрузи. Вардарска бановина беше поделена на 4 изборни окрузи (бр. 32, 33, 34 и 35), а мандатите во нив беа вака распределени:

Во избороргниот округ бр. 32 беа распределени вкупно 9 мандати (од нив само 3 од територијата на Вардарскиот дел на Македонија, б.м.);

во изборниот округ бр, 33 беа рспределени вкупно 12 мандати (од нив само 3 од територијата на Вардарскит дел на Македонија,

354 „Указ о распуштању Народне скупштине и новим изборима", в. „Службене новине", ванредан број, 231, Београд, 10.X.1938, 1; в. „Политика", XXXV, бр. 10909, Београд, 11.X.1938, 1.

б.м.);

во изборниот округ бр.34 беа распределени вкупно 10 мандати (сите припаѓаа на територијата на Вардарскиот дел на Македонија, б.м.);

во изборниот округ бр. 35 беа распределени вкупно 14 мандати (сите припаѓаа на територијата на Вардарскиот дел на Македонија, б.м.);[355]

И овие парламентарни избори требаше да се спроведат според одредбита на Законот за избор на народни пратеници за Народното собрание, според кој беа спроведени и парламентарните избори од 5.V.1935 година.[356]

За парламентарните избори во 1938 година подеднакво се подготвуваа сите граѓански политички партии, како владеачката - Југословенска радикална заедница, така и партиите на опозицијата кои го сочинуваа блокот на Здружената опозиција. Распишувањето на изборите значеше и почеток на новата предизборна активност.

## 2. ПРЕДИЗБОРНАТА АКТИВНОСТ НА ЈУГОСЛОВЕНСКАТА РАДИКАЛНА ЗАЕДНИЦА

По распишувањето на парламентарните избори Милан Стојадиновиќ, како претседател на владата и на Главниот одбор на

355 „Закон о избору народних посланика за Народну скупштину од 10 септембра 1931 год. - са изменама и допунама од 26 септембра 1931 год. - и 24 марта 1933", Статистика избора народних посланика за Прву југословенску народну скупштину одржаних 8.XI.1931, Београд, 1935, 296, 298.

356 Истото, 298-316.

ЈРЗ, со целиот државен апарат развива интензивна пропагандна активност, со цел за себе и за својата партија на претстоечките избори да ја осигура потполната и сигурна победа.

За овие парламентарни избори ЈРЗ склучува изборна коалиција со Југословенската народна странка на чело со Светислав Хоџера т.н. „Борбаши". Последица на тој договор беше влегувањето на Светислав Хоџера во владата на Милан Стојадиновиќ и негово назначување за Министер без Портфељ.[357] Во врска со оваа изборна коалиција Светислав Хоџера, на Конференцијата за печат, ќе изјави: „Југословенската народна странка" во својата програма посебно истакнува дека таа Монархијата ја смета како единство на државата и на југословенството на националните светињи. Политичките групи од Здружената опозиција пред една година ја донесоа својата позната Резолуција, со која тие национални светињи ги ставаат во прашање... Поради тоа, сега доаѓа моментот, кога секој исправен граѓанин на оваа држава мора да се определи спрема ваквата ненародна политика. Тоа нас нѐ принудило и ние да заземеме еден определен став спрема Резолуцијата на Здружената опозиција. На седницата на Главниот одбор на Југословенската народна странка, одржана на 7 октомври оваа година во Белград, сите членови беа едногласни дека денешните моменти, како внатрешни, така и надворешната политика, бараат нашата партија да се коалира со оние кои се на браникот на Југословенството и

357 „Реконструкција владе", в. „Глас Полога", VI, бр. 290, Тетово, 15.X.1938, 1.

државното единство. Во тој дух ми е дадена полна доверба и овластување за понатамошна работа. Врз основа на ова овластување, јас склучив договор со претседателот на Кралската влада, Милан Стојадиновиќ, да ги групираме своите сили склучувајќи изборна коалиција меѓу ЈРЗ и Југословенската народна странка. Последица на тој договор е моето влегување во владата на Милан Стојадиновиќ."[358]

Во изборна коалиција со ЈРЗ стапува и бившата Радикално социјална странка, чиј основач бил попот Војислав Јањиќ. Тоа беше одлучено на седницата на Акциониот политички одбор, одржана на 20.X.1938 година, на која беше издадено соопштение, во кое беа наведени причините за оваа изборна коалиција. Во него, меѓу другото се истакнува дека „бившата Радикално социјална странка, поаѓајќи од фактот дека политичките партии во земјата во врска со изборите се концентрираат во две основни групи, од кои едната е чисто техничка, а другата чисто идеолошка, констатирајќи битни допирни идеолошки точки со работата и Програмата на ЈРЗ, се одлучува за изборна коалиција со идеолошките групации околу ЈРЗ, па на таа страна, како слободна и независна политичка групација, активно ќе учествува на изборите од 11 декември оваа година на листата на др. Милан Стојадиновиќ".[359]

---

358 „Изјава г. Хоџере", в. „Политика", XXXV, бр. 10909, Београд, 11.X.1938, 1.

359 „Бивша Радикално социјална странка одлучила се за изборну сарадњу са Југословенском радикалном заедницом", в. „Политика", XXXV, бр. 10919, Београд, 21.X.1938, 4.

По воспоставувањето на оваа изборна коалиција, на 22.X.1938 година, Месниот одбор на Радикално социјалната странка во Скопје и за околија Скопска одржува седница, на која по говорот на Страхиња Пецевиќ, претседател на Месниот одбор и приватен чиновник, на Андреја Лекиќ, пензионер и на Златан Десиќ, кафеџија, едногласно беше поддржана одлуката на Раководството на партијата за изборна коалиција со ЈРЗ. По извршеното конституирање на Месниот одбор, беше одлучено како делегати во Белград да се упатат Страхиња Пецевиќ, Никола Наумовиќ и Душан Неранџиќ, кои треба да стапат во врска со Раководството на партијата за да го утврдат планот за натамошната изборна акција во Вардарска бановина.[360]

Во изборна коалиција со ЈРЗ стапува и групата на Министерот Воја Ѓорѓевиќ т.н. „селско движење", како и дисиденти од Радикалната партија на Аца Станојевиќ и на Југословенската национална странка.[361]

Во рамките на предизборната кампања владата на Милан Стојадиновиќ истапуваше како „државотворен фактор", претставувајќи се како единствена политичка сила, која „уште може да ја спаси државата". Во таа смисла, Милан Стојадиновиќ во предизборниот говор јасно ја истакнува основната линија на својата политика. Во областа на внатрешната политика тој стоеше

360 „Радикално социјална странка у Скопљу", в. „Политика", XXXV, бр. 10924, Београд, 26.X.1938, 4.

361 Dr Ivan Ribar, Politički zapisi, IV, Beograd, 1948, 29, 30.

цврсто на централистичкото гледиште и во тој контекст сакаше разговор со Хрватите. Што се однесува до другите прашања, тие ќе се разгледуваат постепено. Надворешнополитичката програма остануваше иста. Кралството на Југославија ќе настојува економската и политичката соработка да ја продлабочи во духот на искрено пријателство со соседите.[362]

И за овие парламентарни избори Извршниот одбор на ЈРЗ упатува Упатства за поставување кандидати на ЈРЗ на земската листа на претседателот на владата др. Милан Стојадиновиќ.[363]

Исто така од страна на Главниот одбор на ЈРЗ, од Секцијата за пропаганда, за Вардарскиот дел на Македонија беа одредени бившите народни пратеници Тодор Живковиќ, др. Часлав Никитовиќ и Душан Перовиќ да ги посетат Кратово, Кочани, Царево Село, Берово,

---

362 А. ИНИ, ф.: Весници на партиски организации, к. 97 „Радничке новине" 1938, Инв. бр. 7397, ред. бр. 117.

363 Истакнувањето на кандидати треба да се изведува на следниот начин: Секој околиски кандидат треба да биде предложен на седницата на Околискиот одбор на ЈРЗ. Околиските одбори можат да предложат еден или повеќе кандидати кои се појавуваат во околијата и да го образложат своето мислење, за да кандидатурата биде поуспешна. Односниот заклучок на Околискиот одбор треба веднаш и истовремено да се испрати до Претседателството на Бановинскиот одбор и до Секретаријатот на Главниот одбор на ЈРЗ. Сите бановински и околиски одбори со сите сили да помагаат при составувањето и правилното поставување на кандидатските листи. Исто така, партиските организации треба да внимаваат по околиите да не собираат потписи разни неовластени лица, бидејќи тоа предизвикува збрка меѓу избирачите. Предлозите за кандидатура да се испратат до Главниот одбор на ЈРЗ до крајот на месец октомври, а кандидатските листи, составени и пополнети, до 10 ноември. Види во: „Постављање кандидата ЈРЗ на земаљској листи Претседника владе г. др. М. Стојадиновића", в. „Самоуправа", LVIII, бр. 813, Београд, 27.X.1938, 1.

Струмица, Радовиш, Штип, Свети Николе, Велес, Неготино, Валандово и Гевгелија, каде што ќе одржат состаноци со односните околиски одбори на кои ќе им даваат упатства во врска со изборната кампања. Тука доаѓаат во предвид особено инструкциите во врска со конференциите на месните одбори кои ќе се одржат во сите седишта на општините во Вардарскиот дел на Македонија.[364]

Во текот на месец октомври, во врска со претстоечките избори во сите околии во Вардарскиот дел на Македонија беа одржани конференции на околиските одбори на ЈРЗ на кои беа вршени кандидации за поедини околии.[365]

Во врска со предизборната активност на ЈРЗ во Вардарскиот дел на Македонија на 20.X.1938 година во Скопје беше одржана Конференција на Бановинскиот одбор на ЈРЗ под претседателство на сенаторот Угрин Јоксимовиќ. На дневен ред беа извештаите за политичката ситуација во поедини околии, а во врска со одржаните конференции за изборите. Со оглед на тоа што конференции беа одржани во поголемиот дел на околии, врз основа на поднесените извештаи, беше констатирано дека ЈРЗ стои одлично и може со потполна сигурност да се очекува победа на изборите. По дискусијата за сите прашања во врска со приемот на пратеничките кандидати за поедини места и околии, а во која

---

364 „Изборна агитација у Вардарској бановини", в. „Јужна Србија", I, бр. 31, Скопље, 14.X.1938, 3.

365 „Конференције у Вардарској бановини", в. „Самоуправа", LVIII, бр. 811, Београд, 24.X.1938, 4.

учествуваа: Панта Јовановиќ, Душан Антонијевиќ, Стеван Симиќ, Зејнел Ибрахим Страцимировиќ, др. Часлав Никитовиќ, Живко Поповиќ, Стојадин Димитријевиќ, Тодор Живковиќ, Спиро Хаџи Ристиќ, Филота Дича, беше одлучено да се примат сите кандидати на околиските одбори на ЈРЗ и кандидатите кои сами го истакнале своето право да се кандидираат. Донесен е едногласен заклучок во текот на месец ноември да се одржат по големите места во Вардарска бановина (Вардарскиот дел на Македонија, б.м.) големи манифестациони собири на кои ќе бидат повикани активни министри да земат учество. На крајот е одлучено да се остави на претседателот, Угрин Јоксимивиќ, по негово мислење да го направи предлогот до Главнит одбор кои кандидати ќе бидат примени, бидејќи тој најдобро ги познава луѓето и јужните краеви"[366] (Вардарскиот дел на Македонија, б.м.).

По одржувањето на оваа Конференција, во текот на месец ноември и почетокот на месец декември, во Вардарскиот дел на Македонија започнуваат да се одржуваат агитациони собири на кои зборуваа пратеничките кандидати. Такви манифестациони собири беа одржани во Куманово (за околија Жеглиговска)[367], во Ростуше (за

366 „Јуче је одржана конференција Ужег бановинског одбора ЈРЗ под председништвом сенатора Угрина Јоксимовића", в. „Јужна Србија", I, бр. 33, Скопље, 21.X.1938, 3.

367 На 6.XI.1938 година во Куманово беше одржан голем манифестационен собир на кој зборуваше Министерот на правдата и пратенички кандидат на земската листа на Милан Стојадиновиќ, за околија Жеглиговска, Милан Симоновиќ. На овој собир исто така зборуваа и Угрин Јоксимовиќ, Аќим Поповиќ, Бранко Тодоровиќ и други. Види во: „У Куманову је говорио Министар правде г. Милан Симоновић", в. „Самоуправа",

околија Галичка),[368] во Тетово,[369] во околија Долнополошка,[370] во околија Горнополошка,[371]

---

LVIII, бр. 822, Београд, 7.XI.1938, 4;в. „Јужна Србија", I, бр. 37, Скопље, 7.XI.1938,3.

368 На 13.XI.1938 година во Ростуше беше одржан голем манифестационен собир за околија Галичка на кој зборуваше Бранко Тодоровиќ, пратенички кандидат за оваа околија. Види во: „Велики збор ЈРЗ у Ростуши пред масом света од неколико хиљада људи", в. „Глас Полога", VI, бр. 295, Тетово, 19.XI.1938, 3.

369 На 20.XI.1938 година во салата на хотелот „Јадран" беше одржана Конференција на ЈРЗ за градот Тетово на која присуствуваа повеќе иљади граѓани. Таа веднаш беше претворена во собир. На овој собир зборуваа: Михаило Серафимовиќ, претседател на Месниот одбор на ЈРЗ во Тетово; Крсто Џордевиќ, секретар на трговската комора во Скопје; Садик Тефик, чиновник на Окружниот суд во Тетово (зборувал на турски јазик); Никола Момировиќ и на крајот Стојадин Димитријевиќ, пратенички кандидат за околија Долнополошка. Притоа, тој во својот говор во бројки изнесува што сé има направено за оваа околија (поправка на патишта, нивно трасирање, водовод, поправки во училишта, издејствувал да се подигне тутунски магацин, зголемување на надниците и друго). Види во: „Велика конференција ЈРЗ у Тетову", в. „Глас Полога", VI, бр. 296, Тетово, 26.XI.1938, 1, 2, 4.

370 Во втората половина на месец ноември, Стојадин Димитријевиќ, пратенички кандидат за околија Долнополошка, одржува повеќе агитационо-политички конференции, кои беа претворени во собири, во оваа околија и тоа во селата: Порој и Џепчиште (на 14 ноември), Слатино (15 ноември), Жеровјане, Радиовце, Волково и Стенче (на 16 ноември), Брвеница, Челопек, Милетино и Блаце (на 17 ноември), Сарачино, Желино, Стримница, Горна и Долна Лешница и Добарци (на 18 ноември). При крајот на месец ноември, исто така, тој ги посетува и селата: Теарце, Доброште, Брезно, Ѓерма, Сетоле, Отуње, Варвара, Лешок, Андрејево, Пирок, Боговино, Сенокос, Градец, Раковец, Горно Седларце, Вратница и Беловиште, каде што развива интензивна политичка активност. Види во: „Агитационо политичке конференције у срезу Доњо-Полошком", в. „Глас Полога", VI, бр. 295, 296, Тетово, 19 и 26.XI.1938, 2, 3.

371 На 30.XI.1938 година во Гостивар беше одржан голем манифестационен собир за околија Горнополошка на која зборуваа: Угрин Јоксимовиќ, Никола Момировиќ, Панта

во Кичево,[372] во Битола,[373] во Кочани и Виница,[374] во Струмица,[375] во Скопје,[376]

---

Јовановиќ, Бранко Тодоровиќ, Зејнел бег Страцимировиќ, Кадри Салијевиќ и Стојадин Димитријевиќ. Сите во своите говори ја истакнуваа успешната работа на Кралската влада на сите полиња. Види во: „Велики манифестациони збор у Гостивару", в. „Глас Полога", VI, бр. 297, Тетово, 3.XII.1938, 1, 2, 3; в. „Самоуправа", LVIII, бр. 843, Београд, 2.XII.1938, 4.

372 На 26.XI.1938 година во Кичево беше одржан собир на кој присуствуваа и зборуваа: Угрин Јоксимовиќ, Панта Јовановиќ, Мухамед Златко, Бранко Тодоровиќ, Зејнел бег Страцимировиќ, Кадри Салијевиќ и Ќира Мојсиќ. Во своите говори тие ги истакнуваа заслугите на владата на М. Стојадиновиќ, агитирајќи кај народот да се гласа за неговата земска листа. Види во: „Збор ЈРЗ у Кичеву", в. „Глас Полога", VI, бр. 296, Тетово, 3.XII.1938, 4.

373 На 27.XI.1938 година Војислав Протиќ, пратенички кандидат на листата на Милан Стојадиновиќ за околија Битолска и град Битола, во Кафеаната „Босна" одржува Конференција агитирајќи за претстоечките парламентарни избори да се гласа за ЈРЗ. Види во: „Конференција ЈРЗ у Битољу", в. „Јужна Србија", I, бр. 42, Скопље, 29.XI.1938, 2.

374 Пратеничкиот кандидат на листата на Милан Стојадиновиќ за околија Кочанска, Благоја Џидровиќ и неговиот заменик Боривоје Паликрушевиќ, при крајот на месец ноември, одржуваат неколку успешни конференции во Кочани и „Јужна Виница" и околните места, агитирајќи за претстоечките парламентарни избори. Види во: „Успели зборови ЈРЗ у срезу Кочанском", в. „Јужна Србија", I, бр. 42, Скопље, 29.XI.1938, 2.

375 Во почетокот на месец декември пратеничкиот кандидат за околија Струмичка, Никола Бесарабиќ, во својата околија одржува низа конференции и собири во Струмица и селата: Добило, Робово, Муртино, Моноспитово, Ново Село, Вељуса и Мокриево. Притоа го истакнал значењето на изборите од 11.XII.1938 година. Види во: „Зборови у срезу Струмичком", в. „Самоуправа", LVIII, бр. 846, Београд, 6.XII.1938, 3.

376 На 28.XI.1938 година во Скопје беше одржан голем манифестационен собир на младината на ЈРЗ. Присутни беа: Угрин Јоксимовиќ, претседател на Бановинскиот одбор на ЈРЗ, Панта Јовановиќ, сенатор и претседател на Месниот одбор на ЈРЗ за град Скопје и голем број народни пратеници. На овој собир зборуваа претседателот на Бановинскиот одбор на

во Штип[377] и во други места. Во говорите претежно се зборуваше за политичките прилики во земјата, за „успешно" водената внатрешна и надворешна политика на владата на Милан Стојадиновиќ, посебно давајќи акцент за потребите на Јужна Србија (Вардарскиот дел на Македонија, б.м.). Напаѓајќи ја опозицијата се повикуваше народот да го даде својот глас за кандидатите на листата на ЈРЗ и Милан Стојадиновиќ.

И за овие избори владата на Милан Стојадиновиќ и ЈРЗ во предизборната агитација ги користеа радиото и печатот. Во рамките на многуте изборно-пропагандни мерки и пароли владините агенти во своите напади на опозицијата зборуваа за неа како за „државен

младината на ЈРЗ Филота Дича, Угрин Јоксимовиќ, Риза Џеладиновиќ, како и Панта Јовановиќ, кој беше и пратенички кандидат за град Скопје. Притоа, даден беше осврт за работата на младината во политичката кампања за претстоечките избори. Критикувана беше и работата на Здружената опозиција. Исто така во Скопје беше одржан и собир на стопанствениците на кој присуствуваа еминентни стопанственици од Вардарскиот дел на Македонија. Зборуваа: Бошко Жерајиќ, претседател на трговско-индустриската комора во Скопје, Драги Патроногиќ, потпретседател, голем број стопанственици, потоа, Угрин Јоксимовиќ, Филота Дича и други. Сите говорници се осврнале на „успесите" на владата на Милан Стојадиновиќ, изјавувајќи во агитацијата за изборите дека „подобро е да се гласа за др. М. Стојадиновиќ ... отколку да се гласа за некој кој воопшто нас не нé познава", Види во: в. „Јужна Србија", I, бр. 42, Скопље, 29.XI.1938, 2, 3.

377 На 4.XII.1938 година во Штип беше одржан голем собир на ЈРЗ на кој зборуваа: Михаило Сеизовиќ, претседател на општина Штипска, Михајло Каламатијевиќ, пратенички кандидат на листата на Милан Стојадиновиќ за околија Штипска, М. Терзиќ и други. Според резултатите на овој собир огромно мнозинство е за политиката што ја води владата на Милан Стојадиновиќ. Види во: „Велики збор у Штипу", в. „Јужна Србија", I, бр. 44, Скопље, 6.XII.1938, 1.

непријател број еден", истакнувајќи дека претстоечките избори ќе треба да се спроведат во знакот на прашањето „за или против државата", односно „за или против Кралот" и слично. Тоа значеше дека сите противници на владата на Милан Стојадиновиќ беа прогласени како државни непријатели и дека (во тогашниот режим) против нив беше дозволено секое расположиво средство на власта.[378]

Гледајќи така на изборите владата го покренува целокупниот полициски апарат и на своите управни органи испраќа низа окружници препорачувајќи им остро и безобзирно да постапуваат против опозицијата. Владата презема и многу други мерки за да за себе ги осигура гласовите на оние избирачи кои беа зависни од владата, па настојуваше да ги присили да гласаат за владината листа. И во поглед на чиновништвото владата истапува со отворени заканувања: на чиновниците им беа упатувани закани дека ќе бидат отпуштени од државна служба ако гласаат за опозицијата. Во таа смисла Милан Стојадиновиќ на митингот во Љубљана ја дава следната изјава: „Ако било кој од државните чиновници гледа во г. др. Мачек свој шеф, тогаш на секој таков чиновник му препорачувам дека местото не му е во државната служба".[379]

Во предизборната активност и во Вардарскиот дел на Македонија владата на Милан Стојадиновиќ и ЈРЗ особено ќе ги

[378] Ferdo Čulinović, Jugoslavija izmedu dva rata, II, Zagreb, 1961, 131.

[379] „Важне изјаве председника владе у Љубљани", в. „Јужна Србија", I, бр. 45, Скопље, 10.XII.1938, 3.

користат активностите на најактивните членови на ЈРЗ, кои како типични примери на „послушници" на ЈРЗ и додворувачи на режимот, сакаа да го искористат режимот за свои лични цели, или пак, такви, кои во својата професионална кариера застанале на полпат, па преку истакнување во политичката борба сакале да ги придобијат симпатиите на шефот на ЈРЗ и, се разбира, да добијат награда за својот труд. Во Вардарскиот дел на Македонија дејствуваше доста голем број на вакви „послушници" и додворувачи, од кои како пример би истакнале некои од нив и тоа: Ќира Маневиќ,[380]

---

380 Ќира Маневиќ, „бивш претседател на Кумановската општина и апсолвент на правни факултет", беше еден од најактивните членови на ЈРЗ во Куманово, кој сакаше да го искористи режимот за свои цели, т.е. за градење на својата професионална кариера. Овој, инаку веќе „во години човек", во периодот од 1936 до 1938 година, ја ангажира сета своја енергија, сето свое умеење и опит низ локалните политички борби и ги претвори во омраза сите оние што не и припаѓаа на ЈРЗ. Тој по писмен пат директно контактираше со Милан Стојадиновиќ, известувајќи го за сè она што сметаше дека ќе биде во интерес на ЈРЗ. Во едно уверение што на Ќира Маневиќ му го издал Месниот одбор на ЈРЗ во Куманово, меѓу другото, се вели: „Дека е изразит член и потпретседател на првиот Месен одбор за град Куманово ... Дека бил и останал ноторен непријател на Здружената опозиција и на сите оние кои се против ЈРЗ".

Овие ласкави епитети од својата партиска организација Ќира Маневиќ навистина ги заслужуваше. Тој го бранеше кумановскиот политички терен од секакво влијание однадвор и систематски го подготвуваше за ЈРЗ кога ќе дојдат изборите да ѝ обезбеди сигурна победа. Ќира Маневиќ будно следеше што се случува во Куманово и за тоа го известуваше Белград. Бидејќи самиот беше „од срце националист и приврзаник на ЈРЗ", секој што не беше таков за него беше сомнителен.

За секоја услуга што ќе ја направеше Ќира Маневиќ бараше награда во вид на државна служба. За да успее во тоа, тој ангажира видни личности што ќе се застапуваат за него пред Милан Стојадиновиќ, изнесувајќи ги неговите заслуги.

## Мино Ѓ. Станковиќ,[381]

По изборите во 1938 година Ќира Маневиќ побрза да го извести Милан Стојадиновиќ за текот на изборните борби, за победата на ЈРЗ и за своите заслуги за таа победа. Во Извештајот ги опишува изборните борби во Куманово, кога луѓето го искажаа своето незадоволство и својот гнев врз зградата на ЈУГОРАС и врз портретот на тогашниот крал Петар II. За документација Ќира Маневиќ приложува кон Извештајот фотографии од кои може да се види дека кралскиот портрет е фрлен на земја, прободен со нож и згазен. За ова види поопширно во документите што се приложени во статијата на: А. Апостолов, Изборите за Народната скупштина на Кралството Југославија од 1938 год. во Кумановска околија, Историја, V/1, Скопје, 1969, 119-126.

381 Мино Станковиќ (Мино Станков Георгиев) е роден околу 1895 година во с. Луково, близу до с. Лесново, а оддалечено од Злетово околу 8 км. североисточно. Во Првата светска војна е мобилизиран од српската војска. Во месец јануари 1915 година бега од српската војска, но е фатен и вратен во касарната. Во борбите против Австријците во Шумадија Мино им се предал. Од заробеништво во Австрија во месец октомври 1916 година, како бугарски војник е испратен на фронт при свиокот на Црна Река во Македонија. По ранувањето е испратен во Бугарија каде останал до крајот на Првата светска војна. По враќањето од Бугарија, од 1919 до 1920, е повереник на српската војска во Свети Николе. Од 1920 до 1924 година е личен повереник на Тодор Александров. Бидејќи Мино бил двоен шпион (на власта и на организацијата на Тодор Александров) бил осуден на смрт од ВМРО. Од страв од комитите Мино бега во Куманово и „потоа стана српски повереник". Во периодот од 1924 до 1934 година тој е неограничен господар во Кратовско-Злетовската област. Поддржуван од генералот Петар Живковиќ, од претседателот на владата Никола Узуновиќ и други Мино ги задржува своите позиции и по убиството на кралот Александар, кај претседателот на владата Богољуб Јевтиќ и кнезот намесник Павле. За Мино Станковиќ и за неговата дејност, посебна важност за нас имаат писмените искажувања од Стеван Симиќ, родум од Кратово, професор во пензија и народен пратеник за Кратовска околија од 1935 до 1938 година. Стеван Симиќ, иако познат како активен големосрбин, во борбата што ја водел со Мино Станковиќ за власт во Кратовска околија и во желбата да се ограничи власта на Мино, пишувал тужби и жалби против него; организирал делегации од овој крај и ги упатувал до највисоките органи да се жалат против Мино; лично одел до претседателот на тогашната југословенска влада, до бановите на Вардарска бановина и други влијателни личности да им ги

Панта Јовановиќ[382] и други.

Исто така во Вардарскиот дел на Македонија од страна на кандидатите на владеачките и буржоаски кругови кои ја водеа предизборната кампања беа истакнувани и паролите: „не гласај против оној кој ти дава леб", „не гласај против ЈРЗ, ако сакаш

изложи Миновите злосторства и своеволија во Кратовско-Злетовскиот крај и да бара тие да прекинат. За Мино Станковиќ вели дека беше едно од најпогодните „слепи" орудија на сите српски државни фактори. Тужбата против Мино, потпишана од 44 лица од Кратово и упатена до кнезот намесник Павле, е основниот и најценет од авторот документ.

На 6.VI.1935 година Стеван Симиќ го посетил Богољуб Јевтиќ и усно му ги изложил Миновите злосторства. Кога потоа беше развластен во Кратовската околија Мино беше испратен на служба со чин капетан во Штип. Потоа уследува неговото пензионирање. Но, и како цивил Мино Станковиќ останал и натаму силен и богат. Тој со своите приврзаници „Миновисти" ќе ја започне својата политичка кариера во Кратовско-Злетовскиот крај, па дури на парламентарните избори на 11.XII.1938 година беше избран за народен пратеник за Кратовска околија. Во својство на народен пратеник го затече и капитулацијата на Кралството на Југославија. Свесен за своите злосторства, Мино бега во странство, оставајќи го своето семејство и своите соработници, наместо него да ги окајуваат неговите злосторства. Види поопширно кај: Ал. Апостолов, Злетовска област. Географско- историски осврт, дел IV, Скопје, 1974, 558-581; А. МАНУ, ф.: Стеван Симиќ, к. I, папка I, А.Е. I/1-211. „Успомене Стевана Симића", 150-155, 160-165, 190-195.

382 Панта Јовановиќ, познат по прекарот Панта Коњ, е роден во с. Кучково, Скопско. Заземал важни функции во ЈРЗ (претседател на Месниот одбор на град Скопје) и во органите на власта (претседател на градска општина од Скопје). За него Стеван Симиќ вели дека „тој добро слуша, што е најдобра препорака за сите луѓе кои се поставуваат во Вардарска бановина и ја спроведуваат политиката на режимот. Панта Јовановиќ во тој поглед е најдобар бидејќи не опонира". Види во: А. МАНУ, ф.: Стеван Симиќ, к. I, папка I, А.Е. I/1-211, „Успомене Стевана Симића", 167, 168.

детето да ти се школува" и слично.[383] На други пак им беше порачано дека ќе ја изгубат оваа или онаа корист, која дотогаш ја имаа во работата со државата; Многумина пак настојуваа да ги заплашат со разни репресалии и слично. Напоредно со тоа властите спроведуваа нашироко организиран полициски терор со цел - по секоја цена да се осигура победа на листата на Милан Стојадиновиќ.

По долги подготовки конечно беше утврдена листата за народни пратеници чиј носител беше Милан Стојадиновиќ. Земската кандидатска листа на др. Милан Стојадиновиќ имаше 729 листи со 746 кандидати. За оваа земска листа беа врзани кандидатите на ЈРЗ (595), на групата на Министерот Војо Ѓорѓевиќ (37), на Југословенската народна странка на Министерот Светислав Хоѓера (104), на бившата Радикално социјална странка (5), како и други поедини кандидати.[384] Од овој број во Вардарска бановина беа определени 110 кандидатски листи со 110 кандидати.[385]

Во Вардарскиот дел на Македонија како кандидати за народни пратеници главно беа определувани лица од овој дел, но кои беа докажани на „национален план", кои ја поддржуваа политиката и програмата на владата на Милан Стојадиновиќ и на нејзината партија - ЈРЗ; потоа можеа да се кандидираат и лица кои подолго

---

383 Владо Картов, Гевгелија и Гевгелискиот крај од балканските војни до ослободувањето (1912/13-1944), Скопје, 1969, 145.

384 А. ИНИ, ф.: Весници на партиски организации, к. 79, Инв. бр. 7452, Ред. бр. 122. „Потврђене земаљске листе", в. „Радничке новине", бр. 49, Београд, 2.XII.1938, 3; в. „Самоуправа", LVIII, бр. 837, Београд, 24.XI.1938, 1.

385 Истото.

време живееја овде, иако тука не беа родени, како и оние кои веќе еднаш беа избрани за народни пратеници.

За парламентарните избори на 11.XII.1938 година, на земската кандидатска листа, чиј носител беше др. Милан Стојадиновиќ, во изборните единици на територијата на Вардарскиот дел на Македонија беа определени и потврдени следните кандидати:

Изборен округ бр. 32

1.- Околија Галичка: 1) околиски кандидат: Бранислав А. Тодоровиќ, управник на Сојузот на сточарските селекциони задруги и бивш народен пратеник од Скопје; заменик: Алексо Китановиќ, чиновник и претседател на општина Ростушка од Битуше; 2) околиски кандидат: Лазар И. Цубалевиќ, трговец од Галичник; заменик: Стеван П. Ацијевиќ, млекар од Галичник.

2.- Околија Горнополошка: 1) околиски кандидат: Угрин Јоксимовиќ, трговец од Гостивар; заменик: Кадри Салијевиќ, адвокат од Гостивар.

3.- Околија Долнополошка: 1) околиски кандидат: Столе - Стојадин Димитријевиќ, кожар од Тетово; заменик: Асан Салиовиќ, земјоделец од село Неготино; 2) околиски кандидат: Филип М. Филиповиќ, кафеџија од Тетово; заменик: Душан Ц. Стојановиќ, писар од Тетово.

Изборен округ бр. 33

1.- Околија Жеглиговска: 1) околиски кандидат: Милан Симоновиќ, Министер на правдата од Белград; заменик: Трајко Лопаревиќ,

трговец од Куманово.

2.- Околија Кратовска: 1) околиски кандидат: Стеван Симиќ, директор на гимназија во пензија од Скопје; заменик: Славко Пановиќ, земјоделец и претседател на општина од Злетово; 2) околиски кандидат: Мина Ѓ. Станковиќ, пензионер од Злетово; заменик: Таса Ѓ. Дончевиќ, кафеџија од Кратово; 3) околиски кандидат: Коста Т. Какашиќ, пензионер од Кратово; заменик: Серафим Стевановиќ, земјоделец од Коњух.

3.- Околија Кривопаланечка: 1) околиски кандидат: Архимандрит Алексије П. Јовановиќ, старешина на манастирот Св. Јован Остроговски од Варовиште; заменик: Стојмен Т. Крстиќ, општински деловоѓа од Лука; 2) околиски кандидат: Петруш Т. Јаќимовиќ, претседател на општина Кривопаланечка; заменик: Здравко Митиќ, претседател на општина Трговишка.

Изборен округ бр. 34

1.- Околија Битолска: 1) околиски кандидат: Јован Алтипармаковиќ, адвокат од Битола; заменик: Томо Ташко Димитријевиќ, земјоделец од Брусник; 2) околиски кандидат: Војислав Н. Протиќ, адвокат од Битола; заменик: Периклије Недељковиќ, претседател на општина од Велушино; 3) околиски кандидат: Др. Теодосије Робе, претседател на општина од Битола; заменик: Ѓорѓе Божиновиќ, земјоделец од Барешани.

2.- Околија Дебарска: 1) околиски кандидат: Радослав М. Димиќ, индустријалец од Белград; заменик: Ибрахим И. Каба, рентиер од Дебар.

3.- Околија Кичевска: 1) околиски кандидат: Живко Ѓорѓевиќ, земјоделец од Св. Врач; заменик: Шабан С. Бајрамовиќ, бакалин од Кичево; 2) околиски кандидат: Владо С. Стојановиќ, трговец од Кичево; заменик: Алија Х. Абазовиќ, земјоделец од Србица; 3) околиски кандидат: Анастас А. Бунгуровиќ, директор на бродар. „Галеб" од Кичево; заменик: Илјаз В. Имеровиќ, земјоделец од Стрелец.

4.- Околија Крушевска: 1) околиски кандидат: др. Василије И. Јовановиќ, Миинистер во пензија од Белград; заменик: Пејко С. Пејковиќ, земјоделец од С. Жван; 2) околиски кандидат: Душан Антонијевиќ, бивш народен пратеник од Крушево; заменик: Софроније Д. Несторовиќ, претседател на општина и бански советник од Бабино; 3) околиски кандидат: Цветко Б. Пашиќ, земјоделец и претседател на општина од Кривогаштани; заменик: Ристо С. Димитријевиќ, земјоделец од Бабино; 4) околиски кандидат: Никола Ст. Сапунџиќ, бивш претседател на општина од Скопје; заменик: Коста С. Вељановиќ, земјоделец од Слепче.

5.- Околија Мариовска: 1) околиски кандидат: Светозар С. Тасиќ, Пензионер од Битола; заменик: Вељан Стевановиќ, претседател на општина од Добромир; 2) околиски кандидат: Тодор М. Мицковиќ, учител во пензија од Тополчани; заменик: Трајко М. Шинделиќ, земјоделец од Старовино.

6.- Околија Охридска: 1) околиски кандидат: Милан Блажиќ, окружен началник во пензија и бивш народен пратеник од Охрид; заменик: Јокан Д. Цветковиќ, земјоделец и претседател на

општина од Д. Лакочерје; 2) околиски кандидат: Анастас Јак. Чорбевиќ, трговец од Охрид; заменик: Иван Анѓелковиќ, учител од Велмеј; 3) околиски кандидат: Марко Бошковиќ, индустријалец од Белград; заменик: Ламбе С. Трајчевиќ, земјоделец од Рамно.

7.- Околија Преспанска: 1) околиски кандидат: Др. Ѓорѓе А. Доновиќ, претседател на општина од Ресен; заменик: Светозар К. Трајковиќ, апотекар од Ресен; 2) околиски кандидат: Крсто Стрезовиќ, претседател од Ресен; заменик: Живко С. Замановиќ, работник од Јанковец; 3) околиски кандидат: Др. Михаило Поповиќ, лекар од Битола; заменик: Тале А. Талевиќ, селанец од Подмочани; 4) околиски кандидат: Теодосије Краљевиќ, учител во пензија од Асамати; заменик: Виктор К. Карафиловиќ, земјоделец од Болно.

8.- Околија Прилепска: 1) околиски кандидат: Др. Јован И. Шајкаревиќ, лекар од Прилеп; заменик: Тодор М. Мицковиќ, учител во пензија и претседател на општина од Тополчани; 2) околиски кандидат: Лазар Хаџи Ристиќ, адвокат од Прилеп; заменик: Јордан Николиќ земјоделец од Прилепец.

9.- Околија Поречка: 1) околиски кандидат: Данило Ѓуровиќ, претприемач од Слатино; заменик: Алија Бајрамовиќ, земјоделец од Пласница; 2) околиски кандидат: Милан Апостоловиќ, инженер од Белград; заменик: Данило П. Блажевиќ, земјоделец од Јужен Брод; 3) околиски кандидат: Цветко М. Кузмановиќ, учител во пензија од Јужен Брод; заменик: Иса К. Ибраимовиќ, земјоделец

од Дебрешта.

10.- Околија Струмичка: 1) околиски кандидат: Стојан Ст. Крстиќ, свештеник од Подгорец; заменик: Митар С. Несторовиќ, рибар од Радожда; 2) околиски кандидат: Марко Бошковиќ, индустријалец од Белград; заменик: Господин К. Каваjевиќ, општински службеник од Струга.

Изборен округ бр. 35

1.- Град Скопје: 1) кандидат: Панта Јовановиќ, претседател на градската општина од Скопје; заменик: Коста Поповиќ, механичар и трговец од Скопје; 2) кандидат: Владо Поповиќ, книжевник и пензионер од Скопје; заменик: Звонимир Атанасијевиќ, бивш ресторатер од Скопје.

2.- Околија Велешка: 1) околиски кандидат: Тодор М. Живковиќ, полковник во пензија и бивш народен пратеник од Скопје; заменик: Александар Јовановиќ, земјоделец од Подлес; 2) околиски кандидат: Вељко П. Велевиќ, судија во оставка од Велес; заменик: Али Риза Аметовиќ, рентиер од Велес.

3.- Околија Дојранска: 1) околиски кандидат: Дионисије Ј. Продановиќ, бивш заменик на вишиот државен тужител на Скопје; заменик: Васил Анговиќ, трговец од Валандово; 2) околиски кандидат: Петко Радовиќ, претседател на општина валандовска од Караѓорѓевац; заменик: Ибраим М. Алиловиќ, земјоделец од Башибос.

4.- Околија Гевгелиска: 1) околиски кандидат: Панта Зафировиќ, трговец од Скопје; заменик: Ристо Д. Миновиќ, земјоделец од Богданци; 2) околиски кандидат: Димитрије Р. Бешировиќ, трговец од Гевгелија; заменик: Тома М. Петрушевиќ, земјоделец од Богданци.

5.- Околија Кавадарска: 1) околиски кандидат: Душан Перовиќ, пензионер и бивш народен пратеник од Кавадарци; заменик: Илија Вучковиќ, трговец од Ваташа; 2) околиски кандидат: Ристо А. Велковиќ, лекар од Кавадарци; заменик: Тодор Развигор Тентовиќ, трговец од Кавадарци.

6.- Околија Кочанска: 1) околиски кандидат: Војислав Ѓорѓевиќ, Министер без портфељ од Белград; заменик: Милан Амповиќ, претседател на општина од „Јужна Виница"; 2) околиски кандидат: Благоја Д. Цидровиќ, трговец од Кочани; заменик: Боривоје П. Паликрушевиќ, трговец од „Јужна Виница"; 3) околиски кандидат: Благоја Павловиќ, кафеџија од Кочани; заменик: Ѓорѓе Заковиќ, гостилничар од Кочани.

7.- Околија Малешка: 1) околиски кандидат: Сава Јергиќ, протојереј од Скопје; заменик: Др. Коста Тренчевиќ, лекар од Царево село; 2) околиски кандидат: Симо Ј. Андоновиќ, пекар од Пехчево; заменик: Глигорије Ј. Кафеџиќ, трговец од Берово; 3) околиски кандидат: Јордан М. Бабамовиќ, бивш народен пратеник и учител во пензија од Белград; заменик: Никола Теохаревиќ, кафеџија од Пехчево.

8.- Околија Неготинска: 1) околиски кандидат: Душан Перовиќ, пензионер и бивш народен пратеник од Кавадарци; заменик: Јован П. Станиновиќ, трговец и претседател на општина од Неготино; 2) околиски кандидат: Др. Александар Љ. Петровиќ, ветеринар на градското поглаварство од Белград; заменик: Ѓорѓе Бошковиќ, општински чиновник од Неготино.

9.- Околија Овчеполска: 1) околиски кандидат: Михајло Костиќ, сточар од Мездре; заменик: Александар Ивановиќ, земјоделец од Богословец; 2) околиски кандидат: Андреја Лекиќ, пензионер од Скопје; заменик: Гене О. Паневиќ, земјоделец од Пестришино; 3) околиски кандидат: Тома Павличиќ, наместник од Св. Николе; заменик: Никола Јаневиќ, кондураџија од Св. Николе.

10.- Околија Радовишка: 1) околиски кандидат: Др. Часлав Никитовиќ, главен секретар на Занаетчиската комора во Скопје и бивш народен пратеник од Скопје; заменик: Јован Т. Теохаревиќ, трговец од Радовиш; 2) околиски кандидат: Методије Ципушевиќ, трговец од Радовиш; заменик: Џевад Самиовиќ, рентиер од Радовиш.

11.- Околија Скопска: 1) околиски кандидат: Инж. Вељко В. Вељковиќ, началник во Министерството за сообраќај во Пензија од Белград; заменик: Шукри Исмановиќ, земјоделец од Матка; 2) околиски кандидат: Драгутин Матовиќ, индустријалец и потпретседател на градското поглаварство од Скопје; заменик: Али Салијевиќ, земјоделец од Љуботен; 3) околиски кандидат: Владо Поповиќ, книжевник и пензионер од Скопје; заменик:

Љубомир Ж. Ромиќ, пензионер од Скопје.

12.- Околија Струмичка: 1) околиски кандидат: Никола В. Бесарабиќ, помошник на директорот на Државната класна лутрија од Белград; заменик: Андреја Јанковиќ, земјоделец од Ново Село; 2) околиски кандидат: Др. Тома Н. Фиданчевиќ, лекар од Струмица; заменик: Стојан Х. Кацаревиќ, земјоделец од село Босилево; 3) околиски кандидат: Мр. Михаило Стојановиќ, апотекар од Струмица; заменик: Др. Светислав П. Атанасковиќ, лекар од Струмица.

13.- Околија Царевоселска: 1) околиски кандидат: Стратимир М. Селаковиќ, адвокат од Скопје; заменик: Ристо В. Киселички, трговец од Царево Село; 2) околиски кандидат: Петар Чипевиќ, претседател на општина од Царево Село; заменик: Ќамил Р. Смаиловиќ, земјоделец од Бирча.

14.- Околија Штипска: 1) околиски кандидат: Михајло Р. Каламатијевиќ, претседател на општина од Штип; заменик: Страхиња Паневиќ, околиски санитетски референт од Штип; 2) околиски кандидат: Владо Пуздерлијевиќ, трговец од Скопје; заменик: Асен Доневиќ, бербер од Штип.

Касациониот суд во Белград го потврдува овој извод од Земската кандидатска листа, чиј носител беше др. Милан Стојадиновиќ, врз основа на член 25 од Законот за избор на

народни пратеници за Народното собрание, на 24.XI.1938 година.[386]

## 3. ПРЕДИЗБОРНАТА АКТИВНОСТ НА ГРАЃАНСКИТЕ ОПОЗИЦИОНИ ПАРТИИ

### а) Подготовки на граѓанските опозициони партии за парламентарните избори

За учество на парламентарните избори во 1938 година, покрај владеачката партија - Југословенската радикална заедница, започнаа да се подготвуваат подеднакво и граѓанските партии кои се наоѓаа во опозиција. Подготвувајќи се за овие избори, Здружената опозиција, создавајќи го Блокот на спогодбата (го создадоа Селско демократската коалиција и србијанските опозициони партии - Демократската и Земјоделската партија и групата на Аца Станојевиќ), на 8.X.1937 година објавува Проглас, во кој наведените партии ја истакнуваат заедничката борба за остварување и спроведување на политичката и државна програма. Стоејќи на принципот на демократијата, сметајќи го народниот суверенитет како стожер на секоја државна организација и извор на секоја државна власт, во Прогласот се истакнуваше дека „... За секогаш да се прекине со сите недемократски системи и режими и да им се

386 „Кандидати за изборне јединице на територији Вардарске бановине", в. „Јужна Србија", I, бр. 42, Скопље, 29.XI.1938, 6; „Кандидације Југословенске радикалне заједнице", в. „Самоуправа", LVIII, бр. 839, Београд, 26.XI.1938, 5.

овозможи и на Хрватите и на Србите и на Словенците договорно да ја организираат својата државна заедница, на подеднакво задоволство и на Србите и на Хрватите и на Словенците".[387] Што значи, централистичкото уредување на Кралството на Југославија се отфрлаше, а како појдовна точка за политиката на Блокот на спогодбата беше уредувањето врз база на власта на квалификуваното мнозинство на Србите, Хрватите и Словенците. Во поглед на надворешната политика опозицијата сакаше Кралството на Југославија да се ориентира по примерот на демократските земји.[388]

Распишувањето на парламентарните избори предизвикува голема раздвиженост во редовите на опозиционите граѓански партии. Имено, Работниот одбор на Блокот на спогодбата на седницата од 12.X.1938 година, расправајќи за значењето на изборите и за нивниот исход, по сестрано испитување на ситуацијата, донесува начелна одлука да ги повика на изборна соработка опозиционите групи надвор од Блокот: Југословенската национална странка (ЈНС), движењето на Димитрије Љотиќ и парламентарните опозициони клубови. Оваа соработка ќе се спроведе на тој начин што сите овие групи ќе поставуваат кандидати на земската кандидатска листа, чиј носител

387 „Proglas", Prof. dr. Ferdo Čulinović, Dokumenti o Jugoslaviji, Zagreb, 1968, 334, 335.

388 А. ИНИ, ф.: Весници на партиски организации, к. 97, Инв. бр. 7397, Ред. бр. 117 (в. „Радничке новине", 1938).

ќе биде др. Владимир Мачек.[389]

Изборната коалиција на Блокот на спогодбата ја прифаќаат парламентарните опозициони клубови[390] и ЈНС.[391] Меѓу нив постоеја исти или слични гледишта за некои прашања што беа набележани во спогодбата и Прогласот од 8.X.1937 година.[392]

389 „Прве припреме за изборе", в. „Политика", XXXV, бр. 10911, Београд, 13.X.1938, 1.

390 Во Народното собрание имаше неколку опозициони клубови. Пратеничкиот клуб на ЈНС ја спроведуваше политиката на својата партија и во Собранието заземаше став по одлуките на партискиот Главен одбор. Радикалниот одбор, на чие чело беше Мирко Комненовиќ, беше врзан за групата на Аца Станојевиќ. Независниот клуб (на чело со Миливоје Периќ), Работниот клуб и Југословенскиот клуб на народните пратеници (Јанко Баричевиќ) немаа своја политичка група на која би се потпирале и чија Програма би ја спроведувале во Народното собрание. Претставниците на парламентарните опозициони клубови во Народното собрание, на состанокот од 12.X.1938 година, донесуваат одлука за изборна соработка со вонпарламентарната опозиција, т.е. со Блокот на спогодбата, изјаснувајќи се за листата на Владимир Мачек. Види во: „Прве припреме за изборе", в. „Политика", XXXV, бр. 10911, Београд, 13.X.1938, 1.

391 Главниот одбор на ЈНС на состанокот од 14.X.1938 година начелно ја прифатија изборната соработка со Блокот на спогодбата. За оваа одлука генералниот секретар на ЈНС, Алберт Крамер, на 16.X.1938 година отпатувал за Загреб каде што го известува Владимир Мачек за изборната соработка на ЈНС со Блокот на здружената опозиција. Види во: „Г. Др. Крамер обавестио је јуче г. др. Мачека о изборној сарадњи између ЈНС и Блока споразума", в. „Политика", XXXV, бр. 10914, Београд, 16.X.1938, 4.

392 Milan M. Stojadinović, Ni rat ni pakt. Rijeka, 1970, 500; Ljubo Boban, Maček i politika Hrvatske seljačke stranke 1928-1941, knj. I, Zagreb, 1974, 361, 362.

## б) Предизборната активност во редовите на МАНАПО

Парламентарните избори во 1938 година предизвикаа големо раздвижување во Вардарскиот дел на Македонија. За овие избори раководните активисти на МАНАПО презедоа посебни обемни подготовки и мерки. Со цел да ја прошири базата на своето движење МАНАПО се обидуваше да дојде во контакт со македонските граѓански политичари од групата на бившата ММТРО (Димитар Ѓузелов, Димитар Чкатров, Тома Кленков и др.) и од групата на демократски настроени личности - претставници на ситносопственичките слоеви (Кочо Ванов од Велес, Ѓорѓи Гарев и Никола Стојков од Куманово, Методија Андонов Ченто), заради заедничко дејствување на изборите.[393]

Во врска со тоа беа водени преговори и разгледувани можностите за вклучување на МАНАПО во Блокот на опозицијата и за истакнување на негови кандидати во рамките на Здружената опозиција. Водачите на србијанските граѓански партии во опозиција, без исклучок, најрешително одбија да прифатат каков било предлог и солуција во таа смисла. Останувајќи на позицијата на големосрпскиот шовинизам тие воопшто не сакаа ни да чујат за некакво признавање или третирање на МАНАПО како демократско

393 А. ИНИ, ф.: Сеќавања, биографии, изјави, стенографски белешки, податоци и др. од напредното работничко движење, СКОЈ од меѓу двете светски војни 1918-1941, к. XXXVIII/22, Ред. бр. 105. (Мире Анастасов, Период на монархофашистичката диктатура на крал Александар 1929-1944) 6-30 (препис).

национално-политичко движење на македонскиот народ, затоа што не го признаваа постоењето на македонскиот народ и неговите стремежи и барања за национална слобода, рамноправност и непречен развиток. Во исто време тие не сакаа да ги изгубат поткрепата и гласовите од приврзаниците на МАНАПО. Притоа, самите не даваа поконкретни ветувања и не земаа обврски за евентуално менување на положбата и судбината на Македонците во Кралството на Југославија.

Затоа претставниците на МАНАПО одлучуваат да стапат во контакт со Владимир Мачек, лидерот на ХСС. Во таа смисла, една делегација на МАНАПО на 9.IX.1938 г. во Белград го посетува Владимир Мачек и му предава Меморандум во кој накусо беше изнесена борбата на македонскиот народ за неговата слобода во минатото. Истакнувајќи ја, меѓу другото, и посебноста на македонскиот народ, во Меморандумот се бара од Владимир Мачек да ги застапува интересите на македонскиот народ, на ист начин како и на Хрватскиот, па во таа смисла македонскиот народ од него очекува решавање на македонското национално прашање.[394]

Од Меморандумот не може да се види дали делегацијата го изнела пред Владимир Мачек барањето за самостојно истапување на МАНАПО на изборите. Од полицискиот документ што го коментира овој настан се гледа дека станало збор и за тоа, и во таа прилика Владимир Мачек изјавил дека на својот грб не е во состојба да го

394 А. Ј. ф.: Милан Стојадиновић, фасцикла 35. Меморандум, 9.септ.1938 год.

носи товарот што му го става и македонскиот народ, што значи дека барањето на делегацијата беше одбиено. На сличен начин постапува и Сава Косановиќ, еден од лидерите на Самостојната демократска странка (СДС), кој случајно ги сретнува членовите на делегацијата. Во разговорот со нив, тој им направил забелешка во смисла на тоа зошто „Македонската организација не се поврзува со една од групите на Здружената опозиција туку истапува самостојно од името на некој измислен ‚македонски народ' кој всушност не постои".[395]

Според некои автори и актери на овие настани Владимир Мачек делегацијата ја упатува на своите партнери, т.е. на србијанските граѓански партии, давајќи препорака македонските кандидати да се врзуваат за некоја од србијанските опозициони партии, оправдувајќи го тоа со својата божемна лојалност спрема „српските партнери" од Здружената опозиција. Ова јасно покажува дека Владимир Мачек од тактични причини не сакаше пред изборите да ја крши својата спогодба со српските шефови на Здружената опозиција, врз основа на која Вардарскиот дел на Македонија им беше препуштен на србијанските граѓански партии како нивна „интересна сфера", и домен на политичко дејствување. Во исто време тоа ја покажува и егоистично националистичката ориентација и опортунизам на раководителите на ХСС, кои се грижеа единствено за премавнување на хегемонистичкото владеење од подрачјето на

---

[395] А. J., ф.: Милан Стојадиновић, фасцикла 35. Министарство унутрашњих послова, Извештај Милану Стојадиновићу од 9.IX.1938.

Хрватска во интерес на сопствената хрватска буржоазија, избегнувајќи поврзување со другите прогресивно-демократски и национални движења во Кралството на Југославија за заедничка борба против профашистичкиот режим и системот на национално угнетување.

Овие водени преговори Кирил Миљовски, еден од учесниците на овие настани, во еден свој труд ги објаснува на следниот начин: „Уште во текот на претходните подготовки за изборите се сондираше теренот и се преговараше истовремено во Белград и Загреб со врвовите на опозицијата. Се сакаше да се постигне полно самостојно истапување. Белградскиот дел на Здружената опозиција ваквиот предлог категорички го отфрли... Др. Мачек исто така ја одби можноста МАНАПО да се врзува директно за носителот на листата поради „нашите српски партнери", како што изјавуваше тој. Сепак е направен уште еден обид да му се објасни на Мачек полезноста од самостојното истапување на македонското народно движење... Резултатот беше истиот: „поради белградските партнери од Здружената опозиција Мачек сугерираше Македонија да се врзе за некоја од српските буржоаски партии".[396]

Со оглед на овие околности, како и поради пречките од власта, МАНАПО не можеше самостојно да истапи на изборите. Исто така остануваат безуспешни и обидите на комунистите во Вардарскиот дел на Македонија за истакнување на кандидати на

---

[396] Кирил Миљовски, Македонското прашање и националната програма на КПЈ (1919-1937), Скопје, 1962, 145, 146.

листата на Партијата на работниот народ (Странка радног народа), што ја создаваше КПЈ и под чие име таа истапуваше во некои краишта на Кралството на Југославија.

Поради овие причини, предлогот на Владимир Мачек, на крајот, сепак беше прифатен од страна на македонските политички фактори кои се определуваат за соработка со левото крило на Земјоделската партија на Јован Јовановиќ, бидејќи постоеше мислење дека таа е помалку компромитирана српска граѓанска партија во Вардарскиот дел на Македонија. Оваа соработка започнува да се спроведува во секој град посебно според условите.[397]

## в) Предизборната активност на граѓанските опозициони партии во Вардарскиот дел на Македонија

По распишувањето на парламентарните избори и по извршената изборна коалиција на опозиционите граѓански партии започнува да се одвива нивната предизборна активност. Во Вардарскиот дел на Македонија, србијанските опозициони партии и групи, во текот на месеците октомври и ноември, започнуваат интензивна предизборна активност, која доаѓа до израз главно при поставувањето на пратеничките кандидати. Во тој поглед секоја група работеше самата за себе.

Од групата на Аца Станојевиќ во Вардарскиот дел на

[397] Прилеп и Прилепско низ историјата, кн. II, Прилеп, 1972, 72,73.

Македонија престојуваат Милош Бобиќ, бивш министер, Ранко Трифуновиќ, бивш бан на Вардарска бановина и Стаменко Стошиќ, бивш народен пратеник за околија Кривопаланечка. Во нивно присуство на 20.X.1938 година во Скопје, а и во присуство на адвокатот Стеван Трифунац, беше одржан состанок на Работничкиот одбор на приврзаниците на оваа партија за градот Скопје, како и со младинскиот одбор, на кој беше дискутирано за кандидациите на нивните приврзаници на претстојните избори во Вардарскиот дел на Македонија. Притоа, беше едногласно одлучено Стеван Трифунац да биде нивни пратенички кандидат за град Скопје.[398]

По овој состанок тие одржуваат повеќе информативни состаноци, конференции и собири со своите партиски приврзаници во повеќе градови и помали места. Така, Ранко Трифуновиќ посетува повеќе места во Јужниот дел на Вардарскиот дел на Македонија; Милош Бобиќ и Стаменко Стошиќ во Куманово и околината; Мита Димитријевиќ целата активност ја сконцентрирал во околија Кочанска (во поранешните изборни околии) каде одржува и еден агитационен собир; Стеван Трифунац, првак на оваа група во Вардарскиот дел на Македонија, кој врз себе го презема главниот дел од работата, во својата предизборна активност, која што ја започнува уште во месец август, одржува повеќе конференции во Прилеп, Штип, Кочани, „Јужна Виница", Велес, Битола, Ресен, Охрид и Дебар, а на 6.XI.1938 година во Скопје одржува агитациона

398 „Рад Бановинског одбора групе Аце Станојевића за Вардарску бановину", в. „Политика", XXXV, бр. 10919, Београд, 21.X.1938, 5.

конференција.[399]

Во врска со предизборната активност, приврзаниците на бившата Демократска партија на Љуба Давидовиќ, која во Скопје ја водеше Михаило Кујунџиќ, учител во пензија и бивш народен пратеник, одржуваат повеќе информативни состаноци на кои се претресуваше ситуацијата и расположението кај народот пред изборите.[400] Од влијателните партиски личности на оваа партија, на 19.X.1938 година во Скопје допатуваа белградскиот адвокат Божидар Влајиќ и Љубомир Трандафиловиќ. Со нив допатува и бившиот народен пратеник од Куманово, Радмило Стојиљковиќ.

Тие одржуваат информативен состанок со Михаило Кујунџиќ, Димитрије Бојаџијевиќ и др. Потоа одржуваат повеќе состаноци со своите партиски приврзаници и тоа: Божидар Влајиќ престојува неколку дена во Тетово, Гостивар и околните села; Љубомир Трандафиловиќ во Кичево, а Радмило Стојиљковиќ во Куманово. И во другите градови во Вардарскиот дел на Македонија беа одржани состаноци со приврзаниците на оваа партија кои имаа политички карактер со цел за утврдување на кандидатурите.[401]

Приврзаниците на ЈНС во Вардарскиот дел на Македонија исто

---

399 „Удружена опозиција у Јужној Србији", в. „Јужна Србија", I, бр. 37, Скопље, 7.XI.1938, 4; в. „Политика", XXXV, бр. 10866, Београд, 29.VIII.1938, 4.

400 „Политичка живост у Скопљу", в. „Политика", XXXV, бр. 10915, Београд, 17.X.1938, 4.

401 „Прваци У. О. у Скопљу", в. „Политика", XXXV, бр. 10918, 10920, Београд, 20 и 22.X.1938, 4, 6; в. „Јужна Србија", I, бр. 35, 41, Скопље, 28.X и 26.XI.1938, 3, 3.

така развиваат предизборна политичка партиска активност, но во тој поглед беа помалку активни. Во предизборната активност посебно беа ангажирани Никола Маринковиќ (во Битола и околијата), Никола Стојиљковиќ, член на Главниот одбор на ЈНС (кој со приврзаниците на ЈНС во Скопје на 19.X.1938 г. одржува состанок на кој беше претресена политичката ситуација и беше разгледан ставот на Главниот одбор на ЈНС спрема претстојните избори); Александар Аксентијевиќ (во околија Велешка); Мијо Станојевиќ (во околија Гевгелиска); Игњат Стефановиќ, Василие Трбиќ, а бившиот министер др. Коста Кумануди ја посетува Битола.[402]

За парламентарните избори, предизборна активност во Вардарскиот дел на Македонија развиваат и приврзаниците на бившата Земјоделска партија. Така на 21.X.1938 година во Скопје беше одржана Конференција на која беше присутен и пратеник на Главниот одбор од Белград и на истата во врска со претстојните избори беше донесена одлука за поставување на околиски пратенички кандидати.[403] Исто така беа одржани и неколку други предизборни активности и во други места.

Предозборната активност и изборната кампања во Вардарскиот дел на Македонија предизвикаа голема политичка живост и заинтересираност кај масите, а за тоа голема и главна заслуга имаа комунистите и активистите на МАНАПО. Целата агитација што

402 „Удружена опозиција у Јужној Србији", в. „Јужна Србија", I, бр. 35, 37, Скопље, 28.X и 7.XI.1938, 3, 3.

403 „Земљорадничка конференција у Скопљу", в. „Политика", XXXV, бр. 10920, Београд, 22.X.1938, 6.

беше водена во врска со изборите, како и собирите што беа одржувани по градовите и селата, имаа чисто народнофронтовски карактер. Непосредно пред изборите во Велес дојде до големи демонстрации, додека во Куманово и Скопје такви демонстрации беа приредени на денот на самите избори, што сведочи за народнофронтовското расположение на широките народни маси, кои на тој начин го изразуваа своето незадоволство од профашистичката политика на владата на Милан Стојадиновиќ, како и огорченоста поради застрашувањата, насилијата и злоупотребите за наложување „изборот" на режимските кандидати.[404]

За парламентарните избори на 11.XII.1938 година на земската кандидатска листа на опозиционите граѓански партии, чиј носител беше др. Владимир Мачек, во изборните единици на територијата на Вардарскиот дел на Македонија беа определени следните кандидати:

Изборен округ бр. 32

1.- Околија Галичка: 1) околиски кандидат: Владимир Мојсијевиќ, коњички потпоручник во пензија од Белград; 2) околиски кандидат: Стојан Матиќ.

2.- Околија Горнополошка: 1) околиски кандидат: Чамил Јашарбеговиќ; 2) околиски кандидат: Арсеније Фотириќ, рентиер од Белград.

---

404 Страхил Гигов, Сеќавања, Скопје, 1976, 123-131; Боро Чушкар, Борбено Куманово 1919-1941, Куманово, 1973, 551-563; Дејан Алексиќ, „Наша реч" 1939-1941. Од историјата на напредниот печат во Македонија, Скопје, 1960, 36.

3.- Околија Долнополошка: 1) околиски кандидат: Божидар Влајиќ, адвокат од Белград; заменик: Иљаз Бајрамовиќ, земјоделец од с. Боговино; 2) околиски кандидат: Душан Аврамовиќ, брашнарски трговец од Тетово; заменик: Коста Ѓорѓевиќ, земјоделец од Опушиште.

Изборен округ бр. 33

1.- Околија Жеглиговска: 1) околиски кандидат: Радмило Стојиљковиќ, индустријалец од Белград; заменик: Димитрије Тасиќ, трговец од Куманово; 2) околиски кандидат: Ѓорѓе Гаревиќ, трговец од Куманово; заменик: Душан Ступаревиќ, адвокат; 3) околиски кандидат: Милосав Марковиќ, пензионер од Белград; 4) околиски кандидат: Станко Јанковиќ.

2.- Околија Кратовска: 1) околиски кандидат: Др. Александар Ѓорѓевиќ, лекар од Скопје; 2) околиски кандидат: Ѓорѓе Пандиловиќ; 3) околиски кандидат: Љубомир Зафировиќ, апсолвиран правник од Кратово.

3.- Околија Кривопаланечка: 1) околиски кандидат: Радмило Стојиљковиќ, индустријалец од Лесковац; 2) околиски кандидат: Стаменко Стошиќ, земјоделец и бивш народен пратеник од Стајевац.

Изборен округ бр. 34

1.- Околија Битолска: 1) околиски кандидат: Петар Вељановиќ, трговец од Битола; заменик: Димитрије Чичевиќ, пензионер од Битола; 2) околиски кандидат: Столе Мандровиќ, 3) околиски

кандидат: Др. Борислав Светијевиќ, лекар од Битола; 4) околиски кандидат: Никола Марковиќ, адвокат; 5) околиски кандидат: Вељко Огњановиќ, столар; заменик: Гане Стефановиќ, кројач.

2.- Околија Дебарска: 1) околиски кандидат: Боривоје Атанацковиќ, адвокат од Охрид.

3.- Околија Кичевска: 1) околиски кандидат: Љубомир Трандафиловиќ, адвокат од Белград; 2) околиски кандидат: Ставре Трпковиќ, индустријалец од Белград; 3) околиски кандидат: Михаило Стаменковиќ.

4.- Околија Прилепска: 1) околиски кандидат: Димитрије Чичевиќ, пензионер од Прилеп; 2) околиски кандидат: Драгомир Стефановиќ; 3) околиски кандидат: Методија Мицковиќ - Андоновиќ „Ченто", трговец од Прилеп; 4) околиски кандидат: Василије Трбиќ, пензионер и бивш народен пратеник од Прилеп; 5) околиски кандидат: Сотир Доневиќ, кафеџија; заменик: Спасоје Стефановиќ.

5.- Околија Охридска: 1) околиски кандидат: Ранко Трифуновиќ, пензионер и бивш бан на Вардарска бановина од Белград; 2) околиски кандидат: Боривоје Атанацковиќ, адвокат од Охрид; 3) околиски кандидат: Димитрије Групчевиќ, пензионер од Охрид.

6.- Околија Струшка: 1) околиски кандидат: Ранко Трифуновиќ, пензионер и бивш бан од Белград; 2) околиски кандидат: Марко Шуменковиќ; 3) околиски кандидат: Рамзи Шакир, поседник од

Охрид.

7.- Околија Крушевска: 1) околиски кандидат: Димитрије Бојаџијевиќ, трговец од Скопје; 2) околиски кандидат: Коста Спасиќ, бивш кафеџија од Крушево.

8.- Околија Мариовска: 1) околиски кандидат: Никола Алтипармаковиќ, бакалин од Битола; 2) околиски кандидат: Др. Маргарит Налевиќ, лекар од Битола; 3) околиски кандидат: Михаило Франповиќ; 4) околиски кандидат: Радован Минциќ, пензионер од Велес; 5) околиски кандидат: Властимир Продановиќ.

9.- Околија Поречка: 1) околиски кандидат: Бранко Јовиќ, трговец; 2) околиски кандидат: Светозар Радовиќ, трговец од Белград; 3) околиски кандидат: Никола Стојановиќ, претприемач од Белград; 4) околиски кандидат: Јефтимије Поповиќ, адвокат од Прилеп и бивш народен пратеник.

10.- Околија Преспанска: 1) околиски кандидат: Велимир Анѓелковиќ, рентиер од Белград; заменик: Јефтим Ристиќ, земјоделец од Царев Двор; 2) околиски кандидат: Вељан Даскаловиќ; 3) околиски кандидат: Ѓорѓе Чипуревиќ.

Изборен округ бр. 35

1.- Околија Кочанска: 1) околиски кандидат: Мита Димитријевиќ, книжевник и бивш народен пратеник од Белград; 2) околиски кандидат: Петар Поповиќ; 3) околиски кандидат: Јордан Аќимовиќ, бивш пратеник од Струмица; 4) околиски кандидат:

Димитрије Милиќ; 5) околиски кандидат: Милан Андоновиќ.

2.- Околија Малешка: 1) околиски кандидат: Григор Димитријевиќ; 2) околиски кандидат: Саво Цицимовиќ, свештеник од Русиново; 3) околиски кандидат: Никола Стојиљковиќ, претприемач од Скопје.

3.- Околија Овчеполска: 1) околиски кандидат: Игњат Златиќ, индустријалец од Св. Николе; 2) околиски кандидат: Илија Гавриловиќ, трговец од Св. Николе; 3) околиски кандидат: Томо Кленковиќ.

4.- Околија Радовишка: 1) околиски кандидат: Никола Јеремиќ, граѓевинар од Белград.

5.- Околија Царевоселска: 1) околиски кандидат: Павле Милиќевиќ, адвокат од Скопје; 2) околиски кандидат: Никола Стојиљковиќ, претприемач од Скопје.

6.- Околија Штипска: 1) околиски кандидат: Јордан Јевремовиќ, учител во пензија.

7.- Околија Велешка: 1) околиски кандидат: Александар Ташевиќ, лекар од Велес; 2) околиски кандидат: Александар Аксентијевиќ, пензионер и бивш народен пратеник од Велес; 3) околиски кандидат: Костадин Вановиќ.

8.- Околија Дојранска: 1) околиски кандидат: Душан Бркановиќ, свештеник од с. Пирава; 2) околиски кандидат: Радивоје Нановиќ, учител во пензија од Дојран.

9.- Околија Гевгелиска: 1) околиски кандидат: Др. Димитрије Мициќ, лекар од Гевгелија; заменик: Александар Хаџи Николиќ, трговец; 2) околиски кандидат: Предраг Станојевиќ.

10.- Околија Неготинска: 1) околиски кандидат: Милош Симиќ; 2) околиски кандидат: Бошко Марковиќ, Апотекар од Кавадарци; 3) околиски кандидат: Димитрије Витановиќ, трговец од Неготино.

11.- Околија Струмичка: 1) околиски кандидат: Ѓорѓе Манојловиќ; 2) околиски кандидат: Др. Јордан Аќимовиќ; 3) околиски кандидат: Коте Пецановиќ; 4) околиски кандидат: Игњат Стефановиќ.

12.- Околија Скопска: 1) околиски кандидат: Михаило Кујунџиќ, пензионер од Скопје; заменик: Асим Мурсељ, земјоделец од Горно Количани; 2) околиски кандидат: Војислав Мишиќ, претседател на општина од Бунарџик; 3) околиски кандидат: Симо Траиловиќ; 4) околиски кандидат: Глигорије Ташковиќ.

13.- Град Скопје: 1) околиски кандидат: Стеван Трифуновиќ, адвокат од Скопје; 2) околиски кандидат: Михаило Кујунџиќ, пензионер од Скопје; заменик: Крсто Ристиќ, ќурчија; 3) околиски кандидат: Војин Варошчиќ, трговец од Скопје и претседател на Здружението на трговците за Вардарска бановина; заменик: Фета Сулејман; 4) околиски кандидат: Глигорије Ташковиќ; 5) околиски кандидат: Андрија Петровиќ; 6) околиски кандидат: Драгослав Станишиќ, адвокатски приправник; заменик: Милан Марковиќ, колар.

14.- Околија Кавадарска: 1) околиски кандидат: Бошко Марковиќ, аптекар од Кавадарци; 2) околиски кандидат: Игњат Стефановиќ, Министер во пензија од Белград; 3) околиски кандидат: Илија Чулевиќ.[405]

## г) Предизборната активност на движењето „Збор" на Димитрије Љотиќ

Движењето „Збор" на Димитрије Љотиќ не ја прифаќа одлуката на Блокот на спогодбата за изборна коалиција, која што ја прифатија другите парламентарни опозициони партии и групи, и на декемвриските избори во 1938 година истапува со посебна опозициона кандидатска листа, а за носител беше утврден Димитрије Љотиќ. Во предизборната кампања, љотиќевците беа многу активни, демагошки повикувајќи ги избирачите да им дадат доверба, бидејќи тие, како „вистински борци и јунаци најдобро ќе ги уредат односите и ќе создадат среќа и благосостојба во Југославија".[406]

Во очи на изборите Димитрије Љотиќ во еден леток наведува дека истапува самостојно затоа што тој единствено сака: „1) Да воведе во Народното собрание повеќе од 200 селани и 70 работници и занаетчии по еснафи, како народни пратеници; 2) со овие луѓе, на чии рамена почива оваа држава, да донесе најдобри закони за

---

405 „Потврђене кандидатске листе у Вардарској бановини", в. „Јужна Србија", I, бр. 40, Скопље, 22.XI.1938, 3.

406 Младен Стефановић, Збор Димитрија Љотића 1934-1945, Београд, 1984, 46.

сиромаштијата и за најшироките народни слоеви; 3) да изврши правилна распределба на даноците; 4) да се обезбеди сé она што секој селанец и работник мора да го има за живот, а не тоа, како што до сега се правело, да му се запленува по пат на разни дажбини, а тој да скапува од глад; 5) да се ограничи до каде може да се оди во богатењето, а капиталот да се дозволи само во домашната индустрија, како неопходност за развој на истата; 6) да се изврши пренос на капиталот во домашни раце; 7) да се врати во државата народниот капитал; 8) да ги укине министерските пензии на 518 министри кои ги плаќа народот; 9) да го изведе на суд и да го осуди секого кој ја оштетил народната и државна имовина; 10) Еднаш за секогаш да се зацврсти правдата и чесноста во оваа држава. Кој сака вистински чесен човек, добро на Кралот и неделивост на Југославија нека пристапи на нашето движење".[407]

Што се однесува до предизборната активност на Димитрије Љотиќ во Вардарскиот дел на Македонија може да се каже дека овде нема некое поголемо предизборно движење, затоа што Димитрије Љотиќ и неговите приврзаници немаа и не наидуваа на поддршка меѓу македонскиот народ. Затоа неговата предизборна активност ќе се сведе само на одржување на потесни кандидатски конференции за предлагање и утврдување на пратенички кандидати. Дека популарноста на ова движење немаше погоден терен во Вардарскиот дел на Македонија се гледа и по тоа што во многу изборни околии, немајќи доволно свои приврзаници, движењето „Збор" ќе кандидира

[407] Истото.

на повеќе места лица кои веќе беа кандидирани на друго место. И самата структура на овие кандидати беше многу шаролика - свештеници, чиновници, поседници, трговци, земјоделци и пензионери.

Треба да се истакне дека властите спрема движењето „Збор" и збораштите беа благи и толерантни, затоа што знаеја дека љотиќевците во крајна линија можат да им користат против напредните сили во народот.

Инаку на парламентарните избори на 11.XII.1938 година на земската кандидатска листа, чиј носител беше Димитрије Љотиќ, во изборните единици на територијата на Вардарскиот дел на Македонија беа определени и потврдени следните кандидати:

Изборен округ бр. 32

1.- Околија Галичка: 1) околиски кандидат: Крум Петрушевиќ, трговец од Скопје.

2.- Околија Горнополошка: 1) околиски кандидат: Филип Миливојевиќ, земјоделец од с. Душановац кај Скопје; заменик: Крум Петрушевиќ, трговец од Скопје.

3.- Околија Долнополошка: 1) околиски кандидат: Филип Миливојевиќ, земјоделец од с. Душановац кај Скопје;

Изборен округ бр. 33

1.- Околија Жеглиговска: 1) околиски кандидат: Михаило Шипетиќ.

2.- Околија Кратовска: 1) околиски кандидат: Драгољуб Брановачки.

3.- Околија Кривопаланечка: 1) околиски кандидат: Велимир Коњиќ.

Изборен округ бр. 34

1.- Околија Битолска: 1) околиски кандидат: Јосиф Скоберне, инженер во пензија од Битола.

2.- Околија Дебарска: 1) околиски кандидат: Стојан Митровиќ.

3.- Околија Кичевска: 1) околиски кандидат: Јосиф Скоберне, инженер во пензија од Битола.

4.- Околија Прилепска: 1) околиски кандидат: Димитрије Ристиќ.

5.- Околија Охридска: 1) околиски кандидат: Иван Лазаревиќ, пензионер од Охрид.

6.- Околија Струшка: 1) околиски кандидат: Иван Лазаревиќ, пензионер од Охрид.

7.- Околија Крушевска: 1) околиски кандидат: Коста Договиќ, трговски патник од Битола.

8.- Околија Мариовска: 1) околиски кандидат: Ѓорѓе Гакевиќ.

9.- Околија Поречка: 1) околиски кандидат: Трајко Цветановиќ.

10.- Околија Преспанска: 1) околиски кандидат: Владимир Ѓорѓевиќ, механичар од Битола.

Изборен округ бр. 35

1.- Околија Кочанска: 1) околиски кандидат: Радован Стојовиќ.

2.- Околија Малешка: 1) околиски кандидат: Стојан Тодоровиќ.

3.- Околија Овчеполска: 1) околиски кандидат: Чедомир Миленовиќ, адвокатски писар од Велес.

4.- Околија Радовишка: 1) околиски кандидат: Симон Станковиќ.

5.- Околија Царевоселска: 1) околиски кандидат: Радован Стојовиќ.

6.- Околија Штипска: 1) околиски кандидат: Мирко Пантовиќ.

7.- Околија Велешка: 1) околиски кандидат: Чедомир Миленовиќ, адвокатски писар од Велес.

8.- Околија Дојранска: 1) околиски кандидат: Драгомир Обрадовиќ.

9.- Околија Гевгелиска: 1) околиски кандидат: Драгомир Обрадовиќ.

10.- Околија Неготинска: 1) околиски кандидат: Борис Пане Бакевиќ.

11.- Околија Струмичка: 1) околиски кандидат: Стојан Тодоровиќ.

12.- Околија Скопска: 1) околиски кандидат: Мирко Буквиќ, земјоделец од Марино село.

13.- Град Скопје: 1) околиски кандидат: Мирко Буквиќ, земјоделец од Марино село.

14.- Околија Кавадарска: 1) околиски кандидат: Борис Пане Бакевиќ.[408]

---

408 „Потврђене кандидатске листе у Вардарској бановини", в. „Јужна Србија", I, бр. 40, Скопље, 22.XI.1938, 3.

## 4. Изборни резултати

Според официјалните податоци, издадени од Главниот избирачки одбор, во Кралството на Југославија од 4.080.286 избирачи, запишани во избирачките списоци, на избиралиштата излегуваат 3.039.041 гласачи или 74,48%. Од овој број за листата на Милан Стојадиновиќ гласаа 1.643.783 гласачи или 54,09%; за листата на Владимир Мачек гласаа 1.364.524 гласачи или 44,90%, а за листата на Димитрије Љотиќ гласаа 30.734 гласачи или 1,01%. Листата на Милан Стојадиновиќ добива 306 пратенички мандати; листата на Владимир Мачек добива 67 пратенички мандати, а листата на Димитрије Љотиќ не добива ниту еден пратенички мандат.[409] [Види: Прилог бр. IV].

Во Вардарска бановина од вкупно 451.831 запишани избирачи гласаа 303.457 гласачи или 67,16%. Од овој број за листата на Милан Стојадиновиќ гласаа 228.095 гласачи или 75,17% за листата на Владимир Мачек гласаа 75.232 гласачи или 24,79%, а за листата на Димитрије Љотиќ гласаа 130 гласачи или 0,04%. Во Вардарска бановина листата на Милан Стојадиновиќ добива 42 пратенички мандати; листата на Владимир Мачек 3 пратенички мандати, а

409 „После објављивања званичних изборних резултата", в. „Самоуправа", LIX, бр. 874, Београд, 11.I.1939, 3; в. „Политика", XXXVI, бр. 10998, Београд, 11.I.1939, 1; А. Ј. ф.: Милан Стојадиновић, фасцикла 41. Резултати избора на дан 11 децембар 1938 године.

листата на Димитрије Љотиќ ниту еден пратенички мандат.[410] [Види: Прилог бр. IV].

Во Вардарскиот дел на Македонија беа избрани 30 народни пратеници (во 29 околии и во градот Скопје), од кои 27 беа на листата на Милан Стојадиновиќ, а 3 на листата на Владимир Мачек.

Новоизбраните народни пратеници од Вардарскиот дел на Македонија на листата на Милан Стојадиновиќ беа:

I. Изборен округ бр. 32

1.- Околија Галичка: Бранислав А. Тодоровиќ, управник на Сојузот на сточарските селекциони задруги од Скопје, со 4.298 гласа.

2.- Околија Горнополошка: Угрин Јоксимовиќ, трговец од Гостивар, со 6.068 гласа.

3.- Околија Долнополошка: Стојадин Димитријевиќ, кожар од Тетово, со 11.504 гласа.

II. Изборен округ бр. 33

1.- Околија Жеглиговска: Милан Симоновиќ, Министер на правдата од Белград, со 6.896 гласа.

2.- Околија Кратовска: Мина Ѓ. Станковиќ, пензионер од Злетово, со 1.030 гласа.

III. Изборен округ бр. 34

---

410 Истото.

1.- Околија Битолска: Јован Алтипармаковиќ, адвокат од Битола, со 4.108 гласа.

2.- Околија Дебарска: Радослав М. Димиќ, индустријалец од Белград, со 2.621глас.

3.- Околија Кичевска: Живко Ѓорѓевиќ, земјоделец од Свети Врач, со 2.992 гласа.

4.- Околија Прилепска: Др. Јован И. Шајкаревиќ, лекар од Прилеп, со 3.800 гласа.

5.- Околија Охридска: Анастас Јак. Чорбевиќ, трговец од Охрид, со 3.222 гласа.

6.- Околија Струшка: Стојан Ст. Крстиќ, свештеник од Подгорец, со 3.307 гласа.

7.- Околија Крушевска: Душан Антонијевиќ, бивш народен пратеник од Крушево, со 2.241 глас.

8.- Околија Мариовска: Светозар С. Тасиќ, пензионер од Битола, со 1.837 гласа.

9.- Околија Поречка: Данило Ѓуровиќ, претприемач од Слатина, со 2.435 гласа.

IV. Изборен округ бр. 35

1.- Околија Кочанска: Војислав Ѓорѓевиќ, Министер без портфељ од Белград, со 2.475 гласа.

2.- Околија Малешка: Симо Ј. Андоновиќ, фурнациjа од Пехчево, со 1.406 гласа.

3.- Околија Овчеполска: Михајло Костиќ, сточар од Мездре, со 2.807 гласа.

4.- Околија Радовишка: Методија Ципушевиќ, трговец од Радовиш, со 2.101 глас.

5.- Околија Царевоселска: Петар Чипевиќ, претседател на општина од Царево Село, со 1.546 гласа.

6.- Околија Штипска: Михајло Р. Каламатијевиќ, претседател на општина од Штип, со 3.526 гласа.

7.- Околија Велешка: Тодор Живковиќ, полковник во пензија и бивш народен пратеник од Скопје, со 2.594 гласа.

8.- Околија Дојранска: Дионисије Ј. Продановиќ, бивш заменик на вишиот државен тужител од Скопје, со 1.015 гласа.

9.- Околија Гевгелиска: Димитрије Р. Бешировиќ, трговец од Гевгелија, со 2.036 гласа.

10.- Околија Неготинска: Душан Перовиќ, пензионер и бивш народен пратеник од Кавадарци, со 1.108 гласа.

11.- Околија Струмичка: Михајло Стојановиќ, апотекар од Струмица, со 3.182 гласа.

12.- Околија Скопска: Драгутин Матовиќ, индустријалец и потпретседател на градското поглаварство од Скопје, со 6.704 гласа.

13.- Град Скопје: Панта Јовановиќ, претседател на општина од Скопје, со 7.313 гласа.

Новоизбрани народни пратеници од Вардарскиот дел на Македонија на листата на Владимир Мачек беа:

I. Изборен округ бр. 33

1.- Околија Кривопаланечка: (Аца Станојевиќ)[411] Стаменко Ѓ. Стошиќ, земјоделец од Стајевци, со 2.420 гласа.

II. Изборен округ бр. 34

1.- Околија Преспанска: (Љуба Давидовиќ) Велимир Анѓелковиќ, адвокатски приправник од Белград, со 838 гласа.

III. Изборен округ бр. 35

1.- Околија Кавадарска: (Јован Јовановиќ) Илија Л. Чулевиќ, студент од Кавадарци, со 1.273 гласа.[412] [Види: Прилог бр. V].

Изборните резултати [Види: Прилог бр. V] и покрај фалсификатите, теророт и другите махинации на власта, го покажаа зголемувањето на гласовите за кандидатите на Блокот на опозицијата. Од кандидатите на Здружената опозиција во Вардарскиот дел на Македонија пропорционално голем број гласови добија кандидатите што беа истакнати или поддржувани од КП и

411 Партиската припадност на избраните пратеници на листата на др. Владимир Мачек е обележана во заграда.

412 „Нови народни посланици за Вардарску бановину", в. „Јужна Србија", I, бр. 46, Скопље, 18.XII.1938, 3; в. „Самоуправа", LIX, бр. 874, Београд, 11.I.1939, 2, 3; в. „Политика", XXXVI, бр. 10998, Београд, 11.I.1939, 2; А. Ј., ф.: Милан Стојадиновић, фасцикла 41. Резултати избора на дан 11 децембра 1938. Вардарска Бановина, преглед по целокупном гласању.

МАНАПО, т.е. кандидатите што беа врзани за листата на Земјоделската партија (Јован Јовановиќ). Така опозиционите кандидати добија гласови: во околија Жеглиговска (47,56%); во градот Скопје (32%); во околија Скопска (36%); во околија Велешка (50%); во околија Кавадарска (43%); во околија Прилепска (43%); во околија Битолска (28%); во околија Гевгелиска (33%); во околија Струшка (38%) и.т.н. За оние околии каде што опозиционите кандидати ја немаа поддршката на КП и МАНАПО (поради тоа што во нив во тој момент немаше или никогаш немало партиски организации) јасно зборуваат изборните резултати. За таквите околии ги имаме следните резултати: Дебарска (0,64%); Галичка (0,16%); Долнополошка (13,12%); Горнополошка (4,86%); Штипска (8,84%); Радовишка (1,32%) и т.н.

Изборните резултати јасно покажаа дека профашистичкото движење „Збор", на Димитрије Љотиќ, во Вардарскиот дел на Македонија, не можеше да фати корени. Во поголемиот дел од околиите во Вардарскиот дел на Македонија не доби ниту еден глас.[413]

Ако се земат во предвид официјалните податоци за овие избори, и тие да се споредат со оние од 1935 година , тогаш ќе се види дека владината кандидатска листа на изборите (1938) осетно паднала: на изборите од 1935 година владината листа (на Богољуб Јевтиќ) добила 1.746.982, а кандидатската листа на Милан

413 А. ИНИ, ф.: Сеќавања, биографии..., к. XXXVIII/22, Ред. бр. 105 (Мире Анастасов, Период на монархофашистичката диктатура на крал Александар 1929-1934, 41 (препис).

Стојадиновиќ, на овие избори - вкупно 1.634.783 гласа.

Имено, и на овие избори јавноста беше вчудоневидена и незадоволна од фалсификувањето на изборните резултати кое го направија владините луѓе само за да на Милан Стојадиновиќ му го набават мнозинството гласови и мандатите.

* * *

# ГЛАВА ШЕСТА

# ГРАЃАНСКИТЕ ПАРТИИ ВО ВАРДАРСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА ПРЕД И ПО ИЗБУВНУВАЊЕТО НА ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА (1939-1941)

## 1. ДОГОВОРОТ ЦВЕТКОВИЌ-МАЧЕК. СТАВОТ НА ГРАЃАНСКИТЕ ПАРТИИ КОН НЕГО

Втората влада на Милан Сојединовиќ (21.XII.1938-4.II.1939) покажа дека Дворот сѐ уште се движи по старите патишта, кои ги утврдила Прокламацијата од 6.I.1929 година, а ги санкционирал Октроисаниот устав. Дотогашната политика на Милан Сојединовиќ на безобѕирно одбивање на секое попуштање спрема федералистичкото барање доаѓа сега до својата крајна точка. „Хрватското прашање" повторно избива на преден план како неминовност која не смееше да се заобиколува. Ревизијата на политичкиот курс се наметнуваше како крајна потреба, а Милан Сојединовиќ не беше погоден за таква преориентација на државната политика. Тој мораше да оди, а на негово место Дворот избира свој нов сигурен човек - Драгиша Цветковиќ.

По падот на владата на Милан Сојадиновиќ,[414] новата влада ја формира Драгиша Цветковиќ на 5.II.1939 година кога настапува нова етапа во политичките односи во Кралството на Југославија.

Првата влада на Драгиша Цветковиќ (5.II. до 26.VIII.1939) уште од самиот почеток беше замислена како преодна влада, со главна задача да постигне договор со Раководството на ХСС за решавање на „Хрватското прашање", влада која нема да му пречи на кнезот Павле во неговите политички комбинации. Имено, кнезот Павле сакаше слаба влада од повеќе причини, но најзначајно беше тоа што во решавањето на „Хрватското прашање" сакаше да игра решителна улога.

Новоформираната влада во Народното собрание се претставува на 13.II.1939 година со својата Декларација во која идната Програма на владата беше дефинирана во три основни прашања: договорно решавање на внатрешните проблеми; продолжување на досегашната надворешна политика и продолжување на стопанската, социјалната , финансиската и просветната политика. Притоа, главно

414 На 3.II.1939 година на Милан Сојадиновиќ му упатуваат писмо и оставки министрите во неговата влада: др. Мехмед Спахо, Драгиша Цветковиќ, др. Михо Крек, Франц Сној и др. Џафер Куленовиќ. Тие тврделе дека во дебатата во Народното собрание тој ден, а особено во говорот на Министерот за просвета Богољуб Кујунџиќ, се констатирало „дека во владата има различни мислења по прашањето на нашиот договор со Хрватите". Изнесувајќи мислење „дека владата во сегашниот состав претставува пречка за решавање на ова прашање„, овие 5 министри поднесуваат оставки. Види во: Stenografske beleške Narodne skupštine Kraljevine Jugoslavije 1939, knj. I, Beograd, 1939, 32; „Оставка владе г. др. Милана Сојадиновића", в. „Политика", XXXVI, бр. 11023, Београд, 5.II.1939, 1.

место заземаше владината програма по „Хрватското прашање", при што договорот со Хрватите го истакнуваше како најважна задача во идната работа.[415] Меѓутоа, владината Декларација беше доста неодредена и нејасна кога се зборуваше на кој начин неговата влада ќе го реши „Хрватското прашање", но сепак тоа беше прв пат една влада од Кралството на СХС, односно Кралството на Југославија, „Хрватското прашање" да го става во прв план како своја специјална мисија, наговестувајќи нови методи и решителност во својата работа.

Во својата изјава, во Народното собрание, од 10.III.1939 година Драгиша Цветковиќ ќе констатира дека „Хрватското прашање" мора да се решава искрено, решително и брзо, нагласувајќи дека неговото решавање мора да биде такво „на Хрватите да им создаде и формална и вистинска рамноправност во границите на оваа државна заедница, која тие во ниеден свој политички акт не ја порекнале".[416] Но Владимир Мачек и ХСС заземаат резервиран став спрема овие изјави на Драгиша Цветковиќ и неговата влада, бидејќи ја сметаа за доста слаба и без авторитет, како во народот така и спрема Круната. Владимир Мачек сакаше овој деликатен проблем да го решава со Круната, а Драгиша Цветковиќ во тоа да биде само посредник.

Преговорите меѓу Белград и Загреб, т.е. меѓу Драгиша Цветковиќ и Владимир Мачек течеа доста споро и со взаемна

---

415 Stenografske beleške ..., 76.

416 Истото, 627.

недоверба. Но, на 26.VIII.1939 година преговорите конечно завршуваат и врз основа на постигнатиот договор уште истиот ден беше формирана нова влада со Драгиша Цветковиќ како претседател и Владимир Мачек како потпретседател. Во новата влада, позната како влада Цветковиќ - Мачек, влегоа уште 4 претставници на ХСС, 1 претставник на Селско-демократската партија, радикалите на Божидар Максимовиќ, Бранко Чубриновиќ од Сојузот на земјоделците, вонпартиски личности и претставници на владеачката ЈРЗ.[417]

Со Указ на Кралското намесништво на 26.VIII.1939 година беа распуштени Сенатот и Народното собрание избрани на 11.XII.1938 година и притоа беше констатирано дека со нов кралски Указ ќе се изврши дополнително избор на народни пратеници и избори за сенатори.[418]

Договорот Цветковиќ - Мачек беше само договор на претставниците на двете буржоазии, хрватската и српската, околу поделбата на власта, заради што подобро грабање и потчинување на другите народи во Кралството на Југославија. Завршен акт на договорот Цветковиќ - Мачек беше донесената Уредба за создавање на Бановина Хрватска, како ■ посебна и тоа автономна државно-правна област. Но, создавањето на Бановина Хрватска и политиката на владата Цветковиќ - Мачек покажаа дека склучениот договор беше само во интерес на хрватската буржоазија и дека ни најмалку не се

417 „Влада Цветковић - Мачек", в. „Самоуправа", LIX, бр. 1058, Београд, 28.VIII.1939, 1.

418 Истото.

подобри економско-социјалната и политичката положба на хрватскиот народ.

Втората влада на Драгиша Цветковиќ, повеќе позната како влада Цветковиќ - Мачек (26.VIII.1939-27.III.1941), создадена врз основа на споменатиот договор, требаше да развие нов курс на политичко смирување и стабилизација на државата одвнатре, а осигурување спрема надвор. Но, таа не направила ни едно ни друго. Нејзината слабост произлегуваше колку од нејзината хетерогеност, толку и уште повеќе од приликите во кои настанува. Самата влада брзо се разобличува како обична спрега и здружување на властољубивите српски и хрватски буржоаски кругови. Владата не ја донесува очекуваната демократизација, туку во овој случај „антидемократската диктатура во Белград е потпрена со уште една антидемократска гарнитура од Загреб".[419]

Всушност, владата Цветковиќ - Мачек само го продолжува и до крај го извршува она што, против волјата на народот, го започнала владата на Милан Сојадиновиќ.

Тоа беше време на сложени општествени превирања во кои беа изразити револуционерно демократските движења на масите предизвикани од длабоките економски, национални и други спротивности во Кралството на Југославија. Експлоатацијата и осиромашувањето на работниците, селаните и другите работни слоеви, силната невработеност, меѓунационалните спротивности,

419 Pero Damjanović, Peta zemaljska konferencija u svetlosti pripremanja KPJ za ustanak, JIČ, br. 1-2, Beograd, 1969, 83.

политичкиот терор и други социјално-политички проблеми, како и сѐ поголемата опасност од фашизацијата на земјата[420] и стравот од војната беа причини за отпор против режимот и за јакнење на комунистичкото и револуционерно движење. Затоа, владата Цветковиќ - Мачек, за да го парализира нараснатото револуционерно-демократско движење, ги заострува прогоните на своите политички противници, првенствено на комунистите. За таа цел, есента 1940 година формира во многу места во Кралството на Југославија воени и концентрациони логори, т.н. воени работни единици во кои беа испратени голем број комунисти, симпатизери и други напредни елементи.

Поради ваквата непријателска политика на профашистичкиот режим Цветковиќ - Мачек, опасноста за слободата и независноста на народите на Кралството на Југославија уште повеќе нараснува.

Активноста околу склучувањето на договорот Цветковиќ - Мачек беше причина да се експонираат и политичките ставови на

---

420 Освен еден краток период (од крајот на 1939 до пролетта 1940) кога во војна против Германија стапуваат Англија и Франција и кога режимот Цветковиќ - Мачек сериозно сакаше Кралството на Југославија да го вовлече во авантуристичката војна на страна на англо-францускиот империјалистички блок - целиот друг дел на владата на овој режим беше само слепо служење на Хитлеровиот фашизам. Така во текот на 1939 година германскиот капитал, благодарејќи на политиката на владата Цветковиќ - Мачек, добива неограничени привилегии во Кралството на Југославија за формирање на разни капиталистички претпријатија и акционерски друштва. На тој начин Кралството на Југославија за време на режимот Цветковиќ - Мачек постанува исклучиво подрачје за експлоатација на германскиот капитал. Види во: Čedomir Đurđevac, Jugoslavija uoči drugog svetskog rata i politika narodnog fronta, iz istorije Jugoslavije, Zbornik predavanja, Beograd, 1958, 318-319.

граѓанските партии кон него.

По доаѓањето на власт на Драгиша Цветковиќ, и покрај тоа, што на седницата на Извршниот одбор на ЈРЗ од 13.II.1939 година беше решено, меѓу другото, „ЈРЗ во потполност да ја помага владата на Драгиша Цветковиќ",[421] сепак положбата на владата на Драгиша Цветковиќ во Народното собрание станува сé потешка, бидејќи приврзаниците на Милан Сојадиновиќ почнуваат да ја конфронтираат, обвинувајќи ја дека отстапува од програмските начела на ЈРЗ, бидејќи со своите изјави го напушта гледиштето за народно и државно единство признавајќи го постоењето на националните индивидуалитети. Секако дека ваквиот став на ЈРЗ кон политиката на владата беше пречка за реализација на истата, па тоа беше причина Драгиша Цветковиќ да преземе мерки за сменување на Раководството на ЈРЗ. Владината акција против Милан Сојадиновиќ и неговите приврзаници беше најпрво спроведена во локалните организации каде тие систематски беа исфрлани, а на 9.VII.1939 година на седницата на Главниот одбор на ЈРЗ, Милан Сојадиновиќ беше исклучен од ЈРЗ[422] поради партиска недисциплина

[421] в. „Политика", XXXVI, бр. 11032, Београд, 14.II.1939, 5.

[422] По исклучувањето од ЈРЗ Милан Сојадиновиќ се обидел да формира нова Српска радикална партија. Кон крајот на 1940 Правилата на новата партија се поднесени на одобрение во Министерството за внатрешни работи, но тие никогаш не се одобрени. Но, Милан Сојадиновиќ и неговите приврзаници продолжуваат со работа формирајќи и партиска канцеларија, одржувале собири во вид на банкети, и бидејќи владата не им овозможила истапување преку печатот, растурале летоци полемизирајќи со владата Цветковиќ - Мачек. Инаку, оваа партија го отфрла договорот Цветковиќ - Мачек како неприфатлив за Србите. Види во: Milan M. Sojadinović, Ni rat

а на негово место беше избран Драгиша Цветковиќ.[423] Со преземањето на Раководството во ЈРЗ и реорганизацијата што беше направена во нејзините редови, ЈРЗ и понатаму останува да биде режимска партија, партија која активно ќе работи во спроведувањето на политиката на владата Цветковиќ - Мачек.

Договорот Цветковиќ - Мачек не значеше победа на опозиционите сили кои дотогаш се бореа за преуредување на државата врз основа на федерализмот. Во суштина овој договор предизвикува распаѓање на Блокот на опозиционите партии кој се формираше околу демократските пароли и до извесен степен , барем во кампањата за парламентарните избори, истапуваше единствено. Најактивниот дел на тој опозиционен блок и воедно најсилно буржоаско движење кое го презентираше ХСС со договорот фактички се одрекува од федерализмот, делувајќи сега отворено од позицијата на борбата за поделба на власта и владеачките сфери. Владимир Мачек, со влегувањето во владата на режимот, го изневерува и мнозинството свои приврзаници со поранешните ветувања кои како лидер на ХСС им ги дава на своите избирачи и на членството. На тој начин, со договорот Цветковиќ - Мачек , југословенската граѓанска политика тргнала во извесна смисла во нови токови. Борбата за превласт меѓу српската и хрватската

ni pakt, Rijeka, 1970, 657-660.

423 Види повеќе во написот: „Реорганизација наше странке и њена обнова", в. „Самоуправа", LIX, бр. 1017, Београд, 10.VII.1939, 1; в. „Политика", XXXVI, бр. 11172, Београд, 10.VII.1939, 3.

буржоазија уште поизразито станува јадро на групирање на буржоаските политички сили.

Договорот Цветковиќ - Мачек воедно го забрзува и процесот на распаѓањето на Здружената опозиција и предизвикува оживување на унитаристичко-хегемонистичките тенденции кај водачите на србијанските буржоаски опозициони партии. Имено, уште за време на формирањето на владата на Драгиша Цветковиќ, Здружената опозиција не беше земена предвид. Но, таа кај кнезот Павле се залагаше преговорите за договор со ХСС да бидат доверени на партиите од Здружената опозиција, која себе се сметаше за легитимен претставник на народот. Но, Здружената опозиција од повеќе причини нема да игра политичка улога која требаше да ѝ припаѓа според нејзиното уверување.

Со склучувањето на договорот Цветковиќ - Мачек опозиционите партии на српскиот дел на Здружената опозиција, кои сметаа дека со тој, и таков договор се напуштени, се расцепуваат, преминувајќи со еден свој дел во отворените големосрпски води под паролата „Срби на собир". Дел од Раководството на тие партии влегува во владата Цветковиќ - Мачек, додека друг дел почнува да соработува со режимот, особено подоцна, во политиката на пристапувањето на Кралството на Југославија кон Тројниот пакт.[424]

Општо кажано, судирите меѓу најјаките партнери (српската и хрватската буржоазија) уште повеќе ги потиснале во втор план сложените национални проблеми на југословенската државна

[424] Pero Damjanović, cit. statija..., 83.

заедница.

## 2. АКТИВНОСТА НА ЈУГОСЛОВЕНСКАТА РАДИКАЛНА ЗАЕДНИЦА,

Промените што настануваат во политичкиот живот во 1939 година се одразуваат и врз целокупната активност на ЈРЗ. Во првата половина на 1939 година во Вардарскиот дел на Македонија активноста на ЈРЗ беше мала со оглед на тоа што во нејзините редови се јавува партиска подвоеност. Таа партиска подвоеност беше резултат на настојувањето на претседателот на владата Драгиша Цветковиќ, кој за да го преземе Раководството во ЈРЗ (од Милан Сојадиновиќ и неговите приврзаници) најпрво извршува организациони промени во бановинските одбори и локалните организации на ЈРЗ. Во врска со оваа политика беа извршени извесни организациони промени во ЈРЗ и во Вардарскиот дел на Македонија. Така на 28.V.1939 година на Конференцијата на Бановинскиот одбор на ЈРЗ во Скопје[425] беше извршен избор на

[425] Конференцијата на Бановинскиот одбор на ЈРЗ беше свикана по иницијатива на сенаторите и народните пратеници на ЈРЗ за Вардарска бановина (Вардарскиот дел на Македонија, б.м.). Конференцијата ја отвори Јован Алтипармаковиќ, и на неа покрај претставниците на одборите на ЈРЗ за Вардарска бановина присуствувале и Милан Симоновиќ, претседател на Народното собрание, Михо Крек и други, кои заедно со Драгиша Цветковиќ се наоѓале во посета на Вардарскиот дел на Македонија. Дотогашниот претседател на Бановинскиот одбор на ЈРЗ, Угрин Јоксимовиќ, побарал да не се избира нова управа на Бановинскиот одбор на ЈРЗ. Но неговиот предлог го прифатиле само 6 делегати од 120 членови кои присуствувале на Конференцијата. Потоа Угрин Јоксимовиќ, Панта Јовановиќ и Душан Перовиќ, бидејќи нивниот предлог не бил прифатен, ја напуштиле Конференцијата. Види во: „Рад Бановинске скупштине

нова управа на Бановинскиот одбор на ЈРЗ во состав: претседател: Драгиша Цветковиќ, претседател на владата; потпретседатели: Јован Алтипармаковиќ, Министер на пошта, телеграф и телефон; др. Коста Чохаџиќ, претседател на Скопската општина; Тодор Живковиќ, Душан Антонијевиќ, Светозар Тасиќ, Стојадин Димитријевиќ, Дионисије Продановиќ, народни пратеници и Милош Драговиќ, сенатор; секретари: др. Владо Костиќ, Михаило Стојановиќ, Илијаз Агушевиќ, Радомир Микиќ, др. Милан Главиниќ и Петар Јанковиќ; благајник: Зејнел бег Страцимир; за членови на Главниот одбор: Јован Алтипармаковиќ, Живко Поповиќ, Михајло Каламатијевиќ и Настас Ѓорѓевиќ.[426]

Незадоволен од изборот на новиот Бановински одбор на ЈРЗ, Угрин Јоксимовиќ испраќа писмо до сите околиски одбори на ЈРЗ во Вардарска бановина и до Милан Сојадиновиќ и Главниот одбор на ЈРЗ во Белград во кое ги известува за одржаната Бановинска конференција на ЈРЗ во Скопје. Притоа, тој констатира дека новоизбраниот Бановински одбор на ЈРЗ со Драгиша Цветковиќ на чело е насилно и нестатутарно избран и дека не е признат од Главниот одбор на ЈРЗ. Затоа тој го признава само постоечкиот Бановински одбор додека истиот не биде заменет со друг легално избран по партиските статути. Ова писмо е потпишано од Угрин

ЈРЗ у Скопљу", в. „Самоуправа", LIX, бр. 983, Београд, 30.V.1939, 2; в. „Политика", XXXVI, бр. 11132, Београд, 31.V.1939, 5; в. „Глас Полога", VI, бр. 323, Тетово, 3.VI.1939, 1, 2.

426 Истото.

Јоксимовиќ, Панта Јовановиќ, Душан Перовиќ и од уште 13 народни пратеници.[427]

Ваквата партиска подвоеност во редовите на ЈРЗ во Вардарскиот дел на Македонија ќе постои сѐ до 9.VII.1939 година кога на седницата на Главниот одбор на ЈРЗ во Белград, беа потврдени новоизбраните раководства на ЈРЗ во бановините.[428] Но, во некои места и по овој период се јавува партиска подвоеност. Така во Извештајот од Штабот на Вардарската дивизиска област упатен до Командантот на III Армиска област се констатира дека во Прилеп постојат две Фракции на ЈРЗ, од кои едната е под претседателство на д-р Јован Шајкаревиќ, бивш народен пратеник, а втората е под раководство на адвокатот Лазар Хаџи Ристиќ и Борис Поповиќ, претседател на општина. Притоа се констатира дека ни една од нив не одржала собир. Во Извештајот, исто така се канстатира дека во околиите Дебарска и Галичка исто така има јаки организации на ЈРЗ.[429]

Во текот на месеците јули и август 1939 година, по извршената реорганизација на ЈРЗ во сите општини на околија Скопска, на 29.VIII.1939 година во Скопје беше извршен избор на

427 А. ИНИ, ф.: Неџат Јашар, к. III, папка IV, Док. бр. 44 (писмо бр. 332 од 31.V.1939 год.).

428 „Реорганизација наше странке и њена обнова", в. „Самоуправа", LIX, бр. 1017, Београд, 10.VII.1939, 3; в. „Политика", XXXVI, бр. 11172, Београд, 10.VII.1939, 3.

429 А. ИНИ, ф.: III Армиска област, к. XXXV/6, Док. Пов. Ђ. Об. Бр. 1222 од 9.XII.1939.

нов Околиски одбор на ЈРЗ за околија Скопска.[430]

Реорганизација на ЈРЗ беше извршена и во Гевгелиска околија.[431]

Во втората половина на 1939 година беа одржани повеќе конференции и собири на организациите на ЈРЗ на кои одделни личности од јавниот и политичкиот живот зборуваа за проблемите од работата на Кралската влада на внатрешен и надворешен план. На нив приврзаниците на ЈРЗ го уверуваа членството и народот дека со склучувањето на договорот Цветковиќ - Мачек „е удрен темел на конструктивната работа во иднина, и дека ќе престанат внатрешните несогласувања и само на тој начин може да се обрне поголемо внимание на надворешната политика и одбрана на

430 Во новиот Околиски одбор на ЈРЗ за околија Скопска беа избрани: претседател Војислав Ѓукиќ, адвокат од Скопје; потпретседатели: Тодор Андарсаревиќ, претседател на општина Љубаначка; Милош Поповиќ, претседател на општина Синѓеличка; Ѓорѓе Ѓорѓевиќ, претседател на општина Шишевачка; Муса Суљевиќ, претседател на општина Кучковска; Секретари: Стојан Урдаревиќ, учител и Коста Илиќ, претседател на општина Ракотиначка; благајник: Хранислав Кондиќ, земјоделец од Белимбегово. Види во: „Нови Срески одбор наше Странке за срез Скопски", в. „Самоуправа", LIX, бр. 1063, Београд, 4.IX.1939, 2.

431 На 23.VII.1939 година во Гевгелија беше одржан собир на членството и приврзаниците на ЈРЗ на која зборувал Димитрије Мициќ, лекар, кој добил овластување од Бановинскиот одбор на ЈРЗ да изврши реорганизација на ЈРЗ во Гевгелиска околија. По говорите на Глишо Катаниќ, Ристо Пакетчијевиќ и други беше избран нов Околиски одбор на ЈРЗ со др. Димитрије Мициќ, како претседател. види во: „Реорганизација Странке у Ђевђелији", в. „Самоуправа", LIX, бр. 1030, Београд, 25.VII.1939, 2; А. ИНИ, ф.: III Армиска област, к. XXXV/6 (Извештај од Вардарскиот жандармериски полк до Командата на III армиска област, Пов. Ј. Ђ. Бр. 1085 од 27.VIII.1939).

земјата".[432]

Особено голема активност ЈРЗ ќе развие во врска со објавувањето на Указот за распишување на сенатските избори.[433] За таа цел во текот на месец октомври 1939 година од страна на приврзаниците на ЈРЗ беа одржани скоро во целиот Вардарски дел на Македонија агитациони конференции на кои се изложуваше значењето на сенатските избори. Дури и Драгиша Цветковиќ, како претседател на владата и претседател на Бановинскиот одбор на ЈРЗ за Вардарскиот дел на Македонија, од 8 до 17.X.1939 година изведува агитационен пат во Вардарскиот дел на Македонија со цел да дојде во контакт со сите приврзаници на ЈРЗ и да го почувствува нивното расположение. Притоа тој одржал низа конференции во месните и околиски одбори и повеќе собири со приврзаниците на ЈРЗ каде што во своите говори ја изложувал политиката на својата влада, за значењето на договорот Цветковиќ - Мачек, а особено за значењето на сенатските избори.[434]

Врз основа на Законот за избор на сенатори од вкупно 47 сенатори, од Вардарскиот дел на Македонија, според бројот на

---

[432] А. ИНИ, ф.: Главен генералштаб, к. XXXV/7, Док. бр. 772. (Концепт на Извештај за внатрешната политичка ситуација на Југославија за м. септември 1939, кој се однесува за III армиска област, од 18.X.1939 г.).

[433] „Избори сенатора за шестогодишњи период расписани су за дванаести новембар 1939 године", в. „Политика", XXXVI, бр. 11253, Београд, 29.IX.1939, 7.

[434] „Пут председника владе г. Драгише Цветковића по Јужној Србији", в. „Политика", XXXVI, бр. 11263, 11264, 11265, 11266, Београд, 9-18.X.1939, 4, 7, 6, 7; в. „Самоуправа", LIX, бр. 1078, Београд, 14.X.1939, 1, 2.

жители, се избираат 5 сенатори. На кандидатската листа, како заедничка листа на коалиционите владини групи, за сенатските избори во Вардарска бановина беа предложени кандидатите: 1) Јован Алтипармаковиќ, Министер на расположение и бивш народен пратеник од Битола (ЈРЗ); 2) Михајло Каламатијевиќ, трговец и бивш народен пратеник од Штип (ЈРЗ); 3) Глигорије Ташковиќ, инженер од Скопје (Земјоделската партија); 4) Џафер Сулејмановиќ, лекар и бивш народен пратеник од Тетово (група радикали на Божидар Максимовиќ); 5) Ѓуро Крџалиќ, адвокат и бивш народен пратеник од Лесковац (група радикали од д-р Л. Марковиќ); заменици: Дионисије Продановиќ, адвокат и бивш народен пратеник, Атанас Чорбевиќ, бивш претседател на општина и бивш народен пратеник од Охрид, Светозар Тасиќ, бивш народен пратеник од околија Мариовска, Станиша Костиќ, адвокат од Лесковац и Миладин Величковиќ, бивш народен пратеник од Владичин Ан.[435]

На одржаните избори на 12.XI.1939 година во Вардарска бановина од запишани вкупно 440 гласачи на избиралиштата излегле 433 што претставува преку 98%. Од овие 3 гласале против. За сенатори беа избрани сите 5 предложени кандидати на кандидатската листа (Јован Алтипармаковиќ, Михајло Каламатијевиќ, Глигорије Ташковиќ, Џафер Сулејмановиќ и Ѓуро Крџалиќ).[436]

И во 1940 година активноста на ЈРЗ во Вардарскиот дел на

---

[435] „Кандидатска листа за Вардарску бановину", в. „Самоуправа", LIX, бр. 1080, Београд, 28.X.1939, 2.

[436] „Јуче је извршен избор 47 сенатора", в. „Политика", XXXVI, бр. 11298, Београд, 13.XI.1939, 4.

Македонија се сведуваше главно на нејзината организациона поставеност, во одобрувањето, поддржувањето и спроведувањето на внатрешната и надворешна политика на режимот Цветковиќ - Мачек и главно на омасовување на своето членство. Сето ова беше изложено во Резолуцијата донесена на Бановинската конференција на ЈРЗ во Скопје на 25.II.1940 година. Во неа, меѓу другото, се одобрува договорот Цветковиќ - Мачек од 26.VIII.1939 година со кој „е удрен темел на еден нов период во животот на Кралството на Југославија, заснован на љубовта на сите Срби, Хрвати и Словенци спрема државата"; во поглед на преуредувањето на државата Бановинскиот одбор на ЈРЗ му остава слободни раце на Раководството на Партијата; за нормален политички живот во Вардарскиот дел на Македонија се прокламира барањето политичкиот живот да се базира на принципот на апсолутна соработка со народот без заблуди и предрасуди: посебно да се обрне внимание за стопанските проблеми на Јужна Србија (Вардарскиот дел на Македонија, б.м.), а особено да се залага за остварување на бановинскиот заем од 150 милиони динари и за реализација и подобрување на тутунската политика; да се даде помош на населението во пасивните краеви и да се осигурат потребните средства за јавните работи.[437]

Резолуцијата, и сето изложено во неа, беше еден вид програмска задача што Бановинскиот одбор на ЈРЗ требаше да ја

437 „Конференција Бановинског одбора ЈРЗ у Скопљу", в. „Глас Полога", VIII, бр. 357, Тетово, 2.III.1940, 2.

реализира. Затоа и на конференциите и на собирите на ЈРЗ организирани и одржани во овој период беа дискутирани прашањата и проблемите изнесени во Резолуцијата.

Меѓутоа, за некоја поголема масовност на членството на ЈРЗ во овој период не станува збор. Тоа беше констатирано и во Извештајот за политичката ситуација од Вардарскиот жандармериски полк до Командантот на III армиска област во кој се вели дека „владеачко-режимската партија - ЈРЗ во овие краеви нема зад себе скоро воопшто ништо и никого освен чиновништвото, а дел од народот е принуден да се изјаснува за ЈРЗ, ако се заинтересирани за добивање на било какви бенефиции. Инаку, мнозинството на народот воопшто не се интересира за внатрешната политика ниту ги симпатизира бившите политички прваци од ЈРЗ, ЈНС и другите партии".[438] Во почетокот на 1941 година беше избрана нова управа на Бановинскиот одбор на младината на ЈРЗ за Вардарска бановина.[439]

---

[438] А. ИНИ, ф.: III армиска област, к. XXXV/6. Док. Пов. Ј. Об. Бр. 1043, од 26.V.1940, Скопје.

[439] На 12.I.1941 година во Скопје е одржана седница на Бановинскиот одбор на младината на ЈРЗ за Вардарска бановина на која покрај делегатите и членовите од Скопје и внатрешноста присуствувале и претседателот на Главниот одбор на младината на ЈРЗ од Белград д-р Бојан Пирц и главниот секретар Данило Ќирковиќ, како и потпретседателот на Бановинскиот одбор на ЈРЗ за Вардарска бановина др. Коста Чохаџиќ, бивш претседател на скопската општина и Дионисије Продановиќ, бивш народен пратеник. По изложувањето на рефератот за исцрпната работа на младината во Скопје и Вардарска бановина и за положбата на младинската организација, беше избран нов Бановински одбор на младината на ЈРЗ во состав: претседател: Михаило Стојановиќ од Струмица; потпретседатели: Страхиња Пецевиќ од Скопје, Манасије Божиновиќ од Куманово, Мишо Илиќ од Скопје и Василије Николиќ од Битола; секретари: Никола К. Лозаниќ,

Општо кажано, во Вардарскиот дел на Македонија ЈРЗ ја продолжуваше својата активност, која во суштина не беше ништо друго туку само спроведување на политиката на режимот.

## 3.АКТИВНОСТА НА ГРАЃАНСКИТЕ ОПОЗИЦИОНИ ПАРТИИ

Доаѓањето на власт на Драгиша Цветковиќ и промените што настануваат во политичкиот живот се одразуваат и на граѓанските партии од Здружената опозиција. Со склучувањето на договорот Цветковиќ - Мачек се забрза процесот на распаѓањето на Здружената опозиција, а со тоа се предизвика оживување на унитаристичко-хегемонистичките тенденции кај водачите на србијанските буржоаски опозициони партии.

Во Вардарскиот дел на Македонија во овој период продолжува активноста на србијанските опозициони граѓански партии која се одвиваше јавно, преку одржување на конференции, манифестациони собири и тајно, по пат на печатење и растурање на билтени, летоци и изводи од странскиот печат.[440] Особено интензивна активност

судија од Скопје; Радомир Накиќ, бивш народен пратеник од Врање; Јакша Савелиќ од Приштина и др. Ристо Баштованџовиќ од Охрид; благајници: Душан Богојевиќ, апотекар од Скопје, Димитрије Аврамовиќ од Призрен, Милан Лазаревиќ и Трајко Грнаревиќ од Скопје. Делегати за Главниот одбор во Белград се: Дарко Ќирковиќ од Битола, Благоја Тодоровиќ од Лесковац, Крсто Џордевиќ од Тетово и Коста Јефтимовиќ од Радовиш. Види во: „Нова управа Бановинског одбора омладине ЈРЗ у Скопљу", в. „Време", XXI, бр. 6813, Београд, 13.I.1941, 6; в. „Глас Југа", бр. 75, Скопље, 14.I.1941, 5.

440 А. ИНИ, ф.: Главен генералштаб, к. XXXVI/7 (Извештај за месец март и април 1939 године).

развиваат Земјоделската, Демократската партија, ЈНС и групата радикали околу Аца Станојевиќ.

Во првата половина на 1939 година од страна на Земјоделската партија беа одржани повеќе конференции и манифестациони собири. Така на 5.III.1939 година беше одржана Конференција која подоцна прераснува во собир. По Глигорије Ташковиќ, кој ја отвора Конференцијата, зборувале: Милош Тупањанин, народен пратеник (во својот говор ја изнел целта на земјоделското движење); Илија Чулевиќ, народен пратеник од Кавадарци (зборувал за економските проблеми на Вардарска бановина, т.е. Вардарскиот дел на Македонија, б.м.) и други.[441]

Во текот на месец јуни 1939 година, Јован Јовановиќ „Пижон", претседателот на Земјоделската партија, на својот пропаганден пат во Вардарскиот дел на Македонија одржал повеќе собири и тоа: на 18 јуни во Скопје и Велес; на 19 јуни во Прилеп и Битола и на 20 јуни во Охрид, каде што истиот ден умрел од срцев удар.

Во овие градови, во своите говори, тој се осврнал на политичките прилики во земјата, а посебно за значењето на договорот со Хрватите, за целите на земјоделското движење, а во предавањето под наслов „Франција и Англија", упатува повик за поддршка на политиката за ориентација кон Франција и Англија, а против фашизмот и фашистичката ориентација кон земјите на

---

[441] „Збор бившег савеза земљорадника у Скопљу", в. „Политика", XXXVI, бр. 11052, Београд, 5.III.1939, 6.

Германија и Италија.[442]

По повод склучувањето на договорот Цветковиќ - Мачек, Главниот одбор на Сојузот на земјоделците на состанокот од 3.IX.1939 година донесува Резолуција во која се поддржува договорот Цветковиќ - Мачек и се одобрува влегувањето на земјоделците во владата.[443]

Во втората половина на 1939 година активноста на Земјоделската партија во Вардарскиот дел на Македонија ќе биде во врска со сенатските избори на кои Земјоделската партија ќе истакне свој кандидат кој ќе биде и избран (Глигорије Ташковиќ).

Земјоделската партија (крилото на Јован Јовановиќ) беше најраспространета партија во Вардарскиот дел на Македонија, особено во Прилеп, Велес, Кавадарци, Св. Николе, Струмица, Царево Село, Охрид и Ресен.[444]

Инаку активноста на Земјоделската партија беше следена и осудувана од режимот, што може да се види во извештаите за политичката ситуација во Вардарскиот дел на Македонија упатувани до Командата на Третата армиска област. Во нив се констатира дека кај народот владее извесно интересирање за оваа партија која ја

---

442 А. ИНИ, ф.: Неџат Јашар, к. III, папка IV, Док. бр. 28, Инв. бр. 5351; „Говор Јована Јовановића на земљорадничком збору у Скопљу", в. „Политика", XXXVI, бр. 11151, Београд, 19.VI.1939, 4.

443 „Главни одбор Савеза земљорадника на својој пленарној седници поздравио је споразум и одобрио улазак земљорадника у владу", в. „Политика", XXXVI, бр. 11228, Београд, 4.IX.1939, 7.

444 А. ИНИ, ф.: Главен генералштаб, к. XXXVI/7, Док. бр. 773 од 16.XI.1939 година.

предводи Глигорије Ташковиќ.[445] Исто така се наведува дека тој, како претседател на Бановинскиот одбор на Земјоделската партија во Вардарска бановина, без одобрение на власта одржувал конференции во околија Скопска, со цел за јакнење на организационата поставеност на Партијата (запишување на нови членови и омасовување на членството, за политичката ситуација во земјата, за значењето на оваа партија и за нејзината програма.[446]

Особено голема активност беше забелешана во селата во околија Охридска. На 19.XI.1939 година во с. Пештани, Димитрије Групчевиќ од Охрид, одржува политичка Конференција со цел да се формира одбор на Земјоделската партија. Присутни биле околу 60 лица од с. Пештани, Коњско, Љубаниште и Трпеица. На 21.XI.1939 година истиот одржува Конференција во с. Опенци и Косељ со цел за формирање на селски Одбор на Земјоделската партија.[447] Исто така Ристо Паунчевиќ и Ламбе Мишевиќ, и двајцата од Охрид, одржуваат политички конференции во с. Мешеиште, Ботун, Злесте со цел за организирање на пододбори на Земјоделската партија, а беше разгледувана и економската положба на селаните. На овие конференции присуствувале: во с. Злесте околу 10, во с. Ботун

---

445 А. ИНИ, ф.: III Армиска област, к. XXXV/6, Пов. Ј. Об. Бр. 1043, 26.V.1040, Скопље.

446 „Конференција Земљорадничке странке у Срезу Скопском", в. „Политика", XXXVI, бр. 11326, Београд, 11.XII.1939, 6; А. ИНИ, ф.: III Армиска област, к. XXXV/6, Пов. Ђ. Об. Бр. 1658, од 10.XII.1939.

447 А. ИНИ, ф.: III Армиска област, к. XXXV/6, Пов. Ђ. Об. Бр. 1826, од 4.XII.1939, Скопље.

околу 20 и во с. Мешеиште околу 80 приврзаници.[448]

При крајот на 1939 година, без одобрение на власта, Тодор Андиќ од с. Лаки, околија Кочанска, во своето село одржува политички собир со цел за формирање на партија „Земљоделски покрет". Беа присутни околу 40 селани од с. Лаки.[449]

Треба да се напомене дека и во овој период Земјоделската партија (крилото на Јован Јовановиќ) на своите партиски приврзаници им објаснуваше дека и понатаму е во опозиција, т.е. иако на минатите избори беа со Владимир Мачек, сега го напуштаат бидејќи „на србите им се продал за пари".

Земјоделската партија во Вардарскиот дел на Македонија имаше доста приврзаници од редовите на македонското граѓанство (граѓанските политичари) кои припаѓаа на македонското национално-ослободително движење. Исто така активноста на Земјоделската партија ја користеа и во неа соработуваа и студенти кои припаѓаа на комунистичкото движење, кои ги користеа собирите на оваа партија за свои партиски цели. Така на пример, на собирот на Земјоделската партија во Велес на 19.VI.1939 година, каде зборуваше и Јован Јовановиќ, зборувал и студентот Димитрије Карталовиќ кој притоа јавно изјавил дека е Македонец, поради што тој и неговиот брат добиваат налог од полицијата да го напуштат

448 А. ИНИ, ф.: III Армиска област, к. XXXV/6, Пов. Ђ. Об. Бр. 1263 од 23.XII.1939, Битољ; и Пов. Ђ. Об. бр. 1728, од 24.XII.1939, Скопље.

449 А. ИНИ, ф.: III Армиска област, к. XXXV/6, Пов. Ђ. Об. Бр. 1658, од 10.XII.1939.

Кралството на Југославија и да заминат во Бугарија.[450]

Голема активност Земјоделската партија ќе развие во 1940 година во врска со претстоечките избори (општински и околиски). За таа цел во сите поголеми места, па дури и во селата, ќе ја оживеат својата работа месните партиски одбори. Работата ќе ја изведуваат јавно и тајно, со летоци и брошури и притоа одлуките и работата на Главниот одбор на Земјоделската партија во Белград не ги признаваат. Работеле повеќе самостојно.[451]

Треба да се истакне дека влијание и активност во Вардарскиот дел на Македонија имаше и земјоделската група на Драгољуб Јовановиќ,[452] кој кон крајот на 1939 година се издвојува од Земјоделскиот сојуз и во почетокот на 1940 година ја создава

450 А. ИНИ, ф.: Нецат Јашар, к. III, папка IV, Док. бр. 31.

451 А. ИНИ, ф.: Главен генералштаб, к. XXXVI/7, Док. ред. бр. 773.

452 Д-р Драгољуб Јовановиќ, роден во Пирот, во 1915 година се наоѓа во Радовиш како учител од каде се повлекува заедно со српската војска во Грција, а оттаму преминува во Франција, каде што на Сорбона завршува историја и право. По враќањето во земјата станува професор на Правниот факултет во Белград. Како опозиционер ја губи катедрата и исцело се ангажира во политичкиот живот. Припаѓал на Земјоделскиот сојуз на чело со Јован Јовановиќ „Пижон" и стоел на чело на неговото „лево крило", па поради тоа неговите противници велеа дека е „однадвор зелен а одвнатре црвен", сакајќи на тој начин да го обвинат дека бил сосем близок со комунистите, што навистина таков и беше. Во месец јуни 1936 година тој го обиколи скоро целиот Вардарски дел на Македонија и се увери во лошата положба на народот и во општото незадоволство што го изразуваше од режимот. По Втората светска војна бил сојузен народен пратеник. Се изјаснувал против создавањето селски работни задруги, а бил за слободно здружување на селаните. Осудуван од народната власт за разбивачка дејност. Види во: А. Апостолов, Изборите за народната скупштина на Кралството Југославија од 1938 год. во Кумановска околија, Историја, V/1, Скопје, 1969, 115, 116.

Народната селска партија.[453]

Демократската партија (крилото на Љуба Давидовиќ), која покрај Земјоделската партија беше една од најмасовните граѓански партии во Вардарскиот дел на Македонија во текот на 1939 година развива мошне интензивна активност меѓу своите приврзаници. Оваа активност беше поврзана со водените преговори за решавање на „Хрватското прашање". За Демократската партија договорот Цветковиќ - Мачек беше **државна пропаст.**[454] Тоа беше истакнато и на конференциите што ги организираше оваа Партија. Својот опозиционен став кон режимот го истакнува и со своето неучество на сенатските избори поради тоа што истите ќе се извршат според стариот Закон за избори на сенатори. Во соопштението издадено по тој повод од Извршниот одбор на Демократската партија се констатира дека „сенатските избори ќе се извршат без ниедно изборно легално тело, т.е. пратеници, избирани советници и без општинските чиновници".[455]

Инаку и од оваа Партија во Вардарскиот дел на Македонија ќе бидат одржани повеќе состаноци и конференции. Така во Куманово и

453 Главни поставки во Програмата на Народната селска партија беа: 1) Сојузно устројство на државата; работна демократија; нова култура без привилегии; 2) Југославија - држава на три југословенски народи (СХС) и кон нив треба да се приклучи четвртиот јужнословенски народ Бугарите; 3)Нормални односи со СССР. Види во: А. Апостолов, цит. статија ..., 116.

454 А. ИНИ, ф.: Главен генералштаб, к. XXXVI/7, Док. бр. 771 од 12.IX.1939 г.

455 „Демократска странка неће учествовати на сенатским изборима", в. „Политика", XXXVI, бр. 11258, 11272, Београд, 4 и 18.X.1939, 7, 7.

околија Жеглиговска повеќе од 10 дена престојувал Радмило Стојиљковиќ, член на Главниот одбор на Демократската партија и бивш народен пратеник од околија Жеглиговска. Притоа, на состаноците и конференциите со своите партиски приврзаници, тој ги известувал за политичките прилики во земјата и за ставот на Демократската партија.[456]

Исто така во Битола на 1.XI.1939 година беше одржан состанок со кандидатите на Демократската партија на минатите избори за околиите Преспанска, Битолска и Мариовска на кој присуствувале бившите народни пратеници од Ресен Велимир Анѓелковиќ, кандидатите за народни пратеници од околија Мариовска, д-р Маргарит Нелевиќ и Никола Алтипармаковиќ, и кандидатот од околија Битолска Петар Вељановиќ. Зборувал Велимир Анѓелковиќ за пратеничките избори и притоа беше разгледувано прашањето демократите, земјоделците и независните на изборите да истапат со една листа.[457]

Инаку, активноста на демократите беше забележана и во другите околии во Вардарскиот дел на Македонија. Притоа и оваа Партија настојуваше да го зголеми своето членство и бројот на своите приврзаници.

Покрај Земјоделската и Демократската партија, од другите србијански опозициони граѓански партии, извесна активност во овој

456 „Г. Радмило Стојиљковић у Куманову", в. „Политика", XXXVI, бр. 11339, Београд, 24.XII.1939, 12.

457 „Један састанак демократа у Битољу", в. „Политика", XXXVI, бр. 11287, Београд, 2.XI.1939, 8.

период во Вардарскиот дел на Македонија пројавуваат и ЈНС и Радикалната партија (групата околу Аца Станојевиќ).

ЈНС беше во опозиција во однос на владата и имаше негативен однос кон договорот Цветковиќ - Мачек. Во врска со тоа на 19.XI.1939 година во Скопје беше одржана Конференција на ЈНС под претседателство на Никола Стојиљковиќ, претседател на Месниот одбор. Со свои дискусии во нејзината работа учествуваа: претседателот на Главниот одбор на ЈНС, Петар Живковиќ, претседателот на Бановинскиот одбор на ЈНС за Вардарска бановина, Богољуб Јевтиќ, како и Јован Бањанин, др Коста Кумануди, Јанко Баричевиќ и Милутин Драговиќ. Мнозинството од нив се изјаснуваат критички на договорот Цветковиќ - Мачек. Изразуваат согласност за потреба од решавање на „Хрватското прашање" за да зајакне државата одвнатре и однадвор, но сметаат дека одеднаш треба да се решат сите прашања кои стојат во врска со преуредувањето на државата и тоа на демократска база.[458]

Од истите причини како и Демократската партија и ЈНС не учествуваше на сенатските избори.[459]

Посебна активност ЈНС ќе развие во Прилеп, каде што постоеше организација на ЈНС и во околија Прилепска каде што под

---

458 „Конференција ЈНС у Скопљу", в. „Јужна Србија", II, бр. 93, Скопље, 20.XI.1939, 1.

459 „ЈНС неће учествовати на сенатским изборима", в. „Политика", XXXVI, бр. 11259, Београд, 5.X.1939, 6.

раководство на Василије Трбиќ,[460] бивш народен пратеник, се одржуваат состаноци и конференции со приврзаниците на ЈНС, на кои се пропагираше Програмата на ЈНС за да се зголеми бројот на приврзаниците на оваа Партија.[461]

Во Вардарскиот дел на Македонија активност развива и

460 Василије Трбиќ е роден на 11.XII.1881 година во Бело Брдо меѓу Осиек и Даљ. Основно училиште завршува во Осиек, а во 1892 година се школува во параќинската гимназија. Во 1898 година заминува во манастирот Хиландар на Света Гора и станува калуѓер. По напуштањето на Света Гора станува четник. Во Извештајот на еден полициски инспектор од 1913 година посебно е опишан српскиот војвода Василије Трбиќ кому како на заслужен човек за српството во Македонија властите му гледале низ прсти на сите негови злоупотреби. Заграбил големо богатство со убиства, уцени и разни насилства над турското и македонското население. Тој бил главен фактор при колонизацијата во Прилеп и прилепско меѓу двете светски војни. Имено, на негово барање, веднаш по Првата светска војна, бил назначен за чиновник на аграрната реформа во Скопје и почнал да одзема земја од Турци и Арнаути и да им ја доделува на своите бивши четници. Во прилепското село Браилово Василије Трбиќ населил 12 семејства на свои приврзаници. Слободната земја околу градот Прилеп тој им ја разделил исто така на свои приврзаници, а за сите преживеани четници обезбедил земја во скопските села Трубарево и Сарај. Инаку Василије Трбиќ е најголем грабач и човек кој ги злоупотребувал привилегиите за лично богатење. Василије Трбиќ, како човек на власта, во периодот од 1921 до пропаста на Кралството на Југославија, со мали прекини бил народен пратеник. Види повеќе во А. ИНИ, ф.: Сеќавања - мемоари, хроники, фотокопии и „Туѓи" „Т" материјали (Мемоари Василија Трбића, Војводе велешког, I-II, Каиро, 1944, 1-10, 908-911; Д-р Глигор Тодоровски, српски извори за историјата на македонскиот народ 1913-1917, Скопје, 1981, 98; Д-р Александар Апостолов, Колонизацијата во Прилеп и Прилепско меѓу двете светски војни, Зб. Прилеп и Прилепско меѓу двете светски војни 1918-1941 (Материјали од научниот собир одржан на 1, 2 и 3 јуни 1988 година), книга II, Прилеп, 1991, 113-124.

461 А. ИНИ, ф.: III Армиска област, к. XXXV/6, Пов. Ђ. Об. Бр. 29, од 13.III.1939, Прилеп и Док. Пов. Ђ. Об. Бр. 1222, од 9.XII.1939, Битољ.

Радикалната партија околу групата на Аца Станојевиќ. На 4.VII.1939 година прваците на групата на Аца Станојевиќ, Крсто Милетиќ и Милош Бобиќ, бивши министри, за време на дводневниот престој во Скопје со своите политички приврзаници одржуваат низа состаноци на кои присуствувале и делегати од поедини места од Вардарска бановина. Притоа, тие ја изложиле надворешната и внатрешната политичка ситуација и го објасниле ставот на групата на Аца Станојевиќ спрема актуелните настани во земјата.[462]

Исто така на 29.VII.1939 г. пратеничкиот кандидат од листата на групата на Аца Станојевиќ, Стеван Трифунац, адвокат од Скопје, во Битола одржува состанок со партиските приврзаници. Притоа ја изложува внатрешната и надворешната политика и состојбата во која се наоѓа работата околу договорот со Хрватите.[463]

И оваа Партија во својата Резолуција го осудува договорот Цветковиќ - Мачек нарекувајќи го **државна пропаст**, а влегувањето на Лаза Марковиќ во неговата влада беше коментирано дека не се извршени консултации со Радикалната партија и дека тоа е извршено без согласност и одобрување на оваа Партија.[464]

По повод распишувањето на сенатските избори Главниот одбор

---

462 „Г. Крста Милетић и Милош Бобић у Скопљу и околини", в. „Политика", XXXVI, бр. 11167, Београд, 5.VII.1939, 4.

463 „Група г. Аце Станојевића у Битољ", в. „Политика", XXXVI, бр. 11192, Београд, 30.VII.1939, 4.

464 А. ИНИ, ф.: Главен генералштаб, к. XXXVI/7, Док. ред. бр. 771 од 12.IX.1939; „Резолуција Главног одбора Народне радикалне странке", в. „Политика", XXXVI, бр. 11227, Београд, 3.IX.1939, 6.

на Народната радикална партија испраќа писмо до сите свои организации во кое ги известува за одлуката дека оваа Партија нема да учествува на истите.[465]

Во текот на месец ноември 1939 година во Вардарскиот дел на Македонија беше забележана извесна активност на организационен план на оваа Партија. Имено, на 16.XI.1939 година во Скопје, под претседателство на Стеван Трифунац, беше свикан состанок на Акциониот одбор на Народната радикална партија за околија Скопска. На неа беа поднесени реферати за извршените подготовки за формирање на околиски одбори, па беше одлучено уште во текот на истиот месец да се одржат по селата конференции за формирање на општински одбори на Народната радикална партија.[466]

Исто така во почетокот на месец ноември 1939 година беше забележана и поголема и интензивна активност на приврзаниците на групата на Аца Станојевиќ во врска со подготовките за одржување на Конференција на радикалната младина и го покренуваат во Скопје својот неделен часопис „Ослобођење".[467]

Кон крајот на месец ноември 1939 година, шефот на Радикалната партија Аца Станојевиќ со Главниот одбор, до Министерот за внатрешни работи ја поднесува на одобрување

465 „Писмо Главног одбора Народне радикалне странке партијским организацијама", в. „Политика", XXXVI, бр. 11273, Београд, 19.X.1939, 7.

466 „Организовање Радикалне странке у Вардарској бановини", в. „Политика", XXXVI, бр. 11302, Београд, 17.XI.1939, 5.

467 в. „Јужна Србија", II, бр. 92, Скопље, 13.XI.1939, 1.

Програмата и Статутот на Народната радикална партија.[468] Во врска со ова, во текот на месец декември 1939 и во почетокот на 1940 година беа одржани повеќе конференции во околија Скопска на радикалите, на кои освен за политичката ситуација во земјата се зборуваше и за Програмата на Народната радикална партија. Особено голема активност во тој поглед развива Стеван Трифунац. Оваа негова активност не останува незабележана од властите. Така во Извештајот за внатрешната ситуација на територијата на Третата армиска област се констатира дека на 14.IV.1939 година во с. Синѓелиќ, околија Скопска, Стеван Трифунац одржал потесна партиска Конференцијата со своите партиски приврзаници и притоа зборувал дека е потребно да се изврши обединување на сите радикали.[469]

И Народната радикална партија на теренот во Вардарскиот дел на Македонија својата активност ја насочуваше пред сé кон омасовување на своето членство за да може, подготвувајќи се за изборите (собраниски и општински) да добие повеќе гласови за своите кандидати.

На крајот може да се заклучи дека во периодот пред и по избувнувањето на Втората светска војна граѓанските опозициони партии својата активност во Вардарскиот дел на Македонија и понатаму ја засновуваа претежно на социјално-економски план,

---

468 в. „Политика", XXXVI, бр. 11311, Београд, 26.XI.1939, 5.

469 А. ИНИ, ф.: III Армиска област, к. XXXV/6, Пов. Ђ. Об. Бр. 899, од 4.V.1940, Скопље; в. „Политика", XXXVI, бр. 11326, Београд, 11.XII.1939, 6.

критикувајќи ја владината социјално-економска политика, а и надворешната политика. Што се однесува до македонското национално прашање тие имаа ист став како и владеачката партија, т.е. не го признаваа постоењето на македонското национално прашање и постоењето на македонците како народ.

## 4. ОДРАЗОТ НА ДОГОВОРОТ ЦВЕТКОВИЌ - МАЧЕК ВО ВАРДАРСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА И ЗАСИЛЕНАТА МАНИФЕСТАЦИЈА НА МАКЕДОНСКАТА НАЦИОНАЛНА ИНДИВИДУАЛНОСТ

По 1939 година, не само во Кралството на Југославија туку и во Вардарскиот дел на Македонија, се создаваат нови објективни услови во политичкиот живот. Тоа е период кога во Вардарскиот дел на Македонија борбата на работничката класа станува составен дел на македонскиот народ за негова национална слобода.

Во првата половина на 1939 година, кога се водат преговорите меѓу Драгиша Цветковиќ и Владимир Мачек за решавање на Хрватското прашање, во решавањето на внатрешно-политичките прашања видно место заземаат и акциите кои имаат за цел истакнување на македонската индивидуалност и на македонското национално прашање, со цел да се покрене и неговото решавање во рамките на Блокот на Здружената опозиција за внатрешно преуредување на земјата. Во пролетта 1939 година во целиот Вардарски дел на Македонија се изведуваат многу акции, пред сé на собирите на Земјоделската партија, на кои отворено се напаѓаше

тогашниот режим, се бараше внатрешно преуредување на земјата врз федеративен принцип, и се истакнуваше македонската национална индивидуалност. Сето тоа беше израз на нараснатото македонско националноослободително движење.

Без големи зборови, без звучни декларации, водејќи сметка за политичката состојба во земјата, и особено во Вардарскиот дел на Македонија, преку пратениците од Вардарскиот дел на Македонија, во Собранието во Белград, јасно и прецизно ќе бидат изнесени програмските барања на македонскиот народ, вешто сообрзаени со можностите што ги даваа конкретните услови. Така во својот говор од 10.III.1939 година Илија Чулевиќ, народен пратеник на Земјоделската партија за Кавадарска околија, осврнувајќи се на многубројните стопански проблеми што го притискаа Вардарскиот дел на Македонија, ќе ги изнесе следните барања за подобрување на состојбата на македонскиот народ: „Дефинитивно и правично ликвидирање на аграрната реформа, прашањето на свиларството, на тутунот, на опиумот, на оризот, на маслодајните растенија, селекција на сточарството, експлоатација на рудните и на шумските богатства, експлоатација на водната енергија, унапредување на туризмот и сообраќајот, реафирмирање на кредитната политика на Народната банка, културен развој на селото, унапредување на народното просветување и т.н."[470] треба да се признае дека тоа

[470] Stenografske beleške Narodne skupštine Kraljevine Jugoslavije, god. VIII, knj. 1, Beograd, 1939. XII Redovna sednica održana 10.III.1939, 672. Овој говор на Илија Чулевиќ потоа ќе биде отпечатен во брошура. Но нејзиното растурање во Вардарскиот дел на Македонија ќе биде забрането.

беше добро дефинирана национална програма на економски план во легални услови.

Развојот на македонското националноослободително движење внесува немир и загриженост во редовите на големосрпскиот режим. Карактерот на македонското националноослободително движење и сознанијата за него беа изнесени на претконференцијата на Бановинскиот одбор на ЈРЗ, на која присуствуваа и пратеници на листата на ЈРЗ во Вардарскиот дел на Македонија, одржана на 25.V.1939 година во Скопје. На таа седница собраните пратеници изнесуваат тврдење дека националното прашање на „нашиот Југ доживеало слом". Министерот Алтипармаковиќ, во својот говор, меѓу другото, ја признал таа положба и рекол: „национализмот во Јужна Србија се наоѓа во 12-час, меѓутоа, одговорноста за ова не ја сносиме ние, туку браќата Срби од север...".

„Пратениците, изразити претставници на српската идеологија на Југот се незадоволни поради владината толеранција. Сите се согласуваат во тоа дека разорните елементи и бугарофилите дигнале глава". Во врска со работата на ЈРЗ, продолжува во Извештајот, во кој се сумирани овие појави, еден народен пратеник на едно дискретно место го рече ова: „Ако се продолжи со ова толерирање, прашањето на Јужна Србија наскоро ќе биде поставено во официјална форма. Четвртиот македонски народ полека се создава. Ова со никаква политика не ќе може повеќе да се промени. На ова движење како македонско движење ќе му се приклучат и оние народни пратеници, кои за сега сеуште се држат резервирано, бидејќи не можат да го издржат притисокот на своите избирачи".

Изразувајќи го потоа мислењето на носителите на режимот во Вардарскиот дел на Македонија, кои енергично барале да се прекине со практиката при секоја промена на режимот да се избираат нови луѓе, се препорачува со испробаните средства на големосрпската политика „во сите режими да се спроведува од испробани луѓе единствена политика: српска - национална". Особено остри забелешки и упатуваат овие кругови на владата затоа што „на водечки места поставувала луѓе докажани (овеани) македонци, автономисти и големи противници на секоја српска мисла; затоа што надлештвата, поштите општините и др. од извесно време се пополнети со новопоставени месни луѓе. Тоа ја оневозможува контролата и им дава можност на анационалните елементи да доаѓаат до израз".[471]

Склучувањето на договорот Цветковиќ - Мачек и решавањето на Хрватското прашање беа примени кај македонскиот народ со големо воодушевување, бидејќи начинот на кој беше решено Хрватското прашање „треба да стане патоказ за извојување на своите права за сите покраини во нашата држава, т.е. дека тоа предизвикува желба и македонскиот народ да ги постигне истите права како и Хрватите".[472]

471 А. ИНИ, ф.: Главен генералштаб, к. XXXVI/7, Ред. бр. 769. Концепт 16 јула 1939, Београд (Месечен извештај за внатрешната политичка ситуација во Југославија за месец јуни 1939).

472 А. ИНИ, ф.: III Армиска област, к. XXXV/6, Пов. Ђ. Об. Бр. 1390, Извештај од 4.X.1939.

Доста важен доказ за непосредните цели на македонското националноослободително движење од овој период е еден леток, пишуван на македонски јазик, без дата, упатен до „сите Македонци без разлика на вера, народност и политичка припадност" со потпис „Македонци". Во него се анализира меѓународната ситуација, опасноста од војната и се реагира на потпишаниот договор Цветковиќ - Мачек, со кој Хрватска добила посебен статус во Кралството на Југославија и, по што се наведува дека во „Југославија не постои само Хрватското прашање", и се нагласува дека народите во Југославија не се бореле за „решавање само на тоа прашање" туку и за „решавање на сите национални барања и за потполна демократизација на земјата". Понатаму се вели:

„Ние, македонските синови од постанокот се бориме за тие идеали одејќи по стапките на нашите борци од минатото, бидејќи и нашата земја и нашиот народ имаат право на човечки живот, на признавање на нашата индивидуалност, култура, историја, јазик, кои нас не одликуваат и одвојуваат од другите... Со такво единствено и делимично решавање на проблемот кој ја тишти Југославија не може да се дојде до мир, спокојство и единство во оваа земја. Затоа, ние денеска дигаме глас за признавање на Македонците, да и тие еднаш станат домаќини во својата куќа; дигаме глас за рамноправност во оваа земја, за враќање на слободата на народите што е основен услов за мир и напредок во

една држава...".[473]

Исто така и во едно писмо упатено до Владимир Мачек и до сите борци за демократија се истакнува дека: „Македонскиот народ го поздравува потпишувањето на договорот Цветковиќ - Мачек од август 1939 година и се бара проширување и решавање на сите национални права на сите народи па и на Македонците, и нему да му се прошират демократските права како и на другите балкански народи и во заедница и соработка со СССР да се осигура мир...".[474]

Општо кажано, во сите извештаи што беа доставувани до режимските власти, беше констатирано дека народот во Вардарскиот дел на Македонија е „привидно задоволен со постоечката политичка состојба во земјата". Притоа се истакнува дека „народот се занесува со мислата за создавање на **Самостојна Македонија** или пак **Бановина Македонија** по примерот на бановина Хрватска".[475]

Протестите на македонскиот народ заради повреденото

---

473 Цитирано според статијата на Ivan Katardžiev, Makedonski komunisti i borba makedonskog naroda za nacionalno i socijalno oslobođenje uoči rata i revolucije, Časopis za suvremenu povijest, god. XIII/2 (36), Zagreb, 1981, 30.

474 А. ИНИ, ф.: Нецат Јашар, к. III, папка IV, Док. бр. 27. Писмо упатено до Владимир Мачек од еден народен пратеник, избран од македонската емиграција во Бугарија, во Софија, Пов. Бр. 20750/39.

475 А. ИНИ, ф.: III Армиска област, к. XXXV/6, Пов. Ђ. Об. Бр. 1043, од 26.V.1940, Скопље; А. ИНИ, ф.: Сеќавања, биографии, изјави, стенографски белешки, податоци и друго од напредното работничко движење, СКОЈ меѓу двете светски војни 1918-1941, к. XXXVIII/22, Ред. бр. 105 (Мире Анастасов, Период на монархо- фашистичката диктатура на крал Александар 1929-1934, 41, 42).

национално чувство како и неговите стремежи да се прифати и третира како национална индивидуалност не наидуваа на некоја голема поддршка кај партиите од Здружената опозиција. Имено, гледиштата на одделните партии, што може да се види од изјавите на партиските водачи, како и од резолуциите, уште повеќе ќе го зацврстат народното убедување дека „ниту една од постојните партии, кои имаат право на непречена активност во Вардарскиот дел на Македонија, не сака да излезе во пресрет на народните барања".[476]

Нараснатата национална свест кај македонскиот народ, која во втората половина на 1939 година беше сѐ поочигледна, како и разните пројави за манифестации за посебноста на македонскиот народ, ја тераа големосрпската буржоазија да презема нови чекори за засилување на големосрпската политика во Вардарскиот дел на Македонија, до толку повеќе што Скопје, според плановите на српските граѓански политичари, требаше да стане центар на една нова бановина т.н. „Српска бановина", која требаше да ги соедини сите „српски земји" во Југославија, вклучувајќи го и Вардарскиот дел на Македонија.[477] За таа цел беше ангажиран целиот државен, полициски и пропаганден апарат, вклучувајќи ги сите просветни, културни и научни установи. Во овој период не беше случајно

476 Божидар Ациjа, „Став У.О. према нашој покраини", в. „Јужна стварност", 1939, 13.

477 Nacrt uredbe o organizaciji Srpske zemlje, 1940. Види во: Branko Petranović, Momčilo Zečević, Jugoslavija 1918-1984. Zbirka dokumenata, Zagreb, 1985, 365, 366.

објавена и статијата на српскиот научник Никола Вулиќ, во белградскиот весник „Правда", со која ја негираше македонската индивидуалност, како и неговиот Апел објавен во истиот весник, со кој ги повикува сите српски културни друштва да му обрнат внимание на Југот.[478] Во засилување на големосрпската политика во Вардарскиот дел на Македонија режимот многу сметаше на „Српскиот културен клуб", формиран во Скопје, летото 1940 година, кој својата активност пред сé ја насочува меѓу средношколската младина.[479]

Сето ова беше проследено со полициски терор и затвори против сите оние што на некој начин ја манифестираа македонската национална индивидуалност.

Тоа што треба да се подвлече е фактот што големосрпскиот режим, без оглед на сите факти со кои секојдневно се судруваше, карактерот на националниот развој на македонскиот народ ќе продолжи да го квалификува како прикриен бугаризам, надевајќи се дека на тој начин полесно ќе се пресмета со него. Може да се каже дека во режимската документација од Вардарскиот дел на Македонија, нешто поради незнаење, а нешто поради немање на ориентација и со претходна намера создадена е збрка при анализирањето на ситуацијата во Вардарскиот дел на Македонија. На исто место се наоѓаат и исправни констатации за самобитниот македонски карактер на движењето на македонскиот народ и

---

[478] в. „Наша реч", бр. 14, 29.III.1940, 1.

[479] в. „Наша реч", бр. 13, 27.II.1940; бр. 14, 29.III.1940,

констатации за бугарскиот карактер на таквото движење кое најчесто се квалификува дека се развива под формата на комунизам, сепаратизам, автономизам и т.н. Се разбира, имало и такви појави во тој период од некои граѓански средини во Вардарскиот дел на Македонија кои сè уште биле под влијание на михајловистите од Бугарија. Но, тоа не било доминантно за да не можело прецизно да се дефинира неговата специфична вредност. Најчесто била во прашање намерна бркотија, која била мотивирана со политички причини.

Поради тоа, паралелно со стекнувањето на јасна претстава за карактерот на македонското национално движење, растела и будноста во следењето на неговиот развој. Почнувајќи од 1935 година тоа беше постојано присутно во сите средини на воениот, полицискиот, културниот, образовниот и административниот апарат на режимот, како во Вардарскиот дел на Македонија, така и во центарот во Белград и сè повеќе се бараа ефикасни средства за оневозможување на неговиот развој без оглед на формите низ кои тој се појавувал, легални или нелегални.

## 5. РАСТЕЖ НА КОМУНИСТИЧКОТО И РАБОТНИЧКОТО ДВИЖЕЊЕ

Во условите на политиката на жесток притисок на големосрпскиот режим заради денационализација и асимилација на македонскиот народ, во услови кога во Вардарскиот дел на Македонија се прогонуваше секоја напредна мисла, секоја иницијатива за самостојно организирање, за добивање на минимални

права за почитување на најосновните граѓански права и слободи на човекот, кога комунистите беа сметани за најопасни непријатели на режимот, не само поради нивната класна припадност, туку, во македонскиот случај, и како носители на борбата за национално ослободување на македонскиот народ, за создавање на македонска национална култура, за развој на македонски литературен јазик, борбата за обнова на партискиот живот, за обнова и поврзување на партиските редови, бараше многу поголеми напори отколку во другите краеви на Кралството на Југославија.

Причината беше не само во општата политика на режимот секаде и со сите средства, како класни непријатели, да се прогонуваат комунистите поради борбата на работничката класа за ликвидирање на капитализмот како општествен систем, туку и поради големосрпските настојувања во Вардарскиот дел на Македонија потполно да се оневозможи создавање на национални политички кадри воопшто, и посебно такви задоени со духот на комунизмот.

Поврзувањето на борбата на работничката класа со национално угнетените маси од градот и селото во Вардарскиот дел на Македонија достигнува врвна точка во периодот 1939-1941, кога борбата на работничката класа во Вардарскиот дел на Македонија стана составен дел на борбата на целиот македонски народ за неговата национална слобода. Во овој период беа преземени чекори и за обновување на Комунистичката партија во Вардарскиот дел на Македонија.

Есента 1939 и пролетта 1940 година во Вардарскиот дел на

Македонија беа формирани Покраински комитет на КПЈ[480] и Покраински комитет на СКОЈ,[481] а во поголем број на градови беа обновени и формирани нови партиски и скоевски организации, на број 16.[482]

Ако се изврши анализа на целокупната работа на КПЈ за Македонија од есента 1939 година до пропаста на Кралството на Југославија, следејќи ја работата на делегатите на ЦК КПЈ во Вардарскиот дел на Македонија, на Светозар Вукмановиќ - Темпо и Сретен Жујовиќ,[483] како и спроведувањето на одлуките на

480 Во јули-август 1939 година во Скопје е формиран ПК КПЈ за Вардарскиот дел на Македонија во состав: Блажо Орландиќ, секретар и членови: Страхил Гигов, Орце Николов и Кочо Попов. Овој ПК не покажал поголеми резултати зашто не работел во полн состав. Во месец април 1940 година беше формиран нов ПК во чиј состав влегоа: Методија Шаторов, Перо Ивановски, Орце Николов и Добривое Видиќ. Во него беше кооптиран и Блажо Орландиќ, а по апсењето на Орце Николов, од средината на 1940 година беше кооптиран и Коце Стојановски. Види повеќе во статијата на Славка Фиданова, Некои моменти од активноста на организацијата на КПЈ во Скопје и околијата во годините спроти априлската војна, Годишен зборник, Филозофски факултет на Универзитетот - Скопје, книга 4 (30) томе, Скопје, 1978, 312-314.

481 Во месец мај 1940 година беше формиран Покраински комитет на СКОЈ во состав: Бајо Видиќ, Беко Башиќ, Илчо Јакимовски, а подоцна беа кооптирани и Митре Инадески и Мито Матевски. Види во: Славка Фиданова, цит. статија..., 314, 315.

482 Славка Фиданова, Улогата на КПЈ во поврзувањето борбата на работничката класа со национарноослободителното движење на македонскиот народ од 1935-1941, Годишен зборник, Филозофски факултет на Универзитетот - Скопје, кн. 23 томе, Скопје, 1971, 126.

483 Види поопширно во: Историја на македонскиот народ, кн. III, Скопје, 1969, 121; в. „Proleter", XVI, br. 1-2, Beograd, januar-februar 1940, 3.

Покраинската конференција на КПЈ за Македонија[484] и на Петтата земска конференција на КПЈ[485] може да се согледа конкретната Програма за целите и задачите на КПЈ во Вардарскиот дел на Македонија во тогашните историски услови а тие беа: „борба за одбрана и афирмација на македонскиот национален индивидуалитет; борба против реакционерните мерки на владата Цветковиќ - Мачек;

484 Покраинската конференција на КПЈ за Македонија е одржана на 8.IX.1940 година во Скопје (на Водно). По сеќавањето на некои учесници (Вера Ацева) на Конференцијата учествувале 18 луѓе, од кои 12 биле делегати на партиските организации, 4 членови на Привремениот ПК и 2 инструктори на ЦК, Светозар Вукмановиќ и Сретен Жујовиќ. На неа беа разгледани сите клучни прашања: од општествениот, меѓународниот и внатрешнополитичкиот интерес, пред сé од интерес за „развој на борбата на македонскиот народ за подобар живот, демократизација и национално ослободување". Во донесената Резолуција, меѓу другото, е истакнато дека „големо значење за комунистичките организации е разбирањето и спроведувањето во дело на революционерната политика и политиката на националното прашање, затоа што тоа се јавува како прашање над прашањата". Види во: А. М., ф.: ПК КПЈ 1940/41, к.1, Инв. бр. 047, резолуција на Покраинската конференција на Комунистичката партија во Македонија.

485 Петтата земска конференција на КП е одржана од 19-23.X.1940 година близу до Загреб и според бројот на делегатите и по важноста на донесените решенија, се смета во литературата дека имаше значење на Конгрес. Таа одигра крупна улога во натамошниот успешен развој на КПЈ и за сестраниот развој на револуционерното движење во Кралството на Југославија. Меѓу другите прашања и проблеми што беа разгледувани, КПЈ посебно внимание им посвети на своите ставови по националното прашање. Во врска со стремежите на македонскиот народ за национална слобода и рамноправност, Конференцијата во усвоената Резолуција прецизира дека е неопходна „борба за рамноправност и самоопределување на македонскиот народ против угнетувањето од страна на српската буржоазија, но, во исто време и упорно разобличување на италијанските и бугарските империјалисти и нивните агенти, кои, исто така, преку демагошки ветувања сакаат да го подјармат македонскиот народ". Види во: „Rezolucija Pete zemaljske konferencije KPJ", Prof. dr. Ferdo Čulinović, Dokumenti o Jugoslaviji, Zagreb, 1968, 342, 343.

борба против скапотијата и шпекулацијата; борба против врзувањето на Кралството на Југославија за било кој империјалистички блок; против вовлекувањето на Кралството на Југославија во војна; сојуз со СССР; борба за демократски, национални и социјални права на работниците и национално угнетените маси во Кралството на Југославија".[486]

И во дискусијата на Покраинската конференција и во дискусијата на Петтата земска конференција основните стремежи беа да се одреди стремежот на развојот на македонскиот национален процес и во дадените услови да се прецизираат програмско-политичките задачи на КПЈ во завршувањето на борбата за национално и социјално ослободување на македонскиот народ.

Постигнатиот успех во организационото зацврстување на македонската комунистичка партиска организација овозможува да се развие широка пропагандна дејност. Во текот на месец јуни 1940 година ПК започнува да го издава својот орган „Билтенот", во кој на македонски јазик беа печатени прогласи и соопштенија на ЦК КПЈ, директивни статии, политички и стопански прегледи, вести за штрајкови, тарифни и други акции на работниците, историски материјали, коментари и друго.

Посебно внимание во пропагандната активност привлекуваат летоците кои беа издавани од ПК и Месниот комитет, Од 1939 до месец февруари 1941 година во Вардарскиот дел на Македонија,

486 Види во: „Rezolucija Pete zemaljske konferencije KPJ", prof. dr. Ferdo Čulinović, cit. delo..., 342, 343; Ivan Katardžiev, cit. statija..., 46.

колку досега е познато, се објавени 20 летоци.[487] Само еден поглед на тие летоци покажува дека не станува збор за безначаен пропаганден материјал, туку за документација во која беше изложена целокупната програмска и практична акција на Комунистичката партија во Вардарскиот дел на Македонија. Летоците се однесуваа на најразлични проблеми: за работничката класа, за внатрешната и надворешната политика на владата, за национално-ослободителната борба на македонскиот народ и друго.

Консолидацијата и развитокот на КПЈ во Вардарскиот дел на Македонија овозможија брзо и непосредно вклучување на комунистите, студентите, скоевците и нивните симпатизери во низа општествено-политички акции и манифестации кои имаа за цел истакнување на македонската национална индивидуалност и на македонското национално прашање.[488]

---

487 Ivan Katardžiev, cit. statija..., 33.

488 Меѓу овие акции и манифестации би ги истакнале следниве: 1) Акцијата преземена по повод одбележувањето на 150 - годишнината од француската револуција, кога во Скопје е одржано предавање посветено на француската револуција, кое на успешен план беше поврзано со борбата на македонскиот народ за национална слобода, која доби врв во Илинденското востание и Крушевската република. 2) Прославата на годишнината на Илинденското востание во 1940 година, позната како илинденски демонстрации (во Прилеп, Охрид, Скопје, Велес и во други места), потполно ја потврдува дотогашната ориентација на борбата за мобилизација на масите. Демонстрациите потполно го изненадиле режимот во Вардарскиот дел на Македонија. Репресалиите кои режимот ги презел спрема демонстрантите, за време на празникот и потоа, не само што ја покажале неговата потполна изолација, туку уште повеќе придонеле за поврзување на масите. 3) Акциите во врска со истапувањето на професорот на Белградскиот универзитет Никола Вулиќ дека божем „не постои никаква посебна македонска народност". Ова истапување предизвикало голема огорченост што се изразило во отворените

Пред и по одржувањето на Петтата земска конференција се засилуваат и добиваат масовни размери штрајковите и тарифните акции на работниците во Вардарскиот дел на Македонија. Особено ставовите и заклучоците на оваа Конференција дадоа силен поттик за разгорување не само на политичката туку и на економската борба на работниците. Беа организирани низа штрајкови и тарифни акции поради скапотијата и шпекулацијата. Реакционерната профашистичка влада, застапувајќи ги интересите на капиталистите, настојуваше со секакви средства тешкотиите и товарот од војната да го стави врз грбот на работниците. Затоа работниците стануваа сé порешителни во економската борба против скапотијата,

писма и одговори што по тој повод му се испраќаа. Во отвореното писмо категорички се тврди дека „македонската народност т.е. националност, постои, без оглед на тоа што не е создадена македонска држава. А како главна причина за тоа што Македонците останале без сопствена држава се посочуваше политиката на „српските, бугарските и грчките империјалисти, кои се сојузија, ја заграбија, ја расцепија и поробија Македонија". Важно место во писмото заземаше аргументирањето на постоењето на македонскиот јазик. 4) Своe политичко значење и одраз меѓу населението во овој период имаа и акциите што ги водеа напредните студенти од Филозофскиот факултет во Скопје. При крајот на 1939 година се истакнуваа акциите што беа водени во знак на солидарност со студентите на Белградскиот универзитет. Во пролетта 1940 година се значајни акциите што се водеа за одбрана на автономијата на универзитетот. Овие и сите други студентски акции претставуваа дел од политичката борба на целиот македонски народ против постојниот ненароден режим во Кралството на Југославија. За сите овие акции види поопширно кај Славка Фиданова, Некои моменти од активноста на организацијата на КПЈ во Скопје и околијата спроти априлската војна, Годишен зборник, Филозофски факултет на Универзитетот - Скопје, книга 4 (30) томе, Скопје, 1978, 309-310; 331-340; Милица Дамјановић, Напредни покрет студената Београдског универзитета, књ. II. Београд, 1974, 301-307, 347-350; Ivan Katardžiev, cit. statija..., 38-41.

шпекулацијата и немаштијата. Вистински штрајкувачки бран го зафати Вардарскиот дел на Македонија во есента 1940 година, макар што штрајкови имаше и пролетта истата година. Само во Скопје, во текот на 1940 година, беа изведени 17 тарифни акции и штрајкови, од кои 12 беа штрајкови, а 5 тарифни акции.[489]

Исто така штрајкови и тарифни акции беа изведени и во Велес,[490] во Прилеп,[491] во Куманово,[492]

---

[489] Од поголемите штрраjкови и тарифни акции изведени во Скопје би ги истакнале следните: во мај 1940 год. штрајкуваа работниците од текстилната фабрика „Вардар", папучарските работници, работниците од работилницата за килими и работниците во претпријатието „Тулбен". Во месец август 1940 година штрајкуваа работниците во фабриката за керамика „КИС"; Во месеците септември и октомври 1940 година имаше најголем број штрајкови и тарифни акции, и тоа: во месец септември во штрајк стапија металските работници во металската работилница на Папатеодоси и од металската работилница на Антон Ручигај; во месец октомври во штрајк стапија и работниците од фабриката за конзерви „Факир" и столарските работници, а тарифни акции водеа дрводелските, берберско-фризерските и чевларските работници. Види во: А. ИНИ, ф.: Неџат Јашар, к. III, папка VI, Инв. бр. 5353, Док. бр. 128, 129, 131, 134; Дејан Алексиќ, „Наша реч" 1939-1941, Скопје, 1960, 167-168, 186-187, 195-196, 168-172, 172-174, 196, 199, 188-189; Славка Фиданова, цит. статија..., 321-325.

[490] Во месец април 1940 год. во Велес беше организиран штрајк на монополските работници во кој зеле учество околу 500 работници, како и штрајк на кондураџиските работници, на рударите и кожарите. Види во: А. ИНИ, ф.: III Армиска област, к. XXXV/6, Извештај за месец април 1940; А. ИНИ, ф.: Неџат Јашар, к. III, папка VI, Инв. бр. 5353, Док. бр. 171, 127.

[491] Во месеците октомври и ноември 1940 год. во Прилеп штрајкуваа: дрводелските, мелничките, пиварските и винарските работници, како и работниците од керамичката индустрија. Види во: А. ИНИ, ф.: Неџат Јашар, к. III, папка VI, Инв. бр. 5353, Док. бр. 131, 135, 171.

[492] На 4.XI.1940 год. во Куманово штрајкуваа работниците во мелницата „Куманово", во знак на солидарност со мелницата „Балкан" од Скопје. Види во: А. ИНИ, ф.: Неџат Јашар, к. III,

во Кавадарци,[493] во Струга , Струмица и Маврови Анови[494] и на други места.

Најголемиот број од работничките штрајкови и тарифните акции завршуваат со успех, со потпишување на колективни договори со кои, според специфичноста на стопанската гранка се предвидуваше: зголемување на надниците, намалување на работното време, признавање на синдикалната организација УРС, право на прослава на 1 мај, право на избирање на работнички повереници, укинување на прекувремената работа, подобрување на условите за живот и друго.

Штрајковите и тарифните акции што се изведоа во 1940 година во Вардарскиот дел на Македонија беа сигурен знак за успешното поврзување на Комунистичката партија со широките слоеви од населението и ја покажуваа нараснатата свест, организираност и солидарност на работничката класа. Низ штрајковите и тарифните акции работниците жилаво се бореа за правото на синдикално здружување, т.е. за запазување или за создавање на УРС-овите синдикати. Полицијата, власта и капиталистите, и покрај употребата на секакви средства за сузбивање на штрајковите - од застрашувања, апсења и воена мобилизација - не беа во состојба да

папка VI, Инв. бр. 5353, Док. бр. 134.

493 Во Кавадарци штрајкуваа чевларските и берберските работници. Види во: А. ИНИ, ф.: Неџат Јашар, к. III, папка VI, Инв. бр. 5353, Док. бр. 132.

494 Во месец октомври 1940 год. во Струга, Струмица и Маврови Анови штрајкуваа работниците за исушување на струшкото, струмичкото и мавровското поле. Види во: А. ИНИ, ф.: Неџат Јашар, к. III, папка VI, Инв. бр. 5353, Док. бр. 171.

ја скршат борбената волја и единство на работниците. Затоа, реакционерната влада Цветковиќ - Мачек, сознавајќи ја важноста и улогата на УРС-овите синдикати за класната борба на работниците, на 24.XII.1940 година донесува одлука за распуштање на УРС-овите синдикати, а ноќта меѓу 30 и 31 декември истата година ја спроведува оваа одлука.[495]

Со затворањето на овие синдикати сепак не се оствариja наполно намерите на реакционерната влада, бидејќи партиските организации веднаш ги презедоа задачите и работата на синдикатите на формираните полулегални синдикални комисии, кои заедно со формираните работнички одбори по претпријатијата, управуваа со тарифното и штрајкачкото движење.

Општо кажано, борбата на работничката класа во Вардарскиот дел на Македонија, која имаше економски карактер, претставуваше дел на борбата на целиот македонски народ за политичка и национална слобода, бидејќи работникот не може да биде слободен ако неговиот народ, на кој му припаѓа, не е национално слободен.

## 6. ПРИСТАПУВАЊЕ НА КРАЛСТВОТО НА ЈУГОСЛАВИЈА КОН ТРОЈНИОТ ПАКТ

Во сплетот на империјалистичките интереси Германија, Италија и Јапонија на 27.IX.1940 година во Берлин потпишуваат договор

[495] Čedomir Đurđevac, Jugoslavija uoči Drugog svetskog rata i politika narodnog fronta, iz istorije Jugoslavije, Zbornik predavanja, Beograd, 1958, 325.

т.н. „Троен пакт" со кој меѓусебно ги поделиле не само интересните сфери во светот туку истовремено го утврдуваат и меѓусебниот сојуз за помош во своите експанзионистички акции, не исклучувајќи ја притоа ни взаемната помош во војната.[496]

Тројниот пакт ја изразуваше поврзаноста на овие агресорски држави кои со тоа јасно го покажуваа својот империјалистички експанзионизам. Владите на Третиот рајх и на фашистичка Италија со тоа уште повеќе се поврзуваат и во својот експанзионизам спрема соседните земји без многу прикривање истапуваат сé повеќе заканувачки, особено кон државите кои не сакаа да се потчинат на нивната доминација. Меѓу тие земји се наоѓаше уште од првиот ден на Втората светска војна и Кралството на Југославија. За пристапувањето на Кралството на Југославија кон Тројниот пакт постоеја надворешнополитички и внатрешнополитички причини. Надворешнополитичката причина произлегуваше од тогашниот сé поголем подем на силите на Оската, а покрај тоа и од сé поголемиот притисок од Италија и Третиот Рајх врз Кралството на Југославија, по секоја цена да го вовлечат во својот табор. Треба да се признае и тоа дека низа значајни настани во светот беа и очигледна опомена за тогашните врвови во Кралството на Југославија. Имено, по германскиот напад на Полска (1.IX.1939) и објавата на војна на Германија од страна на В. Британија и Франција (3.IX.1939), потоа по германската инвазија на Данска и

[496] Prof. dr. Ferdo Čulinović, Dokumenti o Jugoslaviji, Zagreb, 1968, 346 („Trojni pakt", Berlin, 27 septembar 1940).

Норвешка (9.IV.1940), на Холандија, Луксембург и Белгија (10.V.1940) и по италијанскиот напад на Грција (28.X.1940), сé повеќе се ближеше часот на истапувањето на силите на Оската против Кралството на Југославија. На 1.III.1941 година Кралството на Југославија беше опколено од сите страни со вооружените сили на Оската, единствено останува слободно спрема Грција, која и самата беше во војна со Италија. Во такви услови доаѓа до преговори со Третиот Рајх за пристапување на Кралството на Југославија во кругот на земјите на Оската.

Внатрешнополитичките причини лежеа, меѓу другото, во длабокото незадоволство на масите со тогашниот режим. Претпазливоста пред огорчувањето на народните маси, со настојување да го осигура својот режим, беше една од причините, која ја опоменуваше владата Цветковиќ - Мачек на барање на таков излез од тогашната криза поради состојбата во земјата, како во социјален така и во национален поглед.

Од надворешнополитичките и внатрешнополитичките причини јасно може да се види дека владеачките кругови во Кралството на Југославија во договорот со силите на Оската гледаа можност да ги решат двата основни проблеми: 1) Политичките врвови во Кралството на Југославија со пристапот кон Оската сакаа да добијат моќен сојузник против револуционерното превирање во својата земја, особено против „комунистичката опасност" и 2) со тоа истовремено да ја отстранат опасноста од подоцнежна можна фашистичка

интервенција.[497] Тоа беа, меѓу другото, основните мотиви владата Цветковиќ - Мачек отворено да пристапи кон Тројниот Пакт.

По повеќе кратки советувања на Дворот и заклучокот на владата од 24.III.1941 година да се прифати Тројниот Пакт, вечерта (на 24 март) отпатувале во Виена претседателот на владата Драгиша Цветковиќ и Министерот за надворешни работи Александар Цинцар-Марковиќ и утредента на 25.III.1941 година го потпишале договорот за пристапување на Кралството на Југославија кон Тројниот Пакт.[498]

Покрај овој Протокол на југословенската влада ѝ беа упатени и три ноти[499] на кои не им е даден публицитет, како не би се предизвикало незадоволство кај другите членови на Оската, поради отстапките дадени на Кралството на Југославија.

Кралството на Југославија со прифаќањето на Тројниот Пакт, влегува во склоп на државите на Оската и спрема тоа се потчинуваше на раководството (фактично и на доминацијата) на владата на Третиот Рајх и на фашистичка Италија. Со самото тоа таа се одрекнува од својот полн суверенитет, бидејќи својата надворешна (но и внатрешна) политика ја подредува на политичките

---

497 Види повеќе кај Ferdo Čulinović, Jugoslavija izmedu dva rata, II, Zagreb, 1961, 174-178.

498 Prof. dr. Ferdo Čulinović, Dokumenti o Jugoslaviji, Zagreb, 1968, 347(„Bečki Protokol od 25 marta 1941"); „текст Протокола о приступању Југославије Пакту трију сила", в. „Политика", XXXVIII, бр. 11786, Београд, 26.III.1941, 1.

499 Види повеќе кај Prof. dr. Ferdo Čulinović, cit. delo..., 348-350.

интереси на силите на Оската. Тој фатален чекор не го оправдуваше никакво ветување од страна на владата на Германија и на Италија дека нема да го вовлечат Кралството на Југославија во војна на страна на потписниците на Тројниот Пакт. Хитлер дотогаш не одржал ни едно свое ветување на другите држави, па сосема беше веројатно дека тоа не би го одржал ни во поглед на Кралството на Југославија.

## 7. НАСТАНИТЕ ОД 27 МАРТ 1941 ГОДИНА И ФОРМИРАЊЕ НА ВЛАДАТА НА ДУШАН СИМОВИЌ

Потпишувањето на виенскиот протокол со кој Кралството на Југославија пристапува кон Тројниот Пакт предизвикува во целата земја веднаш тревога,[500] а на запад (во антихитлеровските земји)

---

500 За прифаќање на Тројниот Пакт и влегувањето на Кралството на Југославија во склоп на силите на Оската, со потпишувањето на Виенскиот протокол, се изјаснија државните врвови со Кралското намесништво покрај владата Цветковиќ - Мачек и политичките кругови на кои таа влада се потпираше. Но, и тука треба да се истакне дека на пример Селско-демократската партија не беше сигурен потпирач за таквата политика, бидејќи приврзаниците на оваа Партија беа против тој надворешнополитички курс на владата. Петоколонашките елементи беа делимично задоволни со Виенскиот протокол, освен оние (профашистички елементи) кои во него гледаа пречка за директен удар на Оската на Кралството на Југославија и на негово уништување.

Против надворешнополитичкиот курс на владата Цветковиќ - Мачек, изразен со потпишување на Виенскиот протокол, беше огромниот дел на населението во државата. Против него беа не само комунистите туку и буржоаско-демократските либерални кругови, а особено антифашистите кои во потпирањето на Кралството на Југославија во Оската гледаа опасност дека земјата наскоро ќе биде директно вовлечена во кругот на

непријатно изненадување.[501] Се чувствуваше дека Кралството на Југославија се наоѓа пред многу важни настани. И навистина, во земјата веќе уште вечерта на 25 март 1941 година започнуваат демонстрациите против владината политика и потпишувањето на Виенскиот протокол. Широко движење на народните маси го зафати и разбранува и целиот Вардарски дел на Македонија. До масовни демонстрации доаѓа на 25 и 26 март во повеќе градови (Битола, Велес, Гевгелија, Струмица, Кавадарци и други). Но, најголеми демонстрации беа одржани во Скопје. Според жандармерискиот Извештај од 26 март 1941 година „демонстрациите во Скопје зафатиле огромен дел од населението, особено младината и

фашистичките сили, на кои тогаш ќе им користи во нивната против југословенска политика. Со овој договор се знаеше заправо на што владата Цветковиќ - Мачек го обврзала Кралството на Југославија. Во идеолошко-политички поглед прифаќањето на Тројниот Пакт значеше обврска на отворено скршнување во фашизам, а на масите им беше познато каков е тој систем. Во правно-политички поглед јавноста тогаш увидува дека тој Протокол е многу важен. Притоа се увиде самоволието на дворската камарила, која немајќи обѕир спрема јавното мислење во земјата, тргнува по свое мислење. Поради тоа во демократските кругови се јавува запрепастување кое сè повеќе растело.

501 Во странство, веста за Виенскиот протокол ги шокира антифашистичките кругови. Се знаеше дека владата на Третиот Рајх врши притисок врз југословенската влада за да го прифати фашистичкиот Троен пакт. Светот веќе ги познаваше Хитлеровите методи, па сепак потпишувањето на Пактот во светот (освен во земјите на Оската) беше примен како непријатност, како победа на дипломатската акција на владата на Оската. Балканот во тогашната светска политичка констелација беше значајно подрачје на кое се вкрстуваа интересите на големите сили, а Кралството на Југославија станува центар на нивната борба околу влијанието во него. Но, некои влади на западните држави не губеа надеж дека состојбата во поглед на Кралството на Југославија сè уште може да се поправи.

пролетаријатот, па претпоставувале доста жива и одлучна осуда на намесничкиот режим, особено со оглед на неговата профашистичка политика. Во Скопје собирот беше пред учителската школа... На плоштадот Крал Петар се собраа околу 6000 луѓе од сите сталежи, од каде тргнаа по патот кон Филозофскиот факултет. Пред Филозофскиот факултет се собра втора група. Преземени се мерки двете групи да не се состанат...На теренот вршат служба полицијата и жандармеријата...".[502]

Во демонстрациите најмасовно учество зедоа младинците (учениците и студентите) кои демонстрираа против предавничката влада и Тројниот пакт, истакнувајќи ги паролите: „Подобро гроб отколку роб", „Подобро војна отколку пакт", „Бараме сојуз со Советскиот сојуз". За да ја оневозможи да учествува во демонстрациите средношколската младина, владата, вечерта на 26 март донесува наредба за затворање на сите средни училишта во државата. Но, демонстрациите продолжиле и понатаму и добиваат масовни размери и на 27 март.

За тоа какво внимание и одглас имаа мартовските настани во Вардарскиот дел на Македонија може да се види од „Апелот на заменикот бан Александар Цветковиќ упатен до народот од Вардарска

502 А. ИНИ, ф.: Главен генералштаб, к. XXXVI/7, Док. Пов. Ј. Б. Бр. 1360, од 26 март 1941 год. Меѓутоа треба да се напомене дека во полициските извештаи, а и во литературата се сретнува голема бројка на демонстранти. Со тоа се сакаше, од познати причини, да се прикаже дека демонстрантите и во „Јужна Србија" т.е. во Вардарскиот дел на Македонија, биле на рамна нога „патриоти" како и демонстрантите во Крагуевац и Крушевац. Повеќето од овие демонстранти - „патриоти" беа службеници и чиновници.

бановина", со кој, плашејќи се демонстрациите да не земат друг несакан правец, тој го повикува народот **„да ја запази присебноста на духот и потребната ладнокрвност" ... „мирот и редот, продолжува Цветковиќ во својот апел, треба да бидат запазени, така што, патриотските манифестации да не бидат претворени во злонамерни демонстрации ... кои би биле штетни за нашето достоинство".**[503]

Самиот Апел на подбанот Александар Цветковиќ јасно ја покажува неговата загриженост од натамошниот развој на тие настани.

Незадоволството од потпишувањето на Виенскиот протокол со кој Кралството на Југославија пристапува кон Тројниот Пакт, од една, и мартовските демонстрации во врска со тоа, од друга страна, доведоа ноќта меѓу 26 и 27 март 1941 година да се изврши државен удар со кој наместо владата Цветковиќ - Мачек на чело на државата дојде владата на генерал Душан Симовиќ, еден од главните актери во ударот.

Во Кралството на Југославија се очекуваше дека после 27 март владата на генерал Душан Симовиќ ќе тргне по нови патишта, спротивни од политичкиот курс на владата Цветковиќ - Мачек. Се веруваше дека извршениот преврат навистина ќе претставува прекретница која ќе се одрази и во внатрешниот и во надворешниот политички живот. Но, таквите очекувања не се остваруваат.

503 А. ИНИ, ф.: Сеќавања - мемоари, хроники, фотокопии, и „туѓи", „Т" материјали (Цветковић Александар, Сеќавање како подбан на Вардарска Македонија од 1938, 34).

Владата на Душан Симовиќ требаше да биде концентрациона затоа што во неа влегоа претставници главно на сите граѓански партии, па и министри од бившата влада, освен Драгиша Цветковиќ и некои нему најблиски луѓе. Во новата влада немаше претставници на КПЈ (иако со акциите од 27 март КПЈ истапува во прилог на државните промени), зашто спрема неа новата влада го задржала главно истиот став како и претходните влади.[504]

Владата на генерал Душан Симовиќ не изработува своја програма. На внатрешен план, освен донесената одлука „за амнестија на сите политички затвореници по Законот за заштита на државата... и распуштање на воените концентрациони логори",[505] таа не направила ништо повеќе за вистинска демократизација на земјата и за решавање на основните животни прашања на широките народни маси. На надворешен план целата дејност на владата на Душан Симовиќ беше во тоа, во врска со непосредната опасност од Оската, да направи што е можно повеќе за отстранување на очекуваната агресија.

Во деновите после 27 март изгледаше како во Кралството на Југославија да исчезнале старите граѓански политички партии. Оние политичари кои до тогаш толку пати истапуваа околу решавањето на политичката криза, било на страна на владата, било на страна на опозицијата, во новосоздадената ситуација замолчале. Но додека

[504] Ferdo Čulinović, Jugoslavija izmedu dva rata, II, Zagreb, 1961, 211.

[505] Истото, 213.

граѓанските партии исчезнуваат од политичката сцена, тие денови се јавува политичката партија, која со години дотогаш беше во длабока илегалност, прогонувана и од владината и од опозиционата страна. Тоа беше КПЈ, која тие денови истапува со засилена активност и непосредно пред фашистичкиот напад го повикува народот на Кралството на Југославија на собир и на подготовка за одбрана на слободата и независноста на земјата.

## 8. ФАШИСТИЧКИОТ НАПАД И КАПИТУЛАЦИЈАТА НА КРАЛСТВОТО НА ЈУГОСЛАВИЈА

Иако владата на Душан Симовиќ настојуваше на повеќе начини да ја увери владата на Третиот Рајх во својата волја да го признае Тројниот Пакт и да ја продолжи надворешната политика на владата Цветковиќ - Мачек, која беше прекината на 27 март, сепак Хитлер со своите најблиски соработници не дозволува да се излаже **за вистинскиот карактер** на извршениот превврат во Кралството на Југославија. Тој го протолкувал превратот не само како рушење на договорот за прифаќање на Тројниот Пакт туку и како напад на него лично, удар нанесен на неговата лична суета, на неговиот престиж; југословенскиот 27 март доаѓа како неприкриено отфрлање на преземените договорни должности спрема Третиот Рајх, и тоа во часот кога германските вооружени сили ја зазеле скоро цела Европа.

Непосредно, откако дознава за настаните во Кралството на Југославија на 27 март, Хитлер решава Југославија да ја уништи „и

војнички и како држава". За таа цел на своите најблиски (воени) соработници им ја изјавува својата одлука за напад на Кралството на Југославија,[506] а во германскиот Главен штаб беше донесен и воениот план под име „Упатство 25".[507]

Покрај воените подготовки Хитлер наредува и во политички поглед да се преземе сé што е потребно Кралството на Југославија да се уништи „и како држава". Во тој поглед владата на Третиот Рајх го **искористува југословенското национално прашање.** Во врска со тоа, во директивниот акт изработен на 28 март, меѓу другото се вели: **„Бидејќи Србите спрема несрпските народни групи во Југославија, а пред сé спрема Хрватите и Македонците, секогаш спроведувале безобѕирна диктатура, на овие треба да им се истакнува, дека германската војска не доаѓа како непријател на Хрватите, Босанците и Македонците...".**[508]

Што значи владата на Третиот Рајх со тоа сакаше да им се претстави на Хрватите и Македонците, а и на Босанците како ослободител од српското национално угнетување. Но, и покрај истакнувањето на својата „националноослободителна" улога, владата на Третиот Рајх, на крајот од директивата, отворено им се закануваше на сите оние кои не би ја прифатиле оваа нацистичка

---

506 Prof. dr. Ferdo Čulinović, Dokumenti o Jugoslaviji, Zagreb, 1968, 364-365 (За тоа зборува записникот кој гласи „Razmatranje o položaju i Jugoslaviji").

507 Истото, 365-366 (Види: „Uputstvo 25").

508 Истото, 366-376 („Smjernice u pogledu pitanja propagande protiv Jugoslavije").

концепција и кои би станале со оружје против тој „ослободител".[509]

Нападот на Кралството на Југославија, без објава на војна, започнува во зората на 6.IV.1941 година со германското бомбардирање на Белград и со истовремениот продор на германските трупи преку југословенската граница. Покрај Белград беа бомбардирани и други југословенски градови. И Скопје беше бомбардирано од германската авијација на 6 април. На 7 април беше бомбардиран Велес и за кусо време германските окупаторски единици навлегоа во Вардарскиот дел на Македонија.

Во текот на краткотрајната војна се покажа сета гнилост на буржоаско-монархистичката југословенска држава и капитулантството на нејзините политички и воени врвови.

На 17.IV.1941 година беше потпишана капитулација на Кралството на Југославија, при што тоа престана да постои како држава во своите дотогашни граници.[510] Нејзината територија беше окупирана, раздробена, поделена и анектирана од Германија, Италија и нивните сојузници, со што настанаа нови крајно тешки услови за југословенските народи, па и за македонскиот народ.

Во месец април 1941 година беше распарчена и територијата на Вардарскиот дел на Македонија помеѓу Бугарија и Италија.[511]

---

509 Истото.

510 Истото, 374-376 („Odredbe o izvršenju primirja između Nemačke i jugoslovenske oružane sile").

511 Види поопширно во: Историја на македонскиот народ, кн. III, Скопје, 1969, 134-136.

Со капитулацијата, апреилската војна за Кралството на Југославија беше формално завршена и силите на Оската веруваа дека со актот на капитулацијата навистина беше завршена војната во Југославија и дека (според Хитлеровите одлуки) Кралството на Југославија е уништено „и војнички и како држава".

Но настаните кои потоа уследуваат ги демантираа очекувањата на окупаторот. Со 17.IV.1941 година завршува една етапа од развојот не само на југословенските народи туку и на македонскиот народ. Капитулацијата и распарчувањето на Кралството на Југославија му донесе и на Вардарскиот дел на Македонија нова насилна поделба, фашистички јарем и ново национално угнетување и стопанско ограбување.

* * *

# ЗАКЛУЧОК

Најтрагична последица од Балканските и од Првата светска војна беше раскинувањето на географската, економската, политичката и етничката целина на Македонија. По пропаста на Турција на Балканот, Македонија беше окупирана и поделена меѓу Србија, Грција и Бугарија. Ваквата состојба беше потврдена на Версајската мировна конференција. Разделен со вештачки граници, по 1919 година, македонскиот народ беше подложен на тешка економска експлоатација, на политичка обесправеност, на национална непризнаеност и угнетување, со крајна цел - етнички да биде ликвидиран. Оваа поделба на македонскиот народ, кој дотогаш упорно се бореше за своја национална слобода, му нанесе голема историска неправда и му го оневозможи неговиот натамошен самостоен развиток. Македонскиот народ беше исправен пред нови општествено-политички прилики и единствена алтернатива за него остануваше натамошната борба, која овој пат, поради новите околности, стануваше далеку посложена и потешка.

Историскиот развиток на македонскиот народ што влезе во составот на Кралството на СХС (подоцна Кралство на Југославија) опфаќа неколку периоди: период на создавањето, обликувањето, уставните борби и конституционалната потврда на новото Кралство (1918-1921); период на Парламентаризмот (1921-1928); период на

Диктатурата (1929-1934) со нагласување на периодот на ограничена уставност, 1931 година; и период од 1935 до 17.IV.1941 година, што се карактеризира со низа специфични партиски, меѓународни, социјално-економски и национални појави кои се истакнуваат по напуштањето на Диктатурата. Тука би ја истакнале и годината 1939 поради почетокот на Втората светска војна во Европа, создавањето на Хрватската автономија, ревизија на централистичкото уредување на Кралството на Југославија и заострување на националните противречности.

Воведувањето на Шестојануарската диктатура (1929) се поклопува со големата светска економска криза, која остави длабоки последици не само на селското стопанство, туку и на другите стопански гранки во Вардарскиот дел на Македонија. Покрај сите тешкотии што ги носеше економската криза, македонското стопанство мораше да трпи уште и поради лошиот одраз на аграрната реформа и колонизација што се спроведуваа во Вардарскиот дел на Македонија.

Шестојануарската диктатура имаше свој одраз и во политичкиот живот во Кралството на Југославија, па според тоа и во Вардарскиот дел на Македонија. Диктатурата имаше длабоки последици за понатамошната положба на граѓанските партии и нивната понатамошна активност. Не само затоа што тое беа забранети туку и поради тоа што во партиите доаѓа до внатрешно подвојување и нивно разбивање. Поединци и групи од нивните редови се придружуваат кон режимот и стануваат негови носители. Партиските раководства претежно остануваат на страна. Тоа беше

поради тоа што во таква положба ги ставаше и самата шестојануарска Прокламација, која пак своето оправдување го наоѓаше во тврдењето дека всушност политичките партии ја доведоа земјата во ситуација кога постанало потребно да се укине парламентарно-политичкиот живот.

Ликвидирајќи ја во самиот почеток улогата на политичките партии, режимот веднаш покажува цврста тенденција на таа основа за подолго време да се стабилизира и покажува намера да не се дозволи обновување на старите политички партии. Веќе и тоа беше доволна причина раководствата на граѓанските партии да преминат кон неодреден став, кој беше карактеристичен за првиот момент, т.е. да преминат во опозиција спрема режимот. Но, тоа не е направено во некој опозиционен настап против режимот, туку во една пасивна форма. Меѓутоа, без оглед на формата низ која тој опозиционен став спрема режимот се искажуваше, смислата му беше во барањето шестојануарскиот режим да се ликвидира, парламентарниот режим да се поврати, граѓанските партии повторно да бидат носители на политичкиот живот во Кралството на Југославија, како пред прогласувањето на Диктатурата. Србијанските политички партии (кои воглавно делуваа и во Вардарскиот дел на Македонија) пред сé на таа основа го изградуваа својот став спрема режимот.

Шестојануарскиот режим набрзо се наоѓа пред големи тешкотии. Поради внатрешнополитички и надворешнополитички причини Кралскиот двор доаѓа до уверување дека треба да се модифицираат дотогашните форми низ кои режимот се развиваше и да побара поддршка во

обновувањето на парламентарно-политичките методи.

Со донесувањето на Октроисаниот устав (1931) доаѓа до оживување на граѓанските партии. До 1934 година активноста на граѓанските партии во Вардарскиот дел на Македонија (првенствено на србијанските) особено ќе се засили. Тие активно работат на создавање на свои организации и клубови во Вардарскиот дел на Македонија главно за осигурување на гласачи на изборите. По убиството на кралот Александар (1934) започнуваат нови политички групирања и превирања а граѓанските партии развиваат мошне интензивна активност за парламентарните избори во 1935 година, која активност е карактеристична и за Вардарскиот дел на Македонија.

Во нашата понова политичка историја периодот од 1935 до 17.IV.1941 година се одликува со извесни особености кои го прават посебна целина. Внимателниот увид во политичкиот живот упатува на заклучокот дека во прашање е комплексна проблематика, сложени политички движења и односи, при што активноста на поголем дел од политичките партии, со оглед на периодот на политичкиот систем, се одвива задкулисно, било да станува збор за владеачките кругови, било да се работи за претставниците на опозиционите сили.

Појавите што го карактеризираат политичкиот живот во Кралството на Југославија (во тој контекст и во Вардарскиот дел на Македонија) во периодот од 1935 до 1941 година е несомнено бројноста на политичките партии и притоа регионалноста на тие организации во поглед на подрачјето на политичкото дејствување.

Исто така за политичкиот живот во споменатиот период е карактеристична острината на борбата меѓу спротивните политички организации кои ги одразуваат интересите на одредени социјални слоеви и национални групи.

Иако водечките сили на поедините граѓански партии во овој период дејствуваа во услови на граѓанскиот демократски парламентаризам, постоеја знатни несогласувања и остра меѓусебна борба околу битните внатрешнополитички прашања (т.е. борба за власт), но сите тие беа помалку или повеќе солидарни кога се работеше за гушење на револуционерното движење.

Периодот по 1935 година во Вардарскиот дел на Македонија, во целокупниот општествено-економски и политички живот, го карактеризира активноста на Југословенската радикална заедница. Оваа политичка групација, во чиј состав влегоа: Радикалната партија, Словенечката људска странка и Југословенската муслиманска организација, требаше да биде социјално-политичка групација на новата влада (владата на Милан Стојадиновиќ), која преку неа всушност создаде широк и хомоген граѓански фронт наспроти јакнењето на револуционерното движење. Но ЈРЗ не постанува хомогена политичка организација. Таа прокламираше интегрално југословенство негирајќи го постоењето на одделните југословенски народи и народности, непризнавајќи го како и дотогаш македонскиот народ, но за да добие повеќе приврзаници за себе таа во своите редови примаше и месни луѓе од Вардарскиот дел на Македонија. Општо земено Милан Стојадиновиќ и неговата Партија беа приврзаници на централистичка унитаристичка Југославија под

доминација на српската буржоазија. Имено, ЈРЗ преку својата Програма во Вардарскиот дел на Македонија и понатаму ја спроведуваше политиката на денационализација и асимилација на македонскиот народ (преку колонизацијата, економската и просветната политика).

Во овој период во Вардарскиот дел на Македонија, надвор од рамките на владината политичка партија - ЈРЗ, делуваа повеќе граѓански партии. Тоа беа претежно србијанските партии, кои по укинувањето на Диктатурата повторно ја развиваат својата активност (од нив би ги истакнале Земјоделската, Демократската, дел од Радикалната партија, ЈНС). Од нив беше формиран Блокот на т.н. Здружена опозиција. Во своите програми, за да добијат поголем број на приврзаници во Вардарскиот дел на Македонија, тие предвидуваа решавање на низа економски, социјални а пред сé аграрни прашања, од една, а од друга страна, ја критикуваа внатрешната и надворешната политика на владата и нејзината Партија. Во однос на македонското национално прашање тие имаа ист став како и владеачката режимска партија, т.е. не го признаваа постоењето на македонскиот народ.

Милан Стојадиновиќ и неговата ЈРЗ во економски поглед настојуваа Кралството на Југославија да го насочат кон Европа и на тој начин на економската политика и вдахнуваа нова сила, застапувајќи го концептот на национална економија, но имајќи ги притоа во предвид југословенските специфични потреби. Извесното јакнење на Кралството на Југославија во економски поглед, по светската економска криза, што остави катастрофални последици,

имаше свој одраз и во Вардарскиот дел на Македонија. Во овој период Вардарскиот дел на Македонија во економски поглед може да се каже дека донекаде излегува од кризата и репресијата.

Со оглед на тоа што Милан Стојадиновиќ и ЈРЗ во својата надворешна политика се ориентираа кон Германија и Италија што од своја страна пак неминовно водеше до фашизација на земјата, сé повеќе во Кралството на Југославија, а и во Вардарскиот дел на Македонија доаѓа до растеж на антифашистичкото движење. Всушност, периодот од 1935 до 1938 година во Вардарскиот дел на Македонија се карактеризира со превирања и борби, насочени против смислената денационализаторска политика на големосрпскиот хегемонистички режим, спроведуван преку активноста на граѓанските политички партии. Воопшто тоа е период на засилена манифестација на македонската национална индивидуалност. Во политичкиот живот во Вардарскиот дел на Македонија во наведениот период посебно место заземаат општинските избори во 1936 година, како и парламентарните избори во 1938 година.

Во 1939 година настануваат неколку пресвртни моменти што имаа одраз во целокупниот живот не само во Кралството на Југославија туку и во Вардарскиот дел на Македонија. На место на Милан Стојадиновиќ за претседател на владата е избран Драгиша Цветковиќ. Владината партија само формално егзистира, но затоа пак се засилува активноста на поедините граѓански партии. Во оваа година избувнува и Втората светска војна во Европа, што доведува до продлабочување на револуционерната криза во земјата. Меѓу настаните што имаа одраз и влијание во Вардарскиот дел на

Македонија би ги истакнале: пристапувањето на Кралството на Југославија кон Тројниот пакт, настаните од 27 март 1941 година, фашистичката агресија, сломот и капитулацијата на Кралството на Југославија.

Општо речено, периодот меѓу двете светски војни, а посебно периодот од 1935 до 1941 година, не само во Кралството на Југославија туку и во Вардарскиот дел на Македонија, е многу бурен период, исполнет со општествено-политички спротивности и со класни и со национални борби. Всушност, ова е период на созревање не само на македонското движење, на неговото национално самосознавање туку воопшто и на сите прогресивни сили, на целото прогресивно движење, дел од кое беше и борбата на македонскиот народ за ослободување.

* * *

# ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА

## ИЗВОРИ

### I. **Необјавени извори**

1. Архив Југославије - Београд.
   а) фонд: Милан Стојадиновић
   б) фонд: Збирка Јована Јовановића
   в) фонд: Министарство унутрашњих послова
2. Архив Србије - Београд
   а) фонд: Београдски универзитет
3. Архив на Македонија - Скопје
   а) фонд: Банска управа на Вардарска бановина (1932-1941)
   б) фонд: Милан Стојадиновиќ (Микрофилм)
   в) фонд: Министерство за просвета на Кралството на Југославија
   г) фонд: Министерство за внатрешни работи
   д) фонд: Филозофски факултет
   ѓ) фонд: ПК КПЈ 1940/41
4. Архив на Македонската академија на науките и уметностите - Скопје
   а) фонд: Стеван Симиќ

5) Архив на Институтот за национална историја - Скопје

а) фонд: Сеќавања - мемоари, хроники, фотокопии и „ТУЃИ", „Т" материјали:

- Правила на културно - просветно друштво „Вардар", Белград, 1936, 20 листа (препис)
- Сеќавање на Александар Христов за формирањето на студентското друштво „Вардар" и Покраинскиот одбор на македонските студенти на Белградскиот универзитет во периодот 1937-1939 година, Скопје, 1969, 17.
- Мемоари Василија Трбића Војводе Велешког, I-II, Каиро, 1944.
- Цветковић Александар, Сеќавање како подбан на Вардарска Македонија од 1938, Скопје, 1973, 145.
- Белешки од реконстрикцијата на штрајкот на монополските работници во Прилеп од 4.IV.1938 година, Скопје, 1968, 45 + 9. (Разни сеќавања).

б) фонд: Сеќавања, биографии, изјави, стенографски белешки, податоци и др. од напредното работничко движење, СКОЈ од меѓу двете светски војни:

- Анастасов Мире, Период на монархофашистичката диктатура на крал Александар 1929-1934, 47 (препис).

в) фонд: Главен генералштаб

г) фонд: III Армиска област

д) фонд: Нецат Јашар

ѓ) фонд: весници на партиски организации („Радничке новине", Београд, 1938; „Proleter", Beograd, 1939, 1940)

е) фонд: Разни сеќавања за работничкото и младинско движење меѓу двете светски војни (по градови).

ж) фонд: Централно пресбиро при Претседателството на Министерскиот совет - Белград.

6. Сеќавање на Љубен Цветков (се наоѓа кај проф. Славка Фиданова).

## II. Објавени извори

1. Апостолов Александар, Од активноста на напредните студенти на Белградскиот универзитет во 1936 година (Неколку необјавени документи), Историја, VIII/1-2, Скопје, 1972, 170-196.
2. Гигов Страхил, Сеќавања, Скопје, 1976.
3. Историјски архив Комунистичке партије Југославије, том. II, Београд, 1949, 1950.
4. Картов Владимир, Како и кога било основано културно-просветното друштво „Вардар" на македонските студенти на Загрепскиот и Белградскиот универзитет, Гласник на ИНИ, XXXI/1, Скопје, 1987, 201-217.
5. Картов Владимир, Како и кога било забрането културно-просветното друштво „Вардар" на македонските студенти на Загрепскиот и Белградскиот универзитет, (Прилог на неколку изворни архивски документи), Гласник на ИНИ, XXXI/2, Скопје, 1987, 241-249.

6. Краљевске владе од 1903-1935. Средио: Р. М., Београд, 1935.
7. Matković Hrvoje, Jedno predavanje Svetozara Pribičevića o Šestojanuarskoj diktaturi održano u Parizu 6. decembra 1932, Historijski pregled, Časopis za nastavu historije, VIII/4, Zagreb, 1962, 287-294.
8. Petranović Branko, Zečević Momčilo, Jugoslavija 1918-1984. Zbirka dokumenata, Beograd, 1985.
9. Pribičević Svetozar, Diktatura kralja Aleksandra, Beograd, 1953 (drugo izdanje).
10. Ribar Ivan, Politički zapisi, I-IV, Beograd, 1948, 1949, 1951, 1952.
11. Статистика избора народних посланика за Прву југословенску Народну скупштину одржаних 8. новембра 1931 год. Израдио Милоје М. Сокић новинар, Београд, 1935.
12. Статистика избора народних посланика за Народну скупштину Краљевине Југославије извршених 5 маја 1935 године. Издање Народне скупштине Краљевине Југославије, Београд 1938.
13. Stenografske beleške Narodne skupštine Kraljevine Jugoslavije, Beograd, 1932-1939.
14. Stojadinović M. Milan, Ni rat ni pakt. Jugoslavija između dva rata, Rijeka, 1970.
15. Д-р Тодоровски Глигор, Српски извори за историјата на македонскиот народ 1913-1917, Скопје, 1981.
16. Prof. dr. Ferdo Čulinović, Dokumenti o Jugoslaviji. Historijat od osnutka zajedničke države do danas, Zagreb, 1968.

# ЛИТЕРАТУРА

1. Алексиќ Дејан, „Наша реч" 1939-1941. Од историјата на напредниот печат во Македонија, Скопје, 1960.
2. Апостолов А., Изборите за Народната скупштина на Кралство Југославија од 1938 год. во Кумановска околија, Историја, V/1, Скопје, 1969, 111-126.
3. Апостолов Александар, Злетовска област.- Историски осврт.- дел. I-V, 209-608. Во кн.: Злетовска област. Географско-историски осврт, Скопје, 1974.
4. Д-р Апостолов Александар, Колонизацијата на Македонија во Стара Југославија, Куманово, 1989 (прв пат е објавена во Скопје, 1966).
5. Д-р Апостолов Александар, Колонизацијата во Прилеп и Прилепско меѓу двете светски војни. Зб.: Прилеп и прилепско меѓу двете светски војни 1918-1941 (Материјали од Научниот собир одржан на 1, 2 и 3 јуни 1988 година), Книга II, Прилеп, 1991, 113-124.
6. Апостолов Александар, Специфичната положба на македонскиот народ во Кралство Југославија, Гласник на ИНИ, XVI/1, Скопје, 1972, 39-62.
7. Apostolov Aleksandar, Manifestacije makedonske nacionalne individualnosti u Kraljevini Jugoslaviji, JIČ, br. 3-4, Beograd, 1970, 71-78.

8. Apostolov Aleksandar, Posledice velike ekonomske krize (1929-1935) za makedonsku agrarnu privredu (Opijum, duvan, pamuk), JIČ, br. 3-4, Beograd, 1973, 181-215.
9. Apostolov Aleksandar, Specifičnosti u rešavanju agrarnog pitanja u Vardarskom delu Makedonije 1919-1941. godine, Acta historico-oeconomica Jugoslaviae, vol. 7(1), Zagreb, 1980, 171-179.
10. Батовски, Хенри, Историја на политичките граници и територијалниот облик на Социјалистичка република Македонија, Гласник на ИНИ, XVI/1, Скопје, 1972, 7-22.
11. Boban Ljubo, Programska rezolucija Demokratske stranke (lipanj 1937), Historijski zbornik, XXIX-XXX, Zagreb, 1976-77, 503-515.
12. Dr. Boban Ljubo, Sporazum Cvetković - Maček, Institut društvenih nauka, Odeljenje za istorijske nauke, Serija I - Monografije, 5, Beograd, 1965.
13. Д-р Бојаџиевски Ефтим, Колонизацијата во Македонија (1912-1941), Годишник на Економскиот факултет во Скопје, Скопје, 1961, 205-240.
14. Винавер Вук, КПЈ и проблем одбране Југославије и Балкана од фашистичке експанзије и агресије, Историјски часопис, Историјски институт у Београду, књ. XXIII, Београд, 1976, 181-240.
15. Dr. Vučo Nikola, Agrarna kriza u Jugoslaviji 1930-1934, Beograd, 1968.

16. Глигоријевић Бранислав, Политички покрети и групе с национал-социјалистичком идеологијом и њихова фузија у Љотићевом „Збору", Историјски гласник, бр. 4, Београд, 1965, 35-82.

17. Дамјановић Милица, Напредни покрет студената Београдског универзитета - Прилог историји - Књига друга од 1929 до 1941 године, Београд, 1974.

18. Damjanović Pero, Peta zemaljska konferencija u svetlosti pripremanja KPJ za ustanak, JIČ, br. 1-2, Beograd, 1969, 69-93.

19. Двогодишњица владе др. Милана Стојадиновића, Београд, 1937.

20. Димитријевић Мита, Ми и Хрвати. Хрватско питање (1914-1939). Споразум са Хрватима, Београд, 1939.

21. Đerđ Gal, Borba jugoslovenskog proletarijata za skraćenje radnog dana, JIČ, br. 4, Beograd, 1965, 97-112.

22. Đurđevac Čedomir, Jugoslavija uoči Drugog svetskog rata i politika Narodnog fronta, Iz istorije Jugoslavije, Zbornik predavanja, Beograd, 1958, 314-319.

23. Dr Erić Milivoje, Agrarna reforma u Jugoslaviji 1918-1941 god., Sarajevo, 1958.

24. Жутић Никола, Идеологија југословенства и њено распадање (1929-1939).- С посебним освртом на владу М. Стојадиновића-, Историјски гласник, бр. 1-2, Београд, 1988, 63-91.

25. Зографски Данчо, Карактеристике економског стања, социјалне структуре и националног питања у Македонији 1918-1941, Acta historico-oeconomica Jugoslaviae, vol. 7(1), Zagreb, 1980, 181-192.

26. Историја на македонскиот народ, кн. III, Скопје, 1969.

27. Картов Владо, Гевгелија и гевгелискиот крај од балканските војни до ослободувањето (1912/13-1944), Скопје, 1969.

28. Katardžiev Ivan, Makedonski komunisti i borba makedonskog naroda za nacionalno i socijalno oslobođenje uoči rata i revolucije, Časopis za suvremenu povijest, XIII/2 (36), Zagreb, 1981, 27-49.

29. Кирков Никола, Работничкото движење во Велес, Скопје, 1979.

30. Knežević L. Radoje, Sistem školstva u Jugoslaviji. Педагошка Југославија 1918-1938, св. 9, Београд, 1939, 246-279.

31. Крстић Ђорђо, Колонизација у Јужној Србији, Сарајево, 1928.

32. Лукач Душан, Dилеме Стојадиновићеве спољне политике у време утемељивања осовине Рим - Берлин, Balcanica, X, Belgrade, 1979, 211-220.

33. Марковић К. Света, Ивановић Јаков, Средње школе у Јужној Србији од ослобођења до данас, Гласник југословенског професорског друштва, књига XIX, св. 3, београд, 1938, 257-264.

34. Миљовски Кирил, Македонското прашање во програмата на КПЈ (1919-1937), Скопје, 1962.

35. Мирковић Мијо, Економска структура Југославије 1918-1941., Загреб, 1950.

36. Др. Никитовић М. Часлав, Занатство Јужне Србије. Стање занатства у Вардарској бановини и рад Занатске коморе у Скопљу у 1933 години, Скопље, 1934.

37. Пејић Лазар, Економске идеје др. Милана Стојадиновића и балкански привредни проблеми, Balcanica, VII, Belgrade, 1976, 241-268.

38. Petranović Branko, Istorija Jugoslavije 1918-1988. Prva knjiga - Kraljevina Jugoslavija 1914-1941, Beograd, 1989.

39. Преглед историје Савеза комуниста Југославије, Београд, 1963.

40. Прилеп и прилепско низ историјата, кн. II, Прилеп, 1972.

41. Пурић С. Ратко, „Работнички југ", Скопље, 1937.

42. Сидовски Коста, Развитокот на индустријата во НР Македонија во периодот меѓу двете светски војни (1918-1941), Економски институт - Скопје, Скопје, 1960.

43. Проф. Сидовски Коста, Д-р Благоев Борислав, Економската положба на Скопје спроти војната 1941 и во првите месеци на окупацијата, Зб.: Скопје во НОВ 1941, Скопје, 1973, 63-73.

44. Simeunović Vladimir, Stanovništvo Jugoslavije i socijalističkih republika 1921-1961.- Ukupno stanovništvo, polna i starosna struktura.- Beograd, decembar 1964

45. Соколов Лазар, Културно-просветно здружение „Вардар" и неговата политичка дејност, Историја, VIII/2, Скопје, 1972, 120-126.

46. Соколов Лазар, Прилог за македонското студентско движење во Загреб, Историја, XII/1-2, Скопје, 1976, 1-27.

47. Стефановић Младен, Збор Димитрија Љотића 1934-1945, Београд, 1984.

48. Стојадиновић Милан, Један краљ - један народ - једна држава, Београд, 1939.

49. Stojkov Todor, Građanska opozicija i skupštinski izbori od 8. novembra 1931. godine, Istorija XX veka. Zbornik radova, IV, Institut društvenih nauka, Odeljenje za istorijske nauke, Beograd, 1962, 251-305.

50. Стојков Тодор, Монарходиктатура и вођства грађанске опозиције КПЈ (1929-1935), Историјски гласник, бр. 2, Београд, 1969, 107-113.

51. Stojkov Todor, O stvaranju Bloka narodnog sporazuma (Prilog izučavanju odnosa između građanskih opozicionih grupa u Jugoslaviji 1935-1937. godine), Istorija XX veka, Zbornik radova VI, Institut društvenih nauka, Beograd, 1964, 245-299.

52. Dr. Stojkov Todor, Opozicija u vreme Šestojanuarske diktature 1929-1935, Beograd, 1969.

53. Тито, Јосип Броз, Собрани дела, том. I, IV, Скопје, 1978.

54. Три године владе др. Милана Стојадиновића, Београд, 1938.

55. Трипковић Ђоко, Изборна кампања владе Богољуба Јевтића 1935 године, Историјски гласник, бр. 1-2 (1983), Београд, 63-79.

56. Фиданова Славка, КПЈ во Македонија од 1929 година до априлската војна, Зб.: Основањето и развојот на Комунистичката партија на Македонија, Скопје, 1980, 93-167.

57. Фиданова Славка, Некои моменти од активноста на организацијата на КПЈ во Скопје и околијата во годините спроти априлската војна, Годишен зборник, Филозофски факултет на Универзитетот - Скопје, Книга 4 (30) томе, Скопје, 1978, 295-352.

58. Фиданова Славка, Улогата на КПЈ во поврзувањето борбата на работничката класа со националноослободителното движење на македонскиот народ од 1935-1941, Годишен зборник, Филозофски факултет на Универзитетот - Скопје, Книга 23 томе, Скопје, 1971, 107-132.

59. Hadžirović Ahmed, Donošenje „Uredbe o utvrđivanju minimalnih nadnica, zaključivanju kolektivnih ugovora, pomirenju i arbitraži", 13 februara 1937. godine, Prilozi, Institut za istoriju radničkog pokreta, Sarajevo, I/1, Sarajevo, 1965, 97-108.

60. Čulinović Ferdo, Jugoslavija između dva rata, I, II, Zagreb, 1961.

61. Чушкар Боро, Борбено Куманово 1919-1941, Куманово, 1973.

## В Е С Н И Ц И

1. „Битољске новине", Битољ, 1938.

2. „Вардар", Независни привредно-културни преглед, Скопље, 1932-1936.

3. „Вардарски бановински гласник", Орган удружења бановинских чиновника и службеника Вардарске бановине, Скопље, 1936-1938.

4. „Време", Београд, 1929-1941.

5. „Глас Југа", Информативни дневни лист, Скопље, 14.X.1940 - 10.IV.1941.

6. „Глас Полога", Недељни информативно-просветно-привредни лист, Тетово, 1933-1940.

7. „Глас пољопривреде", Службени орган пољопривредне коморе Вардарске бановине, Скопље, 1939-1941.

8. „Јужна Србија", Независни лист за културна, социјална, економска и политичка питања, Скопље, 1938.

9. „Јужна стварност", Лист за сва културна питања Македоније, Скопље, 1939.

10. „Кајмакчалан", Независни информативни недељни лист, Битољ, 1936-1937.

11. „Наша реч", Лист за друштвена, културна и привредна питања, Скопље, 1939-1940.

12. „Политика", Београд, 1929-1941.

13. „Самоуправа", Glavni organ Jugoslovenske radikalne zaednice, Beograd, 1935-1939.

14. „Службени лист Вардарске бановине", Скопље (од 1.V.1932 година излегува како составен дел на в. „Вардар").

# СКРАТЕНИЦИ

| | |
|---|---|
| А. Е. (арх. ед.) | - Архивска единица |
| А. ИНИ | - Архив на Институтот за национална историја |
| А. Ј. | - Архив Југославије |
| А. М. | - Архив на Македонија |
| А. МАНУ | - Архив на Македонската академија на науките и уметностите |
| А. С. | - Архив Србије |
| б.м. | - белешка моја |
| В. (в.) | - Весник |
| Зб. | - Зборник |
| JIČ | - Jugoslovenski istoriski časopis |
| ЈМО | - Југословенска муслиманска организација |
| ЈНС | - Југословенската национална странка |
| ЈРЗ | - Југословенска радикална заедница |
| ЈРСД | - Југословенска радикално-селска демократија |
| ЈУГОРАС | - Југословенски работнички сојуз |
| кн. | - книга |
| knj. | - knjiga |
| КПЈ | - Комунистичка партија на Југославија |
| Кралство на СХС | - Кралство на Србите, Хрватите и Словенците |

| | |
|---|---|
| М. | - Микрофилм |
| МАНАПО | - Македонски народен покрет |
| ММТРО | - Младешка македонска тајна револуционерна организација |
| П.К. | - Покраински комитет |
| П.К. КПЈ | - Покраински комитет на Комунистичката партија на Југославија |
| САД | - Соединети американски држави |
| св. | - свеска |
| СДК | - Селско-демократска коалиција |
| СДС | - Самостојна демократска странка |
| СКОЈ | - Сојуз на комунистичката младина на Југославија |
| СЛС | - Словеначка људска странка |
| УРС | - Уједињени раднички савез |
| УРСС | - Уједињени раднички савез синдиката |
| Ф. | - Фонд |
| ЦК | - Централен комитет |
| ЦК КПЈ | - Централен комитет на Комунистичката партија на Југославија |
| ХСС | - Хрватска селска странка |

# П Р И Л О З И




ПРИЛОГ Бр. I

ИЗБОРНИ ОКРУЗИ ПО БАНОВИНИ

в. „Време", XV, бр. 4761, Београд, 11.IV.1935, 3.

## ПРИЛОГ БР. II

Резултати на парламентарните избори од 5.V.1935 година
според Извештајот на Главниот избирачки одбор

| реден број | Бановина | Б. Јевтиќ | Др. В. Мачек | Д. Љотиќ | Б. Максимовиќ | Гласале во % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Белград со подрачјето | 31.957 | 9.733 | 387 | 1.486 | 57,89% |
| 2. | Дравска | 125.160 | 22.220 | 2.580 | 47 | 46,96% |
| 3. | Савска | 173.496 | 440.383 | 2.351 | 795 | 79,18% |
| 4. | Врбаска | 119.429 | 97.543 | 128 | 1.891 | 80,24% |
| 5. | Приморска | 68.411 | 133.309 | 1.048 | 366 | 77,12% |
| 6. | Дринска | 215.177 | 106.557 | 1.482 | 3.640 | 79,70% |
| 7. | Зетска | 154.701 | 35.738 | 792 | 4.255 | 78,87% |
| 8. | Дунавска | 348.079 | 132.110 | 13.597 | 9.572 | 71,66% |
| 9. | Моравска | 255.075 | 54.652 | 805 | 8.194 | 78,88% |
| 10. | Вардарска | 255.552 | 44.092 | 968 | 3.303 | 70,51% |
| | | 1.746.982 или 66,64% | 1.076.345 или 37,36% | 24.088 или 0,84% | 33.549 или 1,16% | |

В. "Политика", XXXII , бр. 9700, Београд, 23.V.1935, 4;

Stenografske beleške Narodne skupštine Kraljevine Jugoslavije, Vanredni saziv, 1935, knj. I, 16.

# П Р И Л О Г  Бр. III/1-29

## Резултати на општинските избори во Вардарскиот дел на Македонија во 1936 година

### 1) Резултати на општинските избори во околија Малешка

- општина Беровска: Биљаревиќ Димитрије (ЈРЗ) - 25 гласа; Грковиќ Димитрије (Граѓанска) - 18 гласа; Пехчевиќ А. Петар (Здружена опозиција) - 150 гласа; Рабаџијевиќ Јован (ЈРЗ) - 203 гласа; Ролевиќ Атанас (ЈРЗ) - 316 гласа; Чакијевиќ Вангел (ЈРЗ) - 290 гласа.
- општина Владимирска: Брашнаревиќ В. Јефто (ЈРЗ) - 18 гласа; Брашнаревиќ Ј. Јефто (ЈРЗ) - 30 гласа; Дамјановиќ Василије (ЈРЗ) - 54 гласа; Зрлевиќ Панта (ЈРЗ) - 65 гласа; Новачевиќ Атанас (ЈРЗ) - 186 гласа; Механџиќ Ристо (ЈРЗ) - 332 гласа; Чамиловиќ Јован (Здружена опозиција) - 10 гласа; Чајевиќ Димитрија (ЈРЗ) - 75 гласа.
- општина Митрашинска: Готевиќ Јован (ЈРЗ) - 64 гласа; Златковиќ Атанас (ЈРЗ) - 171 глас; Калајџијевиќ Боривоје (ЈРЗ) - 125 гласа; Мечкаревиќ Павле (ЈРЗ) - 45 гласа; Цонкиновиќ Костадин (ЈРЗ) - 37 гласа.

- <u>општина Пехчевска</u>: Везенковиќ Манојло (ЈРЗ) - 313 гласа; Англезовиќ Јован (ЈРЗ) - 331 глас; Станојевиќ Владимир (ЈРЗ) - 16 гласа.

2) <u>Резултати на општински избори во околија Мариовска</u>

- <u>општина Бачка</u>: Константиновиќ Ѓорѓе (ЈРЗ) - 387 гласа; Ташковиќ Никола (ЈРЗ) - 386 гласа; Костиќ Коста (Здружена опозиција) - 21 глас.
- <u>општина Добрушевска</u>: Поповиќ Мирче (ЈРЗ) - 308 гласа; Трајковиќ Боше (ЈРЗ) - 374 гласа.
- <u>општина Кременичка</u>: Беќировиќ Шабан (ЈРЗ) - 320 гласа; Мустафовиќ Рамадан (ЈРЗ) - 25 гласа; Стојановиќ Алексо (ЈРЗ) - 78 гласа.
- <u>општина Новачка</u>: Бошевиќ Митре (ЈРЗ) - 67 гласа; Велијановиќ Михајло (ЈРЗ) - 8 гласа; Живковиќ Јанко (ЈРЗ) - 256 гласа; Стефановиќ Вељан (ЈРЗ) - 312 гласа; Здравковиќ Стојан (Здружена опозиција) - 59 гласа.
- <u>општина Старовинска</u>: Васиљевиќ Миле (ЈРЗ) - 189 гласа; Коруновиќ Трајко (ЈРЗ) - 147 гласа; Митровиќ Никола (ЈРЗ) - 176 гласа; Младеновиќ Никола (ЈРЗ) - 173 гласа.

3) <u>Резултати на општински избори во околија Битолска</u>

- <u>општина Буковска</u>: Богдановиќ Василије (ЈРЗ) - 423 гласа; Папучевиќ Ванѓел (ЈРЗ) - 192 гласа.

- општина Велушинска: Недељковиќ Периклије (ЈРЗ) - 608 гласа; Илиќ Крсто (ЈРЗ) - 59 гласа; Наумовиќ Тодор (ЈРЗ) - 47 гласа; Димовиќ Димо (Здружена опозиција) - 255 гласа.
- општина Диховска: Димитријевиќ Тома (ЈРЗ) - 635 гласа; Тасиќ Павле (ЈРЗ) - 189 гласа.
- општина Ивањевска: Јовановиќ Панта (ЈРЗ) - 347 гласа; Чочоровиќ Атанас (ЈРЗ) - 564 гласа; Наумчевиќ Стеван (ЈНС) - 1 глас.
- општина Кажанска: Гаговиќ Тодор (ЈРЗ) - 162 гласа; Илијевиќ Митре (ЈРЗ) - 395 гласа; Крковиќ Јован (ЈРЗ) - 448 гласа.
- општина Логовардска: Марковиќ Тале (ЈРЗ) - 165 гласа; Митровиќ Лазар (ЈРЗ) - 61 глас.
- општина Могилска: Божиновиќ Андон (ЈРЗ) - 427 гласа; Вељевиќ Недан (ЈРЗ) - 110 гласа; Димовиќ Веле (ЈРЗ) - 26 гласа; Ивановиќ Тодор (ЈРЗ) - 39 гласа; Јошевиќ Трајан (Здружена опозиција) - 71 глас.
- општина Секиранска: Јовановиќ Митре (ЈРЗ) - 120 гласа; Кузмановиќ Диме (ЈРЗ) - 304 гласа; Крмчевиќ Ване (ЈРЗ) - 87 гласа.
- општина Струговска: Кузмановиќ Трајан (ЈРЗ) - 26 гласа; Николиќ Веле (ЈРЗ) - 382 гласа; Ристиќ Дане (ЈРЗ) - 237 гласа; Грујовиќ Цветан (ЈНС) - 25 гласа; Тасиќ Стоје (ЈРЗ) - ништо.

4) Резултати на општински избори во околија Дојранска

- општина Валандовска: Станковиќ Драгутин (ЈРЗ) - 639 гласа; Радовиќ Петко (ЈРЗ) - 744 гласа.
- општина Дојранска: Грошевиќ Димитрије (ЈРЗ) - 313 гласа; Диневиќ Мита (ЈРЗ) - 398 гласа.

5) Резултати на општински избори во околија Велешка

- општина Башиноселска: Анѓелковиќ Стојан (ЈРЗ) - 203 гласа; Јанковиќ Панта (ЈРЗ) - 116 гласа.
- општина Богомилска: Деловиќ - Нациќ Петар (ЈРЗ) - 255 гласа; Костадиновиќ Таса (ЈРЗ) - 254 гласа.
- општина Велешка: Јанковиќ Анѓелко (ЈРЗ) - 1262 гласа; Маричиќ Љубомир (Здружена опозиција) - 1062 гласа.
- општина Војничка: Јововиќ Анастас (ЈРЗ) - 136 гласа; Николиќ Ристо (ЈРЗ) - 87 гласа.
- општина Горноврановска: Зејнуловиќ Имер (ЈРЗ) - 131 глас; Јонузовиќ Шаќир (ЈРЗ) - 199 гласа.
- општина Иванковачка: Абдушевиќ Јашар (ЈРЗ) - 111 гласа; Исмаиловиќ Амет (ЈРЗ) - 168 гласа.
- општина Изворска: Јаниќијевиќ Димитрије (ЈРЗ) - 235 гласа; Ристиќ Трајко (ЈРЗ) - 136 гласа.
- општина Јабучишка: Исаковиќ Зејнел (ЈРЗ) - 60 гласа; Џаферовиќ

Мумир (ЈРЗ) - 156 гласа.

- општина Језгропољска: Асановиќ Риза (ЈРЗ) - 278 гласа; Асановиќ Дане (ЈРЗ) - 147 гласа; Илишевиќ Ѓело (ЈРЗ) - 97 гласа.

- општина Лисичка: Анчевиќ Јован (ЈРЗ) - 94 гласа; Лазаревиќ Анѓелко (ЈРЗ) - 80 гласа.

- општина Мелничка: Мустафовиќ Рамадан (ЈРЗ) - 192 гласа.

- општина Оризарска: Зафировиќ Спиро (ЈРЗ) - 100 гласа; Шашовиќ Зулфија (ЈРЗ) - 115 гласа.

- општина Подлешка: Ѓуровиќ Тодор (ЈРЗ) - 77 гласа; Јанковиќ Тодор (ЈРЗ) - 127 гласа.

- општина Раштанска: Васиљевиќ Анастас (ЈРЗ) - 189 гласа; Тодоровиќ Панта (ЈРЗ) - 160 гласа.

- општина Рудника: Ѓуровиќ Костадин (ЈРЗ) - 121 глас.

- општина Теовска: Јаниќ Петруш (ЈРЗ) - 227 гласа; Перовиќ Стојко (ЈРЗ) - 20 гласа; Поповиќ Јован (ЈРЗ) - 52 гласа; Трајковиќ Танасије (ЈРЗ) - 101 глас.

- општина Чашка: Димитријевиќ Тодор (ЈРЗ) - 97 гласа; Маневиќ Костадин (ЈРЗ) - 111 гласа.

- општина Чичевска: Солдатовиќ Драгиша (ЈРЗ) - 199 гласа; Кришановиќ Милан (ЈРЗ) - 189 гласа.

6) Резултати на општински избори во околија Горнополошка

- општина Бањичка: Апостоловиќ Симо (ЈРЗ) - 397 гласа; Абдуловиќ

Рустен (ЈРЗ) - 99 гласа; Мислимовиќ Шериф (ЈРЗ) - ; Халитовиќ Зендел (ЈРЗ) - 394 гласа.

- општина Врапчишка: Исљамовиќ Азис (ЈРЗ) - 272 гласа; Јакуповиќ Абдула (ЈРЗ) - 128 гласа; Исљаковиќ Бекир (Здружена опозиција) - 61 глас.
- општина Вруточка: Анѓелковиќ Душан (ЈРЗ) - 369 гласа; Амзовиќ Јусуф (ЈРЗ) - 238 гласа.
- општина Гостиварска: Мојсиќ Киро (ЈРЗ) - 677 гласа; Сотировиќ Деспот (Граѓанска) - 368 гласа.
- општина Железноречка: Андријевиќ Премче (ЈРЗ) - 90 гласа; Велиновиќ Вели (ЈРЗ) - 344 гласа.
- општина Зубовачка: Бејадиновиќ Камбер (ЈРЗ) - 234 гласа; Максимовиќ Лазар (ЈРЗ) - 365 гласа; Паниќ Живко (Здружена опозиција) - 8 гласа.
- општина Мавровска: Трифуновиќ Каранфил (ЈРЗ) - 122 гласа; Десиќ Фирмилијан (ЈРЗ) - 73 гласа; Симиќ Алекса (ЈРЗ) - 22 гласа; Јовановиќ Алимпије (ЈРЗ) - 15 гласа.
- општина Пожаранска: Бејадиновиќ Арслан (ЈРЗ) - 227 гласа; Серафимовиќ Јеврем (ЈРЗ) - 206 гласа; Војновиќ Аркадије (ЈРЗ) - 39 гласа.
- општина Чајланска: Исеиновиќ Деар (ЈРЗ) - 419 гласа; Аметовиќ Мемет (ЈРЗ) - 388 гласа.

7) Резултати на општински избори во околија Горнодебарска

- општина Горножупска: Насуфовиќ Јусиф (ЈРЗ) - ништо; Рустемовиќ Рустем (ЈРЗ) - 185 гласа; Фератовиќ Аќиф (ЈРЗ) - 222 гласа.
- општина Дебарска: Мустафиќ Пачук Елмаз (ЈРЗ) - 13 гласа; Мухамедовиќ Бајрам Златко (ЈРЗ) - 824 гласа; Куновиќ Јаков (ЈРЗ) - 392 гласа.
- општина Долножупска: Симоновиќ Спасо (ЈРЗ) - 493 гласа.
- општина Косоврачка: Јефтимовиќ Крсто (ЈРЗ) - 42 гласа; Костиќ Милош (ЈРЗ) - 30 гласа; Лимановиќ Демир (ЈРЗ) - 81 глас; Стевановиќ Данило (ЈРЗ) - 267 гласа.
- општина Манастирачка: Анѓелковиќ Новак (ЈРЗ) - 95 гласа; Барукчијевиќ Вељо (ЈРЗ) - 138 гласа; Лековиќ Јован (ЈРЗ) - 151 глас; Николиќ Трпе (ЈРЗ) - ништо; Стефановиќ Стефан - ништо.

8) Резултати на општински избори во околија Гевгелиска

- општина Богданачка: Каркаљашевиќ Ѓорѓе (Здружена опозиција) - 426 гласа; Петрушевиќ Василије (ЈРЗ) - 296 гласа; Поп-Ѓорѓевиќ Ристо (ЈРЗ) - 432 гласа.
- општина Гевгелиска: Андоновиќ Ѓорѓе (ЈНС) - 23 гласа; Митовиќ Тошо (Здружена опозиција) - 669 гласа; Таралајковиќ Коста (ЈРЗ) - 716 гласа.
- општина Коњска: Ковачевиќ Јован (ЈРЗ) - 158 гласа; Луновиќ Никола (ЈРЗ) - 35 гласа; Петровиќ Атанас (Здружена опозиција) - 1 глас; Трајковиќ Атанасије (ЈРЗ) - 136 гласа.
- општина Мирковачка: Ѓорѓевиќ Тодор (ЈРЗ) - 27 гласа; Кавазовиќ

Ристо (ЈРЗ) - 160 гласа; Танчевиќ Јован (ЈРЗ) - 311 гласа.

9) Резултати на општински избори во околија Поречка

- општина Дебрешка: Петровиќ Илија (ЈРЗ) - 567 гласа; Терзијевиќ Венче (ЈРЗ) - 459 гласа.
- општина Јужнобродска: Димовиќ Михајло (ЈРЗ) - 420 гласа; Ристиќ Лука (ЈРЗ) - 78 гласа; Теофиловиќ Александар (ЈРЗ) - 157 гласа.
- општина Локвичка: Миленковиќ Зарија (ЈРЗ) - 13 гласа; Митановиќ Цветан (ЈРЗ) - 243 гласа; Ристиќ Аритон (ЈРЗ) - 147 гласа; Стојковиќ Иван (ЈРЗ) - 68 гласа.
- општина Манастирачка: Видевиќ Милан (ЈРЗ) - 26 гласа; Ѓорѓевиќ Ѓорѓе (ЈРЗ) - 243 гласа; Србиновиќ Новак (ЈРЗ) - 133 гласа; Трајчевиќ Трене (ЈРЗ) - 65 гласа.
- општина Растешка: Трајановиќ Софроније (ЈРЗ) - 206 гласа; Марковиќ Милован (ЈРЗ) - 8 гласа; Сарафиловиќ Китан (ЈРЗ) - 50 гласа; Смиљановиќ Никола (ЈРЗ) - 146 гласа.
- општина Самоковска: Бојовиќ Милосав (ЈРЗ) - 64 гласа; Јовиќ С. Бранко (ЈРЗ) - 280 гласа; Маџиќ Димитрије (ЈРЗ) - 162 гласа.

10) Резултати на општински избори во околија Кавадарска

- општина Бегнишка: Даскаловиќ Блаже (ЈРЗ) - 62 гласа; Даскаловиќ Илија (ЈРЗ) - 156 гласа; Карабашевиќ Диме (ЈРЗ) - 60 гласа; Петровиќ Ристо (ЈРЗ) - 21 глас; Тодоровиќ Тодор (Здружена опозиција) - 116 гласа.

- општина Бојанчишка: Поп-Ѓорѓевиќ Митар (ЈРЗ) - 256 гласа; Поповиќ Трајко (ЈРЗ) - 97 гласа.
- општина Градска: Паниќ Јордан (ЈРЗ) - 196 гласа; Поповиќ Драгутин (ЈРЗ) - 455 гласа.
- општина Дреновска: Костиќ Коста (ЈРЗ) - 308 гласа; Поповиќ Илија (ЈРЗ) - 455 гласа.
- општина Кавадарска: Тодоровиќ Петар (ЈРЗ) - 765 гласа; Марковиќ Бошко (Здружена опозиција) - 451 глас.
- општина Крњевска: Лазаревиќ Тодор (ЈРЗ) - 251 глас; Меловиќ Јефтимије (ЈРЗ) - 50 гласа; Стојевиќ Андон (ЈРЗ) - 240 гласа; Деловиќ Диме (ЈНС) - 58 гласа.
- општина Маренска: Камчевиќ БОривоје (ЈРЗ) - 113 гласа; Петровиќ Јован (ЈРЗ) - 95 гласа.
- општина Рожденска: Митровиќ Јован (ЈРЗ) - 127 гласа; Сакалијевиќ Јанче (ЈРЗ) - 142 гласа.

11) Резултати на општински избори во околија Кичевска

- општина Брждланска: Костиќ Богдан (ЈРЗ) - 301 глас; Костиќ Коста (ЈРЗ) - 139 гласа.
- општина Доленачка: Аврамовиќ Милосим (ЈРЗ) - 399 гласа; Тасиќ Манасије (ЈРЗ) - 72 гласа.
- општина Карабуничка: Жагриќ Јестратије (ЈРЗ) - 166 гласа;

Мицковиќ Стрезо (ЈРЗ) - 34 гласа; Спасеновиќ Вељко (ЈРЗ) - 226 гласа.

- општина Кичевска: Димитријевиќ Станко (ЈРЗ) - 199 гласа; Милошевиќ Цветан (ЈРЗ) - 879 гласа; Настиќ Стојан (ЈРЗ) - 39 гласа.
- општина Кленовачка: Аврамовиќ Иван (ЈРЗ) - 200 гласа; Никодиновиќ Блаже (ЈРЗ) - 363 гласа.
- општина Малоцерска: Илиќ Јован (ЈРЗ) - 122 гласа; Спасиќ Ѓорѓе (ЈРЗ) - 284 гласа.
- општина Мидиначка: Ахмедовиќ Мујадин (ЈРЗ) - 40 гласа; Максимовиќ Милорад (ЈРЗ) - 50 гласа; Рашитовиќ Реџеп (ЈРЗ) - 540 гласа.
- општина Орланачка: Ѓорѓевиќ Живко (ЈРЗ) - 461 глас.
- општина Премљанска: Лалиќ Светомир (ЈРЗ) - 332 гласа; Николиќ Крсто (ЈРЗ) - 205 гласа.
- општина Раштанска: Беџетовиќ Алија (ЈРЗ) - 165 гласа; Коруновиќ Милетије (ЈРЗ) - 324 гласа; Љатовиќ Јаќим (ЈРЗ) - 19 гласа.
- општина Тајмишка: Антиќ Стојко (ЈРЗ) - 21 глас; Грујиќ Грујо (ЈРЗ) - 39 гласа.

12) Резултати на општински избори во околија Кочанска

- општина Блатачка: Дамјановиќ Симон (ЈРЗ) - 333 гласа; Малчевиќ Јордан (ЈРЗ) - 541 глас; Филиповиќ Спиро (ЈРЗ) - 9 гласа.

- општина Виничка: Амповиќ Милан (ЈРЗ) - 683 гласа; Јовановиќ Лазар (ЈРЗ) - 28 гласа; Крговиќ Богољуб (ЈРЗ) - 414 гласа.

- општина Зрновска: Вучковиќ Радован (ЈРЗ) - 423 гласа; Глигоровиќ Јован (ЈРЗ) - 18 гласа; Доневиќ Тодор (ЈРЗ) - 194 гласа; Коцовиќ Јован (ЈРЗ) - 1 глас; Лазаревиќ Јован (ЈРЗ) - 30 гласа; Марковиќ Симо (ЈРЗ) - 2 гласа.

- општина Кочанска: Двојаковиќ Јован (ЈРЗ) - 668 гласа; Цидровиќ Благоја (ЈРЗ) - 1115 гласа; Андоновиќ Милан (Здружена опозиција) - 12 гласа.

- општина Оризарска: Крстиќ Анѓел (ЈРЗ) - 387 гласа; Симеуновиќ Стеван (ЈРЗ) - 10 гласа; Трајчевиќ Петар (ЈРЗ) - 157 гласа; Трајковиќ Диванис (Здружена опозиција) - 35 гласа.

- општина Соколарска: Гацовиќ Тодор (ЈРЗ) - 576 гласа; Димитријевиќ Мисо (ЈРЗ) - 20 гласа; Доневиќ Гаврило (ЈРЗ) - 103 гласа; Зашиќ Трифун (ЈРЗ) - 34 гласа; Максимовиќ Тодор (ЈРЗ) - 59 гласа; Стојмиловиќ Борис (Здружена опозиција) - 187 гласа.

13) Резултати на општински избори во околија Кривопаланечка

- општина Ѓерманска: Величковиќ Петар (ЈРЗ) - 276 гласа; Давидовиќ Данило (ЈРЗ) - 12 гласа; Ѓуриќ Младен (ЈРЗ) - 184 гласа.

- општина Жидиловска: Илиќ Станојко (ЈРЗ) - 389 гласа; Ристиќ Јаќим (ЈРЗ) - 77 гласа; Спасиќ Стево (ЈРЗ) - 271 глас;

Станковиќ Ристо (ЈРЗ) - 115 гласа.

- општина Кривопаланачка: Величковиќ Димитрије (ЈРЗ) - 351 глас; Јаќимовиќ Петруш (ЈРЗ) - 953 гласа; Анѓелковиќ Иван (Здружена опозиција) - 34 гласа.
- општина Мождивњачка: Начевиќ Никола (ЈРЗ) - 165 гласа; Стојановиќ Симон (ЈРЗ) - 272 гласа; Ристиќ Божин (неопределен) - 207 гласа.
- општина Петраличка: Вељковиќ Стојко (ЈРЗ) - 66 гласа; Давидовиќ Александар (ЈРЗ) - 14 гласа; Димитријевиќ Денко (ЈРЗ) - 176 гласа; Трајковиќ Ставре (ЈРЗ) - 307 гласа; Додевиќ Трајко (неопределен) - 7 гласа.
- општина Радовачка: Крстиќ Димче (ЈРЗ) - 119 гласа; Младеновиќ Максе (ЈРЗ) - 344 гласа.
- општина Ранковачка: Анѓелковиќ Никола (ЈРЗ) - ништо; Јовановиќ Андреја (ЈРЗ) - 4 гласа; Ристиќ Тодор (ЈРЗ) - 400 гласа; Бошковиќ Серафим (Здружена опозиција) - 97 гласа; Михајловиќ Ѓорѓе (Здружена опозиција) - 184 гласа.
- општина Трговишка: Давидовиќ Стојан (ЈРЗ) - 297 гласа; Митиќ Здравко (ЈРЗ) - 467 гласа; Митиќ Станојко (ЈРЗ) - 53 гласа;

14) Резултати на општински избори во околија Кратовска

- општина Злетовска: Анчевиќ Стојан (ЈРЗ) - 37 гласа; Ѓорѓевиќ Андон (ЈРЗ) - 673 гласа; Пановиќ Славко (ЈРЗ) - 708 гласа; Смилевиќ Павле (ЈРЗ) - 23 гласа.

- општина Кратовска: Апостоловиќ Алексо (ЈРЗ) - 147 гласа; Дончевиќ Тасе (ЈРЗ) - 37 гласа; Ќириќ Јован (ЈРЗ) - 856 гласа; Цветковиќ Димитрије (ЈРЗ) - 107 гласа.

- општина Опиљска: Давидовиќ Серафим (ЈРЗ) - 9 гласа; Митиќ Милош (ЈРЗ) - 264 гласа; Павловиќ Петруш (ЈРЗ) - 8 гласа; др. Симоновиќ Јосиф (ЈРЗ) - 160 гласа; Стојиљковиќ Велимир (ЈРЗ) - 1 глас.
- општина Рударска: Митровиќ Јаќим (ЈРЗ) - 82 гласа; Радовиќ Тодор (ЈРЗ) - 33 гласа; Трајковиќ Милош (ЈРЗ) - 120 гласа; Стефановиќ Серафим (ЈРЗ) - 133 гласа; Тајковиќ Мијалко (ЈРЗ) - 81 глас; Филиповиќ Марко (ЈРЗ) - 79 гласа.
- општина Страцинска: Давитковиќ Стојко (ЈРЗ) - 141 глас; Китановиќ Раде (ЈРЗ) - 102 гласа; Лазаревиќ Теодосије (ЈНС) - 126 гласа.

15) Резултати на општински избори во околија Жеглиговска

- општина Арбанашка: Димитријевиќ Ѓорѓе (ЈРЗ) - 65 гласа; Младеновиќ Спасе (ЈРЗ) - 214 гласа; Петковиќ Коце (ЈРЗ) - 145 гласа; Серафимовиќ Јаќим (Здружена опозиција) - 134 гласа.
- општина Градишка: Јовановиќ Стеван (ЈРЗ) - 293 гласа; Перовиќ Лазар (ЈРЗ) - 22 гласа; Митровиќ Илија (Здружена опозиција) - 18 гласа.
- општина Душановачка: Ибраимовиќ Исен (ЈРЗ) - 275 гласа;

Адемовиќ Алил (ЈРЗ) - 252 гласа; Османовиќ Амит (ЈРЗ) - 77 гласа; Ристиќ Михајло (Здружена опозиција) - 50 гласа; Бајрам Алити (ЈРЗ) - 23 гласа.

- <u>општина Жегљанска</u>: Младеновиќ Ѓорѓе (ЈРЗ) - 20 гласа; Поповиќ Зафир (ЈРЗ) - 69 гласа; Ристиќ Димитрије (ЈРЗ) - 166 гласа; Јовановиќ Томе (Здружена опозиција) - 219 гласа; Кузмановиќ Ѓорѓе (Здружена опозиција) - 42 гласа.
- <u>општина Јаќинска</u>: Николиќ Раде (ЈРЗ) - 45 гласа; Станојковиќ Трајко (ЈРЗ) - 86 гласа; Додиќ Трајко (неопределен) - 211 гласа; Петрушевиќ Филип (Здружена опозиција) - 267 гласа.
- <u>општина Кочицка</u>: Димовиќ Симо (ЈРЗ) - 311 гласа; Величковиќ Доце (Здружена опозиција) - 259 гласа.
- <u>општина Матејачка</u>: Неѓановиќ Рамадан (ЈРЗ) - 91 глас; Јашаровиќ Насим (ЈРЗ) - 200 гласа; Николиќ Вујица (ЈРЗ) - 171 глас; Сулимановиќ Сулиман (ЈРЗ) - 570 гласа.
- <u>општина Младонагоричанска</u>: Јовановиќ Стојан (ЈРЗ) - 337 гласа; Миленовиќ Младен (ЈРЗ) - 44 гласа; Николиќ Јордан (ЈРЗ) - 15 гласа; Додиќ Трајко (Здружена опозиција) - 146 гласа.
- <u>општина Ораховачка</u>: Костадиновиќ Спиро (ЈРЗ) - 351 глас; Нинковиќ Саздо (ЈРЗ) - 15 гласа; Крстиќ Јордан (Здружена опозиција) - 192 гласа; Мишиќ Павле (Здружена опозиција) - 17 гласа.
- <u>општина Режановачка</u>: Азировиќ Невзад (ЈРЗ) - ништо; Влајковиќ Душан (ЈРЗ) - 226 гласа; Идризовиќ Есад (ЈРЗ) - 275 гласа;

Сулимановиќ Љутви (Здружена опозиција) - 86 гласа.

- општина Романовачка: Анѓелковиќ Милан (ЈРЗ) - 317 гласа; Десковиќ Стојан (ЈРЗ) - 261 глас; Крстиќ Милутин (ЈРЗ) - 168 гласа; Трајковиќ Ананије (ЈРЗ) - 8 гласа; Ерад Милан (Здружена опозиција) - 84 гласа.

- општина Старонагоричанска: Димовиќ Стојан (ЈРЗ) - 216 гласа; Тасиќ Милан (ЈРЗ) - 56 гласа; Тошиќ Крсте (ЈРЗ) - 13 гласа; Додиќ Станоје (Здружена опозиција) - 66 гласа; Спасиќ Зафир (Здружена опозиција) - 280 гласа.

- општина Табановачка: Алијевиќ Акиф (ЈРЗ) - 436 гласа; Трајановиќ Наско (ЈРЗ) - 373 гласа; Цветковиќ Стојан (ЈРЗ) - 220 гласа; Величковиќ Михајло - ништо.

16) Резултати на општински избори во околија Неготинска

- општина Бистричка: Антиќ Урош (ЈРЗ) - 18 гласа; Асановиќ Илија (ЈРЗ) - 135 гласа; Усеиновиќ Усеин (ЈРЗ) - 124 гласа.

- општина Демиркапијска: Бобиќ Рајко (ЈРЗ) - 262 гласа.

- општина Криволачка: Весковиќ Јордан (ЈРЗ) - 152 гласа.

- општина Неготинска: Станковиќ Јован (ЈРЗ) - 661 глас.

- општина Тремничка: Алибеговиќ Абдураман (ЈРЗ) - 258 гласа; Веселиновиќ Милош (ЈРЗ) - 147 гласа; Ризовиќ Јован (ЈРЗ) - 132 гласа.

17) Резултати на општински избори во околија Охридска

- општина Белчишка: Ристиќ Миладин (ЈРЗ) - 361 глас; Милошевиќ Војин (Здружена опозиција) - 569 гласа.
- општина Галичичка: Зимовиќ Никола (ЈРЗ) - 289 гласа; Љатковиќ Ташко (ЈРЗ) - 347 гласа; Марковиќ Спасе (ЈРЗ) - 398 гласа; Пешликовиќ Наум (Љотиќев „Збор) - 18 гласа.
- општина Горнокосељска: Митровиќ Вељан (ЈРЗ) - 163 гласа; Радовановиќ Радован (ЈРЗ) - 273 гласа; Цветковиќ Јаков (ЈРЗ) - 548 гласа.
- општина Мешеишка: Јовановиќ Ристо (ЈРЗ) - 230 гласа; Јовановиќ Софроније (Здружена опозиција) - 183 гласа; Чорбевиќ Наум (ЈРЗ) - 61 глас; Стојевиќ Наум (Здружена опозиција) - 167 гласа.
- општина Охридска: Чорбевиќ Анасатас (ЈРЗ) - 1398 гласа; Паунчевиќ Ристо (Граѓанска) - 699 гласа.
- општина Слатинска: Бимбиловиќ Арсо (ЈРЗ) - 4 гласа; Вељановиќ Неде (ЈРЗ) - 161 глас; Поповиќ Антим (ЈРЗ) - 1 глас; Трајчевиќ Дуке (ЈРЗ) - 135 гласа; Стојановиќ Ристо (Здружена опозиција) - 127 гласа.
- општина Сливовска: Петровиќ Јордан (ЈРЗ) - 443 гласа; Најдевиќ Трајко (Здружена опозиција) - 266 гласа.

18) <u>Резултати на општински избори во околија Прилепска</u>

- <u>општина Врбјанска</u>: Димовиќ Тасе (ЈРЗ) - 21 глас; Милосављевиќ Данило (ЈРЗ) - 261 глас; Цацановиќ Милан (ЈРЗ) - 358 гласа; Пројковиќ Милан (ЈРЗ) - 141 глас.
- <u>општина Витолишка</u>: Ѓуровиќ Аспарух (ЈРЗ) - 133 гласа; Јовановиќ Стојан (ЈРЗ) - 121 глас; Стојковиќ Трајко (ЈРЗ) - 94 гласа.
- <u>општина Дуњска</u>: Петровиќ Спасе (ЈРЗ) - 360 гласа; Петковиќ Т. Петко (ЈРЗ) - 27 гласа; Петковиќ Д. Петко (ЈРЗ) - 15 гласа; Стојановиќ Петко (ЈРЗ) - 94 гласа.
- <u>општина Долњанска</u>: Котевиќ Милан (ЈРЗ) - 251 глас; Ристиќ Илија (ЈРЗ) - 179 гласа; Трајковиќ Рампо (ЈРЗ) - 155 гласа.
- <u>општина Костиначка</u>: Боцевиќ Крсто (ЈРЗ) - 88 гласа; Илиќ Тодор (ЈРЗ) - 2 гласа; Петровиќ Вељан (ЈРЗ) - 11 гласа; Станојевиќ Милан (ЈРЗ) - 523 гласа; Трајчевиќ Ѓорѓе (ЈРЗ) - 352 гласа; Тодоровиќ Вељко (ЈРЗ) - 94 гласа.
- <u>општина Небреговска</u>: Антиќ Харалампије (ЈРЗ) - 54 гласа; Столевиќ Алекса (ЈРЗ) - 350 гласа; Спирковиќ Никола (ЈРЗ) - 330 гласа.
- <u>општина Прилепачка</u>: Вељковиќ Илија (ЈРЗ) - 58 гласа; Илиќ Јован (ЈРЗ) - ништо; Николиќ Јордан (ЈРЗ) - 242 гласа; Николиќ Наум (ЈРЗ) - 16 гласа; Петровиќ Бошко (ЈРЗ) - 4 гласа; Трајковиќ Тале (ЈРЗ) - 80 гласа.

- <u>општина Прилепска</u>: Попевиќ Борис (ЈРЗ) - 1280 гласа; Петровиќ Цветко (ЈРЗ) - 334 гласа; Стевановиќ Драгомир (Главни одбор на бившата Радикална партија) - 141 глас; Тофовиќ Глигор (Здружена опозиција) - 974 гласа.
- <u>општина Плетварска</u>: Даневиќ Никола (ЈРЗ) - 12 гласа; Јосковиќ Милан (ЈРЗ) - 55 гласа; Кочовиќ Тале (ЈРЗ) - 111 гласа; Карајловиќ Атанас (ЈРЗ) - 25 гласа; Оџовиќ Петар (ЈРЗ) - 265 гласа; Трајковиќ Данило (ЈРЗ) - 95 гласа.
- <u>општина Тополчанска</u>: Демировиќ Џафер (ЈРЗ) - 279 гласа; Мицковиќ Тодор (ЈРЗ) - 570 гласа; Спасиќ Ристо (Здружена опозиција) - 90 гласа.

19) <u>Резултати на општински избори во околија Радовишка</u>

- <u>општина Ињевска</u>: Јефтимовиќ Никола (ЈРЗ) - 285 гласа; Мицевиќ Илија (ЈРЗ) - 362 гласа.
- <u>општина Кончанска</u>: Димовиќ Димитрије (ЈРЗ) - 246 гласа; Костадиновиќ Димитрије (ЈРЗ) - 78 гласа; Ристиќ Зафир (ЈРЗ) - 320 гласа.
- <u>општина Подарешка</u>: Димитријевиќ Ристо (ЈРЗ) - 671 глас; Асановиќ Исмаил (ЈРЗ) - 515 гласа.
- <u>општина Радовишка</u>: Илиќ Петар (ЈРЗ) - 235 гласа; Трајковиќ Стојмен (ЈРЗ) - 1093 гласа.

20) Резултати на општински избори во околија Преспанска

- општина Гопешка: Даскаловиќ Ристо (ЈРЗ) - 142 гласа; Стамболџијевиќ Андон (ЈРЗ) - 27 гласа; Чипуровиќ Ѓорѓе (ЈРЗ) - 125 гласа; Деновиќ Стевко (Здружена опозиција) - 59 гласа.
- општина Јанковачка: Бундевиќ Владимир (ЈРЗ) - 136 гласа; Балаловиќ Никола (ЈРЗ) - 96 гласа; Димовиќ Ламбе (ЈРЗ) - 177 гласа; Лабавчевиќ Јевтим (ЈРЗ) - 191 глас; Поповиќ Јован (ЈРЗ) - 246 гласа.
- општина Љубојинска: Малиќ Алим (ЈРЗ) - 268 гласа; Наумовиќ Јефтим (ЈРЗ) - 433 гласа; Туѓаревиќ Алексо (ЈРЗ) - 317 гласа.
- општина Подмочанска: Златаревиќ Јаќим (ЈРЗ) - 2 гласа; Ивановиќ Борислав (ЈРЗ) - 5 гласа; Крушаревиќ Александар (ЈРЗ) - 95 гласа; Селимовиќ Муарем (ЈРЗ) - 202 гласа; Талевиќ Тале (ЈРЗ) - 303 гласа; Јаневиќ Никола (Здружена опозиција) - 22 гласа.
- општина Ресенска: Бундевиќ Ѓорѓе (ЈРЗ) - 52 гласа; Димовиќ Илија (ЈРЗ) - 173 гласа; Доневиќ Ѓорѓе (ЈРЗ) - 721 глас.
- општина Царевдворска: Димитријевиќ Илија (ЈРЗ) - 79 гласа; Јаневиќ Ристо (ЈРЗ) - 155 гласа; Николиќ Коста (ЈРЗ) - 260 гласа; Павловиќ Захарије (ЈРЗ) - 26 гласа; Темељковиќ Павле (ЈРЗ) - 19 гласа; Таневиќ Стеван (ЈРЗ) - 315 гласа; Николиќ Михајло (Здружена опозиција) - 11 гласа.

21) Резултати на општински избори во околија Крушевска

- општина Белоцрквенска: Николиќ Спиро (ЈРЗ) - 367 гласа; Радујко Стеван (ЈРЗ) - 315 гласа; Котевиќ Јордан (неопределен) - 13 гласа.
- општина Жванска: Несторовиќ Софроније (ЈРЗ) - 665 гласа; Поповиќ Никола (ЈРЗ) - 309 гласа.
- општина Кривогаштанска: Богдановиќ Ѓорѓе (ЈРЗ) - 23 гласа; Јанковиќ Димко (ЈРЗ) - 275 гласа; Пашиќ Цветко (ЈРЗ) - 405 гласа.
- општина Крушевска: Зисиќ Никола (ЈРЗ) - 722 гласа; Јошевиќ Никола (ЈРЗ) - 369 гласа.
- општина Растовичка: Богдановиќ Цветко (ЈРЗ) - 38 гласа; Ѓорѓевиќ Сокол (ЈРЗ) - ништо; Јовановиќ Крсте (ЈРЗ) - 155 гласа; Јовановиќ Максим (ЈРЗ) - 29 гласа; Мирчевиќ Томе (ЈРЗ) - 24 гласа; Стевановиќ Никола (ЈРЗ) - 123 гласа; Трпчевиќ Ѓорѓе (ЈРЗ) - 22 гласа.
- општина Црноречка: Бељановиќ Коста (ЈРЗ) - 330 гласа; Гроздановиќ Стојан (ЈРЗ) - 361 глас; Милошевиќ Богоја (ЈРЗ) - 142 гласа.

22) Резултати на општински избори во околија Галичка

- општина Галичничка: Михајловиќ Тихомир (ЈРЗ) - 336 гласа.

- <u>општина Горноречка</u>: Димитријевиќ Авакум (ЈРЗ) - 120 гласа; Итковиќ Алексије (ЈРЗ) - 225 гласа.
- <u>општина Жировничка</u>: Беќировиќ Аљуш (ЈРЗ) - 603 гласа.
- <u>општина Лазарополска</u>: Дучиќ Васо (ЈРЗ) - 290 гласа; Дукиќ Гаврило (ЈРЗ) - 23 гласа.
- <u>општина Ростушка</u>: Китановиќ Алексо (ЈРЗ) - 1001 глас.

23) <u>Резултати на општински избори во околија Овчеполска</u>

- <u>општина Горно-Балванска</u>: Арсиќ Тодор (ЈРЗ) - 382 гласа; Ѓорѓевиќ Миљко (ЈРЗ) - 11 гласа; Колевиќ Томе (ЈРЗ) - 255 гласа; Талевиќ Владо (ЈРЗ) - 4 гласа.
- <u>општина Овчеполска</u>: Лазовиќ Дане (ЈРЗ) - 345 гласа; Миљковиќ Владимир (ЈРЗ) - 125 гласа; Стојановиќ Јордан (ЈРЗ) - 62 гласа.
- <u>општина Павлешенска</u>: Јордановиќ Стојан (неопределен) - 100 гласа; Паневиќ Дане (ЈРЗ) - 94 гласа; Соколовиќ Иларион (ЈРЗ) - 162 гласа; Спасиќ Санде (ЈРЗ) - 84 гласа.
- <u>општина Ранчичка</u>: Гијевиќ Славко (ЈРЗ) - 284 гласа; Маневиќ Борис (ЈРЗ) - 291 глас; Пановиќ Гене (ЈРЗ) - 56 гласа; Петрушевиќ Коне (ЈРЗ) - 4 гласа.
- <u>општина Светиниколска</u>: Бановиќ Војислав (ЈРЗ) - 142 гласа; Митиќ Ристо (ЈРЗ) - 484 гласа; Ставриќ Кочо (Здружена опозиција) - 228 гласа.

- општина Џумајлиска: Ибраимовиќ Рамадан (ЈРЗ) - 570 гласа; Мамудовиќ Реџеп (ЈРЗ) - 198 гласа.

24) Резултати на општински избори во околија Скопска

- општина Гоpњевска: Атанасковиќ Коста (ЈРЗ) - 342 гласа; Ристиќ Војин (ЈРЗ) - 1 глас; Стефановиќ Трајан (ЈРЗ) - 2 гласа; Сеферовиќ Реџеп (ЈРЗ) - 3 гласа.
- општина Градовачка: одложени избори.
- општина Горно-Количанска: Зиберовиќ Муса (ЈРЗ) - 289 гласа; Небијевиќ Ферат Фете (ЈРЗ) - 442 гласа.
- општина Драчевска: Ациќ Пане (ЈРЗ) - 402 гласа; Ѓорѓевиќ Томо (ЈРЗ) - 883 гласа; Цветковиќ Ангел (Здружена опозиција) - 32 гласа.
- општина Катлановска: Алексиќ Тодор (ЈРЗ) - 259 гласа; Ѓорѓевиќ Тодор (Здружена опозиција) - 160 гласа.
- општина Држиловска: Зеќир Љутвија (ЈРЗ) - 248 гласа; Таировиќ Адем (ЈРЗ) - 412 гласа.
- општина Кучковска: одложени избори.
- општина Кучевишка: Усовиќ Тодор (ЈРЗ) - 272 гласа; Видиниќ Петко (Здружена опозиција) - 147 гласа.
- општина Љубаначка: Андасаровиќ Тодор (ЈРЗ) - 474 гласа; Лошковиќ Коста (ЈРЗ) - 422 гласа.
- општина Петровачка: одложени избори.

- општина Ракотиначка: Илиќ Коста (ЈРЗ) - 373 гласа; Нешиќ Недељко (ЈРЗ) - 198 гласа.
- општина Сушичка: Николиќ Насе (ЈРЗ) - 427 гласа; Цветковиќ Трифун (ЈРЗ) - 232 гласа.
- општина Синѓеличка: Поповиќ Милош (ЈРЗ) - 617 гласа; Соколовиќ Коста (ЈРЗ) - 352 гласа.
- општина Светоникитска: Кајевиќ Крсто (ЈРЗ) - 727 гласа; Живковиќ Недељко (Здружена опозиција) - 112 гласа.
- општина Чајланска: Исмаиловиќ Исем (ЈРЗ) - 472 гласа; Рамадановиќ Вели (ЈРЗ) - 671 глас.
- општина Шишевска: Алиловиќ Осман (Здружена опозиција) - 7 гласа; Бошковиќ Саво (ЈРЗ) - 4 гласа; Количанин Љубомир (ЈРЗ) - 93 гласа; Петровиќ Ѓорѓе (ЈРЗ) - 342 гласа; Салијевиќ Мустафа (ЈРЗ) - 205 гласа.

25) Резултати на општински избори во околија Струмичка

- општина Босилевска: Кацаревиќ Илија (ЈРЗ) - 196 гласа; Милушевиќ Томо (ЈРЗ) - 295 гласа; Митровиќ Туше (ЈРЗ) - 66 гласа; Пановиќ Александар (ЈРЗ) - 192 гласа; Спасовиќ Спасе (ЈРЗ) - 168 гласа; Паштровиќ Јован (Здружена опозиција) - 307 гласа.
- општина Василевска: Соколовиќ Миљко (ЈРЗ) - 695 гласа; Соларевиќ Р. Коспаќ (ЈРЗ) - 9 гласа; Хаџијевиќ Милан (ЈРЗ) - 384 гласа.

- општина Муртинска: Азматовиќ Никола (ЈРЗ) - 282 гласа; Зајевиќ Глигор (ЈРЗ) - 128 гласа; Чорлевиќ Јован (ЈРЗ) - 72 гласа; Митевиќ Боце (Здружена опозиција) - 452 гласа.
- општина Новоселска: Јанковиќ Андреја (ЈРЗ) - 383 гласа; Љумовиќ Никола (ЈРЗ) - 353 гласа; Мешевиќ Трајко (ЈРЗ) - 114 гласа; Ристовиќ Крсто (ЈРЗ) - 597 гласа; Таневиќ Атанас (ЈРЗ) - 206 гласа.
- општина Попчевска: Камберовиќ Коце (ЈРЗ) - 151 глас; Костовиќ Ѓорѓе (ЈРЗ) - 192 гласа; Мицевиќ Туше (ЈРЗ) - 23 гласа; Танушевиќ Тимо (ЈРЗ) - 78 гласа.
- општина Струмичка: Ѓорѓевиќ Михајло (ЈРЗ) - 516 гласа; Карчевиќ Василије (ЈРЗ) - 609 гласа; Поп-Димитријевиќ Тодор (Здружена опозиција) - 780 гласа.

26) Резултати на општински избори во околија Струшка

- општина Вевчанска: Парталовиќ Коста (ЈРЗ) - 369 гласа; Дековиќ Кузман (Здружена опозиција) - 336 гласа.
- општина Велешка: Ѓуровиќ Рамиз (ЈРЗ) - 404 гласа; Јаковлевиќ Алекса (ЈРЗ) - 301 глас.
- општина Делагошка: Алијевиќ Абдула (ЈРЗ) - 302 гласа; Јунузовиќ Бељул (ЈРЗ) - 150 гласа; Нурединовиќ Хасан (ЈРЗ) - 201 глас.
- општина Дримколска: Марковиќ Анѓелко (ЈРЗ) - 272 гласа; Бељковиќ Мите (Здружена опозиција) - 223 гласа.

- општина Караорманска: Анѓелковиќ Стојан (ЈРЗ) - 100 гласа; Новаковиќ Јефто (ЈРЗ) - 134 гласа; Трпчевиќ Никола (ЈРЗ) - 199 гласа.
- општина Лабунишка: Крстиќ Зарија (ЈРЗ) - 341 глас; Петровиќ Светозар (ЈРЗ) - 244 гласа.
- општина Ливадска: Ѓорѓевиќ Наум (ЈРЗ) - 151 глас; Прентовиќ Наум (ЈРЗ) - 322 гласа.
- општина Радолишка: Танасковиќ Наум (ЈРЗ) - 444 гласа; Исламовиќ Шазим (ЈРЗ) - 364 гласа.
- општина Струшка: Папунџијевиќ Славе (ЈРЗ) - 463 гласа; Шајновиќ Божо (Здружена опозиција) - 285 гласа.

27) Резултати на општински избори во околија Долнополошка

- општина Брвеничка: Сејфуловиќ Сабит (ЈРЗ) - 295 гласа; Летиќ Аврам (ЈРЗ) - 13 гласа; Бугарчиќ Никола (ЈРЗ) - 7 гласа; Бајрамовиќ Иљаз (Здружена опозиција) - 180 гласа; Арифовиќ Алија (Здружена опозиција) - 56 гласа.
- општина Волковинска: Аврамовиќ Огњан (ЈРЗ) - 8 гласа; Наумовиќ Нуфре (ЈРЗ) - 119 гласа; Савиќ Младен (ЈРЗ) - 36 гласа; Сиљановиќ Ѓоко (ЈРЗ) - 178 гласа.
- општина Вратничка: Видојевиќ Тодор (ЈРЗ) - 29 гласа; Димитријевиќ Стеван (ЈРЗ) - 53 гласа; Имеровиќ Авдил (ЈРЗ) - 230 гласа; Јанчевиќ Захарије (ЈРЗ) - 5 гласа; Костадиновиќ Трпко (ЈРЗ) - 341 глас; Кочовиќ Атанас (ЈРЗ) - 138 гласа.

- општина Групчинска: Асиповиќ Исљам (ЈРЗ) - 139 гласа; Имеровиќ Амди (ЈРЗ) - 294 гласа; Меметовиќ Мемет (ЈРЗ) - 107 гласа; Сујефоловиќ Осман (ЈРЗ) - 341 глас.
- општина Долнополошка: Демировиќ Џабир (ЈРЗ) - 352 гласа; Есатовиќ Ејуп (ЈРЗ) - 601 глас; Јовановиќ Димитрије (ЈРЗ) - 71 глас; Фератовиќ Беџет (Здружена опозиција) - 21 глас.
- општина Желинска: Ристиќ Обрад (ЈРЗ) - 107 гласа; Изаировиќ Исљам (ЈРЗ) - 346 гласа; Биљаловиќ Бајрам (ЈРЗ) - 15 гласа; Бафтијаревиќ Кариман (Здружена опозиција) - 25 гласа.
- општина Лешачка: Богдановиќ Форче (ЈРЗ) - 248 гласа; Бафтијаровиќ Ќазим (Здружена опозиција) - 4 гласа; Идризовиќ Алим (ЈРЗ) - 283 гласа; Исмаиловиќ Небија (ЈРЗ) - 120 гласа; Пачваровиќ Андон (ЈРЗ) - 248 гласа; Ќеримовиќ Абдула (ЈРЗ) - 223 гласа.
- општина Милетинска: Зиберовиќ Илмија (ЈРЗ) - 104 гласа; Мартиновиќ Јован (ЈРЗ) - 334 гласа; Илиќ Коста (Здружена опозиција) - 165 гласа; Ќазимовиќ Сезах (ЈРЗ) - 2 гласа.
- општина Седларевска: Бељуловиќ Садик (ЈРЗ) - 201 глас; Сејфуловиќ Вајит (ЈРЗ) - 59 гласа.
- општина Селачка: Исеновиќ Исак (ЈРЗ) - 428 гласа; Садиковиќ Рамиз (ЈРЗ) - 343 гласа; Рамадановиќ Меџит (Здружена опозиција) - 40 гласа.
- општина Сенокошка: Аметовиќ Амет (ЈРЗ) - 101 глас; Асановиќ Асан (ЈРЗ) - 296 гласа; Сејфуловиќ Шаит (ЈРЗ) - 554 гласа.

- општина Теаречка: Веселиновиќ Коста (ЈРЗ) - 4 гласа; Гавриловиќ Божин (ЈРЗ) - 89 гласа; Идризовиќ Идриз (ЈРЗ) - 530 гласа; Рустемовиќ Рамиз (ЈРЗ) - 296 гласа; Рустемовиќ Шефкет (ЈРЗ) - 19 гласа; Стојановиќ Мина (ЈРЗ) - 4 гласа.
- општина Шемшевачка: Ѓерасимовиќ Стеван (ЈРЗ) - 291 глас; Панчевиќ Петар (ЈРЗ) - 13 гласа; Стаменковиќ Илија (ЈРЗ) - 276 гласа; Ѓорѓевиќ Трпко (Здружена опозиција) - 118 гласа.

28) Резултати на општински избори во околија Царевоселска

- општина Каменичка: Ивановиќ Никола (ЈРЗ) - 152 гласа; Јовановиќ Јордан (ЈРЗ) - 358 гласа; Наумовиќ Јордан (ЈРЗ) - 270 гласа.
- општина Трабатовишка: Кушевиќ Јован (ЈРЗ) - 270 гласа; Николиќ Павле (ЈРЗ) - 181 глас; Радуловиќ Нове (ЈРЗ) - 184 гласа.
- општина Царевоселска: Радојковиќ Љубиша (ЈРЗ) - 575 гласа; Чипевиќ Јован (ЈРЗ) - 799 гласа.

29) Резултати на општински избори во околија Штипска

- општина Драговска: Паневиќ Тодор (ЈРЗ) - 366 гласа; Мустафовиќ Расим (Здружена опозиција) - 11 гласа.
- општина Лесковичка: Јаневиќ Трифун (ЈРЗ) - 402 гласа; Радовиќ Миладин (Здружена опозиција) - 24 гласа.
- општина Радањска: Балабановиќ Стојан (ЈРЗ) - 786 гласа; Гачевиќ Коце (Здружена опозиција) - 66 гласа.

- општина Штипска: Сеизовиќ Михаило (ЈРЗ) - 1580 гласа; Матиќ Гвозден (Здружена опозиција) - 696 гласа.

Изработен според официјалните податоци објавени во в. „Вардар", IV, бр. 1007, Скопље, 8.XII.1936, 1, 2, 3; в. „Самоуправа", LVI, бр. 245, Београд, 7.XII.1936, 1, 2, 3; в. „Време", XVI, бр. 5553, Београд, 8.XII.1936, 9, 12.

Прилог бр. IV (превод).

# ИЗБОРИ ЗА НАРОДНО СОБРАНИЕ

11. декември 1938.

| реден број | Бановини | Број на избирачи | Број на гласачи | | Поедини земски листи добиле гласови | | | | | | Број на кандидати по земските листи | | | | Поедини земски листи добиле пратеници | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Др. Милан Стојадиновиќ | | Димитрије Љотиќ | | Др. Владимир Мачек | | | | | | | | | |
| | | | Вкупно | % | Број | % | Број | % | Број | % | Др. Милан Стојадиновиќ | Димитрије Љотиќ | Др. Влатко Мачек | Вкупно | Др. Милан Стојадиновиќ | Димитрије Љотиќ | Др. Влатко Мачек | Вкупно |
| 1. | Дравска | 320.361 | 216.610 | 67,61 | 170.257 | 78,60 | 1.127 | 0,52 | 45.226 | 20,88 | 34 | 29 | 78 | 141 | 29 | – | – | 29 |
| 2. | Дринска | 427.677 | 335.141 | 78,36 | 193.059 | 57,61 | 3.762 | 1,12 | 138.320 | 41,27 | 87 | 39 | 141 | 267 | 34 | – | 5 | 39 |
| 3. | Дунавска | 713.593 | 520.587 | 72,95 | 373.070 | 71,66 | 17.573 | 3,38 | 129.944 | 24,96 | 135 | 53 | 160 | 348 | 49 | – | 4 | 53 |
| 4. | Моравска | 428.630 | 326.778 | 76,24 | 247.243 | 75,66 | 817 | 0,25 | 78.718 | 24,09 | 84 | 41 | 114 | 239 | 40 | – | 1 | 41 |
| 5. | Приморска | 270.321 | 213.630 | 79,03 | 42.854 | 20,06 | 2.427 | 1,14 | 168.349 | 78,80 | 43 | 24 | 67 | 134 | 14 | – | 10 | 24 |
| 6. | Савска | 816.967 | 657.294 | 80,45 | 112.386 | 17,10 | 2.147 | 0,33 | 542.761 | 82,57 | 118 | 76 | 124 | 318 | 45 | – | 31 | 76 |
| 7. | Вардарска | 451.831 | 303.457 | 67,16 | 228.095 | 75,17 | 130 | 0,04 | 75.232 | 24,79 | 110 | 45 | 125 | 280 | 42 | – | 3 | 45 |
| 8. | Врбаска | 295.063 | 213.184 | 72,25 | 108.068 | 50,69 | 1.205 | 0,57 | 103.911 | 48,74 | 59 | 26 | 94 | 179 | 20 | – | 6 | 26 |
| 9. | Зетска | 265.037 | 200.742 | 75,74 | 129.154 | 64,34 | 1.047 | 0,52 | 70.541 | 35,14 | 70 | 33 | 100 | 203 | 27 | – | 6 | 33 |
| 10. | Београд | 90.806 | 51.618 | 56,84 | 39.597 | 76,71 | 499 | 0,97 | 11.522 | 22,32 | 5 | 5 | 10 | 20 | 5 | – | – | 5 |
| 11. | Носители на земски кандидатски листи | – | – | – | – | – | – | – | – | – | – | – | – | – | 1 | – | 1 | 2 |
| | Вкупно | 4.080.286 | 3.039.041 | 74,48 | 1.643783 | 54,09 | 30.734 | 1,01 | 1.364.524 | 44,90 | 745 | 371 | 1.013 | 2.129 | 306 | – | 67 | 373 |

Branko Petranović, Momčilo Zečević, Jugoslavija 1918–1984, Zbirka dokumenata, 1985, 352.

# ПРИЛОГ Бр. V

## Резултати на парламентарните избори во Вардарскиот дел на Македонија од 11.XII.1938 година

### I. Изборен округ бр. 32

#### 1) Околија Галичка

| | | |
|---|---|---|
| - Бранислав А. Тодоровиќ (др. М. Стојадиновиќ) | - | 4.298 гласа |
| - Лазар И. Цубаљевиќ (др. М. Стојадиновиќ) | - | 31 глас |
| | Вкупно: | 4.329 гласа |
| - Владимир Мојсијевиќ (др. В. Мачек) | - | 0 гласа |
| - Стојан Матиќ (др. В. Мачек) | - | 1 глас |
| - Крун Петрушевиќ (Д. Љотиќ) | - | 0 гласа |
| | Вкупно гласале: | 4.330 |

#### 2) Околија Горнополошка

| | | |
|---|---|---|
| - Угрин Јоксимовиќ (др. М. Стојадиновиќ) | - | 6.068 гласа |
| | Вкупно: | 6.068 гласа |
| - Чамил Јашарбеговиќ (др. В. Мачек) | - | 108 гласа |
| - Арсеније Фотириќ (др. В. Мачек) | - | 202 гласа |
| | Вкупно: | 310 гласа |

- Филип Миливојевиќ (Д. Љотиќ) - 0 гласа

Вкупно гласале: 6.378

3) Околија Долнополошка

- Стојадин Димитријевиќ (др. М. Стојадиновиќ) - 11.504 гласа
- Филип Филиповиќ (др. М. Стојадиновиќ) - 57 гласа

Вкупно: 11.561 гласа

- Божидар Влајиќ (др. В. Мачек) - 1.732 гласа
- Душан Аврамовиќ (др. В. Мачек) - 14 гласа

Вкупно: 1.746 гласа

- Филип Миливојевиќ (Д. Љотиќ) - 0 гласа

Вкупно гласале: 13.307

II. Изборен округ бр. 33

1) Околија Жеглиговска

- Милан Симоновиќ (др. М. Стојадиновиќ) - 6.896 гласа

Вкупно: 6.896

- Радмило Стојилковиќ (др. В. Мачек) - 6.058 гласа
- Ѓорѓе Гаревиќ (др. В. Мачек) - 155 гласа
- Милосав Марковиќ (др. В. Мачек) - 3 гласа
- Станко Јанковиќ (др. В. Мачек) - 14 гласа

Вкупно: 6.230

- Михаило Шипетиќ (Д. Љотиќ) - 1 глас

Вкупно гласале: 13.127

2) <u>Околија Кратовска</u>

| | | |
|---|---|---|
| - Стеван Симиќ (др. М. Стојадиновиќ) | | - 528 гласа |
| - Мина Станковиќ (др. М. Стојадиновиќ) | | - 1.030 гласа |
| - Коста Канашиќ (др. М. Стојадиновиќ) | | - 959 гласа |
| | Вкупно: | 2.517 |
| - Др. Александар Ѓорѓевиќ (др. В. Мачек) | | - 1.662 гласа |
| - Ѓорѓе Пандиловиќ (др. В. Мачек) | | - 11 гласа |
| - Љубомир Зафировиќ (др. В. Мачек) | | - 10 гласа |
| | Вкупно: | 1.683 |
| - Драгољуб Брановачки (Д. Љотиќ) | | - 1 глас |
| | Вкупно гласале: | 4.201 |

3) <u>Околија Кривопаланечка</u>

| | | |
|---|---|---|
| - Алексије Јовановиќ (др. М. Стојадиновиќ) | | - 1.596 гласа |
| - Петруш Јаќимовиќ (др. М. Стојадиновиќ) | | - 2.364 гласа |
| | Вкупно: | 3.960 |
| - Радмило Стојиљковиќ (др. В. Мачек) | | - 370 гласа |
| - Стаменко Стошиќ (др. В. Мачек) | | - 2.420 гласа |
| | Вкупно: | 2.790 |
| - Велимир Коњиќ (Д. Љотиќ) | | - 0 гласа |
| | Вкупно гласале: | 6.750 |

## III. Изборен округ бр. 34

1) Околија Битолска

| | | |
|---|---|---|
| - Јован Алтипармаковиќ (др. М. Стојадиновиќ) | - 4.108 | гласа |
| - Војислав Н. Протиќ (др. М. Стојадиновиќ) | - 903 | гласа |
| - Др. Теодосије Робе (др. М. Стојадиновиќ) | - 3.046 | гласа |
| Вкупно: | 8.057 | |
| - Петар Вељановиќ (др. В. Мачек) | - 1.388 | гласа |
| - Столе Мандровиќ (др. В. Мачек) | - 143 | гласа |
| - Др. Борислав Светијевиќ (др. В. Мачек) | - 1.513 | гласа |
| - Никола Марковиќ (др. В. Мачек) | - 90 | гласа |
| - Вељко Огњановиќ (др. В. Мачек) | - 44 | гласа |
| Вкупно: | 3.178 | |
| - Јосип Скоберне (Д. Љотиќ) | - 17 | гласа |
| Вкупно гласале: | 11.252 | |

2) Околија Дебарска

| | | |
|---|---|---|
| - Радослав М. Димиќ (др. М. Стојадиновиќ) | - 2.621 | глас |
| Вкупно: | 2.621 | |
| - Боривоје Атанацковиќ (др. В. Мачек) | - 312 | гласа |
| - Стојан Митровиќ (Д. Љотиќ) | - 1 | глас |
| Вкупно гласале: | 2.934 | |

3) <u>Околија Кичевска</u>

| | | |
|---|---|---|
| - Живко Ѓорѓевиќ (др. М. Стојадиновиќ) | - | 2.992 гласа |
| - Владо Стојановиќ (др. М. Стојадиновиќ) | - | 1.364 гласа |
| - Анастас Бунгуровиќ (др. М. Стојадиновиќ) | - | 107 гласа |
| Вкупно: | | 4.463 |
| - Љубомир Трандафиловиќ (др. В. Мачек) | - | 856 гласа |
| - Ставре Трпковиќ (др. В. Мачек) | - | 811 гласа |
| - Михаило Стаменковиќ (др. В. Мачек) | - | 1 глас |
| Вкупно: | | 1.668 |
| - Јосип Скоберне (Д. Љотиќ) | - | 0 гласа |
| Вкупно гласале: | | 6.131 |

4) <u>Околија Прилепска</u>

| | | |
|---|---|---|
| - Др. Јован Шајкаревиќ (др. М. Стојадиновиќ) | - | 3.800 гласа |
| - Лазар Хаџи Христиќ (др. М. Стојадиновиќ) | - | 1.255 гласа |
| Вкупно: | | 5.055 |
| - Димитрије Чичевиќ (др. В. Мачек) | - | 255 гласа |
| - Драгомир Стевановиќ (др. В. Мачек) | - | 16 гласа |
| - Методија Ченто Мицковиќ (др. В. Мачек) | - | 2.113 гласа |
| - Василије Трбиќ (др. В. Мачек) | - | 1.408 гласа |
| - Сотир Доневиќ (др. В. Мачек) | - | 23 гласа |
| Вкупно: | | 3.815 |
| - Димитрије Ристиќ (Д. Љотиќ) | - | 3 гласа |
| Вкупно гласале: | | 8.873 |

5) Околија Охридска

| | | |
|---|---|---|
| - Милан Блажиќ (др. М. Стојадиновиќ) | - 2.684 | гласа |
| - Анастас Чорбевиќ (др. М. Стојадиновиќ) | - 3.222 | гласа |
| - Марко Бошковиќ (др. М. Стојадиновиќ) | - 8 | гласа |
| Вкупно: | 5.914 | |
| - Ранко Трифуновиќ (др. В. Мачек) | - 123 | гласа |
| - Боривоје Атанацковиќ (др. В. Мачек) | - 211 | гласа |
| - Димитрије Групчевиќ (др. В. Мачек) | - 526 | гласа |
| Вкупно: | 860 | |
| - Иван Лазаревиќ (Д. Љотиќ) | - 11 | гласа |
| Вкупно гласале: | 6.785 | |

6) Околија Струшка

| | | |
|---|---|---|
| - Стојан Крстиќ (др. М. Стојадиновиќ) | - 3.307 | гласа |
| - Марко Бошковиќ (др. М. Стојадиновиќ) | - 23 | гласа |
| Вкупно: | 3.330 | |
| - Ранко Трифуновиќ (др. В. Мачек) | - 950 | гласа |
| - Марко Шуменковиќ (др. В. Мачек) | - 1.057 | гласа |
| - Рамзи Шаќир (др. В. Мачек) | - 70 | гласа |
| Вкупно: | 2.077 | |
| - Иван Лазаревиќ (Д. Љотиќ) | - 0 | гласа |
| Вкупно гласале: | 5.407 | |

7) Околија Крушевска

| | | |
|---|---|---|
| - Др. Василије Јовановиќ (др. М. Стојадиновиќ) | - | 804 гласа |
| - Душан Антонијевиќ (др. М. Стојадиновиќ) | - | 2.241 глас |
| - Цветко Пашиќ (др. М. Стојадиновиќ) | - | 936 гласа |
| - Никола Сапунџиќ (др. М. Стојадиновиќ) | - | 212 гласа |
| | Вкупно: | 4.193 |
| - Димитрије Бојаџијевиќ (др. В. Мачек) | - | 575 гласа |
| - Коста Спасиќ (др. В. Мачек) | - | 96 гласа |
| | Вкупно: | 671 |
| - Коста Договиќ (Д. Љотиќ) | - | 0 гласа |
| | Вкупно гласале: | 4.864 |

8) Околија Мариовска

| | | |
|---|---|---|
| - Светозар Тасиќ (др. М. Стојадиновиќ) | - | 1.837 гласа |
| - Тодор Мицковиќ (др. М. Стојадиновиќ) | - | 251 глас |
| | Вкупно: | 2.088 |
| - Никола Алтипармаковиќ (др. В. Мачек) | - | 7 гласа |
| - Др. Маргарит Налевиќ (др. В. Мачек) | - | 933 гласа |
| - Михаило Франповиќ (др. В. Мачек) | - | 9 гласа |
| - Радован Минциќ (др. В. Мачек) | - | 25 гласа |
| - Властимир Продановиќ (др. В. Мачек) | - | 0 гласа |
| | Вкупно: | 974 |
| - Ѓорѓе Гаќевиќ (Д. Љотиќ) | - | 0 гласа |
| | Вкупно гласале: | 3.062 |

9) Околија Поречка

| | | |
|---|---|---|
| - Данило Ѓуровиќ (др. М. Стојадиновиќ) | - | 2.435 гласа |
| - Милан Апостоловиќ (др. М. Стојадиновиќ) | - | 135 гласа |
| - Цветан Кузмановиќ (др. М. Стојадиновиќ) | - | 22 гласа |
| | Вкупно: | 2.592 |
| - Бранко Јовиќ (др. В. Мачек) | - | 431 глас |
| - Светозар Радовиќ (др. В. Мачек) | - | 10 гласа |
| - Никола Стојановиќ (др. В. Мачек) | - | 14 гласа |
| - Јефтимије Поповиќ (др. В. Мачек) | - | 404 гласа |
| | Вкупно: | 859 |
| - Трајко Цветановиќ (Д. Љотиќ) | - | 0 гласа |
| | Вкупно гласале: | 3.451 |

10) Околија Преспанска

| | | |
|---|---|---|
| - Др. Ѓорѓе Доновиќ (др. М. Стојадиновиќ) | - | 2.043 гласа |
| - Крсто Стрезовиќ (др. М. Стојадиновиќ) | - | 565 гласа |
| - Михаило Поповиќ (др. М. Стојадиновиќ) | - | 640 гласа |
| - Теодосије Краљевиќ (др. М. Стојадиновиќ) | - | 14 гласа |
| | Вкупно: | 3.262 |
| - Велимир Анѓелковиќ (др. В. Мачек) | - | 838 гласа |
| - Вељан Даскаловиќ (др. В. Мачек) | - | 463 гласа |
| - Ѓорѓе Чипуревиќ (др. В. Мачек) | - | 51 глас |
| | Вкупно: | 1.352 |
| - Владимир Ѓорѓевиќ (Д. Љотиќ) | - | 1 глас |
| | Вкупно гласале: | 4.615 |

## IV. Изборен округ бр. 35

### 1) Околија Кочанска

| | | |
|---|---|---|
| - Војислав Ѓорѓевиќ (др. М. Стојадиновиќ) | - 2.475 | гласа |
| - Благоја Џидровиќ (др. М. Стојадиновиќ) | - 1.983 | гласа |
| - Благоја Павловиќ (др. М. Стојадиновиќ) | - 8 | гласа |
| Вкупно: | 4.466 | |
| - Мита Димитријевиќ (др. В. Мачек) | - 1.077 | гласа |
| - Петар Поповиќ (др. В. Мачек) | - 288 | гласа |
| - Др. Јордан Аќимовиќ (др. В. Мачек) | - 21 | глас |
| - Димитрије Милиќ (др. В. Мачек) | - 0 | гласа |
| - Милан Андоновиќ (др. В. Мачек) | - 5 | гласа |
| Вкупно: | 1.391 | |
| - Радован Стојовиќ (Д. Љотиќ) | - 1 | глас |
| Вкупно гласале: | 5.858 | |

### 2) Околија Малешка

| | | |
|---|---|---|
| - Сава Јергиќ (др. М. Стојадиновиќ) | - 514 | гласа |
| - Симо Андоновиќ (др. М. Стојадиновиќ) | - 1.406 | гласа |
| - Јордан Бабамовиќ (др. М. Стојадиновиќ) | - 1 | глас |
| Вкупно: | 1.921 | |
| - Григор Димитријевиќ (др. В. Мачек) | - 279 | гласа |
| - Саво Цицмиловиќ (др. В. Мачек) | - 808 | гласа |
| - Никола Стојиљковиќ (др. В. Мачек) | - 70 | гласа |
| Вкупно: | 1.157 | |

- Стојан Тодоровиќ (Д. Љотиќ) - 3 гласа

Вкупно гласале: 3.081

3) Околија Овчеполска

- Михајло Костиќ (др. М. Стојадиновиќ) - 2.807 гласа
- Андреја Лекиќ (др. М. Стојадиновиќ) - 257 гласа
- Томо Павличиќ (др. М. Стојадиновиќ) - 661 глас

Вкупно: 3.725

- Игњат Златиќ (др. В. Мачек) - 15 гласа
- Илија Гавриловиќ (др. В. Мачек) - 82 гласа
- Томо Кленковиќ (др. В. Мачек) - 395 гласа

Вкупно: 492

- Чедомир Миленовиќ (Д. Љотиќ) - 1 глас

Вкупно гласале: 4.218

4) Околија Радовишка

- Др. Часлав Никитовиќ (др. М. Стојадиновиќ) - 1.865 гласа
- Методија Ципушевиќ (др. М. Стојадиновиќ) - 2.101 глас

Вкупно: 3.966

- Никола Јеремиќ (др. В. Мачек) - 49 гласа
- Симон Станковиќ (др. В. Мачек) - 0 гласа

Вкупно гласале: 4.015

5) Околија Царевоселска

- Стратимир Селаковиќ (др. М. Стојадиновиќ) - 997 гласа
- Петар Чипевиќ (др. М. Стојадиновиќ) - 1.546 гласа

Вкупно: 2.543

- Павле Миликевиќ (др. В. Мачек) - 345 гласа
- Никола Стојиљковиќ (др. В. Мачек) - 26 гласа

Вкупно: 371

- Радован Стојовиќ (Д. Љотиќ) - 2 гласа

Вкупно гласале: 2.916

6) Околија Штипска

- Михајло Каламатијевиќ (др. М. Стојадиновиќ) - 3.526 гласа
- Владо Пуздерлијевиќ (др. М. Стојадиновиќ) - 142 гласа

Вкупно: 3.668

- Јордан Јевремовиќ (др. В. Мачек) - 356 гласа
- Мирко Пантовиќ (Д. Љотиќ) - 2 гласа

Вкупно гласале: 4.026

7) Околија Велешка

- Тодор Живковиќ (др. М. Стојадиновиќ) - 2.594 гласа
- Вељко Велевиќ (др. М. Стојадиновиќ) - 1.497 гласа

Вкупно: 4.091

- Др. Александар Ташевиќ (др. В. Мачек) - 1.555 гласа
- Ацо Аксентијевиќ (др. В. Мачек) - 578 гласа

| | | |
|---|---|---|
| - Костадин Building Вановиќ (др. В. Мачек) | | - 1.961 глас |
| | Вкупно: | 4.094 |
| - Чедомир Миленовиќ (Д. Љотиќ) | | - 8 гласа |
| | Вкупно гласале: | 8.193 |

8) <u>Околија Дојранска</u>

| | | |
|---|---|---|
| - Дионисије Продановиќ (др. М. Стојадиновиќ) | | - 1.015 гласа |
| - Петко Радовиќ (др. М. Стојадиновиќ) | | - 886 гласа |
| | Вкупно: | 1.901 |
| - Душан Брнаковиќ (др. В. Мачек) | | - 57 гласа |
| - Радивоје Нановиќ (др. В. Мачек) | | - 318 гласа |
| | Вкупно: | 375 |
| - Драгомир Обрадовиќ (Д. Љотиќ) | | - 0 гласа |
| | Вкупно гласале: | 2.276 |

9) <u>Околија Гевгелиска</u>

| | | |
|---|---|---|
| - Панта Зафировиќ (др. М. Стојадиновиќ) | | - 321 глас |
| - Димитрије Бешировиќ (др. М. Стојадиновиќ) | | - 2.036 гласа |
| | Вкупно: | 2.357 |
| - Димитрије Мициќ (др. В. Мачек) | | - 1.085 гласа |
| - Миодраг Станојевиќ (др. В. Мачек) | | - 65 гласа |
| | Вкупно: | 1.150 |
| - Драгомир Обрадовиќ (Д. Љотиќ) | | - 1 глас |
| | Вкупно гласале: | 3.508 |

10) Околија Неготинска

| | | |
|---|---|---|
| - Душан Перовиќ (др. М. Стојадиновиќ) | - | 1.108 гласа |
| - Др. Александар Петровиќ (др. М. Стојадиновиќ) | - | 823 гласа |
| | Вкупно: | 1.931 |
| - Милош Симиќ (др. В. Мачек) | - | 70 гласа |
| - Бошко Марковиќ (др. В. Мачек) | - | 49 гласа |
| - Димитрије Витановиќ (др. В. Мачек) | - | 26 гласа |
| | Вкупно: | 145 |
| - Борис Пане Бакевиќ (Д. Љотиќ) | - | 0 гласа |
| | Вкупно гласале: | 2.076 |

11) Околија Струмичка

| | | |
|---|---|---|
| - Никола Бесарабиќ (др. М. Стојадиновиќ) | - | 122 гласа |
| - Др. Тома Фиданчевиќ (др. М. Стојадиновиќ) | - | 2.261 глас |
| - Др. Михаило Стојановиќ (др. М. Стојадиновиќ) | - | 3.182 гласа |
| | Вкупно: | 5.565 |
| - Ѓорѓе Манојловиќ (др. В. Мачек) | - | 38 гласа |
| - Др. Јордан Аќимовиќ (др. В. Мачек) | - | 1.145 гласа |
| - Коте Пецановиќ (др. В. Мачек) | - | 28 гласа |
| - Игњат Стефановиќ (др. В. Мачек) | - | 24 гласа |
| | Вкупно: | 1.235 |
| - Стојан Тодоровиќ (Д. Љотиќ) | - | 0 гласа |
| | Вкупно гласале: | 6.800 |

12) Околија Скопска

| | |
|---|---|
| - Вељко Вељковиќ (др. М. Стојадиновиќ) | - 515 гласа |
| - Драгутин Матовиќ (др. М. Стојадиновиќ) | - 6.704 гласа |
| - Владо Поповиќ (др. М. Стојадиновиќ) | - 23 гласа |
| Вкупно: | 7.242 |
| - Михаило Кујунџиќ (др. В. Мачек) | - 1.874 гласа |
| - Војислав Мишиќ (др. В. Мачек) | - 1.256 гласа |
| - Нури Чамиловиќ (др. В. Мачек) | - 453 гласа |
| - Симо Траиловиќ (др. В. Мачек) | - 133 гласа |
| - Глигорије Ташковиќ (др. В. Мачек) | - 372 гласа |
| Вкупно: | 4.088 |
| - Мирко Буквиќ (Д. Љотиќ) | - 21 глас |
| Вкупно гласале: | 11.351 |

13) Град Скопје

| | |
|---|---|
| - Панта Јовановиќ (др. М. Стојадиновиќ) | - 7.313 гласа |
| - Владо Поповиќ (др. М. Стојадиновиќ) | - 89 гласа |
| Вкупно: | 7.402 |
| - Стеван Тривунац (др. В. Мачек) | - 991 глас |
| - Михаило Кујунџиќ (др. В. Мачек) | - 426 гласа |
| - Војин Варошчиќ (др. В. Мачек) | - 1.491 глас |
| - Глигорије Ташковиќ (др. В. Мачек) | - 263 гласа |
| - Андрија Петровиќ (др. В. Мачек) | - 94 гласа |
| - Драгослав Станишиќ (др. В. Мачек) | - 196 гласа |
| Вкупно: | 3.461 |

| | | |
|---|---|---|
| - Мирко Буквиќ (Д. Љотиќ) | - | 11 гласа |
| | Вкупно гласале: | 10.874 |

14) Околија Кавадарска

| | | |
|---|---|---|
| - Душан Перовиќ (др. М. Стојадиновиќ) | - | 1.926 гласа |
| - Ристо Вељковиќ (др. М. Стојадиновиќ) | - | 688 гласа |
| | Вкупно: | 2.614 |
| - Бошко Марковиќ (др. В. Мачек) | - | 303 гласа |
| - Игњат Стефановиќ (др. В. Мачек) | - | 408 гласа |
| - Илија Чулевиќ (др. В. Мачек) | - | 1.273 гласа |
| | Вкупно: | 1.984 |
| - Борис Пане Бакевиќ (Д. Љотиќ) | - | 3 гласа |
| | Вкупно гласале: | 4.601 |

Изработен според официјалните податоци објавени во: А.Ј., Београд, Ф.: Милан Стојадиновић, фасцикла 41, Резултати избора на дан 11 децембра 1938. Вардарска бановина, преглед по целокупном гласању; „Нови народни посланици за „Вардарску бановину", в. „Јужна Србија", I, бр. 46, Скопље, 18.XII.1938, 3; в. „Самоуправа", LIX, бр. 874, Београд, 11.I.1939, 2, 3; в. „Политика", XXXVI, бр. 10998, Београд, 11.I.1939, 2.

# С О Д Р Ж И Н А

**П Р Е Д Г О В О Р** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 1

**Г Л А В А   П Р В А   (ВОВЕДНА ГЛАВА)**

**ВАРДАРСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОДОТ ОД 1929 ДО 1934 ГОДИНА** . . . . . . . . . . . . . . . . . . 9

1. ВОВЕДУВАЊЕ НА ДИКТАТУРАТА И НОВАТА АДМИНИСТРАТИВНО - ТЕРИТОРИЈАЛНА ПОДЕЛБА . . . . . . . . . . . . . . . . . . 9

2. ЕКОНОМСКИ И ПОЛИТИЧКИ ПРИЛИКИ . . . . . . . . . . . . . . . . .16

а) Економски прилики . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .16

б) Политички прилики . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .28

3. АКТИВНОСТА НА ГРАЃАНСКИТЕ ПАРТИИ ВО ПЕРИОДОТ НА ПРИКРИЕНИОТ АПСОЛУТИЗАМ . . . . . . . . . . . . . . . . . . 35

а) Донесување на Октроисаниот устав и изборите за народни пратеници во 1931 година . . . . . . . . . . . 35

б) Оживување на политичкиот партиски живот. . . . . . . . 41

**Г Л А В А   В Т О Р А**

**ГРАЃАНСКИТЕ ПАРТИИ И НИВНАТА АКТИВНОСТ НА ИЗБОРИТЕ ВО 1935 И 1936 ГОДИНА** . . . . . . . . . . . . . . . . . . 49

1. ПАРЛАМЕНТАРНИТЕ ИЗБОРИ ВО 1935 ГОДИНА И АКТИВНОСТА НА ГРАЃАНСКИТЕ ПАРТИИ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 49

а) Причини за распишување на парламентарните избори. . . 49

б) Предизборната активност и изборната листа на Богољуб Јевтиќ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 55

в) Предизборната активност и изборната листа на Здружената опозиција . . . . . . . . . . . . . . . . . 69

г) Останати изборни листи . . . . . . . . . . . . . . . . . 81

д) Изборни резултати . . . . . . . . . . . . . . . . . . 91

2. СОЗДАВАЊЕ НА ЈУГОСЛОВЕНСКАТА РАДИКАЛНА ЗАЕДНИЦА И НЕЈЗИНАТА ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ ВО ВАРДАРСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .109

3. СТАВОТ НА ГРАЃАНСКИТЕ ОПОЗИЦИОНИ ПАРТИИ СПРЕМА ПЕТОМАЈСКИТЕ ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ . . . . . . . . . . . .132

4. ОПШТИНСКИТЕ ИЗБОРИ ВО ВАРДАРСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА . . . .139

а) Предизборната активност на Југословенската радикална заедница . . . . . . . . . . . . . . . . . .139

б) Предизборната активност на граѓанските опозициони партии . . . . . . . . . . . . . . . . . .148

в) Резултати на општинските избори . . . . . . . . . . .156

ГЛАВА ТРЕТА

**СТАВОТ НА ГРАЃАНСКИТЕ ПАРТИИ КОН ПОЛИТИКАТА НА ВЛАДАТА НА МИЛАН СТОЈАДИНОВИЌ И НИВНАТА АКТИВНОСТ** . . . . . . . . 180

1. КАРАКТЕРИСТИКИ НА ВНАТРЕШНАТА И НАДВОРЕШНАТА ПОЛИТИКА НА ВЛАДАТА НА МИЛАН СТОЈАДИНОВИЌ . . . . . . . . . . . . . . 180

2. ЕКОНОМСКИТЕ ПРИЛИКИ ВО ВАРДАРСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА. . . 189
3. СТАВОТ НА ЈУГОСЛОВЕНСКАТА РАДИКАЛНА ЗАЕДНИЦА КОН ВНАТРЕШНАТА И НАДВОРЕШНАТА ПОЛИТИКА НА ВЛАДАТА НА МИЛАН СТОЈАДИНОВИЌ . . . . . . . . . . . . . . . . . . 199
4. СОЗДАВАЊЕ НА ЈУГОСЛОВЕНСКИ РАБОТНИЧКИ СОЈУЗ . . . . . . . 201
5. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИЗБОРИ ЗА СЕНАТ . . . . . . . . . . . . . . .204
6. АКТИВНОСТА НА ЈУГОСЛОВЕНСКАТА РАДИКАЛНА ЗАЕДНИЦА НА ОМАСОВУВАЊЕ НА ЧЛЕНСТВОТО И НА НЕЈЗИНАТА ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ . . . . . . . . . . . . . . . . 207
7. АКТИВНОСТА НА ГРАЃАНСКИТЕ ОПОЗИЦИОНИ ПАРТИИ ЗА ЗАЕДНИЧКА ПОЛИТИЧКА АКЦИЈА ПРОТИВ ВЛАДАТА НА МИЛАН СТОЈАДИНОВИЌ . . 215
   а) Причини за заедничка политичка акција на граѓанските опозициони партии . . . . . . . . . . .215
   б) Активноста на србијанските граѓански опозициони партии за заедничка политичка акција . . . . . . . . 216
   в) Создавање на Блокот на спогодбата меѓу Здружената опозиција и Селско-Демократската коалиција . . . . . 219
8. СТАВОТ НА ГРАЃАНСКИТЕ ОПОЗИЦИОНИ ПАРТИИ КОН ВНАТРЕШНАТА И НАДВОРЕШНАТА ПОЛИТИКА НА ВЛАДАТА НА МИЛАН СТОЈАДИНОВИЌ . .222
9. АКТИВНОСТА НА ГРАЃАНСКИТЕ ОПОЗИЦИОНИ ПАРТИИ ВО ВАРДАРСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА . . . . . . . . . . . . . . 227

## ГЛАВА ЧЕТВРТА

**ОДНОСОТ НА ГРАЃАНСКИТЕ ПАРТИИ КОН КОМУНИСТИЧКОТО И МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНООСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ ВО ПЕРИОДОТ ОД 1935 ДО 1938 ГОДИНА** . . . . . . . . . . . 231

1. РАЗВОЈОТ НА КОМУНИСТИЧКОТО ДВИЖЕЊЕ. СОЗДАВАЊЕ И ИДЕЈНО-ПОЛИТИЧКО ОФОРМУВАЊЕ НА МАНАПО . . . . 231
2. ОДНОСОТ МЕЃУ КОМУНИСТИЧКОТО И МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНО-ОСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ И ГРАЃАНСКИТЕ ПАРТИИ НА ЗДРУЖЕНАТА ОПОЗИЦИЈА . . . . . . . . . . . . . . . . . . .239
3. ОДНОСОТ И СТАВОТ НА ВЛАДАТА НА МИЛАН СТОЈАДИНОВИЌ И НА ЈУГОСЛОВЕНСКАТА РАДИКАЛНА ЗАЕДНИЦА КОН КОМУНИСТИЧКОТО И МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНООСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ . . . . . .249

## ГЛАВА ПЕТТА

**ПАРЛАМЕНТАРНИТЕ ИЗБОРИ ВО 1938 ГОДИНА** . . . . . . . . . . 259

1. РАСПИШУВАЊЕ НА ПАРЛАМЕНТАРНИТЕ ИЗБОРИ . . . . . . . . . . 259
2. ПРЕДИЗБОРНАТА АКТИВНОСТ НА ЈУГОСЛОВЕНСКАТА РАДИКАЛНА ЗАЕДНИЦА . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .261
3. ПРЕДИЗБОРНАТА АКТИВНОСТ НА ГРАЃАНСКИТЕ ОПОЗИЦИОНИ ПАРТИИ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .284
   а) Подготовки на граѓанските опозициони партии за парламентарните избори . . . . . . . . . . . . . . . . 284
   б) Предизборната активност во редовите на МАНАПО . . . .287
   в) Предизборната активност на граѓанските опозициони партии во Вардарскиот дел на Македонија . . . . . . .291

г) Предизборната активност на движењето „Збор" на Димитрије Љотиќ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .301

4. ИЗБОРНИ РЕЗУЛТАТИ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 306

**ГЛАВА ШЕСТА**

**ГРАЃАНСКИТЕ ПАРТИИ ВО ВАРДАРСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА ПРЕД И ПО ИЗБУВНУВАЊЕТО НА ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА (1939-1941)** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .313

1. ДОГОВОРОТ ЦВЕТКОВИЌ-МАЧЕК. СТАВОТ НА ГРАЃАНСКИТЕ ПАРТИИ КОН НЕГО . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .313

2. АКТИВНОСТА НА ЈУГОСЛОВЕНСКАТА РАДИКАЛНА ЗАЕДНИЦА . . . . .322

3. АКТИВНОСТА НА ГРАЃАНСКИТЕ ОПОЗИЦИОНИ ПАРТИИ . . . . . . . 330

4. ОДРАЗОТ НА ДОГОВОРОТ ЦВЕТКОВИЌ - МАЧЕК ВО ВАРДАРСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА И ЗАСИЛЕНАТА МАНИФЕСТАЦИЈА НА МАКЕДОНСКАТА НАЦИОНАЛНА ИНДИВИДУАЛНОСТ . . . . . . . . 343

5. РАСТЕЖ НА КОМУНИСТИЧКОТО И РАБОТНИЧКОТО ДВИЖЕЊЕ . . . . . 351

6. ПРИСТАПУВАЊЕ НА КРАЛСТВОТО НА ЈУГОСЛАВИЈА КОН ТРОЈНИОТ ПАКТ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 360

7. НАСТАНИТЕ ОД 27 МАРТ 1941 ГОДИНА И ФОРМИРАЊЕ НА ВЛАДАТА НА ДУШАН СИМОВИЌ . . . . . . . . . . . . . . . . 364

8. ФАШИСТИЧКИОТ НАПАД И КАПИТУЛАЦИЈАТА НА КРАЛСТВОТО НА ЈУГОСЛАВИЈА . . . . . . . . . . . . . . . . . . 369

**ЗАКЛУЧОК** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .373

**ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .381

ИЗВОРИ

I. Необјавени извори . . . . . . . . . . . . . . . . . .381

II. Објавени извори . . . . . . . . . . . . . . . . . .383

ЛИТЕРАТУРА . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .385

ВЕСНИЦИ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .391

**СКРАТЕНИЦИ** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 393

**ПРИЛОЗИ**

ПРИЛОГ Бр. I . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 395

ПРИЛОГ Бр. II . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .396.

ПРИЛОГ Бр. III/1-29

Резултати на општинските избори во Вардарскиот дел на Македонија во 1936 година . . . . . . . . . . . . . . 397

ПРИЛОГ Бр. IV . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .425

ПРИЛОГ Бр. V

Резултати на парламентарните избори во Вардарскиот дел на Македонија од 11.XII.1938 година . . . . . . . . 426

**СОДРЖИНА** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 441